Семејството е битен фактор во професионалната определба на младите. Материјалните услови како еден аспек на семејството, кој главно произлегува од образовниот и социјалниот статус на раодителите. Социјалните карактеристики на семејството се во тесна врска со со материјалниот статус на семејството. Под социјалните карактеристики се подразбира бројот на децата и на другите членови на поширокото семејство, како и нивното образование и занимање. Социо – културната клима во семејството се дефинира како комплекс од културно и интелектуално однесување, бројт и квалитетот на социјалните комуникации, вредностите и ставовите кои се негуваат (што подразбира стереотипии и предрасуди) и слично. Семејството како најзначаен фактор за развојот и социјализацијата на детето значајно и повеќеструко влијае на преференцијата на разни занимања/професии. Иистражувањата покажуваат дека сеуште родителите представуваат најзначаен фактор при професионалното определување на младита популација. Во професионалното определување и констукција на кариера кај младите влијание има и факторот полова различност, односно машки и женски занимања/професии и дека не се надминати ставовите за вродените разлики помеѓу половите.

Општествените услови произлегуваат од организацијата на едно општество зад која стои економската развиеност на земјата. Секое општество го регулира својот развој, па така го регулира и образованието на потребни кадри кои во иднина ќе можат да се вработат. Општествениот контекс во кој растат адолесцентите ја обликува градбата на идната перспектива, на когнитивните и на афективните основи за лични цели.

Паралелно со физичкиот, интелектуалниот и емоционален развој на човекот се одвива и професионалниот развој кој продолжува и трае и после професионалната одлука на човекот се до крајот на работниот век. Професионалниот развој започнува со фазата растење– мечтаење кон разни професии со менување на професионалните интереси и созревањето н на општите и специфичните способности. Период на истражување кое вклучува професионално оспособување, вработување и преиспитување на професионалната одлука. Период на утврдување со понатамоно проверување на професионалната одлука, стабилизација и творечка активност на единката. Период на одржување, во кој единката продолжува да работи на својата професија и период на опаѓање на професионалниот развој или на забавено професионалнодвижење.

Со појавата на индустријализацијата и новите технолошкии– технички достигања се појавуваат нови занимања/професии кои и за поединецот и за општеството стануваат битни за секоја единка да се најде на "вистинското место" за нејзиното школување и вработување да биде поцелисходно. Професијата е битна компонента за сликата за себе, на личниот идентитет и затоа претставува извор на смопочитување.Правилниот избор на занимање/професија се темели на рационално споредување и ускладување на споствените можности и потребите и барањата на групата на занимања.

Професионалниот развој ќе доведе до професионален избор кој се засновва

на професионалната ориентација и професиналната селекција.

Во професионалната ориентација се поаѓа од личноста на поединецот и му се предочуваат занимања/ професии кои можат да ги совлада, а во професионалната селекција се поаѓа од потребите на училиштето, факултетот, работното место и друго при што се бираат оние кандидати кои најдобро одговараат. Професиналната ориентација се одвива во три фази: професинално информирање, професионално советување и професионално следење.

Во професионалното определување влијаат голем број фактори и тоа најпрво способностите и професионалните интереси на уечникот а потоа и семејството, полот и општествените услови. Паралелно со физичкиот, интелектуалниот и емоционален развој на човекот се одвива и професионалниот развој кој продолжува и трае и после професионалната одлука на човекот се до крајот на работниот век.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Guzina, M., (1980), Kadrovska psihologija, Beograd, Naučna knjiga
2. Керамитчиева, Р., (2002), Психологија на образованието и воспитувањето, Скопје, Просветно дело
3. Tomekovič, T., (1980), Psihologija rada kadrovi rad, Zagreb, Sveučilišna naklada Liber
4. Шкариќ, О. (2004), Развојна психологија, Скопје, Филозофски факултет
5. Прирачник, (2013), Планирање на картиера, Скопје, Центар за развој на образованието ЕДЦ – Скопје
6. Прирачник, (2015), Батерија инстрменти за професионална ориентација (БИПО), Скопје,
7. Центар за развој на образованието ЕДЦ - Скопје

159.943-056.36

Анита Ристеска,
МСУ,,Г.Р. Державин-Свети Николе, e-mail: anita_risteska@yahoo.com
Александра Симоноска,
дефектолог, Порака, Прилеп, e-mail: saska-prilep@hotmail.com
Јулијана Ристова,
психолог, Порака, Прилеп, e-mail: jule1.ristova@gmail.com

# ИСПИТУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ПСИХОМОТОРИКАТА, СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА, КОМУНИКАЦИЈАТА И САМОПОСЛОЖУВАЊЕТО НА ЛИЦА СО УМЕРЕНИ ПРЕЧКИ ВО ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Апстракт:** Интелектуалната попреченост претставува мошне сложен проблем и траен придружник на човештвото.Постојат голем број различни дефиниции што ја објаснуваат интелектуалната попреченост и тоа од: психлошки,социјален, дефектолошки и медицински аспект.Денес е јасно дека природата, сложеноста и етиолошката разноликост оневозможуваат дефинирање и објаснување на интелектуалната попреченост од еден аспект.Според интелектуалниот дефицит интелектуалната попреченост се класифицира како: лесна, умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост.Лицата со умерена интелектуална попреченост имаат потешкотии во развојот на моториката, комуникацијата, социјализацијата и самопосложувањето. За таа цел извршена е процена на нивните способности според степенот на развој(Ганзберг)како и процена на визуелната перцепција.Резултатите покажаа дека развојот на секое од испитуваните подрачја влијае врз развојот на другот подрачје. Исто така Тестот на човечка фигура(Гудинаф тест) покажа дека добиените резултати се совпаѓаат со количникот на интелигенција на нивните наоди.

**Клучни зборови**:интелектуална попреченост, лица со умерена интелектуална попреченост,моторика, комуникација, социјализација, Ганзберг, Гудинаф тест.

# RESEARCH OF PSYCHOMOTOR DEVELOPMENT, SOCIALIZATION, COMMUNICATION AND SELF-CARE OF PEOPLE WITH MILD INTELLECTUAL DISABILITIES

**Abstract:** Intellectual disability is a complex problem and a lasting companion to humankind. Many different definitions exist that explain intellectual disability as of: psychological, social, medical and defectological aspects .Today it is clear that the nature, complexity and etiological diversity prevent definition and explanation of intellectual disability from one aspect. According to the intellectual deficit, intellectual disabilities are classified as: mild, moderate, severe and profound intellectual disabilities. Individuals with moderate intellectual disabilities have difficulties in developing motor skills, communication, socialization and self-care. For that purpose an assessment is made of their capabilities according to their degree of development (Ganzberg) and assessment of visual perception. The results shown that the development

of each of the tested areas influences developments in another areas. Also the Draw-A-Person Test (Goodenough test) showed that the results match the intelligence quotient of their findings.

**Keywords**: intellectual disability, persons with moderate intellectual disability, motor skills, communication, socialization, Ganzberg, Goodenough test.

## ВОВЕД

Интелектуалната попреченост не е болест него одредено име за различни генетски, медицински,социјални состојби чија заедничка карактеристика е подпросечно интелектуално функционирање. Постојат пет основни критериуми кои се употребуваат за да се постави дефиницијата за оваа состојба.Првиот основен критериум кој е присутен во сите дефиниции е дека интелектуалната попреченост води потекло од развојниот период.вториот критериум е интелектуалниот дефицит.Третиот критериум обавезно присутен во сите дефиниции за интелектуалната попреченост е социјалната неадекватност. Четвртиот критериум е органското потекло на интелектуалната попреченост. Петтиот критериум за дефинирањето е неизлечивот на состојбата.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА ПОПРЕЧЕНОСТ

А.Ф.Тр едголд(1973) ,, (Ментална ретардација)Интелектуална попреченост е состојба на некомплетен развој од таков степен кога индивидуата е неспособна да се адаптира на нормалната средина и не е способна да води самостојна егзистенција независно од супервизија и надворешна помош,,

ААМД дефиниција (1973):По дефиницијата која ја дава ова здружение интелектуалната попреченост е функционирање на пониско интелектуално ниво од просечната популација, кое настанува во време на развојниот период, а е поврзано со лошо адаптивно однесување.По оваа дефиниција основни критериуми за дијагностицирање на интелектуалната попреченост се присутни:интелектуалната субнормалност, пореметување во адаптивното однесување и настанување во развојниот период. Се нагласуваат сите три критериуми затоа што еден од нив не е доволен за да се укаже на интелектуална попреченост. Према новиот пристап на ААМД(2002) интелектуалната преченост се дефинира како смалена способност за која се карактеристични значајни ограничувања во интелектуалното функционирање и адаптивно однесување изразени во појмовни, социјални и практични адаптивни вештини.,,

***Класификација на интелектуалната попреченост:***

- Лесна интелектуална попреченост (50-70)
- Умерена интелектуална попреченост (35-50)
- Тешка интелектуална попреченост (25-35)
- Длабока интелектуална попреченост (под 25)

***Карактеристики на лицата со умерена интелектуална попреченост***

Лицата со умерена интелектуална попреченост достигнуваат степен на предоперативно мислење, претежно на перцептивно и на интуитивно ниво. Заостануваат во рецептивниот и експресивниот говор и покажуваат тенденција за артикулативни грешки кои се карактеристични да деца со многу помала календарска возраст, а можат да се јават и говорни стереотипи..Ограничена и поедноставена конверзација и комуникација често надополнета со гест.Лицата со умерена интелектуална попреченост имаат неуролошки дисфункции кои се

видливи во недостаток на фините моторички вештини како на пр. фаќање или боење во линија, и груби моторички вештини како трчање или качување. Нивната ментална возраст одговара на дете од 6 до 9 години.Вниманието кај овие лица е краткотрајно, флуктуира од предмет на предмет и брзо се заморуваат. Овие лица не се во состојба подолго време да се фокусираат на усмерени и организирани активностиЕмоциите кај лицата со умерена интелектуална попреченост се слабо издиференцирани,усмерените чувства се доста површни и лесно разградливи под влијание на средината.. Социјален развој- покажуваат интерес за врсниците, идентификација со груга личност врзување за ,,важна личност,,.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да се утврди способноста на психомоториката според степенот на развој кај лицата со умерена интелектуална попреченост  и за да се направи индивидуализирана програма за работа со нив вклучувајќи мултидисциплиран пристап се изврши процена на способностите според степенот на развојот по Ганзберг(H.G. Gunzburg). Со овој тест беа опфатени дваесет лица со умерена интелектуална попреченост кои се на возраст од 16 до 20 години и кои не се вклучени во класичен воспитнообразовниот процес. Самиот тест има седум кругови, секој круг претставува психомоторна старост од 12месеци и содржи прашања кои се поделени во четири вештини –самопослужување, комуникација, социјализација и работа. Секоја задача која детето знае добро да ја изврши се бележи во кругот (целосно сенчање на полето со бројот на конкретната задача) како и делимично извршената задача (се сенча половина поле).Отценувањето за секој круг посебно се врши така што бројот на добро извршените задачи се множи со 100 и се дели со  вкупниот број задачи на дадениот круг. На ист начин се оценуваат и делимично одговорените задачи. Збирот од резултатите од целосните и делимичните одговори ја дава психомоторната зрелост за дадениот круг.Добиенте резултати покажаа: 92% точно одговорени задачи во првиот круг (кој одговара за 3 годишна календарска возраст) а на последниот круг вкупниот резултат е 55%. (последниот круг одговара на 9 годишна календарска возраст). Ако се разгледува тестот по вештини сите испитаници имаат постигнато најдобри резултати во полето самопослужување – од вкупно 26 задачи од првиот до седмиот круг целосно или делимично се одговорени 24 задачи, потоа следува полето работа од вкупно 23 задачи целосно или делимично се одговорени 19 задачи а додека послаби резултати се постигнати во полето комуникација-22 од вкупно34, и во полето социјализација од вкупно 17 прашања одговорени се 10. Испитаникот со најдобар тест во седмиот круг покажа способности 88% а најслабиот  резултат 36%.

Како помошен тријажен тест се користеше и Тестот за процена на визуелната перцепција за процена на психомоторниот развој. На лист хартија цртавме круг, квадрат, триаголник со базата долу, триаголник со база горе, ромбоид и ромбоид со полукруг на долниот лев агол.Секое дете треба редоследно да ги прецрта. Ако сите геометриски фигури се редоследно прецртани тогаш перцепцијата на детето е на 8годишна возраст ако прецрта само круг е на 3годична возраст итн. На испитаниците најтешко им одеше прецртувањето на двата ромоиди но имаше и испитаници кои не можеа да го прецртаат триаголникот со базата горе.Овој тест покажа дека испитаниците според психомоторниот развој се на календарска возраст од од 6-8 години.

За да се проучат фазите во развојот на секое дете, да се утврди општиот развој на интелигенцијата и запознавање на личноста нан детето се користеше тестот на човечка фигура (Gudinaf test).Цртежите каде може да се препознае човечка фигура се оценуваат со помош на 17прашања кои пак се состојат од 27 потпрашања.Бројот на добиени поени се множи со три и се собира со 36 месеци. На тој начин се добива умна возраст изразена во месеци која се дели со12 и се добива умна година.Количникот на интелигенција се добива ако умната возраст се дели со календарската возраст и тој број се множи со 100. Резултатите што ги добивме од тестот во основа не отскокнуваат од она што е назначено во нивниот наод и мислење (драстично негативно отскокнување имаше само кај тројца испитаници). При спроведувањето на овој тест секако ја имавме во предвид возраста на испитаниците и нивната незаинтересираност и мотивираност да цртат но сепак добиенте цртежи можат да се искористат и како проективна техника за запознавање на личноста на испитаникот.

**ЗАКЛУЧОК**

Испитувањето на развојот на психомоториката, социјализацијата, комуникацијата и самопосложувањето на лица со умерени пречки во интелектуалниот развој покажа дека лицата кои не се влкучени во воспитнообразовниот навремено не постигнуваат очекувани резултати. Имајќи ја во предвид нивната календарска возраст, нивната вклученост едукативен клуб, очекувавме дека нивото на развојот според Ганзберг да биде на повисоко ниво од она што го добивме како резултат (55%) Исто така за време на тестирањето беше забележан мал отпор при давање на одговори кој е предизвикан од ,,констатцијата на другите,, дека тие не умеат и незнаат.самопослужувањето е вештина која тие најлесно ја прифаќаат затоа што тука на едноставен и практичен начин ги искажуваат желбата и потребата да покажат што умеат.Но комуникацијата и социјализацијата се вештини во кои тешко се снаоѓаат.Тестот на човечка фигура (Gudinaf test) ни послужи не само како тест со кој го одредувавме коефициентот на интелигенција, туку ;;богатите цртежи,, со човечки фигури ни покажаа кој во домот и воопшто се грижи за нив. Правилниот пристап, добро организираната работа приспособена според индивидуалните можности и способности на секое лице и стручен тип се добар предуслов за успешно социјализирање и осамостојување на лицата со умерена интелектуална попреченост.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Ајдински,Г,Киткањ,З,АјдинскиЉ (2007), Основи на дефектолодија,специјална едукација и рехабилитација,Скопје
2. .Дошен, А. (2002), Ментално здравје деце с менталном ретардацином, Загреб, Е.Р.Ф
3. Јакулиќ,С.(1981) Ментална заосталост, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
4. Радуловиќ К (1991), Ментална заосталост,дијагностика, организованост психомоторике, личност, Београд, Научна књига
5. Чордиќ, А. Бојанин,С. (1992) Општа дефектолошка дијагностика, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
6. 8.http://www.nakladaslap.com/PDF/Mentalna%20retardacija%20-%20poglavlja.pdf

159.954:37.091.31-059.2-056.26/.36

М-р Андон Дамовски, e-mail :andon_damovski@hotmail.com
Служба за организирано живеење со поддршка во локалната заедница-Скопје

# ПРИМЕНА НА КРЕАТИВНИ ТЕХНИКИ ВО ГРУПНА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Апстракт** : Групната работа со деца со посебни потреби се повеќе претставува третман кои е достапен во голем број на современи рехабилитациони центри за деца со попреченост. Во текот на групната работа се користат широк дијапазон на различни техники кои овозможуваат подобро функционирање на децата со попреченост преку промена на одредени навики , формирање на нови начини на однесување како и нови начини на справување со нештата. Трудот има за цел да ја анализира примената на креативните техники кои се користат во групна работа кај деца со посебни потреби.

**Клучни зборови:** креативни техники, деца со посебни потреби, групна работа

# APPLYNG OF CREATIVE TECHNIQUES IN GROUP WORK WITH CHILDREN WITH SPECIAL NEEDS

**Abstract** : Group work with children with disabilities are is more of a treatment which is available in a number of modern rehabilitation centers for children with disabilities. During group work they use a wide range of different techniques that enable better functioning of children with disabilities by changing certain habits, establishing new behaviors and new ways of dealing with things. This paper aims to analyze the application of creative techniques used in group work with children with special needs.

**Kew words**: creative techniques, children with special needs, group work

Во текот на групната работа со деца со посебни потреби се користат голем број на различни техники како што се : техники за воспоставување на контакт, арт-техники, конструктивен спор, дискусија, техники на играње на улоги и други. Важно е да се истакне дека самата содржина на техниката секогаш мора да одговара на целта која терапевтот сака да ја постигне со децата во рамки на групата . Поради тоа, пред употреба на одредена техника која секогаш служи за активирање на членовите во групата и потенцирање на нивните способности терапевтот треба добро да се подготви и да направи соодветен избор на техниките кои ке ги применува . Кога се зборува за креативни техники во работа со деца со посебни потреби најчесто се мисли на : играње на улоги, изразување на уметноста-цртање или моделирање, слушање музика, игри и различни вежби , работа на телото или креативно пишување. Како што наведува Benson, при употребата на креативните техники во групна работата со децата со посебни потреби треба да се земат во предвид нивните различни значења и тоа :

*а)креативната техника како метафора* . Секоја вежба игра или техника се користи во перцепцијата и креирањето на значењата. Целта е поттикнување децата да ги искажат чувствата и мислите кои ке бидат „тема“ односно „содржина “ во работата. Тргнувајки од тоа вредноста на примената на овие техники не е во

вештините и знаењата на самите учесници во групата туку во нивните можности да го „отворат" разговорот на одредена тема , да воспостават значење или да послужат како сигнал. Искуствата од работата со децата со посебни потреби покажуваат дека многу повлијателно е да се користи некоја од игрите во кои е важна довербата мегу членовите во групата.

*б)Креативната техника како начин на искуствено учење* . Искуственото учење се однесува на процесот на промена на идеи , верувања и значења кои влијаат на однесувањето низ стекнување на лично искуство. Искуственото учење е процес кој се одвива низ четири фази и тоа : конкретно лично искуство , во текот после кое следува, запознавање размислување и разгледување кое води кон создавање и развивање на теории , начела , правила и нивна примена. Од друга страна важноста на искуственото учење се темели на претпоставките дека децата најдобро учат кога директно се вклучени во процесот на учење, сами откријат некое спознание за себе ако сакаат тоа спознание да има значење за нив. Од многу примери може да се забележи дека секоја метода , вежба игра или техника која се користи во работата со децата воедно е можност за експериментирање со новите однесувања преку развивање и вежбање на новите вештини.

*в)Креативната техника како начин на вклучување на децата во групното искуство*. Учењето е подобро ако вклучува повеќе комуникациски канали. Така на пр. во учењето на успешно соочување со одредена стресна животна ситуација се интегрира когнитивната анализа на факторите и вежбањето на различни стратегии но за таа цел се користат одредени техники за релаксирање, различни игри итн.

*г)Креативната техника како начин за мотивација* . Процесот на мотивирање се однесува на откривањето и активирањето на желбите на децата со посебни потреби а не на нивно создавање. Затоа е потребно ако терапевтот има некои идеи за тоа што сакаат членовите добро е да употреби игри како начин на откривање и искажување на тие желби.

Авторите Jankovic и Rambousek истакнуваат дека изборот на техниките зависи од објективните можности, возраста и психофзичката способност на секое дете поеднечно како и на групата во целина. Поради тоа креативните техники често се модифицираат во својата содржина согласност можностите на учесниците , условите и потребите . Овие техники овозможуваат индивидуален пристап кон секој учесник на групата како и отстранување на оние почетни стравови и отпори со цел да дојдат до израз оние блокирани и скриени потенцијали на детето. Терапевските и социјализаторските ефекти од примената на креативните техники се постигнува со стручно водење , поттикнување на взаемна комуникација и развивање на квалитетен социјален контакт во атмосфера на сигурност ,прифатеност и спонтаност низ процесот на игра и забава. Зависно од можностите и способнотите на членовите во групата за јакнење на нивните капацитети и групна кохезија можат да се користат различни креативни техники и тоа :

*А)Драмски техники* . Основната појдовна точка во драмската работа со деца со посебни потреби е да се овозможи секое дете максимално да ја развие својата личност во физички, психички и социјален аспект и покрај здравствените , психофизичките или социјалните потешкотии кои ги има . Исто така треба да се земат во предвид објективните потешкотии ( проблем со видот, моториката, послаби ментални способности, хиперактивност и сл) и субјективните потешкотии (различни видови на страв, несигурност, негативизам спрема себе и другите ) кои

редовно се јавуваат како фактор кој во почетокот ја отежнува драмската работа . Присуството на овие фактори произлегува од поширокиот контекст на животните услови во кои се одвива социјализацијата на овие деца. Земајки ги во предвид овие фактори од голема важност е подготвеноста на терапевтот во малите креативни социјализаторски групи за правилно соочување со тие потешкотии и нивно адекватно третирање. Искуствата од примената на драмските техники во работа со децата со посебни потреби потврдуваат дека најголем дел од оваа популација и покрај објективните и субјективните потешкотии многу брзо ги прифакаат понудените облици и содржини во драмската работа. По отстранување на почетниот спор овие деца со голем ентузијазам учествуваат во најрачни драмски активности. Исто така искуствата покажуваат дека примената на драмските техники дава најдобри резултати токму во промена на субјективните ризични фактори на социјализаторскиот процес , односно со користење на драмската експресија многу брзо се постигнуваат видливи промени на ставовите и однесувањата на овие деца во мисла на отварање, надминување на стравовите, развивање на перцепцијата и автоперцепцијата, јакнење на самопочитувањето , взаемност и толеранција.

Примената на драмските техники во работа со деца со посебни потреби покажуваат дека со драмските активности се ослободуваат капацитетите и ресурсите кои со оглед на специфичните и отежнати услови на созревање и растење причинети од органски или социјален фактор често остануваат блокирани и непрепознаени во социјалната средина во кои децата растат. Драмските техники и драмската експресија се погоден метод за совладување на тешкотиите во социјализацијата на децата со посебни потреби , односно во социјализацијата на децата и младите со ризично однесување затоа што низ играи импровизација се поттикнува членовите на групата на констуктивен начин да ги задоволат своите потреби на самопознавање и јакнење на самосвеста и самодисциплината. Драмската експресија е погодна метода за постигнување на социјализаторски и воспитни цели но и ефикасно терапевско средство. Драмската експресија развива кај поединецот способност „да знае да каже но и да знае да слушне, да знае да покаже но и да знае да гледа , да знае да даде но и да знае да прими како и да знае да подели со друг“

Искуствата од примената на драмските техники стекнати во „Центарот за воспитание и образование во Vinko Bek “ и Специјалната болница за заштита на децата младите со неуромоторни и моторни пречки „Goljak“ во Загреб, покажува дека драмските игри вежби, импровизација , водените фантазии, пантонима, играње на улоги и слично се доста добро прифатени од оваа високо ризична популација на деца и млади со посебни потреби. Користењето на драмските техники се покажало како доста успешно и корисно како кај повлечените хиперсензитивните и несигрни деца ( за јакнење на нивната самодоверба, за стекнување сгурност во нстапот пред групата ) така и кај хиперактивните деца ( каде сценската експресија помага во учење на другите ). Се покажало дека вежбите на отпуштање и релаксирање им помагаат на овие деца да ја надминат напнатоста во моментите или трајните кризни ситуации или односи и дека овие вежби влијаат на намалување на вербалната или физичката агресивност . Примената на драмските техники во работата на малите креативни и социјализаторски групи се покажала како особено корисна техника за реализација на сложени дијагностички цели ( воочување на повеќе или помалку сериозни пореметувања

и сл .), како и за реализација на терапевските цели (превенција и отсранување на несаканите последици од преживеаните стресни доживувања низ вентилацијата на негативните емоции, ослободување на емоционалните кочници и стекнување на нови искуства.

*Б) Слики и цртежи.*Маргаред Номберг ја нагласува предноста на воведувањето на сликањето , цртањето и моделирањето со глина. Според Маргаред користењето на овие техники се состои од непосредно искажување на соновите , фантазијата и другите внатрешни доживувања бидејки тие се поблиску до смислата отколку до зборовите , цензурата на свесното е помала при искажувањето на насвесната градба со слики отколку со зборови. Оваа техник се користи во работа со деца затоа што детската комуникација е повеќе моторна , кинетска, конкретна , непосредна и спонтана и токму затоа најдобро можно решение е во комуникацијата со децата со посебни потреби да се воведе нивната спонтана активност односно потребата за ликовно изразување . За повеќето возразни цртањето претставува една регресивна активност , начин на експресија и комуникација кој е истиснат од говорот. Од овие причини употребата на цртежот во психодијагностиката на возрасни е дискутабилна. Мегутоа кај децата цртањето е спонтана и омилена активност. Според Berger „да се откажеме од оваа субјективна слика на субјективниот свет тогаш кога таа е нешто што детето спонтано го прави и тоа во периодот кога вербалната комуникација е прилично несигурна не е разумно“. Така слободниот цртеж, цртежот на семејство , цртежот на човечка фигура и денес се користат како значаен дијагностички податок во психолошката опсервација на деца. Ana Frend и Melani Klein кои следејки ги начелата на психоаналитичката теорија и настанатите модификации на техниките , прилагодени на возраста ја развиле психоанализата и во подрачјето на детските неврози. Најчесто ги користеле сликите и цртежите како најлесен и понегокаш единствен можен начин за комуникација на терапевтот до детето со посебни потреби. Примената на сликите и цртежите е голема во психотерапевските групи каде често се среќаваме со деца кои се аутистични, мутистични, деца кои пелтачат или кои се невротски инхибирани. Се смета дека кај овие деца вербалната комуникација е невозможна или им претставува клучна фустрација. За да се започне со групната работа со овие деца потребно е да се воспостави комуникација а тоа се постигнува со примена на оваа техника.

Покрај актуелните чувства поврзани со терапевскиот процес (овде и сега) со сликите и цртежите децата можат да ги искажат своите желби, фантазии, конфликти да ги насликаат родителските односи како и да го искажат отпорот спрема групната динамика. Во сликата и цртежот често се препознава и обидот за автопортретирање. Таквиот обид цртежот го претвора во огледало.Тоа е многу важно бидејки терапевтот непоредно го упатува во доживувањето на детето. Често пати станува збор за изразито регресивни цртежи ако се земе предвид видот на попреченоста кај детето. Таквите цртежи упатуваат упатуваат во длабочината на регресијата и емоционалната состојба на детето што не е секогаш манифестирано и може да биде прекриено со одбранбени механизми . Исто така како се одвива групната работа така се развива трансферниот однос во кој може да се појават автопортрети кои покажуваат интеграција во формална смисла а надеж во содржинско-емоционално инвестирање. Тоа ја покажува важноста за набљудување на цртежот или сликата настаната во текот работата со децата со посебни потреби бидејки на тој начин терапевтот и групата повторно можат да

поминат низ претходните фази на самиот терапевски процес како и да го следат неговиот тек.

*В)Психогимнастика* . Постојат најразлични игри за движење и опуштање кои се навистина од големо значење затоа што со овие игри се раздвижуваат психичките и физичките потенцијали кај децата со посебни потреби. Овие игри може да се користат како одмор помегу некои напорни активности или на крајот од некој групен состанок со што ке се зголеми расположението и позитивната енергија кај членовите. Се препорачува терапевтот да учествува во овие игри бидејќи на тој начин со својот пример ќе ги поттикне децата да се придружат во играта , да се опушат и оние поповлечени и позатворени членови во групата. Во книгата „Игром до себе "авторите Buncic ,Ivkovic, и Jankovic наведуват многу интересни игри за работа во групи . Истите автори игрите во рамките на групата ги делат на : игри за поттикнување на активност и игри за движење и опуштање . Во рамки на игрите за поттикнување на активност целта е активирање на пасивните членови во групата , поттикнување на креативноста , развивање на групната динамика како и опуштање на членовите низ движење. Многу забавна и корисна игра е играта наречена „повлечи-потегни ". Оваа игра се состои во тоа што членовите се поделени во два тима влечат замислено јаже и настојуваат да го повлечат спротивниот тим на своја страна . Целта на оваа игра е загревање на членовите и оживување на групната динамика . Оваа наизглед многу едноставна игра е многу значајна бидејки дава слика за животните положби на членовите во групата и затоа терапевтот треба за време на играта внимателно да следи кои членови активно го влечат јажето и се борат за него .

Од друга страна игрите за движење и опуштање имаат за цел релаксирање , намалување на напнатоста, раздвижување, развивање на психофизичките способности на децата со поебни потреби , развивање на способност за движење во простор и сл. Со овие игри се придонесува за подобрување на расположението, нејзина кохезија , се зголемува мегусебната блискост , доага до празнење на енергијата и освежување на членовите во групата . Преку овие игри децата со посебни потреби покрај тоа што се релаксираат и забавуваат истовремено учат дека дури и во играта постојат одредени правила кои треба да се почитуваат , учат дека треба да се води сметка за чувствата на останатите учесници .

Vajolet Ouklender го истакнува значењето на релаксацијата (опуштањето) особено во работа со децата со посебни потреби. Понекогаш децата се напнати , се чувствуваат уморно или иритантно. Физичката и емоционалната напнатост може да се манифестира во однесувањто на детето . Затоа треба да им се помогне на децата да се опуштат и да ја намалат својата напнатост. Замислувањето е добро помошно средство за релаксација , особено кај оваа категорија на деца.

*Г)Музикотерапија* . Самата техника поага од позитивниот ефект на музичката содржина (хармонија, мелодија, ритам итн) , која позитивно влијае врз психичката состојба на децата со посебни потреби . Со групното слушање на музиката или изведување на одреден музички дел се пристапува вербално кон групната динамика со што во суштина се постигнува интегративна целина на дејствување во рамки на групата. Музикотерапија претставува значаен терапевски метод кој со помош на „будење на заеднички импулс, мелодија и ритам", се создава заедничко групно искуство помегу децата со попреченост. Таа претставува посебен облик на третман кој влијае на емоционално нагласените доживувања и агресивно заболените импулси поттикнувајки учество на сите

членови во групата со што не се создава само хармоничен однос туку се создава специфичен дух на заедништо или дух на взаемна припадност во рамки на групата. Самата техника овозможува опсервација во однесувањето и емоциите (плачење, асертивност, смеа, тага), на членовите . На овој начин музикотерапија ги поттикнува членовите кои се поповлечени за соработка , а хиперактивните за самоконтрола на нивното однесување.

Во текстот „Терапија со музиката "(конфликтите во одделението) на Rudolph Dreikurs се зборува за доброто влијание на музиката врз децата со посебни потреби . Според Rudolph музиката го стимулира учествувањето , го зголемува обемот на вниманието кај децата како и ја зголемува фрустрационата толеранција . Надворешната и внатрешната напнатост помалку се загрозува како резултат на реалноста која станува повеќе пријатна .

Мелодиските интонации се користат со афизичките деца за да се научат да зборуваат. Зборовите се проследени со познати мелодии и со повеќе повторувања на песната , детето учи да го каже зборот , прво со мелодијата а потоа и без неа. Од друга страна музиката може да се користи на различни начини. Таа може да се свири додека децата сликаат или работат со глина. Може да биде придружувана или како централна активност. Делата на класичната музика се посебно добри за да се дојде до своите чувства и да се подобри расположението.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА :**


1. Дамовски,А. (2016) „Социотерапевски третмани за лица со ментална ретардација" Во : Зборник на трудови од мегународна научно-стручна конференција Современи трендови во дефектолошката теорија и практика , оддржана на 16-18.06.2016 Охрид , Р.Македонија (стр. 346-362)
2. Дамовски, А. (2015) „Значење на иновациите во образовниот процес за рехабилитација на деца и млади со посебни образовни потреби" Во: Зборник на трудови од Конференција Тимски пристапи во медицинската рехабилитација на деца со попреченост ,оддржана на 17.10.2015 Гостивар, Р.Македонија (стр. 59-75)
3. Пендаровски,М . Доневска М.(2016) „Групна социјална работа "-МИТ,Скопје (во печат)
4. Стаменкова-Трајкова, В.(1995) „Психологија"-Скопје, Светлост Графика
5. Џокиќ, З (1995) „Психодрама", Скопје
6. Coric .D (2006) „Metode grupnog socijalnog rada" NIC, FNP Beogad (str.333-339)
7. Curcic.V. (2005) „Mentalno zdravlje mladih-rizik ili sansa " U: Psihijatrija danas Supplementium –Beograd (str. 87-96)
8. Dubowski, J. Evans, K. (2003) „Art therapy with children on the autistic spectrum"-California
9. Maric. N (1995) „Mentalno zdravlje I mentalna bolest " U : Pihoze od haosa do sredjenosti,Ljude govore FASPER –Beograd
10. Petrivic D, Sedmak.T, Coric B.,(2005) „Metode grupnog socijalnog rada "-Beograd
11. Rusk .A.H.(1999) „Rehabilitacija "-SDDJ,Beograd
12. Radulovik. S (1997) „Muzika i terapija " U: Suvremena administracija –Beogrd (str. 251-259)
13. Vlajkovikj. V (2009) „Terapijska zaednica " SZ , Zagreb

316.624-057.874:159.9.018

М-р Марија Младеновска – Димитровска
СОУ "Таки Даскало" – Битола, e-mail: m.dimitrovska@yahoo.com
Александар Димитровски
ОУ "Крсте П.Мисирков" – Битола, e-mail: a_dimitrovski@yahoo.com

# КЛИНИЧКО-ПСИХОЛОШКА ИНТЕРВЕНЦИЈА ПРИ РАБОТА СО ДЕЛИНКВЕНТНА ПОПУЛАЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕ

**Апстракт**: Се почесто во училишната средина се среќаваме со ученици кои манифестираат различни облици на девијантно однесување. Во последните години расте бројот на учениците кои манифестираат агресивно однесување, непочитување кон другите ученици, наставниците и родителите, различни облици на социопатолошко однесување како алкохолизам, наркоманија, проституција, учество во тепачки, кражби, употреба на оружје итн. Порастот на разните облици на девијантно однесување на младите во училиштата, во последно време, ја наметнува потребата за зголемена ангажираност и подобра екипираност на стручната служба во училиштата, особено на психолозите при давањето стручна помош, но и превентивно делување за сузбивање на појавата на малолетничката делинквеција.

**Клучни зборови:** малолетничка делинквенција, девијантност, психолошки интервенции

# CLINICAL PSYCHOLOGY INTERVENTION IN WORKING WITH DELINQUENT POPULATION AT SCHOOL

**Abstract:** More often within the school environment we come across students who exhibit various forms of deviant behavior. In recent years we have a growing number of students who exhibit aggressive behavior, disrespect towards other students, teachers and parents, different forms of socio-pathological behavior such as alcoholism, drug addiction, prostitution, participation in fights, theft, use of weapons etc. The growth of various forms of deviant behavior of young people in schools, recently, highlights the need for increased commitment and better staffing of professional service in schools, especially psychologists in providing expert assistance and preventive action to suppress the occurrence of juvenile delinquency.

**Key words:** Juvenile delinquency, deviance, psychological interventions

## ШТО Е МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА?

При определувањето на поимот малолетничка делинквенција во литературата постојат голем број термини: недолично однесување, неприлагодено однесување, воспитна запуштеност, малолетничко престапништво, малолетнички криминалитет итн. Според дефиницијата на Јашовиќ "престапничко поведение на младите е секое поведение на поединец или група млади кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо т.е. со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е

општествено видливо предизвикува спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности како и самите актери на таквото поведение". Под малолетничка делинквенција значи се подразбира противопштествено однесување на личност која е во развоен период, што е одраз на нејзиниот пореметен биолошки, психолошки и социјален развој. Тој противопштествен облик на однесување е опасна и сложена психолошка, социјално-патолошка појава и е сложен не само криминолошки, правен, економски и социолошки проблем, туку и психолошки, семеен, педагошки, медицински и општествен проблем.

## ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА

Појавата на малолетничката делинквенција е комплексен феномен и причините за нејзиното настанување се бројни. Во литературата постојат различни теории за тоа како и зошто настанува малолетничката делинквенција. Најчестата поделба и класификација на причините за појава на малолетничката делинквенција е на внатрешни (субјективно-психолошки) и надворешни (социо-културни фактори). Постојат бројни теории кои се обидуваат да ги објаснат причините како настанува делинквентото однесување кои теории можат да се класифицираат во 3 групи теории:

1. Биолошки теории
2. Психолошки теории
3. Социолошки теории

Според биолошките теории причините за појавата на делинкветното однесување се во биолошките предиспозиции, односно на појавата на делинквенцијата и на девијантното однесување влијаат вродените, органски, наследни, физички и физиолошките фактори. Во рамките на тн. биолошки теории постојат повеќе теории како антрополошката теорија, теоријата на наследство, ендокринолошката теорија, расната теорија итн.

Психолошките теории поаѓаат од психолошките карактеристики кои го одредуваат однесувањето на личноста и ги доведуваат во врска одредени психички особини на личноста и склоноста кон девијантно однесување. Постојат 2 глобални гледишта: според првото интегрално гледиште однесувањето на личноста се согледува врз основа на психолошките фактори, но со истовремено уважување на социјалните и општествените фактори во кои личноста живее, додека според второто гледиште се поаѓа исклучиво од психолошките фактори кои го предизвикуваат делинквентното однесување (интелигенцијата, емоциите, мотивацијата итн.) и на тој начин делинквентното однесување се сведува на индивидуална појава. Во психолошки теории спаѓаат: психоаналитичка теорија, теорија на интелигенција, теорија на неприлагоденост, теорија на фрустрација.

Социолошките теории се засноваат на прифаќање на биолошките карактеристики и психолошките особини на личноста, но важност им придаваат и на општествените фактори кои влијаат на нејзиното формирање. Повеќето социолошки теории не го занемаруваат влијанието на психолошките фактори, но основа на нивното проучување се општествените фактори кои влијаат на појавата на делинквентното однесување. Во нив спаѓаат: теорија на аномија, теорија на диференцијална асоцијација и идентификација, теорија на делинкветни субкултури, теорија на етикетирање или теорија на социјален интеракционизам, теорија на мултифакторски пристап.

## КЛИНИЧКО-ПСИХОЛОШКА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО ПРИ РАБОТА СО ДЕЛИНКВЕНТНА ПОПУЛАЦИЈА

Порастот на разните облици на девијантно однесување на младите во училиштата, во последно време, ја наметнува потребата за зголемена на стручната служба во училиштата, особено на психолозите. Исклучителната комплексност на проблемот со малолетничката делинквенција, ја прави работата на психологот мошне значајна и клиничко-психолошката интервенција во училиштата станува составен и незаобиколен дел на работата на психологот за заштита на менталното здравје на младите во училиштето, во примарната и секундарната превенција, советувањето, консултациите, давањето психосоцијална поддршка на младите кои манифестираат било каков облик на девијантно и ризично однесување.

Во рамките на училиштето при работа со млади кои манифестираат различни облици на девијантно однесување или имаат различни емоционални потешкотии, на психологот му стојат на располагање повеќе различни облици на клиничко-психолошка интервенција. Психологот во училиштето во својство на стручен соработник клиничко-психолошката интервенција може да ја користи во областа на психодијагностичката процена, превенцијата и (психо)терапијата.

Психодијагностичката процена е составен дел на работата на психологот во училиштето при работа не само со учениците кои манифестираат различен облик на девијантно однесување, туку и со ученици кои манифестираат други психолошки промени и се соочуваат со различни проблеми. Психодијагностичката процена е особено неопходна при индивидуалната работа со учениците и опфаќа процена на општите интелектуални способности, на специфичните способности и оштетувања, процена на емоционалната и социјалната зрелост, процена на личноста и др. Психодијагностичката процена е важна и за работата на самиот психолог, но и за подготовка на стручно мислење кои се бара во поедини случаи од страна на други институции, како здравствени институции, центрите за социјална работа и сл. Ваквата процена е неопходна и за планирање на адекватен третман на детето кое манифестира одреден облик на девијантно однесување во училишната средина, но и во семејната средина и во поширокото опкружување. Некои облици на ваква процена се користат и во случај кога е потребно да се испланираат специјални облици на воспитно-образовната работа во самото училиште за одредени категории ученици.

Во областа на психодијагностичката превенција, покрај здравствено-просветното, психолошко информирање, психологот користи тријажна работа (психодијагностичка процена, издвојување на суспектните случаи итн.), презема мерки и за благовремено откривање на ризик-факторите во училишната и во пошироката средина (семејната и друга средина) во која детето егзистира. Психологот дава помош на оние ученици кои веќе манифестираат одредени облици на проблематично однесување или пореметување. Во тој дел од работата психологот користи: психолошко советување, различни модели на консултации, едукативна, демонстрациона и (психо) тераписка работа (индивидуално или групно).

На овој начин психолошката превенција преминува во терапија. Во делот на психотерапијата кој пристап при психотераписката работа ќе го користи психологот зависи од тоа на која ориентација припаѓа. Пристапот при психотерапијата зависи и од самиот поединец во овој случај ученик, но и од проблемот со кој се соочува.

Честопати се случува психологот во работата да го вклучи не само ученикот, туку и некој од возрасните (наставник, родител/старател). Во практиката психологот се среќава со најмалку две грубо поделени категории клиенти: оние кои од него бараат помош затоа што имаат некои проблеми или пречки кои ги забележуваат самите, а ги забележува и околината, или ги забележува само околината; оние кои бараат помош "чувствувајќи дека имаат пречки" на некое поле, но околината не забележува ништо од тоа кај психологот доаѓаат самоиницијативно или некој ги упатува (наставник, родител, други лица). Посебна категорија опфаќаат оние кои според процената на психологот и околината, актуелната помош не им е потребна, а ниту тие самите ја бараат, но се упатени кај психологот затоа што некој друг бара таква интервенција.

Проблемите со кои се соочува психологот во својата практика при работата со популација на ученици кои манифестираат девијантни обрасци на однесување се различни и специфични. Исто така и категоријата на лицата кои бараат помош од него е хетерогена, различна не само во однос на проблемот, обликот на девијантното однесување, туку и низа други специфичности, како на пр. структурата на личноста на оној кој бара помош, семејната структура, семејната атмосфера, социјалниот статус, социо-културните аспекти итн. Во редовните училишта најчести облици на неприлагодено и проблематично однесување се: адаптациони проблеми, пореметувања во однесувањето, агресивно и насилно однесување, проблеми во учењето, бегање од училиште, учество во кражби, тепачки и други интерперсонални проблеми, семејни проблеми, злоупотреба на дрога, алкохол итн. Во зависност од случајот, едукацијата на психологот од областа на психотерапијата и психолошкото советување и неговата адекватност на условите за работа за конкретен случај, тој ќе примени соодветна клинички-психолошка интервенција или ќе го препрати на некој друг стручњак во некоја специјализирана институција.

Можностите за работа на психологот при работа со проблематична популација во училиштето се повеќекратни. Во процесот на советување или при тераписката работа со детето тој проценува дали во поедини случаи за успешно разрешување и надминување на проблемот е доволна само работата со детето или е потребно да бидат вклучени и други лица, како родителите или старателите, некои други членови на семејството кои можат да му дадат психолошка поддршка на детето, наставник итн. Исто така, психологот проценува дали е потребна индивидуална или групна работа со повеќе деца кои се соочуваат со ист или сличен проблем, или манифестираат исти или слични обрасци на однесување, а одлучува и проценува која теоретска ориентација ќе ја користи во работата. Од терапискиот пристап кој го избрал, психологот во текот на работата може и да отстапува, да воведува различни техники според потребите. Може по сопствена процена да се одлучи да комбинира различни тераписки пристапи и да применува еклектички пристап при работата. На одлуката, покрај видот на проблемот и другите специфичности, ќе влијаат и возраста на детето, неговите способности, мотивираноста за соработка, семејната ситуација, мрежата на социјална поддршка што може да се обезбеди итн. Колку е детето постаро толку е успехот поголем. Вклучување на возрасните во работата е неопходно кога се работи со помлада популација на деца, со посериозни адаптациони проблеми, проблеми во однесувањето (агресивност, повлекување, бегање од училиште, кражби, тепачки, и сл.), со ученици кои манифестираат разни емоционални

потешкотии. Во некои случаи кога психлогот ќе процени дека е потребен дополнителен третман, може да побара вклучување на други институции како центрите за социјална работа, центрите за ментално здравје итн. Истовремената работа со родителите (семејството) и наставникот, најчесто е ориентирана на обучување за подобрување на комуникацијата, давање на директни и јасни комуникации, забрани, барања и дозволи, давање и ускратување на позитивно и негативно внимание (стимулации) со претходно запознавање на возрасните со значењето и важноста на овие елементи на комуникацијата, како и стекнување вештини за нивно препознавање во секојдневната интеракција со детето. При работата со семејството како целина акцентот се става на реорганизација на семејните улоги, прераспределба на улогите и семејните правила и јасна комуникација, подобрување на интерперсоналните односи. Ваквата советодавна работа вклучува и интервенција во системите на верувањата, вредностите, како на поединецот, така и на семејството.

При советодавната работа психологот користи комбинација од различни техники и тераписки пристапи: од индивидуални, групни психотераписки пристапи со ученици кои манифестираат слични облици на девијантно однесување, па се до семејна (системска) терапија.

Кратката, интензивна, супститутивна психолошка терапија, се покажала дека дава најдобри резултати и е најпогодна при работа со ученици кои манифестираат проблеми во врска со адаптацијата во училишната средина, проблеми во учењето, кои манифестираат проблеми во однесувањето како агресивно однесување, повлекување, бегање од училиште, кражби, различни други дисциплински испади, за ученици со емоционални по тешкотии итн. При овој облик на клиничко-психолошка интервенција на проблемот се работи во текот на 1-3 состаноци во траење од по 60 минути. Ваков третман може да се користи при индивидуална работа со ученикот кој манифестира некој од проблемите наведени во емоционалната, когнитивната или социјалната сфера на личноста и однесувањето, во семејните, пошироките интерперсонални односи, социјални односи. Овој вид терапија е погоден и при работа со родителите на учениците кои манифестираат девијантни облици на однесување. Но сепак крајната процена зависи и од тежината на самиот проблем, од тежината на обликот на девијантно однесување што го манифестира ученикот и од социјалната поддршка што може да се обезбеди. Понекогаш има ситуации која возрасните (родителите, старателите или нставниците) одбиваат да соработуваат или се недостапни за соработка или се непогодни за психолошко советување, што во тој случај го отежнува процесот на психолошкото советување и терапијата со детето и го пролонгира целиот процес на надминување на проблемот и усвојување на пожелни облици на однесување.

## ЗАКЛУЧОК

Исклучителната комплексност на проблемот со малолетничката делинквенција, ја прави работата на психологот мошне значајна и клиничко-психолошката интервенција во училиштата станува незаобиколен дел на работата на заштитата на менталното здравје на младите во училиштето, во примарната и секундарната превенција, советувањето, консултациите, давањето психосоцијална поддршка на младите. Психологот во својство на стручен соработник клиничко-психолошката интервенција може да ја користи во областа на психодијагностичката процена, превенцијата и (психо)терапијата. При

советодавната работа користи комбинација од различни техники и тераписки пристапи: од индивидуални, групни психотераписки пристапи со учениците кои манифестираат девијантно однесување, па се до семејна (системска) терапија. Но сепак крајната процена зависи и од тежината на самиот проблем, од тежината на обликот на девијантно однесување што го манифестира ученикот и од социјалната поддршка што може да се обезбеди.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Berger, J., Biro, M., Hrnjica, S., (1990). Klinička psihologija - Individualna i socijalna. Naučna knjiga. Beograd.
2. Corey, G., (2004). Teorija i praksa psihološkog savjetovanja i psihoterapije. Naklada slap. Zagreb.
3. Dimitrijević, B., (2006). Ličnost maloletnih delinkvenata. Godišnjak za psihologiju vol.4 No 4-5., pp. 207-222.
4. Jašović, Ž., (1983). Kriminologija maloletničke delinkvencije. Naučna knjiga. Beograd.
5. Kosović, J., (1999). Maloletnjička delinkvencija kao društvena pojava. Zbornik radova: Uzroci društveno neprihvatljivih ponašanja maloljetnika. Institucija ombudsmana FBiH, Sarajevo.
6. Спасески, Ј., Аслимоски, П., Бачановиќ, О. (2009). Педагошка социопатологија. Универзитет "Св.Климент Охриски" Педагошки факултет. Битола
7. Сулејманов, З., и Стојаноски, Н., (2002). Социјална патологија. Скопје.
8. Wilmshurst, L. (2005). Essential of child psychopathology. John Wiley & Sons, Inc.

615.851.82:78]:376-056.34
159.922.76-056.34:[615.881.82:78

Доц.д-р Томислав Таневски
Универзитет за аудиовизуелни уметности,
Европска,Филмска,Театарска и Танцова Академија-Скопје-Париз-Есен-Амстердам

# ТАНЦ, ТАНЦТЕРАПИЈА ИЛИ ДВИЖЕЊЕ НА МУЗИКА ВО МУЗИКОТЕРАПИЈА

**Апстракт**: Човечкото битие како музикално, ритмичко битие кое се раѓа, расте и развива со сопствен пулс и ритам, има потреба од искажување на својот внатрешен свет низ најразлични форми на комуникација, а со цел да го подобри сопственото живеење. Движењето на музика како рефлексија на формата и експресивниот квалитет на музиката искористено е во танцот и танцтерапијата, но и во методологијата на музикотерапијата преку движење на музика, за постигнување подобрување на психофизичките и когнитивните способности на една личност. Во Центарот за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација "Џунџуле" од Скопје спроведено е истражување врз деца со интелектуална попреченост и Даунов синдром за влијанието на движењето на музика во подобрувањето на моторната кординација и когницијата, особено познавањето на деловите од сопственото тело и свесност за латерализацијата кон себе и кон другите. Постигнат е значаен напредок по три месеци од тераписко – рехабилитациониот процес, со препорака за искористување на оваа креативна метода во секојдневното живеење на децата со посебни образовни потреби.

**Клучни зборови:** музикотерапија, танцтерапија, движење на музика, деца со посебни образовни потреби, интелектуална попреченост, Даунов синдром, тераписко – рехабилитационен процес.

# DANCE, DANCE THERAPY OR MOVEMENT TO MUSIC IN MUSIC THERAPY

**Abstract:** The human being as a musical, rhythmic being, who grows and develops its own pulse and rhythm, has a need to express his inner world through various forms of communication, in order to improve its own living. The movement to music as a reflection of the shape and the expressive quality of music is used in dance anddance therapy, but also in the methodology of music therapy through the movement to music in order to achieve improvement of psychophysical and cognitive abilities of a person. In the Center for children›s artistic expression, music therapy and psycho-physical relaxation, «Djundjule» from Skopje, a research was conducted on children with intellectual disabilities and Down syndrome about the impact of the movement to music in improving motor coordination and cognition, especially knowing the parts of their own body and awareness for lateralization towards themselves and the others. There has been significant progress after three months of therapeutic rehabilitation with a recommendation to use this creative method in the everyday lives of the children with special educational needs.

**Keywords**: music therapy, dancetherapy, movement to music, children with spe-

cial educational needs, intellectual disabilities, Down syndrome, therapeutic rehabilitation

**ВОВЕД**

При користење на терминот музикотерапија пред се треба да ја имаме во предвид суштината на музикотерапијата која всушност претставува професионално користење на музиката и нејзините елементи како интервенција во медицинско, образовно или секојдневно опкружување со индивидуи, групи, семејства или заедници во обид за подобрување на квалитетот на нивното живеење, подобрувајќи го нивното физичко, социјално, емоционално, интелектуално и духовно здравје во склоп на општата благосостојба на човекот. Музикотерапијата во себе вклучува шест музички искуства: пеење, свирење на музички инструменти, телесни ритмички движења (движење на музика), импровизација, компонирање и слушање музика. Музиката е алатка на музикотерапијата.

Во досегашната теорија и пракса често пати ги среќаваме термините музикотерапија и танцтерапија како одвоени самостојни науки. Овој труд не се занимава со ниту една од нив одвоено, туку танцот и музиката ги користи истовремено како средина со чија помош прави еден вид на експресивна уметничка терапија и рехабилитација, која спаѓа во групата на креативни методологии за работа во областа на рехабилитацијата. Двете науки со своите елементи се подеднакво застапени и си помагаат во сите сегменти.

Танцот и музиката, како контролирана примена на специјална организација на телесната и психичката активност, може да се користат како рехабилитационо и терапевтско средство за децата и возрасните кои имаат моторни, сензорни, емоционални и когнитивни нарушувања. Рехабилитационата примена на танцот и музиката теоретски се поврзува и со кинезитерапијата, додека терапевтскиот вид на примена се базира на психотерапијата.

Развивајќи се во теориите на психологијата на Адлер, Јунг (активна фантазија, симбол, мит, важност на потсвеста), Рајх (психосоматска експресија), Перлс (невербална одредба), Роџерс, Маслов (креативна мотивација и човечки потенцијал) и Џ.Л. Морено (психодрамата) и ставајќи го потполниот фокус на односот помеѓу внатрешното движење (впечаток, чувство, слика) и надворешните движења кои ги изразуваме низ танцот, овој вид на креативни методологии укажува дека движењето е рефлексија на емоционалната состојба и дека може да води до психолошко спознавање и бихевиорални промени. Тоа е вид на психотерапија која ги користи движењата и музиката за изразување на емоционалните, когнитивните, социјалните и психичките состојби.

Движењето на музика во музикотерапијата се базира на телото и неговиот основен јазик – движењето, па така го вклучува спознавањето на реагирањето на телото. Како што целото тело ни дава буквална и конкретна структура за она што всушност сме, така и движењата на одредените делови на телото можеме да ги сфатиме како метафора за изразување на нашето битие. Ние чувствуваме и го набљудуваме својот живот низ телото. Со фокусирање на своето тело и јазикот на експресивните движења доаѓаме до момент во кој можеме да црпиме од својата свест, чувствата, ставовите, гестовите, емоциите и да ги насочиме на конкретен пат. Секој стрес во нашиот живот се складира во нас самите и делува на телото, често креирајќи умор и болка која се рефлектира на емотивната и ментална состојба. Секое тело ја содржи својата животна приказна. исто како што ги содржи

и коските, мускулите, органите, нервите и крвта. Фокусирајќи се на нашето тело не само што можеме да ја негуваме свеста, туку, користејќи ги движењата можеме свесно да одговориме и креативно да работиме со сето она што произлегува од нас. Влегувајќи во најдлабоките пори на нашето физичко, емоционално и умствено битисување можеме да се ослободиме од сегашноста и минатото. Движењето тогаш станува метафора за нашите животни приказни.

## ИЗБОР НА МУЗИКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА МУЗИКА ВО МУЗИКОТЕРАПИЈА

Секој музикотерапевтски процес, независно кое музичко искуство го користи како водечка алатка, секогаш го користи и музичкото искуство "слушање музика" од повеќе причини. Како што ќе рече Дикинсон:

"Правилно осмислено и спроведено слушање музика соодветно за возраста и интересите, влијае на оспособувањето за доживување т.н. естетска радост, при што личноста се мотивира за извршување активности". (Dickinson,D.1997)

Активното слушање музика често пати е подготвително музичко искуство во активната музикотерапија, или комплементарно музичко искуство при реализација на телесни ритмички движења (движење на музика).

Дефинирајќи ги типовите музички искуства во музикотерапијата, Кенет Брушиа зборува за рецептивни, приемчиви музички искуства, или музички искуства подготвени за употреба – особено за активно слушање музика. Во тој контекст, Брушиа вели: "При активно слушање музика може да се користи музика во жива изведба или снимена импровизација, изведба или композиција на клиентот или музикотерапевтот или пак комерцијална снимка на музичка литература од различен жанр (сериозна музика, рок, џез, фолк, спиритуална, "New age" и сл.) (Bruscia,K. 1998). Во музикотерапевтската пракса прифатен е ставот за најефективен музички жанр за клиентот, а тоа е жанрот според неговиот музички вкус. Но сепак, не секогаш неговиот преферирaн музички жанр е соодветен за постигнување на целта во текот на музикотерапевтскиот третман.

Изборот на музика за музикотерапија треба да кореспондира со неколку принципи:

» Почитување на возраста на клиентот;
» Почитување на музичкиот вкус на клиентот, доколку соодветствува на целта на третманот;
» Почитување на целта на третманот.

Изборот на сериозната музика за работа во музикотерапијата претставува избор од страна на мнозинството музикотерапевти како музика за сите возрасни групи. Останати вклучени жанрови се: NEW AGE,келтска музика, џез, лесна класика, семејна музика (Таневски, Т. 2010).

Изборот на сериозна музика се базира на суштинските карактеристики на сериозната музика што се обликува како ефективна во рецептивната музикотерапија. Според Хелен Бони, востановувач на Бони метод во ГИМ-ВЛМ метод на музикотерапија, структурата на класичната музика е повеќеслојна и вообичаено содржи мелодиска линија, хармонска структура и бас линија кои обезбедуваат поддршка. Овие слоеви се испреплетени и паралелно со фактурата и оркестрацијата креираат променливост во слоевите на музичкиот звук (Grocke,D./Wigram,T.2007). Во сериозната музика постои музичка логика при промените на мелодијата, хармонијата, ритмот и оркестрацијата, што од своја

страна обезбедува градење на доверба кај клиентот овозможувајќи релаксација и стимулација.

Сериозната музика пренесува расположение со мелодиската линија, хармонската прогресија, модулацијата и бојата на одреден инструмент. Музички фрагмент напишан во молски тоналитет асоцира на тага, меланхолија или рефлективно расположение. Соло изведба на одреден инструмент во едно музичко дело влијае на емоционалната суштина на музиката. На пример, обоата асоцира на тага. Музиката вообичаено креира чувство на движење, течение, кое од своја страна ја зголемува релаксацијата и стимулацијата кај личноста. На пример, изведено pizzicato на долните жици од инструментот може да создаде чувство на стабилност во музиката искористено за релаксација, но исто така создава и движење со влијание на фантазијата на клиентот.

Ритмичките и мелодиските фрагменти како и изведбата на цела секција може да бидат повторени, при што слушателот чувствува сигурност секогаш кога ќе ја слуша мелодијата. Квалитетот на изведбата е од голема важност при изборот на музика за музикотерапија, бидејќи, неусогласена изведба на инструментите го иритира слушателот и го намалува ефектот на релаксација или стимулација. (Таневски, Т. 2010).

Во обsир мора да се земат и варијантите на одвоените компоненти кои ја сочинуваат композицијата, како: динамика, темпо, мелодија, ритам, број на делници и боја на тонот. Од секој наведен параметар во обsир би требале да се земат по два аспекти: квалитет на параметрот во секој момент и пат по кој се менуваат параметрите во текот на нивниот прогрес. Комбинацијата на овие параметри и музичкото движење кои се креирани според овие параметри произведува видови на расположение кон кои ние одговараме со емоции.

При реализација на истражувањето се водевме од принципите на истражувачот John M.Feierabend и кореографот Peggy Luman кои ја отелотворија теоријата за музиката и движењето во звучен иновативен пристап на учење на движења на сериозна музика за сите возрасти и сите индивидуи. Концептот се базира на учењето на Howard Gardner за мултиплата интелигенција кај личноста и го користи танцот како композит на музичката интелигенција и интелигенцијата на движењето за равој на останатите видови (просторна, логичко-математичка, интерперсонална и интраперсонална интелигенција). (Таневски, Т. 2011).

## ДВИЖЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ПСИХОФИЗИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИЧНОСТА

Движењето на музика од музикотерапијата се користи и при рехабилитационите постапки во кинезитерапијата. Значи, овој вид на рехабилитација и понатаму користи движење како рехабилитационо средство бидејќи движењето е најмала единица на танцот, со тоа што терапевтот поставува низа на внимателно избрани танцувачки движења кои ќе му помогнат на клиентот во неговата рехабилитација. Ако терапевтот погреши при изборот на танцувачките движења исходот по пациентот може да биде кобен. Танцувачки движења во почетокот се поставуваат без музика како пациентот би можел да го научи нивниот редослед, а потоа се поставуваат со музика која може да служи како ритмичка форма во која се поставува одреден танц, а може да служи и како подлога која ќе има смирувачки тон или пак двигателна сила за клиентот кој се рехабилитира.

Музиката може да се појави на самиот почеток на овој синџир на делување, токму како и во терапевтскиот, но исто така се појавува и во средината на тој кружен тек, каде што има својство на терапевтски реквизит, токму како и движењето. Меѓусебното делување на танцувачкото движење претставено како кореографија и музика може да се претстави во два синџири (шема 1), чиј краен резултат секогаш е подобрување на способностите кон кои е насочена рехабилитацијата.

***Шема 1.***

Во текот на 2015-та година направивме истражување за делувањето на движењето на музика врз психофизичките и когнитивните способности на мал примерок на деца со интелектуална попреченост и Даунов синдром во рамки на изведување на музикотерапевтски работилници два пати седмично полни три месеци (март, април и мај 2015-та година). Секоја работилница траеше по еден час т.е. 60 минути. Групата на деца со интелектуална попреченост броеше 7 деца ( 5 девојчиња и 2 момчиња), а групата деца со Даунов синдром беше содржана од 6 деца (4 девојчиња и 2 момчиња). Децата од двете групи беа на возраст меѓу 11 и 14 години (рана адолесцентска возраст). На сите испитаници им беше изработен психолошко-дефектолошки профил на личност, од страна на мултидисциплинарниот тим на Детскиот Центар Џунџуле.

При тестирањата, кај двете групи на деца е востановена потребата од релаксирачко-стимулативно опкружување и во однос на меѓусебната комуникација и во однос на барањата за изведување одредени активности за подобрување на третираниот проблем – познавањето на деловите од сопственото тело и свесност за латерализацијата кон себе и кон другите.

При работата се користеше востановениот протокол на музикотерапевстак работилница според препораките на Nordoff&Robbins, Bruscia и Wigram. (Nordoff,P./ Robbins,C.1977; Bruscia,K.1998; Grocke,D./Wigram,T.2007), која содржи: пречек на детето со "Песна за добредојде", пет (5`) минутна музичка импровизација за опуштање на детето, дваесет (20`) минутно активна работа со движење на музика за реализација на поставена цел (свесност за сопственото тело и латерализација кон себе и другите), пет (5`) минутна музичка импровизација за опуштање на детето и испраќање на детето со "Песна за довидување".(Таневски, Т. 2010).

Како би добиле реален осет за просторот, на децата им поделив чадори и ги замолив да замислат како врне а тие одат по улица со чадорите. Ги поделив во две групи, едната група стоеше на едниот крај од салата, а другата група на другиот. Задачата беше да чекорат едни кон други како и да се поминуваат со големите чадори, да не се судруваат и да не се допираат дури ни со чадорите. Свеста за некои други личности во просторијата помага при освестувањето за просторот низ кој се движат во тој момент, па затоа се буди свеста за телото во просторот.

Како мерен инструмент за постигнување на целите, алатка за развивање

на цели и задачи за работа, ја користев Квантификациона листа за следење прогрес од Индивидуализиран музикотерапевтски профил за проценка – IMTAP и тоа во една од областите за проценка на личност – груба моторика и когниција (Таневски, Т. 2013).

Користев неколку вежби од „Видео прирачникот за експресивни движења со класична музика" (Таневски, Т. 2011) според препораките на John M.Feierabend и кореографот Peggy Luman, особено дел од движењата на музика подготвени за употреба музичките инсерти од: "Waltz in A flat" - Johannes Brahms, "Aquarium" од Carnival of the Animals - Camille Saint-Saens и "Anitras Dance" од Peer Gynt Suite – Edvard Grieg.

Една од вежбите во кои се поттикнува свеста за деловите на телото и латеризацијата, а воедно и координацијата на движења, е вежбата на музички инсерт од "Waltz in A flat" - Johannes Brahms, при што на почеток стоејќи во место се крева раката над главата со дланката кон надвор и се прават четири кружни движења како да се брише стакло и тоа прво со десната рака, па со левата рака. Потоа, со двете раце истовремено се прават кружни движења пред себе како пливање и полека заедно се издигнуваат двете раце над главата. На почеток од тримесечниот третман се јавуваше срамежливост кај децата, но со напредокот на работилниците децата ја прифаќаа спремно задачата, уживајќи во активноста и ослободени низ музиката. Се губеше напнатоста и спонтано ги изведуваа вежбите со многу помалку грешење во однос на поимите "лева-десна".

Вообичаено дефектолозите работат вежби за латерализација застанати пред огледало со грб свртени кон децата затоа што децата со ПОП го прават она што гледаат во "огледало", но во случајот музикотерапевтот стои прво со грб свртен кон децата, а потоа со лицето кон нив, за проценка на успешноста на задачата без "огледална" имитација на движењата. Имаше вкупен напредок кај децата - и при "огледалната" изведба и поинаку.

Познавањето на деловите на телото настојував најмногу да ги зацврстам низ вежбите подготвени на музичката секвенца "Anitras Dance" од Peer Gynt Suite – Edvard Grieg кои се состојат од повторувачки движења како имитација на миење лице, раце и нозе, прво со десната рака, па потоа со левата рака и тоа на почеток се повторува 4 пати, па 7 пати.

Следат неколку скици од изведувани движења на музика според препораките од „Прирачникот за активности – ритмички движења на музика" од James O.Froseth и Phyllis Weikart, наменети за практикување на координација, стекнување свесност за делови од телото, свесност за латерализација за себе и кон другите. Движењата се изведуваат на музика со двојна или тројна метрика со брзина 88-120 од следните музички жанрови: валцер, рок, блуз, боса нова и диско.



Скица 1.



Скица 2.



Скица 3.

Посебен напредок приметив кога во една прилика ја пуштив "Moonlight" од Claude Debussy. ЦД-плеерот го ставив на под, а децата ги замолив да легнат на грб со затворени очи. Преку бродскиот под поминуваше вибрација на звуци која се ширеше до нивните тела. Замолив да ги рашират рацете и нозете, и дланките да ги свртат кон подот како во нервните завршетоци би ги осетиле вибрациите кои пренесуваа звук на харфа. Нивната свест е насочена кон звукот кој сега може да го допрат и да ја осетат магијата на неговиот звук во целото тело. На лицата измамив милозливи насмевки кои оддаваа уживање и опуштање. Тогаш им реков : "Сега пробајте да го почувствувате својот мал прст на ногата ... а потоа палецот на ногата. Почувствувајте го својот грб." На овој начин децата не требаа да ги помесуваат одредените делови на телото, туку само да почувствуваат дека тие постојат, како и тоа дека тие може да манипулираат со тие делови од телото. Чувството за постојаност е еден од главните чекори во понатамошниот развој на психомоторните способности, каде што свеста за телото доаѓа во прв план.

Во однос на првобитната состојба, психофизичките способности во однос на свесноста за латерализацијата и познавањето на деловите од сопственото тело се зголемија за 35%.

***Прилог 1. Квантификациона листа за следење прогрес***

Име на дете: _____ Датум на сесија: _____

Набљудувана вештина: _____

Набљудувач: _____ Потврдено набљудување _____

Снимање/Интервал на набљудување (во секунди): _____

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 --:-- | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А |
| 2 --:-- | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А |
| 3 --:-- | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А |
| 4 --:-- | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А |
| 5 --:-- | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А | наб. | + В М О А |

наб. = набљудување

| | | |
|---|---|---|
| + | = покажана вештина | +: ____/____ = _____ % |
| В | = Вербално одвраќање | В: ____/____ = _____ % |
| М | = Моторно одвраќање | М: ____/____= _____ % |
| О | = Без интеракција, мечтаење и сл. | О: ____/ ____ = _____ % |
| А | = нип/ неизвршена проценка | А: ____/ ____ = _____ % |

Бидејќи работата со децата траеше само три месеци, сметам дека со подолготраен процес би добиле и подобри резултати со оглед на успехот по вака краток интервал. Сметам дека воведувањето на овој вид вежби во секојдневните активности на центрите за деца со посебни образовни потреби и училиштата за деца со ПОП, би ги подобрило ппсихофизичките и менталните способности на овие деца.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Baxter,H.T./Berghofer,J.A/McEwan,L./Nelson,J./Peters,K./Roberts,P. (2007), The Individualized music Therapy Assessment Profile, Jessica Kingsley Publishers, London.
2. Bruscia, K. (1998), Defining Music Therapy, 2nd edition. Gilsum NH: Barcelona Publishers.
3. Bruscia, K. (1987), Improvisational Models of Music Therapy. Springfield, IL. Charles Thomas Publications.
4. Gardner,H. (1993), Multiple intelligences: The theory in practice. New York:Basic Books.
5. Gordon, E. (2003), Improvisation in the Music Classroom, GIA Publications, Inc. Chicago.
6. Grocke,D. / Wigram,T. (2007), Receptive methods in musictherapy, Jessica Kingsley Publishers, London.
7. Nordoff,P. / Robbins,C. (1977), Creative Music Therapy: Individualised treatment for the handicapped child. New York, NY: The John Day Company.
8. Nordoff,P./Robbins,C. (1983), Music therapy in special education (Rev.2nd ed.) Saint Louis, MO: MMB Music Inc.
9. Таневски,Т. (2013), Потреба од индивидуализиран музикотерапевтски профил во образовниот процес за педагошко психолошка проценка на личноста на надареното дете, Детски центар Џунџуле, Скопје.
10. Таневски,Т. (2011), Движење на музика,Детски центар Џунџуле, Скопје.
11. Таневски,Т. (2010), Музикотерапија за сосредоточено внимание, Детски центар Џунџуле, Скопје.
12. Wigram, T. (2004), Improvisation: Methods and Techniques for Music Therapy Clinicians, Educators, and Students. Jessica Kingsley Publishers, London.

37.015.3:005.32]:159.947.2-053.6

Мирјана Гичевска
СОУ "Таки Даскало" - Битола, e-mail: mirjanagicevska@yahoo.com

# ПОТЕШКОТИИ ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДЛУКИ

**Апстракт:** Образованието претставува еден од најважните сегменти за личен развој на ндивидуата , има задача за олеснување на преминот на ученикот од училиште во животот и вклучување во процесот на работа. Во периодот на адолесценција, личноста има претстава за посакуваното јас врши себеопределување врз основа на стабилни интересирања и стремежи, водејќи сметка за сопствените можности. Во процесот донесување на професионални одлуки адолесцентот наидува на бројни потешкотии кои се поврзани со личните способности, мотивацијата на личноста и контексот на опкружувањето. Можност да се намалат потешкотиите со кои се среќава адолесцентот при донесување на професионални одлуки претставува ефективното реализирање на кариерното советување во училишптата.

**Клучни зборови**: адолесценција,професионални одлуки,кариерното советување,

# DIFFICULTIES IN MAKING PROFESSIONAL DECISIONS

**Abstract**: Education is one of the most important segments for personal development of the individual, tasked to facilitate the transition of students from school life and their involvement in the work. In adolescence, a person has the idea of desired I, carry his self-determination on the basis of stable interests and aspirations, taking into account their own opportunities. In the process of making professional decisions, adolescent encountered numerous difficulties related to personal abilities, motivation of personality and context of environment.

The possibilities to reduce the difficulties encountered adolescent when making professional decisions is the effective implementation of career counseling in the schools.

**Keywords**: adolescence, professional making, career counseling

Основен услов за развојот на една држава претставува воспоставување на квалитетен, ефикасен и ефективен воспитно образовен систем кој ќе ги следи постојните промени во сите сфери на постоењето. Образованието претставува еден од најважните сегменти за личен развој на ндивидуата , доведува до развој на плуралноста и има задача за олесниување на преминот на ученикот од училиште во животот. Во таа насока и МОН на Р.Македонија во текот на втората декада од овој век спроведе бројни реформи на наставни планови и програми, реформи во стручното образование, адаптирање на системот на образование на потребите на пазарот на трудот и обезбедување на квалитетна работна сила. Отворените училишта за имплементирање на програми за развој на образованието имаат можност за следење на брзите научно-технолошки и култрно-социјални промени од европско и светско ниво и применливост на стекнатото теоретско искуство во практика, а со тоа се придонесува за успешно вклучување на учениците во

процесот на работа.

Министерството за образование и наука во соработка со Центарот за развој на образованието ЕДЦ од САД, го реализираат Проектот (Мрежа JEC), финансиран од Американската агенција (УСАИД), ја реализира програмата за кариерно советување на средношколците која има за цел правилното насочување на учениците при изборот на нивната идна кариера и усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на трудот. За реализација на наведената цел отворени и опремени се 52 центри за кариерно советување на учениците во јавните средните училишта во повеќе општини во Република Македонија и обучени се над 180 кариерни советници, од редовите на наставниците и стручните соработници (психолози/педагози) во училиштата. Со цел зајакнување на системот за кариерно советување на учениците во јавните средни училишта, изготвена е веб апликација на батерија инструменти за професионална ориентација (БИПО) за кариерно насочување на учениците. Батерија инструменти за професионална ориентација (БИПО) ги мери интересите на младите/учениците, нивните лични карактеристики – карактерните особини, и вредностите кај младите/учениците. Имплементацијата на програмата за кариерно советување е наменета за ученици од 16 годишна возраст т.е. за ученици во период на адолесценција.

Адолесценцјата претставува животен период во кој лицето расте и созрева, тоа е период на бурни и револуционерни промени во организмот и претставува премин од детство во зрелост. Во периодот на адолесценција главни содржини на живеењето се учењето, активностите во училиштето и врските со врсницитеи истите се реализираа низ три фази:

- рана адолесценција која трае од 10-14 години и се очекува да се постигне биолошка зрелости со неа завршуваат пубертетските промени,
- средна адолесценција од 15-19 години се постигнува емоционална, социјална и интелектуална зрелост и
- доцна адолесценција до 24 години во која се очекува да бидат воспоставени поинтимни односи со врсниците од двата пола, да се градат и одржуваат хетеросексуалните врски, и да се подготвуваат за идната професија како би стекнале економска независност и да се подготват за брак и семејство.

Средношколскиот период претставува периодот на средна адолесценција во кој интензивно се развиваат сознајните можности, се формираат нови и постабилни интересирања, морални ставови и убедувања, систем на вредности и светоглед. Формирањето на светоглед е важна новотворба во чија основа се наоѓа теоретското мислење, и неговото формирање зависи од идеали и од претстави за луѓе кои адолесцентот ги доживува како значајни. Овие промени и насоченоста кон иднината му овозможуваат на адолесцентот да постави далечни цели а со нивно поставување ја зацврстуваат сопствената волја за професионално определување.

Според Ериксон основна задача на адолесценцијата претставува формирањето на иденитетот т.е. општата слика за себе. Развојот на идентитетот го објаснува како процес на растечка диференцијација која станува се посеопфатен и тоа во мерка во која единката станува свесна за ширењето на кругот на личности кои и значат почнувајќи од родителите и од целокупното опкружување. Во текот на процесот на формирање на идентитет може да настанат кризи на идентитетот поради осетливоста на адолесцентот на социјалниот притисок кој го доживува

при носење на важни одлуки, а една од нив е и одлуката да бира професија.

Себеопределбата е сваќање за себе, за сопствените кадарности и стремежи, претстава за местото во општеството кое ќе го заземе во иднина, како и претстава за тоа што сака да постигне во животот. Со себеопределувањето адолесцентот има претстава за посакуваното јас и се засновува на стабилни интересирања и стремежи, адолесцентот води сметка за сопствените можности и себеопределувањето се базира на светоглед што е поврзан со избор на професија.

Процесот на донесување професионална одлука се состои од селекција на два или повеќе избори кои се на располагање пред адолесцентот при што треба да се земат во предвид позитивните и негативните аспекти на секоја алтернатива. Процесот на днесување на одлуки според моделот на Krumboltz и Hamel или DECIDES модел минува низ седум чекори и тоа: дефинирање на проблемот, утврдувањена акциониот план, појаснување на вредностите кои личноста ги има, идентификување на алтернативите, откривање на можниот исход, елиминирање на последиците систематски и започнување на активноста која треба да се направи за реализација на поставената цел. При донесувањето на професионални одлуки адолесцентот наидува на бројни потешкотии кои се поврзани и произлегуваат од личните способности, мотивацијата на поединецт и контексот на опкружувањето.

Во гимназиско образование ученикот за првпат се наоѓа воситуација да донесе одлука за својата идна професија по завршување на прва година кога треба да избере подрачје за понатамошно образование, во овој период ученикот „знае" што сака, меѓутоа нема доволно јасна слика „колку можи". Во овој период од развојот во процесот на донесувањето на одлуки кај најголем број од адолесцентите поголема улога имаат емоциите отколку рационалното размислување. На крајот од образованието или во четврта година, учениците од гимназиско и стручно образование повторно се наоѓаат во ситуација во која треба да донесат значајна одлука врз која ќе ја градат сопствената животна патека.

Адолесцентот честопати врз основа на поддршката и пристрасноста на своето опкружување прави погрешна проценка на личните способности и формира искривена перцепција за сопствените потенцијали, а со тоа и погрешна слика за себе. Во овој период во когнитивниот развој споед Пијаже (Piaget, 1969) адолесцентот од конкретен начин на размислување треба да премине во апстрактен начин на мислење, да можат да формулираат општи правила за светот да размислуваат хипотетички и да ги разбираат аналогиите и метафорите за светот, меѓутоа дел од адолесцентите тој начин на мислење не го достигнуваат ни после 18 години.

Во текот на донесување на профсионални одлуки учениците се среќаваат со различни потешкотии и истите врз основа на реализираните советувања во СОУ „ Таки Даскало" Битола во текот на 2015/16 година можеме да ги поделиме во неколку групи:

1. Лажна самодоверба- доколку еден ученик себеси се доживува како лице кое има квалитетни знаења (солиден ученик) и доклку неговиот успех е резултат на врски" и протекции, неговата слика за себе не е реална, односно тој ќе изведе заклучок дека знае, а всушност ќе има само недоволни познавања. Во наведената ситуација ученикот може да одлучи да избере подрачје во кое се поставени повисоки барањаод неговите можност и при продолжување на образованието да доживее ситуации на вознемиреност, незадоволство, личен

неуспех и разочарување. Во таквиот случај ученикот може да изгради негативни ставови кон поедини предмети и да воспостави негативна комуникација со одредени наставници, да стане непријателски насочен кон оние што се поуспешни од него и да изгуби интерес за подрачјето за кое се определил. Доколку се јават овие симптоми се зголемува кај ученикот несигурноста во изборот, замореноста за време на наставата се зголемуваа со тоа и сомнежот во исправноста на донесената одлука.

2. Зависност во донесувањето на одлуки- се јавува кај сугестибилни, емоционално зависни ученици кои во ситуации на двоумење, несигурност, вршат избор според сугестија на родителите или блиски другари а не ретко и по влијание на дечко ичи девојка. Родителите со своите сугестии дека имаат врска за полесно завршување на образованието, за полесно вработување или за избор на професија која носи пари, неводејќи при тоа грижа за потребите и можностите на адолесцентот честопати адолесцентот ги прифаќа нивните предлози. Во ситуации кога нивните одлуки се исправни а биле донесени под влијание на родителите задоволството од успехот го споделуваат меѓутоа постои дифузија на одговорност и за можниот неуспех со родителот или префрлување целосно одговорноста врз родителот и обратно доколку изборот е по сугестија на другарите, за можен неуспех во очите на родителот виновен самиот ученик што ги следи другарите.
3. Самоволие, самобендисаност при одлучување- се јавува кај ученици со многу висока самодоверба, силно его, самоуверени, тие секогаш „ знаат што прват“ несакаат никој „ да им дише во врат“. Имаат индивидуалистички пристап во донесувањето на одлуки, претпочитаат да истражуваат сами и сами да донесат одлука, не разгледувајќи ги препораките и мислењата на останатите. Овие ученици не прашуваат за идеи и сугестии од надвор, своите одлуки ги донесуваат врз основа на сопствени информации и лична перцепција на целокупната ситуација. Доколку не успеат виновни се самите и не ги споделуваат сопствеите грижи и страдања ни со најблиските, може да преминат и во психосоматика а доколку „пожнеат“ високи успеси задоволството им е големо, горди се, амбициозни и самоуврени, не водат сметка за можностите и чувствата на другите луѓе, социјалната комуникација им е на пониско ниво, тие можат да „газат преку се“.
4. Зголемена чувствителност и интуиивност- може да биде значајна потешкотија при донесувањето на професионална одлука затоа што лицето кое донесува одлука се потпира врз својот „внатрешен глас“ и тогаш помалку истражува за предностите и недостатоците на одредена професија и истите не ги споредува со сопствените реални капацитети. Лицата со зголемена интуитувност помалку време посветува на планирањето и честопати фактите им се нецелосни и нејасни тоа се типови на личност кои повеќе носат одлуки со „срце отколку со разум“, поседуваат висока доверба во себе и во своите вродени ресурси.

Факт е дека чувствата имаат важна улога во донесувањето на секоја одлука, и имаат носечка важност за достигнување на задоволството од работата меѓутоа мора личноста во основа да направи истражување и проценка на целокупната ситуација.

5. Одложување на донесување на одлука - се јавува кај личности кои оставаат впечаток дека работите ги завршуваат во последен час,

според нив има време и навидум не се трудат да истражуваат и да проценуваат на време или чекаат да видат што се случува околу нив, прават проценка на сите фактори ( емоционални, интелектуални, економска), си даваат време даги адаптираат своите одлуки и потребно им е време за стабилизирање на ситуацијата. Лицата кои го одложуваат донесувањето на одлука до последен момент се гриживи личности на кои им се важни очекувањата на родителите  што ги имаат за нив, вредностите во семејството, можностите кои можат да им ги понудат за учење и равој и формираните емоционални врски.

6. Недоволно енергија, време и можности за истражувањеи рационална проценка-на можните алтернативи и трошоци а со тоа и придобивки од изборот од одредена професија. Кај дел од средношколците поготово во четврта година на образование  како резултат на зголемениот број на обврски ( екстерно оценување, државна матура, оргнизирање на матурска прослава, набавување на гардероба, и сл.) постои расеаност на вниманието, недоволна концентрација на мислењето,  и насочување кон донесување на професионална  одлука без доволно  рационални факти.
7. Емоционални кризи се појавуваат кај дел од адолесцентите од социјално ранливите категории и еднородителските семејства. Адолесцентот прави самоевалуација„ што сака и што може“ и се јавува чувство на лутина и гнев „зошто баш мене ми се случува ова“ нивните несреки се најголеми. Фиксацијата за ваквото мислење ги спречува да ги истражуваат ресурсите во непосредната и пошироката околина, им го ограничува видикот на можности.
8. Идентификација со познати, славни, успешни- се јавува како проблем при избор на професија кај адолесценти кои се фиксирале за својата надареност, талент и не одделуваат време да приберат информации за патот до успехот во уметничките професии. Многу често се обземени со сопствениот потенцијал не свртувајќи се кон самоактивноста, жртвите и посветеноста која ја бараат  одредени професии. Најчесто ги следат финалните производи а не и процесот низ кој се минува за да се постигне успех. Разочарувањата од неуспех можат да им го променат целокупниот тек на функционирање, назадување во личниот раст и развој, намалена свесност за себе.
9. Не поставување на животна цел кај адолесцентите ги блокира во превземањето на конкретни активности за професионалн развој, адолесцентот кој е во конфузија  и кој нема расчистено „кој е и кој сака да биде“ се врти во сопствениот круг се приближува или оддалечува од одредени социјални кругови, формира, олабавува или раскинува емоционални врски. Движејќи се низ сопствената животна патека адолесцентот низ образоването и оспособувањето  за одредена професионална дејнос ќе си постави јасни цели за постигнување на личен успех и развој.
10. Недостапност до услугите на кариерните советници на дел од адолесцентите им претставува сериозна потешкотија за професиоално советување.Во Центрите за кариера учениците имаат можност за себезапознавање, развивање на свесност за сопствените способности и квалитети, развивање на одговорност за прибирање на податоци за можностите  за понатамошно образование, вработување, истражување на постоечки ресурси за развој, оспосбување за донесување на

самостојни одлукии поставување на јасни цели.

Можност да се намалат потешкотиите со кои се среќава адолесцентот при донесување на професионални одлуки во периодот на средна адолесценција претставува ефективното реализирање на кариерното советување. Кариерното советување претставува процес на максимална компатибилност меѓу ресурсите, барањата, аспирациите или интересите на еден поединец и реалната понуда во полето на образованието, обуката и социјалната и стручна интеграција. Кариерното советување во училиштето се инфилтрира со отвореност и спремност за соработка и поддршка на кариерните советници за другите наставници, преку контиинуирано учење и надградување како и свесност за сопствените вредности, ставови и убедувања со кои можат да влијаат на пристапот, квалитетот и објективноста на советувањето.Кариерните советници преку сеопфатно познвање на компетенциите за вработливост и начинот за нивно развивање кај учениците , преку примен ана формални и неформални алатки за кариерно советување во соработка со родителите и локалната заедница го олеснува донесувањето на професионални одлуки кај учениците .

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Јанаков Б., Современа психологија на личноста, Филозофски факултет, Скопје, 2009
2. Соколовска Такашмановска, Т., Сликата засебе во периодот на адолесценција, Графохартија, Скопје 1998
3. Шкариќ О. Развојна психологија, Филозофски факултет , Скопје , 2004
4. Прирачник,Планирање на картиера, Скопје, Центар за развој на образованието ЕДЦ – Скопје(2013),
5. Прирачник,Батерија инстрменти за професионална ориентација (БИПО),Центар за развој на образованието ЕДЦ – Скопје, 2015
6. Прирачник, Активности во средно образование,Учење преку работа, Скопје, 2006

37.011.3-051

д-р Никола Петров
д-р Мариета Петрова

# НАСТАВНИКОТ, ЕДУКАТОР, КРЕАТОР И ТВОРЕЦ НА НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС

**Апстракт:** Од анализата на литературата и периодиката и истражувањата која ја третираат и проучуваат улогата на наставниот процес во реализацијата и практиката, наставниците како непосредни учесници најголема улога и внимание придаваат на: планирањето, програмирањето и организирањето на наставниот процес, напредувањето и постигањата на учениците – учесниците, а помала важност му придаваат на самовреднувањето на својата работа, внесувањето на нови форми, постапки и иновации како креатори на училишно наставната програма. Од делумичните разговори со наставниците, стручно-научните расправи и истражувањата, наставниците согледуваат и укажуваат дека се свесни за улогата која треба да ја практикуваат во процесот на едукацијата што претставува поттик за интеракциско делување и соработување и подигањето на квалитетот на наставата.

**Клучни зборови:** наставник, настава, едукација, партнери, учесници во наставата, интеракција, квалитет

# THE TEACHER, EDUCATOR,DESIGNER AND CREATOR OF THE TEACHING PROCESS

**ABSTRACT**: The analysis of literature and periodicals as well asthe researches which treat and study the role of the teaching process in the implementation and practice, has shown that teachers as direct participants pay much more attention to: planning, programming and organization of educational process, progress and achievements of the students - participants rather than on self-evaluation of their work, the introduction of new forms, procedures and innovations as creators of a school curriculum. From the partial conversations with teachers, vocational and scientific debates and research, teachers perceive and indicate that they are aware of the role they need to have in the process of education as an incentive for interaction and cooperation and raising the quality of teaching.

**Keywords**: teacher, teaching, education, partners, participants in teaching, interaction quality

## ВОВЕД

Училиштето како едукативна институција последните неколку децении го привлекува вниманието на науката, практиката, технологијата, иновациите и многу други појави и процеси кои го третираат училиштето како едукативна и културна институција и како резултат на наведеното во теоријата и практиката на едукацијата осознаено е дека училиштето е институција од посебен општествен интерес и предложи на трансформација, реформирање и иновирање што треба да одговори на предизвиците на современи тенденции со повеќе можности за учениците како партиципиенти за партнерски односи, меѓу учесниците,

внесување и применување на нови форми, методи, новини и иновации кои ќе условат интеракциски односи и сознанија (Петров,Н. 1995:129).

Слични видувања за училиштето како институција имаат и други теоретичари и практичари, а во прв ред, познати теоретичари и едукатори и доајени на науката Пуѓевски, познат со своето капитално дело "Училиште со отворени врати" (Puževski, V. 2002:227).

Свои погледи и видувања за училиштето како едукативна и културна институција имаат и други теоретичари, научни работници како што е Недељко Трнавац кои своите погледи и сфаќања ги изнесува во трудот "Училиштата под лупа", како и академик Марко Стевановиќ кој подолг период го истражува училиштето, наставникот и ученикот и како резултат на тоа дошол до сознание дека современото училиште треба да се практикува и иновира со внесување на креативни активности преку кои учениците ќе сознаваат и учат и ќе ја практикуваат креативноста како индивидуална појава и процес за сознавање, креативно делување. Изнесените погледи академик Стевановиќ ги изнесува во капиталниот труд "Наставник, уметник и воспитувач"(Stevanović,M.2003:13).

Во училиштето континуирано се изведува и реализира настава како специфичен воспитно-образовен процес насочен кон учениците согласно возраста, потребите и можностите на учениците. Во рамките на својата работа наставникот реализира: материјални, функционални и воспитни задачи на наставата. Тоа потврдува дека наставникот има значајна улога и влијание на нивниот развој, социјалните односи во групата, учењето, поттикнувањето на развојот на индивидуалните особености на учениците, како и кооперативност-соработка и взаемно почитување на индивидуалноста. Со други зборови, наставникот ги осмислува и креира активностите на учениците во воспитно-образовниот процес.

Работата и поведението на наставникот не може да се истражува и вреднува без дефинирање и проучување на неговата улога. Улогата е поведение за одредена положба или делови и секвенци на сложено поведение кое го развива додека не стане вообичаено. Додека пак, McFarland улогата на наставникот ја дефинира како очекувано социјално поведение за кое постои дефиниран збир на очекувано поведение за одредена ситуација или статус (Стаматовиќ,Ј./ Бојовиќ,Ж. 2016:279).

Слични сфаќања за вреднување има и Хавелка Н.(1998:99) како очекувано поведение. Улогата на наставникот може да се јави како пропишана или нормативна, односно, дефинирана со закон, статут или со други акти. Од изнесеното може да се каже дека улогата на наставникот е регулирана со закон, а тоа подразбира пропишан степен на стручно образование и да е компетентен во стручноста и психичките погледи. Од друга страна, развојот едукацијата на учениците и усовршувањето на наставниците се наоѓаат во тесна врска со нивната улога во наставата. Одредувањето на рамките и дефинирањето на улогата на наставниот однос спрема учениците во развојот, како и целите и задачите на наставата, е значајна функција.

Улогата на наставникот и неговиот социјален идентитет се меѓусебно поврзани и засновани од два вида на очекувања: лично и очекувања од другите од близината. Во тој контекст можеме да говориме за наставник административец, психолошки самоизразувачки и улога на наставникот која може да биде како: планер, организатор, евалуатор, оценувач, дијагностичар, истражувач, иноватор и методичар. (Живковиќ,Н. 2008).

Наставникот како значаен фактор на воспитно-образовната работа има значајно влијание и на крајниот учинок – ефект на учењето, иницирањето, поттикнувањето на повеќе индивидуални особености, карактеристики на учениците, регулира социјални односи во групата, ги осмислува активностите во воспитно-образовниот процес, се грижи за индивидуалниот и целокупниот развој на секој ученик. Наведените сознанија ја потврдуваат тезата дека наставникот е планер, програмер, организатор, реализатор и евалуатор на воспитно-образовната работа. Ако појдеме од целите и задачите на воспитанието и образованието како патоказ во дефинирањето на улогата на наставникот во поширока смисла се издвојува воспитната и образовната улога. Ако целта на воспитанието во современи услови е да се развива и формира слободна личност, тогаш воспитната улога на наставникот подразбира со своето поведение им создаде услови на учениците преку операционализирање на различни видови на воспитно делување да дојдат до израз сите аспекти на личноста до максимум. Додека пак образовната улога на наставникот произлегува од настојувањата да им обезбеди на учениците стекнување на знаења, вештини и навики, како и развивање на интелектуалните способности и творечкото мислење. Изнесените сознанија и примери потврдуваат дека постојат различни критериуми за одредување на улогата на наставникот што потврдува дека постои сложен систем на улоги.

На развојот на новите сознанија за различните улоги на наставникот и наставната работа влијаат: наследството или наставниот фактор, средината, активноста на наставникот и партнерскиот однос со учениците. Од поголемиот број на повеќето улоги на наставникот како што истакнуваат Стаматовиќ и Бојовиќ, се определиле за улоги кои придонесуваат за квалитет на наставниот процес, учењето и творештвото (Стаматовиќ,Ј./Бојовиќ,Ж, 2016:282).

## НАСТАВНИКОТ КАКО ПЛАНЕР НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Во организација на работата во училиштето една од важните улоги на наставникот е планирањето на разновидни форми на делување на воспитно-образовниот процес во целина. Имено наставникот треба да осмисли и реално да ги испланира и конкретизира оперативните задачи на наставата, при што истовремено осмислува разновидни дидактички системи, социолошки форми на наставна работа, наставни извори и технички уреди. Преку планирањето наставникот е и креатор на наставната програма, односно креативно ја осмислува воспитно-образовната работа на учениците. Имено, учениците по природа се отворени на нови знаења, искуства, склони кон истражувања и некритичко примање на нови податоци. Спрема наведеното наставникот има голема улога и одговорност на идентификацијата на креативните потенцијали на секој ученик и креирањето на училишната програма. Улогата на наставникот како креатор на наставната програма подразбира поседување слобода во осмислувањето на патиштата и начините на планирањето на учениците и нивните постигања. Улогата на наставникот како креатор на наставната програма е комплексна, одговорна и затоа има влијание и на другите улоги (Hebib, 2009:47).

## НАСТАВНИКОТ КАКО ПРЕНЕСУВАЧ НА ИНФОРМАЦИИ

Поаѓајќи од сознанието дека наставникот, учениците, училишните активности имаат примарна улога во улогата на наставникот. Улогата на наставникот во

потесна смисла да пренесува информации и знаења, да презентира содржини и го води наставниот процес, укажува на значајноста на наставникот, односно, наставникот да знае што од теоретските знаења да примени во процесот на сознанијата и нивното практикување. Наставникот како едукатор не е доволно само да ја познава и разбира природата и содржините на наставниот предмет кој го предава, туку потребо е да го познава и развива процесот на учење кај учениците, како и примена на разновидни форми, методи на наставна работа, обезбедување поволни услови за развој на учениците и реализирање на содржините на наставниот предмет (Стаматовиќ,Ј./ Бојовиќ,Ж.2016:282)

## НАСТАВНИКОТ КАКО ПАРТНЕР ВО ЕДУКАТИВНАТА КОМУНИКАЦИЈА

Воспитно-образовната комуникација е форма на комуникација која се реализира во процесот на воспитанието и образованието за пренесување, за стекнување знаења и развој на личноста. Поконкретно, воспитно-образовната едукација се карактеризира со партнерски однос помеѓу наставникот и учениците, односно тие што подучуваат и тие што примаат-учат преку заемна интеракција и комуникација за што можеме да говориме за воспитно-образовна комуникација, односно едукација.

Повеќе сфаќања за положбата, улогата и односот на наставникот и ученикот во водспитно-образовната работа условен е со поседување на висока професионалност и насоченост за развој на позитивните вредности и давање поддршка на процесот на усвојување на знаењата, искуствата и вредностите (Бојовиќ,Ж.2007:236).

Во практиката се користи: една насочена вертикална комуникација од наставникот кон учениците, двонасочена вертикална комуникација, од наставникот кон учениците и обратно, двонасочена вертикална и хоризонтална комуникација помеѓу наставникот и поедини парови на учениците, двонасочена комуникација на секој со секого. Природата и текот на комуникација зависи од поставената цел и задачи на наставникот.

## НАСТАВНИКОТ КАКО ИСТРАЖУВАЧ ВО УЧЕЊЕТО НА УЧЕНИКОТ

Повеќе димензионалноста на наставничката професија и улога укажуваат дека наставникот согласно компетенциите им помага на учениците да се здобијат со знаење вештини и навики, развивање на способностите, посебно во улога на инструктор, насочувач и контролирање на учениците (Лакета,Н. 2012:102).

## НАСТАВНИКОТ КАКО МОТИВАТОР НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА РАБОТА И УЧЕЊЕТО

Во делокругот на делување на наставникот во воспитно-образовната работа значаен прилог и придонес во развојот на учениците има мотивацијата (за активен пристап во процесот на учењето). Поконкретно, наставникот поаѓа од личноста на ученикот и во таа основа ги усогласува, организира мотивираноста, интересите и развивањето на внатрешните мотиви како покренувачи на сознанието и учењето. (Стаматовиќ,Ј/Бојовиќ,Ж,2016:282).

Наставникот кој го следи напредувањето ги оценува текот на воспитно-образовниот процес, предвидува осмислување, односно им помага на учениците во насока максимално да ги искористат потенцијалите и опкружувањето во кое се наоѓаат како и нивните особини. Поконкретно, тоа се изразува преку поттикнување, советување, охрабрување, ученикот да го користи претходното

знаење, да биде критичен во работата и го насочува вниманието на крајната цел.

**НАСТАВНИКОТ КАКО САМОЕВАЛУАТОР**

Преку самоевалуацијата се добива одговор дали активностакон наставната работа се реализира, односно се адекватни, ефикасни и благовремени. Основно прашање кое се поставува на наставникот кој ја самоевалуира својата работа потребно е да знае што треба да вреднува, што да се идентификува, набљудува и следи. Самоевалуацијата претставува следење, проучување и проценување на сопствената работа со примена на соодветни методи и техники. Основна намена на самоевалуацијата е унапредување на работата и усовршување на работата на наставникот. Реализацијата на позивот на наставникот е потполна доколку потполно се опишува наставната улога чија реализација зависи од повеќе фактори: надворешни, персонални и др. Согласно мислењето и сознанието на повеќе теоретичари напред наведената улога треба да биде предмет на потемелно истражување, вреднување и врз таа основа да се вреднува работата на наставникот во процесот на едукацијата. Свои видувања и погледи за улогата на наставникот има познатиот истражувач, доајен и академик Стевановиќ кој посебно своите видувања за улогата на наставникот ги дава во капиталниот труд "Наставникот како уметник и воспитувач" 2003г. Во наведениот труд академик Стевановиќ наведува дека наставникот во теоријата и практиката треба да се истражува, вреднува и наградува.

Карактеристично е да се каже дека академик Стевановиќ кој подолг временски период го истражува и вреднува наставникот, укажува дека наставникот има мошне одговорна комплексна и благородна улога во процесот на едукацијата и во таа смисла тој, наставникот, го именува и како наставник уметник и воспитувач не во смисла на естетското вреднување, туку уметник во смисла на едукациските процеси и придонесот кој го дава во процесот на едукацијата. Поконкретно, уметничката улога на наставникот ја идентификува преку процесот на сознавање, учење на учениците како партнери. Неговото уметничко делување произлегува и го наметнува новото време и предизвици за иднината на наставникот за предизвиците, новините и иновациите и позитивните образовни традиции. Имено, тој ги смислува новите постапки и постулати за радикални промени во процесот на едукацијата. Проучувајќи го наставникот-уметник, денес никој не се соживува дека тој е потребено истовремено се поставува и прашање за неговото едуцирање, вреднување и надградување. Наставникот уметник дејствува отворено и динамично во конкретно време и простор на следење и создавање услови за развој на воспитанието и образованието кое ќе му овозможи оптимално Изнесените сознанија укажуваат на времето на забрзувањето, трансферот, промена на знаењата, технологијата, информатиката и другите процеси. Сите промени треба да се засноваат на позитивни искуства, вреднувања, традиции и предизвици. Новото време бара наставник воспитувач нов профил. Имено, новиот наставник нема да биде набљудувач и чувар на децата и дисциплината, туку едукатор кој претендира на уметник кој се одликува со богатство на мисли и идеи, кој е водач на одделението-класот, заедницата и има способност да ја открива индивидуалноста и надареноста на учениците за одредени области. Тој постојано ја анализира својата работа, менува и иновира, реализира, ја проучува современата теорија и практика и многу други работи и кој има визија и интерес за истражување и отвореност за промени и новини (Стевановиќ,М.2003:7).

Наведените видувања на академик и визионер Стевановиќ укажуваат дека современиот наставник и едукатор мора да се менува и треба да биде тоа што современата едукација го бара од него, односно да биде интелектуалец, креатор и творец, а не рутинер кој практикува ист начин на работа со учениците.

Патот на иднината не води преку перманентното образование-учење надополнето со идеи, креативност, а до идеи не се доаѓа спрема обрасци, туку спрема нов начин на мислење. Позитивното мислење и активност е основа на секој успех. За успехот на секој поединец одлучуваат неговите мисли кај современиот наставник едукатор.

Свои видувања за улогата и компетентноста на наставникот има и познатиот теоретичар и истражувач на полето на образованието Бошко Влаховиќ. Поконкретно Влаховиќ наведува дека иднината на образованието и предизвиците упатуваат на потреба современиот наставник да не биде само како поединец со одреден степен на образование,туку наставник професионалец со нови улоги и компетенции на знаења, вештини и способности за нова филозофија на образованието. Современиот наставник постојано треба да се усовршува за мобилност и активност со учениците, за насочување на развојот на учениците, креативноста, способноста на учениците и сл. Усовршувањето на наставникот треба да биде во надлежност на наставничките факултети и сл. (Влаховиќ,Б.2016:24).

Наставникот како едукатор и креатор на наставниот процес делумно е проучуван, истражуван и вреднуван од страна на поедини наставници од наставничките факултети, наставници практичари, БРО и Центарот за стручно усовршување кое постои во состав на МОН.

Од досегашното делување на напред наведените институции, органи и стручни здруженија по однос на третманот и поставеноста на наставниците и нивната улога и функција во процесот на едукацијата не постои некое целосно и обемно истражување и вреднување за улогата на наставникот во наставниот процес, освен преку екстерното тестирање за што постојат различни мислења и попречни видувања како од страна на наставниците, учениците, родителите и јавноста. Наведеното само по себе укажува дека усовршувањето на наставниците бара институционално преиспитување, поконкретно, наставничките факултети како компетентни наставно-научни институции кои ги едуцираат кадрите за потребите на предучилишното, основното и средното образование треба и понатаму да ја имаат примарната улога во нивното стручно усовршување и унапредување. Тоа укажува на потребата дека во состав на најстариот универзитет УКИМ треба да се формира еден центар за перманентно стручно усовршување во кое ќе членуваат сите наставнички факултети со свои претставници за својата професија, методичари, истражувачи афирмирани практичари и претставници од МОН и БРО. Во составот на тој Центар треба да постојат повеќе одделенија за истражување и вреднување, за стручноста на наставникот, педагошко-психолошко методичко образование и одделение за издавачка дејност.

Позитивните искуства од земјите од соседството и од поразвиените воспитно-образовни системи укажуваат на фактот и употребата дека наставникот е значаен чинител во процесот на едукацијата и од тие причини се налага потреба наставникот во современи услови на реформирање да биде истражувач вреднуван како едукатор и произведувач на знаење и искуства но истовремено и вреднуван за својот труд.

Истовремено предизвиците во теоријата и практиката во процесот на

едукацијата укажуваат дека за новото образование потребни се наставници со нови улоги и компетенции и нова филозофија на образование. Имено, наставникот ќе биде принуден постојано да се надоградува, усовршува за својата работа со учениците, за насочување на нивниот развој, самообразованието и креативните потенцијали. Наведените сознанија укажуваат и потврдуваат дека современиот наставник денес се наоѓа пред сериозен предизвик кои го едуцираат младото поколение и како такви треба да ги прифатат учениците како партнери со свои можности и потреби за заемно интеракциско делување и квалитетно образование, а квалитетното образование бара соодветно вреднување на трудот на современиот настваник што не е случај.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Аврамовиќ,З./Вујачиќ,М. 2010, Наставник измеѓу теорије и праксе, Београд, Институт за педагошка истраживања,
2. Бјекиќ, Д. 1999,Професионални развој наставника, Ужице, Учитељски факултет,
3. Бојовиќ,Ж. 2007, Путеви разумевања педагошке комуникације, Зборник радова,
4. Стевановиќ,М. 2003, Наставник, уметник одгајатељ, Вараждинске Топлице, Тонимир,
5. Лакета, Н. 1996, Учитељ, наставник и ученик, Ужице, Учитељски факултет,
6. Петров,Н. 2006, Образование за новиот милениум, Скопје, Работнички универзитет Кочо Рацин,
7. Хавелка, Н. 1998, Прилог концепције, Улоге наставника и улоге ученика у основној школи, Београд, Заедница учитељских факултета,
8. Хабиб. Е. 2009, Школо као систем,Београд, Институт за педагогију и андрагогију, филозофског факултета,
9. Влаховиќ,Б. 2016, Иднината на образованието предизвиците и тенденциите, Просветно Дело бр. 4,Скопје,
10. Миовска,С. 2016, Компаративното проучување на образованието и образовното позајмување,просветно дело бр. 5, Скопје,
11. Морен,Е. 2012, Васпитање за будуќност, Београд, Едука.
12. Петров, Н./Петрова, М. 2016, Реформите на високото образование и Болоњскиот процес, Просветно дело бр. 4, Скопје,
13. Сузиќ,М. 2003, Особине наставника и однос ученика према настави, Бања Лука,Тренинг Центар,
14. Живковиќ, Н. 2008, Школска аутономија и професионална аутономија наставника, Педагогија 3,Београд,
15. Стаматовиќ, Ј. 2008, Програми и облици стручног усовршавање наставника, Београд, Институт за педагошка истраживање,
16. Стаматовиќ,Д./Бојовиќ, Ж, 2016, Улоге наставника у наставном процесу, Педагогија 3, Београд.

364.4-786:364.633-053.2

Наташа Димеска, PhD студент
e-mail: dimeskanatasa@yahoo.com

Проф. д-р Иван Трајков
Филозофски факултет - Институт за социјална работа и социјална политика
e-mail: ivan.trajkov@fzf.ukim.edu.mk

# ТРЕТМАН НА СЕКСУАЛНО ЗЛОСТАВУВАНО ДЕТЕ

**Апстракт:** Третманот е процес во кој лицата кои имаат доживеано некаков вид траума постигнуваат одредено ниво независно функционирање во заедницата. Психосоцијалниот третман е еден вид и на социјална рехабилитација, која се приспособува на потребите на пациентот. На овој начин се креира најдобар начин за опстојување во заедницата и за надминување на траумата која настанала по сексуалната злоупотреба.

За време на третманот се намалува симптоматологијата настаната по преживувањето на сексуално злаоставување, се зајакнуваат индивидуалните социјални способности на детето, се намалува дискриминацијата и стигматизацијата, се зајакнува автономијата на децата и начините за сопствено застапување.

**Клучни зборови**: третман, дете, траума, стрес

# TREATMENT OF SEXUALLY ABUSED CHILDREN

**Abstract:** Treatment is a process in which people who have experienced some sort of trauma reached a certain level of independent functioning in the community. Psychosocial treatment is a kind of social rehabilitation, which adapts to the needs of the patient. In this way it creates the best way for functioning in the community and to overcome the trauma occurred after the sexual abuse.

During the treatment symptomatology is reduced, and with that sexually abused children are creating some level of self-confidence with reinforcing their individual social skills and is strengthens the autonomy of children and ways for their own advocacy.

**Key words:** treatment, child, trauma, stress

## ПОИМ ЗА ТРЕТМАН И РАБОТА СО ДЕЦА – ЖРТВИ НА ПОЛОВ НАПАД

Третман е комбинација на методи и начини за помагање на детето кое било жртва на полов напад за полесно надминување на психосоцијалните трауми, но и подобрување на неговите интерперсонални вештини. Тоа е начин за намалување на постраумaтскиот стрес и реконструирање на животот по доживеаната траума. (СЗО, 1996).

За успешно изведување на еден третман пред се потребно стручно лице кое познава начини и техники за зближување со детето, но и кој има флексибилен став во креирањето на начини за лекување на траумата.

Третманот е процес во кој лицата кои имаат доживеано некаков вид траума постигнуваат одредено ниво независно функционирање во заедницата. Психосоцијалниот третман е еден вид и на социјална рехабилитација, која се

приспособува на потребите на пациентот. На овој начин се креира најдобар начин за опстојување во заедницата и за надминување на траумата која настанала по сексуалната злоупотреба.

За време на третманот се намалува симптоматологијата настаната по преживувањето на сексуално злаоставување, се зајакнуваат индивидуалните социјални способности на детето, се намалува дискриминацијата и стигматизацијата, се зајакнува автономијата на децата и начините за сопствено застапување.

***1.1.Основни ставови на стручното лице во работа со деца - жртви :***

1. Хуманистички став –целосно и безусловно почитување и прифаќање на детето/клиент такво какво што е т.е. оригиналноста на детето.
2. Демократско-релационен став –стручното лице воспоставува еднаквост во односот и постапува како со рамноправен на себеси.
3. Симпатија / Емпатија –емпатија е целосно вживување со моменталните доживувања и состојби на децата/клиенти со благи и сочуствителни споделувања. Додека симпатија е покажување благонаклонетост и желба за разбирање на клиентот, поддржување и сл.
4. Релационо - активен став –следење на клиентот преку воспоставување релација со целосно активно психофизичко учество и присуство.

***1.2.Облици на работа со деца - жртви :***

1. Индивидуален –поединечна работа со секое дете/клиент преку т.н. ЈАС-ТИ РЕЛАЦИЈА во која се почитува дискретноста и анонимноста на клиентот, како и интегритетот на секоја индивидуа посебно.
2. Групен –работа во терапевтско - развојни третмански групи до 12 деца. Многу значајно за третманот на детето е групната динамика и анализа. Групите се претежно хомогени (ист пол, иста возраст и сл.).
3. Социјален -работа со поширок опсег на популација, со групи од 30-40 деца/клиенти или потенцијални жртви, преку едукација, дискусија и сл.

## 2. ЗОШТО ТРЕТМАН И КАКО ТРЕТМАНОТ МОЖЕ ДА ПОМОГНЕ

Првата реакција по злоставувањето или некоја трауматска случка многу возрасни и деца сакаат што побрзо да ја заборават. Тоа е многу очекуван и вообичаен начин со кој се обидуваме да се заштитиме од болката, стравот и останатите интензивни чувства. Иако тоа е можеби делотворен начин на соочување во почетокот, се покажало, меѓутоа, дека значително е покорисно да се соочиме со трауматското искуство. Имено,Низ соочувањето со трауматското искуство учиме како да го прифаќаме тоа што се случило и да продолжиме квалитетно да живееме.

***2.1. Што се постигнува со третманот?***

Целта на третманот на сексуално злоставуваното дете е тоа постепено да излегува и се „ пронаоѓа“ низ трауматското случување кое го доживеало со користење на различни структурирани техники во сигурната околина и со поддршка. На тој начин на детето му се овозможува да ги изрази, разбере и да ги осмисли чувствата врзани за злоставувањето и да научи да излезен на крај со бројните реакции кои можат да бидат врзани за злоставувањето.

Целта на третманот за детето не е да го заборави злоставувањето, туку

трауматското случување да се вгради во своето животно искуство, како заради сеќавањето на случувањето да не може да биде „исфрлено од рамнотежа".

Важно е да се спомене дека во текот на третманот може да дојде до влошување, односно детето да започне (повторно) да покажува различни симптоми, на пример вознемиреност, тага, страв, лутина, регресивно однесување итн. Тоа е очекувано и се случува заради тоа што детето низ траумата на некој начин е повторно изложено на тешкото искуство низ кое поминало. Важно е тоа да се каже на лицето кое го спроведува третманот со детето, да се посоветуваат за начинот на покажување на поддршка и разбирање, а посебно да се има во предвид дека тоа е фаза низ која детето поминува, а не трајна промена.

***2.2. Мултидисциплинарен пристап***

Мултидисциплинарниот тим се состои од психолози, психијатари, педијатар,социјални работници, дефектолози, медицински сестри и правник.

Целта на мултидисциплинарниот тим е:

» индивидуална проценка и дијагностицирање на проблемите на децата кои биле изложени на трауматско искуство;
» планирање на лекувањето на секое дете;
» спроведување на индивидуален третман според потребите на детето;
» организирање и спроведување на психотерапија на деца жртви;
» поддршка на деца и групи со потешкотии во социјализацијата.

Работата во мултидисциплинарниот тим се врши преку :

» проценка и третман на децата и нивните семејства;
» мултидисциплинарна тимска работа и надзор;
» обука на други професионалци кои работат во институции кои се занимаваат со заштита на деца;
» истражување и научна работа;
» подигање на јавната свест.

Членовите на тимот заедно изготвуваат мултидисциплинарен извештај кој се состои од податоци за здравствената состојба на детето, условите за развој, развојни карактеристики на детето, неговиот социјален и емоционален развој.

Третманот на когнитивно - бихевиорална терапија е доста употребуван во работата со деца - жртви низ целиот свет, и дава многу позитивни резултати. Когнитивно – бихевиоралната терапија е онаа која се покажала како најуспешна кога станува збор за сексуалната злоупотреба. Често може да се употребува во форма на групна терапија, но може да биде и како дел од писхо терапија, сесии за намалување на лутината и слично. Овој третман речиси секаде низ светот се користи за лекување на жртвите, но и сторителите на сексуални деликти бидејќи е еден вид на обука за подобрување на социјалната вклученост на истите, развивање на нивното чувство за емпатија, но и подигнување на нивото на нивната самодоверба. Бихевиоралниот пристап се состои од учење на нови облици на однесување, кои ќе доведат до промени во когнитивната сфера.

Тој има за цел да им обезбеди поддршка на децата , но и атмосфера во која ќе можат слободно да зборуваат за своето трауматично искуство, а истовремено им помага на родителите да се справат со ситуацијата, да ги исфрлат обвинувањата

упатени кон своите деца и да не ги третираат како „оштетена стока". Таа вклучува алтернативни начини на размислување и решавање на проблемот. За време на терапијата детето ќе научи како да го менаџираат својот стрес, како правилно да ги перципираат луѓето и околината, да го променат своето сегашно однесување со промена на мислите, но како правилно да се справат со лутината, бесот и слично.

Когнитивно - бихевиоралната терапија обично е краткотраен третман во кој се предвидени 12-18 сесии, во времетраење од 60-90 минути, кои обично се изведуваат во средина која им е позната и пријатна на децата. Секоја од сесиите има за цел да изгради одличен терапевтски однос кој ќе обезбеди безбедна средина за едукација, вештини за справување со процесот на трауматските спомени. Исто така да се развијат добри комуникациски односи помеѓу родителите и децата, кои ќе го продолжат патот кон целосно излекување и по завршувањето на терапијата.

Терапијата исто така може а и треба да се модифицира во согласност во возраста, потребите на детето или адолесцентот, за постигнување на што е можно подобри резултати. Досегашните истражувања покажале дека е овој вид на терапија е доста ефикасен на децата кои се наоѓаат под 12 години, при што со правилна адаптација и избор на техниките на работа може да се постигне едно многу високо ниво на развој кај детето. При работа со оваа група на деца треба да се користат апстрактни концепти каде ситуациите се објаснети со едноставни примери и метафора на случувањата од секојдневниот живот на детето.

Когнитивно – бихевиоралната терапија им помага на децата жртви полесно да ги анализираат своите мисли, чувства и однесувања по сексуалната злоупотреба. Само на овој начин ќе го прекинат процесот на самобовинување и самоповредување. Низ овој третман детето исто така ќе се десензибилизира, ќе ги запознае подобро своите ставови, а токму тоа ќе обезбеди надминување на ограничувањата кое само си ги поставува при можноста за доживување на ново животно искуство.

Терапевтот има за цел да креира траума приказна објаснета низ искуството на детето, со која ќе му помогне на детето да ги разбере своите искривени чувства и верувања за сексуалната злоупотреба.

За време на сесиите низ најразлични вежби децата за прв пат научуваат како наративно да ја опишат својата траума, низ игри да ја подобрат својата самодоверба, а низ новите начини за комуникација да ја подобрат комуникацијата со своите родители.

Низ сесиите децата ги променуваат: начините на кои дејствуваат, чувствата кои ги имаат, односно се помалку депресивни, помалку исплашени, помалку анксиозни. Исто така го променуваат и начинот на размислување, прилагодување и справување со сите здравствени проблеми.

Децата пак кои се под 12 години минуваат низ еден модифициран третман на когнитивно – бихевиорална терапија, односно за нив се креирани посебни игри и задачи кои ќе им помогнат за полесно надминување на траумата. Тие пред се играат игри кои се когнитивно насочени и кои им помагаат во точно определување на траумата, реконструирање на истата низ игра. Терапијата за нив пред се треба да биде ведра, интересна, разбирлива, исполнета со метафори за сексуалната злоупотреба, но и инспиративна.

Исто така правилен социјален метод на работа е и превенцијата и правилното информирање на децата кои се под висок степен на ризик да станат жртви на полов напад. Но исто така мора да се работи со родителите, бидејќи тие се оние кои му

влеваат доверба, сигурност на детето, кои ќе му ја пружат потребната поддршка и љубов за да се справи со ситуацијата , но исто така и да реагира навремено доколку некој го вознемирува. Во секој случај најважен превентивен фактор се добро информирани родители, но и грижливи родители полни со љубов, кои ќе му ја дадат потребната поддршка на детето во текот на секојдневниот живот.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Association for Protection of Children's Rights, (2004) "Lets Create an Environment Free From Child Sexual Abuse by Adults and Children in Public and Private Institutions in 10 Countries", 2004, која може да се најде на страницата http://www.zpd.org.mk, п 2008 година;
2. Survey of adverse shildhood ehperience among young peoples in the Former Yogoslav Republiv of Macedonia, World Health Organization – Europe
3. Bacon, H. & Richardson, S. (eds) (2001), Creative responsesto child sexual abuse: challenges and dilemmas, London. Jesica Kingley;
4. Child Welfare – Trauma focused cognitive-behavioral therapy: Addresung the mental health of sexually abused children;
5. Cobley, C. (1995), Child Abuse and the Law, London. Cavendish;
6. Conte, J.(ed) (2002), Critical issues in Child Sexual Abuse:Historical, Legal and Psychologicalм perspectives ,London. Sage;
7. David Williams – The language of sehual assauld;
8. Farrell, S.P. Hains, A.a – Cognitive-behavioral intervention for sexually abused children;
9. Julie A. Lipovski – Threatment of child victim of child abuse and neglect;
10. Katharina Manassis – Cognitive-behavioral therapy with children;
11. Larry e. Beutler, Rebecca A. Williams, Haidi A. Zetzer – Eficacy of treatment for victims of child sexual abuse;
12. Leah Davies – Helping the sexually abused child;
13. Neville J. King – Sexually abused children suffering from post-thraumatic stress disorder: assessment and treatment strategies;
14. Paul Stallard – Cognitive- behavioral therapy workbook for children and young people;
15. Димеска,Н,(2013) – Психосоцијален третман на деца жртви на полов напад. Магистерски труд, одбранет на Филозофски факултет во Скопје.

364-787.9-057.875(470+575)

Арчакова Ольга,
Вялушкина Татьяна
Тамбовский государственный университет им. Г.Р. Державина

# ФОРМИРОВАНИЕ СОЦИАЛЬНОГО ЗДОРОВЬЯ СТАРШЕКЛАССНИКОВ КАК НАПРАВЛЕНИЕ СОЦИАЛЬНОЙ РАБОТЫ

**Аннотация**: Современные школьники - это будущее нашей страны. Для разностороннего развития подрастающей молодежи важно уделять внимание формированию и развитию социального здоровья. В нашей стране особо остро стоит проблема социальной потребности в социально здоровых индивидах. Это проблемой в теории занимаются не только за рубежом, но и в России. В статье рассматриваются различные подходы к формированию социального здоровья старшеклассников, выделены методы и технологии по его развитию, рассмотрены наиболее эффективные формы сохранения социального здоровья старшеклассников.

**Ключевые слова:** молодежь, старшеклассник, технология, метод, профилактика, социальное здоровье, форма развития, проект, диагностика.

# THE FORMATION OF SOCIAL HEALTH OF HIGH SCHOOL STUDENTS AS A DIRECTION OF SOCIAL WORK

**Abstract**: Modern schoolchildren are the coming future of our country. It is important to pay attention to their social health formation and development in order to get all-round developing youth. Questions of social necessity in social healthy individuals are particularly sensitive in our country. This problem is in the theoretical focus either abroad or in Russia. The article deals with different approaches of schoolchildren's social health formation, it highlights methods and techniques of social health development process, considers the most effective forms of keeping schoolchildren social healthy.

**Key words**: youth, schoolchildren, technique, method, prophylaxis, social health, form of development, project, diagnostics

Одной из важных категорий социальной работы является социальное здоровье. Внимание к молодежи в контексте исследования ее социального здоровья представляется одной из самых актуальных проблем современного общества, так как именно от молодежи зависит будущее страны, социализация новых поколений. Ввиду того, что молодежь - это социально-демографическая группа, возраст членов которой варьируется от 14 до 28 лет, она объединяет в себе различные возрастные группы. Одной из возрастных групп молодежи являются старшеклассники.[5, стр.74]

Старшеклассники – это молодые люди старшего школьного возраста, близкого к выпуску класса. Именно в этом возрасте у ребенка происходит полное осознание себя и своей дальнейшей деятельности. Поэтому особенно важно в

момент формирования личности оказать положительное влияние на его развитие и становление. [4, стр.128]

В современной науке под социальным здоровьем понимается отражение отношения общества к человеку, которое реализуется через социальную интеграцию и коммуникацию в разнообразные структуры современного социума [1, с. 154].

Изучением молодежи, старшеклассников и их проблем в разные времена занимались многие ученые: П.Д. Павленок, Е.И. Холостова, Н.Ф. Басов, С.П. Иваненков, Г.А. Чередниченко и другие.

Одним из направлений социальной работы со старшеклассниками как социально-демографической группой является проектирование программ по формированию социального здоровья старшеклассников с применением социальных технологий, форм и методов, направленных на снятие социальной напряженности в обществе, улучшение качества жизни школьников старшего возраста.[3]

Рассмотрим технологии социальной работы по формированию социального здоровья старшеклассников через призму технологий социальной работы с молодежью.

К технологиям социальной работы с молодежью относят:

- социальная терапия – это отрасль научного знания, ориентированная на решение социально-терапевтических проблем через преодоление аномалий смысло - жизненных ориентаций, социальных ценностей субъектов общественной жизни (в том числе молодежи), их представления о справедливости и несправедливости;
- консультирование – установление кон- такта путем вербальной коммуникации, выявление проблем клиента, содействие и взаимо-действие в поиске их решения;
- арт-терапия – “терапия искусством” через вовлечение молодого человека в культурно-досуговые мероприятия, посещение различных культурно-досуговых учреждений;
- музыкотерапия – социализация индивида путем, обращения к какой-либо музыкальной культуре, субкультуре, посещение концертов, смотров-конкурсов, регулярное прослушивание музыкальных композиций;
- библиотерапия – воздействие на сознание индивида в процессе формирования смысло-жизненных ориентаций через подбор специальной литературы;
- творческие технологии – вовлечение молодых людей коллективную творческую и созидательную деятельность, содействие развитию индивидуального творчества. [2, с. 72]

В настоящее время в некоторых регионах России накоплен значительный опыт применения программ по формированию социального здоровья молодежи. В связи с этим в городе Тамбове был реализован проект «Моя альтернатива», направленный на повышение уровня информированности старшеклассников о важности социального здоровья, способствование развитию интереса к формированию и сохранению собственного социального здоровья. Следует отметить, что данный проект несет профилактический характер.

Проект реализовывался по направлениям:

- социальное развитие личности;

» духовно-нравственное развитие личности;
» развитие физической составляющей личности;
» саморазвитие.

На подготовительном этапе была осуществлена организационная деятельность: сбор информации, набор участников проекта (40 человек), проведение входной диагностики, разработка плана мероприятий, поиск партнеров.

Результаты входной диагностики проекта «Моя альтернатива» показали, следующие:

На вопрос 1: *«Ваш возраст»*, нами были получены следующие результаты: 25 % - 15 лет; 25 % - 16 лет; 35 % - 17 лет; 15 % - 18 год;

На вопрос 2: *«Как Вы понимаете термин «социальное здоровье?»* участники программы ответили, что 35 % - не совсем понимают данный термин и не могут дать определение; 25% - сошлись на мнение, что это – здоровье человека в обществе, его статус и значение среди других людей; 15% - это физическое здоровье человека + социальные составляющие (здоровое общение, признание обществом и т.д); 25% - это совокупность всех составляющих здоровья личности (физическое, духовное и социальное здоровье человека).

На вопрос 3: *«Считаете ли Вы себя социально здоровым человеком?»*: 30 % опрошенных ответили - да; нет -50 % молодых людей; 20% затруднились ответить.

На вопрос 4: *«Что, по Вашему мнению, делает человека социально здоровым?»*: 50 % опрошенных сошлись на мнение, что социально здоровым человека делает общение с другими людьми ( взаимодействие с обществом); 35 % - спорт, культура, общение и др.; 25 % - не смогли дать ответ.

На вопрос 5: *«Влияет ли, по Вашему мнению, социально здоровье на Вашу социальную успешность?»* мы получили следующие результаты: 35 % молодых людей ответили да; 20 % -нет; 55% затрудняюсь ответить.

На вопрос 6: *«Знаете ли Вы, какие учреждения или организации в нашем городе помогают формировать и сохранять социальное здоровье молодежи?»*: 35 % - назвали общественные организации, учреждения по работе с молодежью; 35% - назвали спортклубы, творческие студии и клубы по интересам, школы доп. образования; 30 % - затруднились дать ответ.

На основном этапе были проведены мероприятия в соответствии с планом, которые позволили расширить знания старшеклассников о социальном здоровье, повысить уровень заинтересованности школьников к проблеме формирования социального здоровья.

Ниже приведена таблица мероприятий, проводимых в рамках данного проекта.

***Таблица 1.***

Таблица мероприятий проекта «Моя альтернатива»

| № | Мероприятие | Описание | Кол-во участ. | Место проведения |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Старт проекта «Моя альтернатива» Экскурсия по МАУ «Дом молодежи», входная диагностика | Общие сведения о проекте, знакомство с участниками. Знакомство с деятельностью учреждения, особенностями работы клубных формирования для молодежи, проектами и программами по развитию современной молодежи | 40 | МАУ «Дом молодежи» |
| 2. | Круглый стол «Проектируем будущее». | Обсуждение наиболее острых проблем старшеклассников, причин их возникновения и путей решения | 40 | МАУ «Дом молодежи» |
| 3. | Интеллектуальная игра «Что? Где? Когда?» | Интеллектуально-интерактивная игра, направленная на расширения кругозора участников проекта в различных сферах деятельности (спорт, искусство, кино и др.) | 40 | МАУ «Дом молодежи» |
| 4. | Встреча с интересным человеком | Беседа с начальником отдела медиа-коммуникаций МАУ «Дом молодежи» В.П.Туранским, знакомство с инновационными технологиями в сфере медиа-пространства | 40 | МАУ «Дом молодежи» |
| 5. | Фото-квест «Огни Тамбовщины» | Молодежный квест с патриотической и краеведческой направленностью, так же направленный на развитие креативного мышления | 40 | Город Тамбов |
| 6. | Тренинг по развитию лидерских качеств | | 40 | МАУ «Дом молодежи» |
| 7. | Танцевальный флеш-моб «Альтернатива» | Разработка реализация танцевальной мини-программы в городе | 40 | Площадь Музыки, город Тамбов |
| 8. | Завершение проекта | Выходная диагностика. Подведение итогов. Анализ | 40 | МАУ «Дом молодежи» |

На заключительном этапе была проведена выходная диагностика. Результаты выходной диагностики: на вопрос «Как Вы понимаете термин «социальное здоровье?»: 10% ответили - это физическое здоровье человека + социальные и культурные составляющие ( здоровое общение, признание обществом и т.д) + духовное развитие; 90% - это совокупность всех составляющих здоровья личности (физическое, духовное и социальное здоровье человека), а так же объединяющая медицинские, социологические, политологические, экономические, психологические, валеологические, педагогические и другие знания, характеризующая норму социального развития.

На вопрос: «Считаете ли Вы себя социально здоровым человеком?»: 60 % участников ответили да; 35% -нет; затрудняюсь ответить – 5 %.

На вопрос: «Что, по Вашему мнению, делает человека социально здоровым?»: 90 % ответили, что социально здоровым человека делают в совокупности следующее: взаимодействие с обществом, развитие физических и творческих

способностей, духовно-нравственное развитие, личностный рост; 10 % - спорт, культура, общение и др.

На вопрос: «Влияет ли, по Вашему мнению, социально здоровье на Вашу социальную успешность?»: да – 100 %; нет – 0 %; затрудняюсь ответить – 0%.

На вопрос: «Знаете ли Вы, какие учреждения или организации в нашем городе помогают формировать и сохранять социальное здоровье молодежи?» были получены следующие результаты: 5 % - назвали общественные организации, учреждения по работе с молодежью; 95% - назвали спортклубы, фитнес центры, творческие студии и клубы по интересам, школы доп. образования, учреждения по работе с молодежью и общественные организации.

Результаты выходной диагностики свидетельствуют о том, что знания о социальном здоровье не только увеличились, но и углубились.

Сравнение результатов входной и выходной диагностики проекта показало, что проект «Моя альтернатива» был успешно реализован. Все участники получили необходимые знания и навыки, которые пригодятся им, чтобы стать успешными в современном обществе.

Особенностями данного проекта является комплексный подход с разных направлений на решение проблемы социального здоровья старшеклассников. Используются и теоретические, и практические методы, направленные на решение проблем школьников старшего возраста, что положительно влияет на формирование и укрепление социального здоровья данной категории.

Таким образом, проект «Моя альтернатива» позволил расширить знания молодых людей о социальном здоровье, повысить уровень их заинтересованность в сохранении своего социального здоровья, в формировании социально успешной личности.

## СПИСОК ИСПОЛЬЗУЕМОЙ ЛИТЕРАТУРЫ


1. Агапов Е.П. Методика исследований в социальной работе : учебное пособие / Е.П. Агапов. – Ростов-н/Д. : Наука-Спектр, 2010
2. Куприянов Б.В. Социальная работа в сфере молодёжного досуга // Социальная работа с молодёжью / под ред. Н.Ф. Басова.– 3-е изд. – М., 2012.
3. Першуткин С.А. Молодежная политика и национальная «Стратегия-2020» // Госслужба. 2009. № 1. с. 39
4. Сафронова В.М. Прогнозирование, проектирование и моделирование в социальной работе: Учебное пособие. – М.: Академия, 2006. – 240 с.
5. Фирсов М.В. Технология социальной работы: Учебное пособие. – М.: Академический проект, 2007. – 428 с.

314.1-053.6(470)„20“

Иванова Ангелина Александровна
Тамбовский государственнй университет имени Г.Р.Державина

# РЕПРОДУКТИВНОЕ ПОВЕДЕНИЕ МОЛОДЕЖИ XXIВЕКА

**Аннотация:** Российская молодежь сегодня – это около 37 млн человек (от 14 до 30 лет) или 25,8% всего населения и 34% населения трудоспособного возраста [8]. В наше время на формирование репродуктивного поведения влияют экономические, политические, социальный условия. Остро стоит проблема демографии, а это связано с гендерными взаимоотношениями и репродуктивными установками молодежи. В нашей работе мы выяснили, основные причины по которым девушки в возрасте от 18 до 30 лет готовы сделать аборт. Количество абортов в России – одно из рекордных: около 70% беременностей прерывается. В следствие этого мы должны стремиться к проведению социально-экономических мероприятий, направленных на повышение материального благосостояния населения и улучшение жилищных условий.

**Ключевые слова:** репродуктивное поведение, демография, гендерные взаимоотношения, репродуктивные установки, аборт, социально-экономические мероприятия, молодежь, беременность.

# REPRODUCTIVE CONDUCT OF YOUTH OF THE XXI CENTURY

**Abstract:** Russian young people todayare about 37 million people (from 14 to 30 years) or 25.8% of the total population and 34% of the working-age population. The problem of demography is acute, and this is connected with the gender relations and reproductive attitudes of young people. In our work, we found the main reasons wherefore girls between the ages of 18 and 30 are ready to have an abortion. The number of abortions in Russia is one of the highest: about 70% of pregnancies interrupted. Consequence, we should work for socio-economic measures aimed at increasing the material well-being of the population and improving living conditions.

**Keywords**: reproductive behavior, demography, gender relations, reproductive installations, abortion, social and economic actions, young people, pregnancy.

В мире насчитывается более 1,2 млрд. молодых людей в возрасте 15-24 лет, что составляет около 18% всего населения мира и 24% населения трудоспособного возраста [7]. Российская молодежь сегодня – это около 37 млн. человек (от 14 до 30 лет) или 25,8% всего населения и 34% населения трудоспособного возраста [8]. В наше время на формирование репродуктивного поведения влияют экономические, политические, социальный условия. Острота демографических проблем, таких как низкая рождаемость, однодетная модель семьи, значительная частота абортов, в первую очередь связана с гендерными взаимоотношениями и репродуктивными установками молодежи. Важное значение имеет отношение молодёжи к браку, контрацепции, семье и деторождению.

Репродуктивное поведение - это целостная система действий, отношений и психических состояний личности, направленных на рождение или отказ

» Могућност/немогућност актуелне социјалне и психолошке подршке и помоћи која би умањила патњу,
» Интензитета и трајања негативних емоција као и начина на који утичу на животне способности,
» Процењује се и да ли у оквиру 6 месеци долази до потпуног опоравка - стање се завршава „ реституто ад интегрум“, или се особа не опорави од поремећаја клиничка слика се „обогаћује“ и наставља стањем хроничне неурозе или психотичног стања. У том случају реактивно стање, тј. поремећај адаптације је увод за други психички поремећај неизвесног тока и исхода, који захтева психијатријско лечење и далеко више омета особу. У том случају материјална компензација има основа јер поремећени услови живота и нарушена равнотежа личности дуготрајно мењају ниво функционисања и онемогућавају квалитет живота који је раније постојао.

## ФОРЕНЗИЧКИ АСПЕКТ ПОСТТРАУМАТСКОГ СТРЕСНОГ ПОРЕМЕЋАЈА ПТСП

Поремећај настаје након преживљеног катастрофичног искуства, услед немогућности интеграције преживљеног у сећање. Почетак је у оквиру месец дана од трауме (постоји и ПТСП са касним почетком, више месеци од трауме) траје неколико недеља или месеци, пролази спонтано и уз психотерапију, уколико је праћен интензивном анксиозношћу, депресијом, агресивним понашањем, неопходан је медикаментозни третман (5).

Одговорност за кривична дела учињена у различитим фазама поремећаја,

је предмет индивидуалне форензичке анализе. Афективно сужење свести у „flash-back" епизодама је стање губитка контакта са реалношћу и немогућности контроле понашања. Свест је усмерена на пробуђена сећања а не на реалне догађаје. Могући су одбрамбени агресивни поступци или неусмерена и непланирана активност која никада не иде у корист особе нити се њима постиже неки други циљ. У таквом стању особа бежи, сакрива се трчи, удара око себе, насумице пуца из оружја и може некога да повреди и да учини материјалну штету. Уколико се докаже да је понашање последица измењене свести, за овакве поступке је правно неурачуњив. За друга дела која су разумљива из животног контекста и нису последица измене свести, одговорност је потпуна. Урачуњивост је очувана за поступке у алкохолисано стању „actio libera in causa", осим ако се ради о болести зависности.

У пракси се поставља питање радне способности ратних ветерана и материјалне компензације за преживљено трауматско искуство. ПТСП је пролазни психички поремећај који у основи не испуњава критеријуме за новчану надокнаду због страха, душевних болова као ни за губитак радне способности. Уколико настану тешке депресивне епизоде, психотичне компликације и болести зависности који се јављају у склопу ПТСП, инвалидност је могуће утврдити. Пословна способност је очувана у свим сферама, може бити нарушена у епизодама психијатријских компликација који представљају пролазне душевне поремећаје.

## ФОРЕНЗИЧКИ АСПЕКТ РЕАКТИВНИХ ПСИХОЗА

Параноидне, схизоидне, хистрионичне, цклотимне личности, након индивидуално специфичног трауматског искуства могу развити пролазни психотични поремећај чији садржај и карактеристике имају разумљиву везу са преживљеним искуством као и са преморбидним особинама личности. У стању дезорганизације понашања, често је свест помућена а под утицајем сумануих идеја и халуцинација, могућа су дела против других људи, за које постоји делимична амнезија. За оваква дела присутна је неурачуњивост, или је битно смањена. Правне радње учињене у стању привремене душевне поремећености, су не важеће, јер је тада пословна способност нарушена. У стањима „затворских психоза" насталих као реакција на искуство затварања, урачуњивост је очувана за дела учињена пре одласка на издржавање казне. Присутна је немогућност особе да прати и разуме судски поступак, тако да је процесна способност нарушена. Судски поступак се тада прекида и наставља по престанку реактивног стања.

## ЗАКЉУЧАК

У реактивним стањима, кривична одговорност и пословна способност су углавном очуване. Индивидуалном форензичком анализом треба утврдити специфичности сваког акта, а постојање стања привремене душевне поремећености може да умањи кривичну одговорност и да наруши пословну способност особа, за дела учињена у таквом стању.

## БИБЛИОГРАФИЈА

1. Kaličanin P. Psihijatrija. Velarta Beograd 1997.
2. Kecmanović D. Psihijatrija. Svetlost , Medicinska knjiga Beograd-Zagreb, 1989.
3. Kovačević R. Forenzička psihijatrija, Pravni fakultet u Banjoj Luci, Centar za

publikacije 2000.
4. Jaspers K. Opšta psihopatologija. Prosveta-Savremena administracija Beograd 1978.
5. Milchman M S. Forensic implications of changes in DSM-5 criteria for responses to trauma and sress. International Journal of Low and Psychiatry 2016; 49: 163-182.

618.414.4

проф.др. Диана Белевска, e-mail: diana.belevska@t-home.mk
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

м-р Јана Белевска, e-mail: janabelevska@hotmail.com
ПЗУ „Ре-МЕДИКА“ - Скопје, Р. Македонија

м-р Елена Кузмановска, e-mail: e.jakimovaa@gmail.com
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

# ПОРОДИЛНА БОЛКА-ОЧЕКУВАЊА И РЕАЛНОСТ

**Апстракт**: Секој од нас има доживеано некаков вид на болка, која може да ја оцениме спрема нашето субјективно мислење. Луѓето различно реагираат и ја оценуваат различно на скалата за болка. Посебен вид на болка што може да ја почувствува само жената која е на прагот да стане мајка, е родилната болка. Оваа болка, секоја жена ја чувствува и опишува различно, во зависност од претходните искуства, емоционалната состојба, како и од тоа колкава поддршка има од семејството и најблиските, како и од анатомијата на нејзиното тело.

**Клучни зборови:** породилна болка, степен на болка, породување

# BIRTH PAIN-EXPECTATIONS AND REALITY

**Abstract**: Everyone has his own experience with some type of pain, pain which can be rated according to our subjective opinion. People react differently and they evaluate the level of pain with scale for pain. Special type of pain that can be felt only by the woman, a mother to be, is birth pain. This pain, is described differently by every mother. That depends a lot from her previous experience, from her emotional condition, and from the support she has from her family, and the anatomy of her body.

**Key words:** birth pain, pain grade, childbirth

## МОЖНОСТИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПОРОДУВАЊЕТО

Под олеснување на породувањето се подразбира отстранување, односно намалување на степенот на болка при породувањето. Меѓутоа, олеснување на породување значи и скратување на траењето на породувањето и намалување на родилните компликации. Родилните болки може да се намалат со помош на фармаколошки и психолошки постапки.

## ФАРМАКОЛОШКИ ПОСТАПКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА БОЛКА

Лекови за ублажување на болка се применуваат во акушерството уште од средината на XIX век. Најпрво, за таа цел бил користен етер, а подоцна и хлороформ. Како што одминувало времето, се користеле и деривати на морфиум, барбитурати и други средства кои овозможувале брза и лесна апликација и делотворно ја ублажувале болката. Меѓутоа, користењето на лекови за време на раѓањето може да има негативни последици. Се утврдило дека опијатите дејствуваат на стеснување на свеста на мајката, а за барбитуратите е утврдено дека ја намалуваат респирацијата на детето, па така може да се каже дека без оглед на

видот на користени лекови, сепак постојат можности од нивно негативно дејство, како врз организмот на мајката, така и врз организмот на плодот, во кој преку плацентата лекот доаѓа многу брзо. Опоидните аналгетици имаат голема важност при намалувањето на акутната болка. Строго определени насоки се неопходни при избирањето на лек, метода на администрација, дозирање и избегнување на несакани ефекти. Затоа во денешно време се користат лекови кои не влијаат негативно на мајката или на плодот. Најчесто се користат епидурална или спинална анестезија.

## ПСИХОЛОШКИ ПОСТАПКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА БОЛКА

Од психолошките постапки за отстранување на болка при породувањето, најпознати се:

- Постапката на "природно породување"
- Постапката на психопрофилакса
- Ламазовата метода
- Постапката на хипнотичка сугестија

Скоро сите тие постапки се засноваат на некои заеднички начела и тоа: намалување на стравот и тегобите, известување на трудниците за сите аспекти на породување, увежбување на мускулна опуштеност, како и градење на позитивен емоционален однос помеѓу трудницата и здравствениот персонал.

Психопрофилактичките постапки се развиваат во 50-те години од минатиот век, благодарение на постоењето на фактот дека болката не е нужно поврзана со раѓањето и дека може со сугестија да се делува кон намалување на болката, како и тоа дека стравот и тежината се фактори кои најсилно делуваат врз интензитетот на болката. При оваа постапка се делува преку здравствено "просветлување", односно објаснување. Цел на здравственото "просветлување" е запознавање на бремената жена со сите аспекти на породување, отстранување на од порано стекнатите предрасуди, запознавање на трудницата со анатомско-физиолошките основи на пораѓајот, како и детално запознавање со текот на породување и начинот на соработка со здравствениот персонал. Постојат силни докази дека жените од поразвиените и побогати земји, кои добиваат континуирана акушерска нега за време на породувањето, кои имаат воспоставено добра комуникација со здравствениот персонал околу нив, и кои добиваат целосна поддршка за време на породувањето, чувствуваат понизок степен на болка. Исто така, породувањето им тече со помал број на интервенции и имаат чувство на контрола врз самиот чин.

Ламазовата метода на олеснето породување се состои во детално информирање на бремената за бременоста и пораѓајот, тренинг на мускулната опуштеност, тренинг за отстранување на вниманието од болните импулси, како и вежби за дишење. Релаксација се постигнува со помош на физички вежби и вежби за дишење. Задачата на физичките вежби и на вежбите за дишење е двократна. Од една страна преку нив се постигнува мускулна опуштеност која сама по себе го олеснува породувањето, а самата мускулна опуштеност води до намалување на емоционалната напнатост. Емоционалната и мускулната напнатост се толку поврзани, што секоја емоционална напнатост води до појава на мускулна напнатост и обратно. Споредувајќи ги родилките кои се склони кон "катастрофизирање" на болката и оние кои не се склони кон вакво однесување, се увидело дека родилките склони кон "катастрофизирање" често чувствувале

перинеална болка и до еден месец после породувањето. Се смета дека од голема помош кај ваквиот тип на жени е практикувањето на когнитивно-бихејвиоралната терапија, уште во пренаталниот период.

Методата на хипнотичка сугестија не е нова во акушерството. Нејзиното користење започнува кон крајот на XIX век. По своите основни начела се темели на истите цели како и останатите психолошки постапки на ублажување на болката- основната цел е намалување на емоционалната и мускулната напнатост на родилката пред и за време на породувањето. Со хипноза се намалува болката, но на начин кој не е штетен по респираторниот систем и крвоток на детето и мајката. Притоа, нормалниот тек на раѓањето е задржан, а болката во голем дел или целосно е отстранета. Болката при раѓањето е условена од физички контракции на матката и растегнување на лигаментите во карлицата за време на раѓањето на детето, како и заради постоењето на изразено чувство на страв, загриженост и напнатост, кои се поврзани со нереалните очекувања и предрасуди за породувањето како многу болно случување.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Во рамки на изработениов труд, беше спроведено истражување на темата "Родилна болка-очекувања и реалност". Истражувањето беше спроведено во Одделението за Гинекологија и Акушерство, во Клиничка болница "д-р Трифун Пановски"-Битола, во периодот од 15.02-05.03.2017. Испитанички беа родилки кои беа присутни на Одделението, и кои беа испитувани за степенот на болка за време на трите родилни периоди. При истражувањето, ќе се измери и спореди појавата и степенот на болка кај родилките, кои се поделени во две групи, родилки кои посетувале претходна психолошка подготовка и родилки кои не посетувале претходна психолошка подготовка.

На прашањето:-"Колкава болка очекувате дека ќе почувствувате за време на породување?"- од групата која била на претходна подготовка најмногу испитанички (42,84%) одговориле дека очекуваат да почувствуваат болка со интензитет 10, од понудени одговори од 0-10. Од групата што не била на претходна психолошка подготовка најголем број на родилки( 57,12%) изјавиле дека очекуваат да почувствуваат болка со интензитет 10, од понудени одговори од 0-10.

На прашањето:- "Колкава болка чувствувате? (во прв родилен период-период на отварање на маткино устие и спуштање на плодот)," од групата што била на претходна подготовка најмногу испитанички (28,56%) одговориле дека чувствуваат болка со интензитет 7, од понудени одговори од 0-10. Од групата што не била на претходна психолошка подготовка најголем број родилки (33,32%) изјавиле дека чувствуваат степен на болка 10, од понудени одговори од 0-10.

На прашањето :-"Колкава болка чувствувате? ( во втор родилен период, односно периодот на експулија на плодот)" од групата што била на претходна подготовка најголем број на испитанички (23,8%) одговориле дека чувствуваат болка со интензитет 10, од понудени одговори од 0-10. Од групата што не била на претходна психолошка подготовка најголем број родилки (23,8%) изјавиле дека чувствуваат степен на болка 10, од понудени одговори од 0-10.

На прашањето:-"Кој од следните зборови најдобро ја опишува болката што ја чувствувате? (непосредно пред експулија на плодот)", од групата што била на претходна подготовка најмногу одговориле дека чувствуваат болка која ја

опишуваат како в) вознемирувачка ( 38,08%), додека од групата која не била на претходна подготовка еднаков број на испитанички (по 28,56%) одговориле дека чувствуваат болка која ја опишуваат како г) страшна и д) неподнослива.

На прашањето:-"Колкава болка чувствувате? ( трет родилен период- после породување на плодот, период во кој излегува плацентата", од групата што била на претходна подготовка еднаков број на испитанички (по 19,04%) одговориле дека чувствуваат степен на болка 2,5 и 6. Од групата која не била на претходна психолошка подготовка најголем број на испитанички (28,56%) изјавиле дека чувствуваат степен на болка 6, од понудени одговори од 0-10.

На прашањето:-"Колкава болка реално почувствувавте за време на породување" (после породување), од групата што била на претходна подготовка еднаков број на испитанички (по 23,8%) одговориле дека почувствувале степен на болка 8 и 10. Од групата која не била на претходна психолошка подготовка најголем број на испитанички (33,32%) изјавиле дека почувствувале степен на болка 10,од понудени одговори од 0-10.

## ЗАКЛУЧОК

Според резултатите од спроведеното истражување може да се заклучи дека доживувањето на родилната болка е нешто на што влијаат голем број фактори. Како еден од нив што овде е земен во предвид е факторот на постоење или непостоење на претходна психолошка подготовка кај родилката. Резултатите несомнено покажуваат дека испитаничките од групата што посетувале часови за психолошка подготовка пред раѓање имаат пониски оценки за болката што ја почувствувале за време на сите родилни периоди, за разлика од испитаничките од групата кои не посетувале часови за психолошка подготовка пред раѓање. Овој податок доволно говори за важноста што ја имаат ваквиот тип на подготовки за идните мајки и родители воопшто и за тоа дека бројот на школи или стручни лица што ја имаат оваа задача во заедницата треба да биде што поголем.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Havelka, M. (2002): Zdravstvena psihologija, Naklada "Slap", Jastrebarsko
2. Obstetri Williams
3. Anne Danielle Santos Soares, Tânia Cursino de Menezes Couceiro, Luciana Cavalcanti Lima, Fernanda Lobo Lago Flores, Eusa Maria Belarmino Alcoforado, Roberto de Oliveira Couceiro Filho (2012): Association of Pain Catastrophizing with the Incidence and Severity of Acute and Persistent Perineal Pain after Natural Childbirth: Longitudinal Cohort Study, Sociedade Brasileira de Anestesiologia, "Elsevier Editora Ltd"
4. Khitham Mohammad, Insaf Shaban, Caroline Homer, Debra Creedy (2014), International Journal of Nursing and Midwifery
5. Neeta Kumar (2007), WHO Normative Guidelines on Pain Management, WHO, Geneva

316.356.2-055.5/.7

Д-р Арсовска Несторовска Кети
М-р Марина Кузмановска
МСУ „Г.Р.Державин“ Свети Николе- Битола, Р.Македонија

# ЛГБТ РОДИТЕЛСТВО – ИСТОПОЛОВИ РОДИТЕЛИ И НИВНИТЕ ДЕЦА

**Апстракт:** Последните децении од 20 почетокот на 21 век доведоја до многу општествено политички социјални и културолошки промени, во контекст на тие промени го следиме и поимањето на родителството на ЛГБТ заедниците како социјална конструкција која представува еден нов можен поглед на сфакањата на односот на родителите и децата на современото општество. Во ова труд родителството на ЛГБТ заедниците ке се посматра само како социјална конструкција со која не мора да се согласиме но основната интенција е да го анализираме, нормативно да ги претсавиме ЛГБТ заедниците и да истакниме одредени сознанија на етаблирани светски асоцијации во врска со нивните ставови колку овај облик на родителство е возможен и на кој начин функционира.

**Клучни зборови**: ЛГБТ заедници, родителство.

# LGBT PARENTHOOD – SAME-SEX PARENTS AND THEIR CHILDREN

**Abstract:** The last decades of the 20th early 21st century led to many social political social and cultural changes in the context of these changes follow and understanding of parenting LGBT communities as a social construct that represents a new possible view of understanding the relationship between parents and children contemporary social. In this paper parenting LGBT community will be seen only as a social construct that does not have to agree but the main intention is to analyze normative to represent LGBT communities and highlight certain knowledge of established secular associations about their views as this form of parenting is possible and how it works.

**Key words**: LGBT communities, parenthood.

## ВОВЕД

Во текот на човековата историја, доминантно, т.е скоро легитимно е сфакањето на родителството, дека тоа е социоопшествена конструкција која се реализира помеѓу партнери од спротивен пол, како нешто природно, интиутивно или како нешто што е од дадено од Бога.

Но, бидејќи опшествените групи во текот на своето постоење се трансформираат и менуваат така и бракот- семејството, како заедница наспрем традиционалната форма во која постои и сеуште доминира во изборната форма, добива некои свои нови модалитети познати како истополови бракови кои прераснуваат во ЛГБТ семејства. Всушност истополовите бракови се брачни заедници од две личности од ист пол и род. Како последица на ваквите брачни заедници настанува ЛГБТ родителството преку усвојување на деца, донација на сперма, како хранителско семејство, или со посредство на сурагатно мајчинство. Има и такви случаеви кога мајката и таткото пред да стапат во истполовата брачна

врска биле во хетеросексуална врска во која добиле дете. Значи, ако се пејди од податокот дека во САД постојат признати ЛГБТ заедници во кој до 2005 год. се вдомени по најразличен основ 270.313 деца и живеат во овие истополови семејства, а, во 2010 год. овој број нараснал на 356.140 деца, оваа проблематика очигледно е дека заслужува анализа и треба да биди предмет на расправа.

Во академските кругови на нашата средина воопшто не се третира проблемот на ЛГБТ родителството и како предметен професор по група предмети на катедрата за психологија во честите дискусии и расправи со студентите, дојдов до сознание дека предрасудите во ставовите кај истите, со кој се посматра социјалната конструкција на родителството, всушност ја исклучува воопшто можноста за постоење социјалната конструкција на родителство на ЛГБТ заедници. Токму затоа во овој труд ќе бидат накратко представени ЛГБТ заедниците, нивното право на признатост во голем број земји, додека во другиот дел ќе бидат изнесени резултати од истражувања кој во основа ги покажуваат општествените услови за постоење на ЛГБТ родителството како и проблематизирање на социјалната конструкција на родителството на истополовите бракови. Секако овој труд има дескриптивна природа без тенденција да биде исцрпен и потполн, но исто така треба да послужи како база за анализа на ова проблематика која во нашето општество потполно се негира и табуизира.

Голем е бројот на многу ЛГБТ личности кои ги подигнуваат своите деца во хетеросексуални бракови при што другите членови на семејството и незнаат дека нивниот партнер – ка или едниот од родителите не се хетеросексуалци. Најчестите причини поради кои се таат ваквите состојби и сексуалната ориентација во хетеросексуалните бракови се најразлични. Кај некој доминира страв од дискриминација, кај некои доминира желбата за семејство а кај некои доминира религиозниот сегмент. Разоткривањето на вистината пред семејството може да биде многу тежок чин за некои луѓе или за членовите на нивното семејство при што тие треба да се изборат како со новото сознание, така и со анти-геј ставовите во средината во која што живеат. Во последните децении се прават вистински револуционерни пресвртници и можности за истополово родителство каде две жени можат да добијат женско дете со генетски предиспозиции од двете, или двајца мажи можат да добијат машко или женско дете со генетски материјал од двајцата.

Се чини дека ЛГБТ родителството не е тема со која се занимаваат психолозите и педагозите но од аспект на родителство е значајна од барем две причини. Пред се битен е фактот дека механизмот на социјална конструкција на родителството длабоко влијае на динамиката на односите внатре во семејството и второ многу е битен односот на општествените институции према членовите на ЛГБТ семејствата или во поширока смисла она што значи поддршка или отфрлање кое семејството го добива од општеството.

Во прилог ја изнесува теоријата на Кларк(2001) која користи истражувачки аргументи кои во медиумите често се користат за да ја истакнат штетноста од подигнување и воспитување на деца во истополови бракови. Во оваа теорија се нагласува неморалноста на родителите во истополовите бракови и втората компонента која често се истакнува е негативното влијание кое родителите можат да го имаат врз детето во овие ЛГБТ заедници. Имено чести се нападите на многу критичари дека родителството во ЛГБТ заедниците е грев, дека е неприродно и себично бидејќи ги игнорира најдобрите интереси на децата. Исто

така се истакнува дека на децата им недостасуваат соодветни модели за учење на однесувањето и се наведуваат можни опасности дека и тие ке се преобразат во идни хомосексуалци или дека можеби ке ги напаствуваат своите врсници. Некои од "аргументите" почиваат на невистинити премиси дека кај децата кои растат во ЛГБТ заедницата ќе има проблеми поради недостатоци од модели каде се учи како да се играат улогите на син или ќерка во семејството, а од друга страна сосема е јасно дека во еднородителските семејства исто така овие модели недостасуваат. Друга импликација која често се споменува е дека децата кои растат во ЛГБТ заедниците имаат големи можности да станат потенцијални хомосексуалци. Ваквиот дискурс во прецепцијата на хомосексуалноста ја представува истата како болест, и на некој начин ја конструира хетеросексуалноста како природна и почетна точка која се "расипува" и менува под влијание на присутноста на личности кој се хомосексуално ориентирани( Raymond, 1992, prema Clarke 2001). Веќе е истакнато дека според оваа теза многу се почести негативните импликации од подигнувањето на деца во ЛГБТ заедниците од типот на напаствување на врсниците, што всушност најчесто се случува во оние општества каде хомосексуалноста се смета за девијантна појава. Цела оваа аргументација е проблематична бидејќи прифаќа повеќе мерила за припадност, морал, и нешто што се смета најдобро за детето. Имено, доколку семејството почива на строго природни податоци, без никакви медицински интервенции го добиле потомството тогаш не е природно ни забременувањето со помош на различни медицински техники за реализација на оплодувањето или уште посвојувањето на дете е нешто што излегува надвор од природната состојба на семејството.

Друго, кога е во прашање моралот многу е битно на што се повикуваме. Според нормите на водечките религии разводот не е морален и тоа е до ден денес така, посебно кај припадниците нај католичката религија, бидејќи бракот се третира коко институција која човекот ниту ја создал ниту можи да ја растури. Очигледно и ова сфаќање за не-моралноста на бракот се промени.

Трето, конструкцијата што е од најдобар интерес за детето, се покажала дека е проблематична и временски и културно е условена. Имено Конвенцијата за правата на децата не дефинира што е тоа најдобар интерес за детето, туку тоа може да се открие од различните пишувани материјали кои на децата им гарантираат право на живот, или право на родителска грижа.

(Von Rossum 2010) истакнува дека конвенцијата не зборува ништо за тоа, какво да биде семејството во својата структура, за да биде остварен најдобриот интерес на детето, иако во начело е истакнато дека најдобра грижа на детето можат да му обезбедат двата биолошки родители, на доследен начин во едно стабилно внатрешно опкружување, но од ова сфаќање за најдобриот интерес за детето не отпаѓаат само еднополовите семејства, туку и цела друга низа на семејни структури кои важат за дисфункционални. Семејната педагогија истакнува дека е огромно задоволството и исполнетоста на родителите битен предуслов за добро родителство (Brajsa, 2995; Juul, 2002, Wall 1986,) Од сите горе наведени причини премисата дека истополовите семејства не се најдобри за обезбедување на интересита на децата се чини дека е прилично проблематична.

Секако, овие тези треба само да послужат како потенцијал за критично разгледување на аргументите кои се користат против подигнувањето на децата во ЛГБТ заедниците, а кои не се секогаш научно потврдени, туку општествено врежани во парадигмата на однесување на луѓето, што има дава најчесно еднаква

тежина како и на научно докажаните факти.

Од друга страна се зголеми бројот на научните истражувања, кои доследно покажуваат дека ЛГБТ заедниците се подеднакво спремни и способни како и хетеросексуалните родителски заедници во подигнувањето на децата. Исто така истражувањата покажале дека не постои корелација меѓу сексуалната ориентација на родителите и нивната емоционална и психолошка прилагоденост во однесувањето со децата. Многу етаблирани и признати меѓународни организации како што се Американската психолошка асоцијација, Американската психијатриска асоцијација, Националната асоцијација на социјалните работници. изјавуваат " Способноста на геј, и лезбејските личности како родители како и позитивните резултати кои ги остваруваат со нивните деца покажуваат дека во овие заедници преовладува хармонија во отсуство на несогласување на партнерите. Изјавите на водечките асоцијации на експертите на оваа област покажуваат професионален консензус дека децата воспитани од страна на лезбејки и геј родители не се разликуваат многу во еден значаен поглед од оние кои растат и се воспитуваат во хетеросексуални родителски парови. Ни едно кредибилно емпириско истражување кое е реализирано во САД не го покажува спротивното". Професор Јудитх Стацеу од Њу Јорк истакнува дека "Ретко постои толкава слога во било која област на ошстествените науки како што е со геј родителството. Тоа е причина што Американската академија на педијатрите и сите главни професионални организации со експертиза од областа на здравјето на детето се согласуваат да дадат мислење и резолуција со која што се поддржуваат родителските права на истополовите бракови. Меѓу овие организации кои ги поддржуваат истополовите родителски права на ЛГБТ се; Американската психијатриска асоцијација, Националната асоцијација на сцијалните работотници, Лигата на Америка за здравјето на децата, Американската адвокатска комора, Американската психоаналитичка асоцијација, Американската академија на семејните лекари, кралскиот колеџ на психијатри, Канадската психолошка асоцијација итн.

Треба да се истакни дека Американската психолошка асоцијација го поддржува усвојувањето деца и родителството од страна на ЛГБТ заедниците истакнувајќи дека предрасудите негативно се одразуваат врз психолошкото здравје на еден од половите парови, и дека не постојат емпириски докази дека нивното родителство можи да шкоди. Канадската психолошка асоцијација покажала загриженост бидејќи некои личности и институции лошо ги тумачат резултатите од психолошките истражувања за да ги подржат своите позиции, а нивните позиции почиваат на други позиции на вредности и уверувања. Најчесто истражувачите спорат околу прашањето дали децата од истополовите семејства ќе бидат повеќе наклонети кон истополови сексуални искуства кога ќе пораснат или не. Од друга страна, се поставува прашањето дали ваквите размисли се релеванти, бидејќи хомосексуалноста не е болест и не се смета дека е штетна, не посакувана или превенција на професијата која се занимава со менталното здравје на луѓето.

Неколку проверени студии со кои се споредуваат децата кои растат во истополови бракови, и деца кои растат со татко и мајка не откриле некоја врска меѓу истополното родителство и ветојатноста дека тие деца покасно ќе се идентификуваат како хомосексуалци. Голем број на автори во САД истакнуваат дека хомофобијата и хетеронормативните ставови биле последица во поранешните

истражувања на децата од истополовите родители и дека студиите на децата кои растат со еден родител не се релевантни за студиите од истополните семејства. Откриено е дека во овие семејства има помалку притисоци при воспитувањето на децата помала стереотипност, отвореност отколку во хетеросексуалните семејства Објаснувањето на современите психолози се движи во контекст на тоа дека ставовите кои ги градиме кога живееме во семејство кое не е оптеретено со стереотипи и забрани ја зголемуваат слободата на изборот. Авторите заклучуваат дека овие разлики не се значајни за општеството а произлегуваат од хетеросексуални и хомосексуални двојки.

Сфаќањето на ЛГБТ родителството како социјална конструкција представува еден нов можен поглед на сфакање на однос на родители и деца во современото општество. Секако, не е нужно да се сложиме со наведените елементи но социјалните конструкции на ЛГБТ родителството, но изнесенит ставови укажуваат какви релации се развиваат меѓу родителите и децата, што зборува за податокот дека партнерските врски не остануваат во социјален и временски вакум, туку дека тие се менуваат и од таму потребата за нивно истражување. ЛГБТ заедниците и родителството кај истите како социјална конструкција треба да се перцепира како импулс за критичко промислување на оваа проблематика, ревизија на знаењето, кое често ја запоставува и игнорира оваа појава.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Allport, G.W(1954). The nature of prejudice. Reading Addison – Wesley.
2. Aronson, E, Wilson, T.D I Akert, R.M (2005) Socijalna psihologija. Zagreb: Mate
3. Barth, F.(2002). An Anthropology of knowledge. Current Anthropology, 43 (1) 1-18
4. Brown, R.(2004). Group processes. Oxford. Blackwell publishing.

37.015.3:159.954

м-р Марина Кузмановска
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола, Р. Македонија

# ПРИМЕНА НА КОГНИТИВНИТЕ СТИЛОВИ НА УЧЕЊЕ КАЈ КРЕАТИВНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА НАСТАВАТА

**Апстракт:** Во рамките на моделот за поттикнување и развој на надареноста и креативноста, се истакнува важноста на учењето преку откривање, внатрешната мотивација и структурата на знаењата за развој на способностите за учење, имагинација и креативност. Методот на учење по пат на откривање го поттикнува креативниот процес кој се базира на когнитивните потреби како што се нов начин на инерпретација на информациите како и нивно комбинирање и откривање на нови стилови на учење.

Учењето по пат на откривање се спроведува преку оргинален развиен систем на вежби.

**Клучни зборови**: креативност, стилови на учење, настава, ученик.

# APPLICATION OF COGNITIVE LEARNING STYLES AT CREATIVE STUDENTS IN TO THE TEACHING PROCESS

**Abstract:** Within the model to encourage the development of talent and creativity, emphasizes the importance of learning through discovery, internal motivation and structure of knowledge for development of learning abilities, imagination and creativity. The method of learning through discovering stimulates of creative process based on cognitive needs such as new way of interpretation of information and combining them and discovering new styles of learning.

Learning by discovering is implemented through original developed system of exercises.

**Key words:** creativity, styles of learning, education, student.

## ВОВЕД

Поттикнувањето на креативноста треба да биде една од програмските задачи и ориентација на современото училиште за што е потребно да се осигура време во редовниот наставен процес. Доколку тоа не се направи креативноста и натаму ќе остане на маргините на училишната пракса. Креативноста не би требало да се поттикнува на маргините од наствниот процес,туку тоа треба да стане една од најважните задачи за која е потребна да се предвиди времето, постпките и стручната помош на наставниците.

Bruner се залага за поттикнување на креативната настава за сите категории на ученици. Тој пронашол начин како да се зголеми учеството и активностите на учениците во наставниот процес, потенцирајќи го принципот на “учење е чин на откривање.” Bruner посебно го истакнува значењето на внатрешната мотивација за учење и тука посебно ја нагласува важноста на следните мотиви: радозналост, мотив на идентификација, потреба за постигнување и компетентност.Методот на учење по пат на откривање го поттикнува креативниот процес кој се базира на

когнитивните потреби како што се нов начин на интрепретација на информациите како и нивно комбинирање и откривање на нови.Учењето по пат на откривање се спроведува преку оргинален развиен систем на вежби и тоа преку следните принципи: разгледување на материјалот на нов начин, откривање на што е можно поголем број на идеи и односи во дадениот текст, собирање и анализа на фактите во корист на хипотези, и обратно, и многу повеќе.

Примена на когнитивните стилови на учење кај креативните ученици во процесот на наставата

Постојат латерални техники кои настојуваат да ги вежбаат природните можности на мозокот. Техниките за латерално мислење го поттикнуваат дивергентното мислење.

Една од многуте техники кои придонесуваат за потикнување на креативноста е цратање на ментални мапи. Во училиштата кога се работи на одреденат тема за прибирање на податоци, белешките се наредени во линеарен правец. Но мозокот не функционира на тој начин, тој не ги скалдира информациите во правилни линии или колони. Мозокот информациите ги складира на своите дендриди кои личат на гранка од дрво (Dryden и Vos,2001).

Како се цртаат менталните мапи:

1. "Замислете дека вашите мозочни клетки се како дрво, од кое секое на своите гранки складира соодветни податоци.
2. Сега обидете се главните идеи од било која тема да ги распоредите на листот хартија во форма на дрво.
3. Почнете од главната идеја- најдобро со симбол сместена во средината од листот а од страната потоа цртајте гранки кои растат од неја.
4. За секоја работа на која сакате да се сетите напишете по еден збор или по еден симбол, по една главна тема за секоја гранка
5. Меѓусебно поврзаните идеи сместетеги на иста главна гранка, така што секоја излегува како нова подгранка.
6. Употребете различни биоци или маркери за темите кои се меѓусебно повразани.
7. Нацртајте што повеќе слики и симбили.
8. Кога ќе ја завршите секоја гранка, заокружете ја во границите со одредена боја.
9. Редовно дополнувајте ја секоја гранка " (Dryden и Vos,2001).

На таков начин се цратаат менталните мапи кои представуваат една од техниките за поттикнување на креативното мислење. Друга исто така применувана техника е цртање на шест шапки.

» Оваа техника не учи на тоа да се поделат мислењата на 6 различни начини кои се метафорично прикажани со шапки(со промена на шапките се менува нашиот начин на мислење),
» Да се зголеми ефикасноста на средбата и да се скрати нејзиното времетраење,
» Да се истаржи секоја ситуација или проблем и да се создадат алтернативи кои излегуваат надвор од рамките на очигледните решенија,
» Да се користи техника на "паралелно мислење" за охрабрување на идеите и како ефикасна алтернатива спротиставувањето на мислења,
» Да се користат различни видови на мислења.

Dryden и Vos(2001) истакнуваат дека во голем број на училишта не се применуваат креативните техники, иако од повеќе аспекти тие се наш клуч за иднината.

Кретивните техники тешко можат да се вклопат во редовната наставна програма и во традиционалната наставна структура.

Стратегии и стилови на учење кои ги применуваат креативните ученици

Најголемиот дел од когнитивното функционирање (мислење, учење и решавање на проблемите) кај надарените и креативни се одвива на повисоко ниво каде доминира метакогнитивното мислење и метакогнитивното знаење – тие формираат таков ментален склоп и стил на учење за решавање на проблемите.

Преку метакогнитивната стратегија креативниот ученик прави стратегија за организирано мислење. Креативниот ученикот стекнува контрола над самиот процес на учење.

Факт е дека не може секогаш се да се научи и како резултат на тоа постојат одредени техники и стилови на учење кои им помагаат на учениците.

Поголемиот број на автори се согласуваат со констатацијата дека когнитивните стилови се многу значајни во наставниот процес.

Когнитивните стилови се значајни при постигнувањето во процесот на учење.

Поимот "когнитивен стил" најчесто се користи кога се говори за когнитивна обработка на информациите воопшто. Најчесто користено, најприфатено одредување на когнитивните стилови е следното: когнитивен или сознаен стил е склоп на индивидуални разлики во начинот на памтење, мислење и решавање на проблемот.

Врз основа на описите на когнитивните стилови доминираат перцептивните канали и врзувајќи го моделот на столот за начинот на прием на информациите, широко е присутен и користен за обликување на наствните содржини е т.н. VAK модел на когнитивните стилови. Еден од често применуваните когнитивни стилови во училиштата е VAK (визуелен, аудитивен и кинестетски) модел, кој се развил на оснаова на неуро-лингвистичкото програмирање.

1. Визуелниот тип на учење е карактеристичен за оние ученици кои најлесно ги усвојуваат знаењата кога информациите се презентираат визуелно, во облик на текст и слика.
2. Аудитивниот тип учење се карактеризира со тоа што преку ваквиот стил на учење информациите најдобро се восприемаат на следниот начин: активно слушање на час, учество во дискусии, размена на идеи.
3. Кинестетскиот стил на учење се манифестира на следниот начин:учење преку пишување на забелешки, цртање на слики и диаграми.

Употребата на овој модел во педагогијата, му овозможува на наставниците во процесот на организација на часовите со примена на овие три типови когнитивни стилови. Учениците исто така можат да го применуваат овој модел како би си помогнале на самите себе со што би се фокусирале на она што најповеќе им користи и е во центарот на нивниот интерес.

VAK моделот настанал како последица на се повеќе забрзаниот процес на учење во светот, и како што изгледа се повеќе е популарен овој модел.

Сите ние кои се занимаваме со учење ги користиме сите три слушни

канали, преку кои примаме нови информации и искуства. Меѓитоа судејќи по VAK теоријата еден или два од овие стилови се доминантни. Доминантниот стил всушност представува и најефикасниот стил за личноста т.е.да ги науче новите информации. Тој стил не секогаш е ист за сите содржини.

Стил на учење е основен и доминантен начин на прием, обработка и употреба на стимул\информациите во процесот на учење, а најпрепознатлив е во текот на организираното учење во наставата.

Прв кој ги основал четирите стилови на учење е David Kolb(1984).

Според него тоа се: Активисти, Мислители, Теоретичари и Прагматичари. Овој модел се базира на четворостепен процес на учење во кој:

1. непосредното и конкретно искуство овозможува основа за
2. посматрање и рефлектирање (мислење) кое се дестилира во
3. апстрактни концепти произведувајќи нови импликации за акција која може да биде
4. активно тестирана произведувајќи нови искустав.

Просто речено, првата фаза на овој циклус учење представува собирање на конкретни искустава, втората се базира на посматрање и промислување на истите, третата се однесува на поврзување на тие искустав со широката база на знаење кај учениците, додека четвртата фаза представува примена на тие искустава и собирање на нови.

Активно учење-за ученикот најдобро учење е тоа во кое учениците активно учествуваат во процесот на донесување на знаења Clark(2000).

Најдобар начин да се привлече и задржи нечие внимание всушност представаува индивидуата, активно да биде влкучена во задачата.

Учењето во кое сака ученикот да предвиди што ќе се случи е еден од клучните вештини на активното учење и она што може да им помогне од содржината која се учи да им стане поинтересна. Активното учење подразбира активно барање на нови информации, креативниот ученик постојано поставува прашања и бара нови одговори, а не само да се прочита како да се дојде до крајниот резултат. Активниот ученик активно размислува, постојано е вкчлучен во дијалог со самиот себе за тоа што ќе се случи наредно, или како работите можат да се поврзат и да се интегрираат едни со други. Потребата за знаење, предвидување и потврдување на сопствените предпоставки представува возбудлив процес кај креативните ученици.

Преку различните когнитивни стратегии на учење креативните ученици својот мозок го користат на посложен начин за функционирање што всушност представува размислување надвор од рамките на постојаното мислење, создаваат нови мисли и идеи, како и поврзување на нови податоци.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Andrilovic, V., Cudina – ObradoviC, M. (1996). Psihologija ucenja i nastave. Zagreb
2. Griggs, S. and Dunn, R. (1996). Learning styles of Asian – American adolescents. Emergency librarian.
3. Grigorenko, E.L., Sternberg, R.J. (1997). Styles of thinking, abilities, and academic performance. Exceptional children. Vol.63, No. 3, pp. 295 – 312.

4. Grigorenko. E.L., Sternberg, R.J. (1995). Thinking styles. U: International handbook of Personality and intelligence. Ed. Saklofske, D.H., and Zeidner, M. New York: Plenum press.
5. Jung, C.G. (1984). Psiholoski tipovi. Novi Sad: Matica srpska.
6. Mandic, P. (1990). Kognitivni stilovi i stilovi ucenja. Pedagogija br. 3. Beograd.
7. Mandic, P., Gajanovic, N. (1991). Psihologija u slzbi ucenja i nastave.Lukavac:
8. Grafokomerc Tunjic.
9. Mandic, P. (1990). Kognitivni stilovi i stilovi ucenja. Pedagogija br. 3. Beograd.
10. Mandic, P., Gajanovic, N. (1991). Psihologija u slzbi ucenja i nastave.Lukavac: Grafokomerc Tunjic.

159.946.3.018

Кирил Трајчев
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, стручњак од практитка

# ЛОГОТЕРАПИЈАТА НА ВИКТОР ФРАНКЛ ИЛИ ПОТРАГА ПО СМИСЛАТА НА ЖИВОТОТ

**Апстракт:** Виктор Емил Франкл е виенски психијатар, едно од најзначајните имиња во психологијата и психотерапијата и создавач и втемелител на логотерапијата. Поминал низ многу искушенија и лични страдања кои придонеле да ја зацврсти позицијата дека човековиот живот не ја губи смислата и во ситуација кога се допира неговото дно. Основач е на еден нов метод наречен логотерапија според кој многу од денешниве растројства се должат на недостаток на цел или смисла на животот. Според Франкл смислата не произлегува од човековата егзистенција, туку со смислата се соочува егзистенцијата. Еден од основните поими во логотерапијата е егзистенцијалниот вакуум. Овој вакуум е предизвикан од губењето на некои базични инстинкти, како и од слабеењето на традиционалните вредности. Логотерапијата на Франкл нуди три начини за извлекување од егзистенцијалниот вакуум и наоѓање на смислата на животот: творештво, доживување на некоја вредност и трпение. Според Франкл никој и ништо не може да ни даде смисла или цел на нашиот живот. Самите ние преку дадената одговорност треба да го пронајдеме тој пат на смислата.

**Клучни зборови:** логотерапија, смисла, егзистенција, смисла на животот

# LOGOTHERAPY OF VIKTOR FRANKL OR SEARCHING OF THE MEANING OF LIFE

**Abstract:** Viktor Emil Frankl is a Viennese psychiatrist, one of the most important names in psychology and psychotherapy as well as a creator and founder of the logotherapy. He passed through many temptations and personal sufferings that have contributed to strengthen the position that human life does not lose the meaning in a situation when it touches its bottom. He is the founder of a new therapy method called logotherapy , according to which many of today›s disorders are due to the lack of purpose or the meaning of life. According to Frankl the meaning does not come from human existence, but the existence faces the meaning. One of the basic concepts in logo therapy is the existential vacuum. This vacuum is caused by losing some basic instincts as well as the weakening of the traditional values. Frankl`s logotherapy offers three ways of pulling out of the existential vacuum and finding the meaning of life: creativity, experiencing some values and patience. According to Frankl nothing and nobody can give us a meaning or purpose of our life. Via our given responsibility we should find the way to the meaning by ourselves.

**Key words** : logotherapy, meaning , existence, the meaning of life

## I.

Виенскиот психијатар Виктор Франкл (1995 – 1997) се смета за основач и најистакнат претставник на една посебна варијанта на егзистенцијалистичката психотерапија, позната под името логотерапија. Самиот термин логотерапија е

од грчко потекло и е кованица од зборовите λογος = смисла и τεραπεα = лечење, што буквално значи лечење со смисла или исцелување со смисла. Неговата логотерапија се нарекува уште и нова„Трета виенска психотерапија" (првите две се на Фројд и Адлер). Творецот на логотерапијата за разлика од, егзистенцијалистите од атеистичка насока, припаѓа на оние кои застапуваат религиозна варијанта на филозофијата на егзистенцијата. Виктор Франкл тврди дека основата на своите теориски ставови ја нашол во самиот живот. Тој наведува дека во голем процент од сите невротски проблеми како основен симптом се јавува губењето на смислата на животот. Франкл воведува една нова нозолошка единица – ноогени неврози, за кои смета дека се последица на егзистенцијалните фрустрации, а главен симптом е чувството за губење на смислата на живеење. Во логотерапијата терапевтот активно го стимулира пациентот, го наведува да почне со потрагата по смислата, намерно да се фокусира на нешто или некого надвор од него самиот. Логотерапевтите сметаат дека барањето на задоволство и избегнувањето на болка односно непријатни чувства се лоша услуга во таквите настојувања. Самото решавање на психичките проблеми лежи главно во согледувањето на конфликтот меѓу реализираната смисла на постоењето и условите за нејзино остварување..

Според Франкл еден од базичните човекови мотиви е волјата за смисла. Дури самото човеково трагање за смислата е најсигурниот знак за постоењето на човекот. Смислата на животот не е апстрактна туку е конкретна и единствена за секоја личност. Ниеден друг човек не може да ја открие или да ја понуди смислата освен секој самиот на себе. Франкл нагласува дека човекот и во најтешките ситуации може да ја пронајде личната смисла. Името логотерапија кое Франкл прв пат јавно го употребил во 1926 година, го сметал за најсоодветно, затоа што за разлика од другите струи на егзистенцијалистичката анализа, како централна точка на интерес на логотерапијата е човековото трагање за смисла.

Односот на логотерапијата и религијата е исто така сложен, бидејќи нивните дејности некаде се допираат, па и дури и нивните резултати можат да бидат исти, макар што целите им се суштински различни. Целта на религијата е спасувањето на душата, а не душевното здравје. Од друга страна логотерапевтот анализирајќи го пациентот, може кај него да ја открие и ослободи потиснатата религиозност.

Целта на логотерапијата како психотерапевтска техника е да му овозможи на пациентот да стане свесен за она што несвесно го сака и кон што вистински се стреми, но не само во нагонска и психолошка, туку и во духовна смисла. Задачата на терапевтот не е во тоа на пациентот да му ја пронајде смислата на животот, туку само да му помогне во неговиот обид. Самиот пациент мора да ја најде личната смисла на својата егзистенција, со сопствен напор да ја открие, а не да ја измисли. Механизмот со кој се постигнува оздравување во логотерапијата се состои во тоа пациентот да се предизвика храбро да се соочи со смислата и целта на своето живеење и да биде поттикнат и охрабрен да ги оствари. Ќе го парафразирам самиот Франкл кој по повод лечењето на една своја пациентка ќе рече дека неговата задача како психотерапевт е да ја поттикне на свесно ниво да се запраша за смислата на својот живот, наместо да ги потиснува своите сомнежи.

## II.

Логотерапијата се занимава со смислата на човековото постоење и особено со терапевтска техника која овозможува да се пронајде смислата на животот. Франкл го создал системот на логотерапијата за да им помогне на поедини луѓе да

ја пронајдат смислата на сопствената егзистенција. Логотерапијата е првенствено терапевтски метод на помагање на лица кои чувствуваат недостаток на смисла. Франкл тргнува од претпоставката дека нема психотерапија без теорија за човекот и некаква филозофија на животот на која ќе се потпре психотерапијата. Теоријата за логотерапијата ја сумира во три поими: слободна волја, волја за смисла и смисла на животот. Кога размислува за човекот настојува да ги поврзе неговата телесна, психичка и духовна димензија. Бидејки кога се земаат предвид само телесните потреби и човековите телесни карактеристики и димензии, неминовно се занемаруваат другите човечки својства од психолошка и духовна природа. Сепак човекот не е еднодимензионален. Но наспроти неговата повеќедимензионалност човекот е интегрално и единствено суштество. Неговите поврзани психички, физички и духовни карактеристики го прават единствен, неповторлив, упатен кон другите и детерминиран да ја бара смислата. Од тука да се биде човек според Франкл значи да се биде секогаш насочен кон нешто или кон некого. Од слободата на волјата преку волјата за смисла до смислата на животот е главната нишка на системот на логотерапијата.

Човекот е слободно суштество бидејки го ужива дарот на слободната волја. Но слободата е само половина од вистината за него. Другата половина е одговорноста. Иако човековата слобода е ограничена и условена од животната средина, тој сепак е слободен да заземе став во однос на таа ограниченост. Човековата слобода не значи да се биде неограничен, туку да се биде подготвен да се заземе став и да се спротивстави на средината и судбината и да се биде свој. Слободата не е слобода од биолошки, психолошки и социјални услови. Таа е впрочем слобода за нешто, а не слобода од нешто. Тоа е слобода да се заземе став спрема сите условувања. Затоа Франкл го опишува човекот како суштество кое постојано одлучува. Се надева и сака притоа слободно и одговорно да одлучува со што би ги зачувал своите дела од минливоста и пропадливоста.

Суштината на логотерапијата е говорот за иднината, за целите кои треба да се постигнат, за задачите и работите кои треба да се извршат. Самиот збор „логос" е од старогрчко потекло и едно од повеќето негови значења е токму смисла. Па од таму логотерапијата се сосредоточува на смислата на човековата егзистенција, која е примарна мотивациона сила. Свртувајки се кон самата смисла Франкл вели како ние не ја измислуваме туку ја откриваме. Не е човекот тој кој прашува за смислата на животот, туку животот нему му поставува прашања на кои тој треба да одговори. А да се одговори на животот може единствено ако се одговори за својот живот или ако се биде одговорен. Одговорноста е вистинската суштина на човековата егзистенција.

Човекот имено постојано ја бара смислата на свото постоење и живот. И тоа е она што Франкл го нарекува волја за смисла, а ја дефинира како коренит стремеж на човекот да ги пронајде и оствари целта и смислата на животот.

Поаѓајќи од човековата слобода Франкл жестоко се противи на мислењата и тврдењата на оние психолози и теоретичари кои човековата состојба ја опишуваат како нешто што е детерминирано од биолошките инстинкти или конфликтите од детството и некои други надворешни фактори. Навистина човекот е подложен на влијанија од надвор и извесни околности кои го погодуваат во животот. Такво нешто впрочем му се случило и на самиот Франкл во времето кога бил во концентрационите логори. И покрај неслободата и логорските условености, тој искусил како човекот може да биде слободен да избира и да реагира на

околностите. Тој не може да ги одбегне влијанијата на силите околу себе, но слободен е да заземе свој став против нив. Тоа му дава слобода и способност да се издигне над судбината и околностите и со сопствената волја да ја пронајде смислата на животот и да ја открије целта на својата егзистенција. Колку сме поспособни да се надминеме себеси посветувајќи се на некоја цел или личност, толку повеќе стануваме луѓе. Во таков случај тоа е и главниот критериум за развој на здрава личност, бидејќи на таков начин стануваме вистински свои, господари на својата судбина и градители на својата среќа.

Меѓутоа барањето на смислата ја вклучува нашата лична одговорност. Никој и ништо не може да ни даде смисла или цел на нашиот живот. Нам самите ни е дадена одговорност да го пронајдеме тој пат на смислата и по него да чекориме. Мораме одговорно и слободно да ги доведеме во врска сите околности на нашето постоење и да го осмислиме истото. Животот е траен предизвик на кој треба да се одговара, не само со зборови и мисли туку и со дела, покажувајќи со тоа кон конкретната смисла која сме ја откриле. Главна причина за многубројните болести на денешнината е недостатокот на цел и смисла во животот. Отсуството на животната смисла раѓа душевни немири, кои Франкл ги нарекува ноогени неврози, а состојбата ја опишува како бесцелна, бесмислена, неосмислена, празна. Придружничка на бесмисленоста е убиствената душевна празнина, која Франкл ја открил и меѓу студентската популација во неконтролираната трка по задоволства и наслади. Во таа смисла тој тврди дека упорното барање на разонода е знак за празен живот. Луѓето имаат се повеќе слободно време и  често се во состојба на неврткa, па тој егзистенциски вакуум се доживува како состојба на досада која треба со нешто да се пополни. Досадата и апатијата се типични симптоми на ноогените неврози, кои настануваат од две причини. Првата е во тоа што човекот во однесувањето не е повеќе воден и управуван од инстинктите, туку од разумот. Ја има изгубено инстинктивната моќ засекогаш, па лично мора да одбере како ќе се однесува. Втората причина е во губењето на традиционалните прописи и вредности кои до неодамна го поддржувале неговото однесување, а сега ја губат важноста. Поединецот мора да донесува одлуки и одговорно да се однесува. Бидејќи со човекот главно не управуваат инстинктите, а традицијата не му пропишува  што треба да прави, тој често е во состојба да не знае како да постапи. И тогаш се прилагодува кон другите и она што другите го прават (конформизам) или пак го прави само она што другите му го одредуваат (тоталитаризам).

Егзистенцијалната празнина е раширена во сите општества – и во социјалистичките и во капиталистичките земји. Лекот всушност се состои во пронаоѓањето на смислата на животот. Логотерапијата на Франкл нуди три начини како човекот да се извлече од тој егзистенцијален вакуум и да ја најде смислата на животот. Прво остварувајќи некое дело (творештво), второ доживувајќи некоја вредност и трето според начинот на односот кон страдањето кое на човекот му ја нуди последната можност за остварување на најголемата вредност, да се исполни најдлабоката смисла со трпение, кое повеќе не е страдање кога ќе се најде смислата на жртвата. Франкл својата теорија на логотерапија ја проживеал во тешки логорски услови. Се уверил како тешките воени, затворски услови ги надживеале само оние кои на нешто се надевале или пак пред себе имале некаква задача и смисла. Според Франкл шанса да преживеат имале главно оние кои биле психички насочени кон иднината, кон некоја задача која во иднината треба да ја исполнат, кон смислата на очекуваното остварување или кон личноста која со

љубов ги чека. Оние пак кои биле без такви цели или стремежи останувале без внатрешна потпора и набргу се губеле. Затоа Франкл смета дека е многу важно да се научат очајниците дека не е важно што ние од животот очекуваме, туку што од нас очекува самиот живот. Тоа е еден своевиден пресврт на размислувањето, бидејќи не се прашува за смислата на жиотот, туку му се препушта на животот во секој момент да нѐ прашува, а ние да даваме одговори, и тоа не со размислување и зборување, туку со дејствување и правилно однесување.

**III.**

Пораката на логотерапијата според учењето на Франкл е безусловна вера во безусловна смисленост на животот. Франкл уште како млад интуитивно чувствувал дека смислата е важна за човекот. Ова младешко интуитивно познание го потврдил подоцна и со својот живот, но и со примена на тестови и други психолошки методи. Резултатите покажале дека секој човек начелно е способен да ја најде смислата на животот независно од тоа на која животна возраст, пол или карактер им припаѓа, од која социјална средина е и какво образование има. Франкл истакнува дека во човекот има три елементи кои го разликуваат од другите живи суштества: духовност, слобода и одговорност. Духовноста е тешка за дефинирање, појмовно е необјаснива со материјални термини. Бидејќи човекот е под влијание на материјалниот свет духовноста не е негов производ, бидејќи духот е различен од материјата. Меѓутоа со дарот на слободата тој може да избира начин на однесување. Тоа значи дека не е однапред детерминиран, ниту условен од некои надворешни сили. Но не е доволно да се биде слободен во изборот, треба да се биде и одговорен. Затоа Франкл советува да се живее денес како што ќе се живее и утре. Духовноста, слободата и одговорноста се постојани придружници на човекот. Тие се лек за неговото здравје и голема помош во минливоста на овој свет. Ако човекот со нив се служи разумно, неговото животно дело нема да биде занемарено. Дури и тогаш кога му се чини дека оформувањето и создавањето не е завршено.

Темелната мотивација која според учењето на Франкл ги движи луѓето е волјата за смисла. Таа е многу моќна и ги засенува сите други човечки потреби и мотиви. Нужна му е на човекот за да преживее – и во граничните ситуации и во секојдневието. Без смисла и цел тешко може да се најдат причини за живеење. Осмислувањето е индивидуално и се разликува од личност до личност, од момент до момент. Но стремежите и целите на животот се реални како што се реални конкретните животни задачи. Тие впрочем ја формират нашата судбина. Состојбите во кои се наоѓаме, околностите во кои се обидуваме да ги исполниме нашите цели никогаш не се повторуваат. Затоа човек не може да се најде двапати во иста ситуација. Бидејќи целите и судбините се единствени, секој поединец мора да најде личен начин за одговор. Соочени со различните околности луѓето наоѓаат и различни одговори. Некаде формирањето на судбината ќе се реализира преку труд и творештво, во друг случај ќе се прифати самата судбина (коба) т.е. човекот ќе мора сам да си го земе крстот и да го носи. Секоја нова ситуација бара и нов одговор.

Сепак и покрај таа разноликост, а гледајќи на она што дава смисла на животот, Франкл истакнува дека постои само еден одговор за секоја конкретна ситуација. Оттаму главна задача, но и проблем на логотерапијата е како да се открие смислата која е тука, која постои, но која за жал може и да се промаши

или изгуби. А сето тоа е поради единственоста и неповторливоста на човековата егзистенција. Затоа Франкл пишува дека ако сакаме болниот да го доведеме до најголемата концентрација на неговиот живот, треба само да му покажеме како животот на секој човек има единствена цел кон која води еден и единствен пат. Секој човек во различните животни ситуации има зацртано еден свој неповторлив пат по кој може да дојде до остварување на сопствените можности.

Да се бара смислата е предизвикувачка задача, која во нас понекогаш создава извесна тензија, без која нема живот. И нормално е да постои тензија меѓу она што луѓето се и она што би требало да бидат, меѓу она што сме постигнале и она што треба да постигнеме. Тој јаз покажува како здравата личност се стреми кон целта која му дава смисла на животот. Ако тоа го нема настапува егзистенцијална празнина, кога човекот се чувствува досадно, безволно и бесцелно. Нема никаква цел и значење, па не чувствува ни желба да продолжи да живее. Тоа сепак не значи дека животот просто е бесмислен. Смислата на животот не може да се познае на основа на сивото секојдневие, туку од врвните доживувања. Франкл верува дека дури и едно осмислено доживување може да понуди осмислување на целиот живот. Тој нагласува дека човечката егзистенција може да најде цел и смисла во крајни околности, до последниот момент на сопственото постоење. Додека е свесен човекот е обврзан да остварува вредности т.е. да живее, создава, сака итн., за да се надмине себе и оствари смисла што го води кон состојба на самотрансценденција која според мислењето на Франкл е највисок степен на човековото постоење.

## IV.

Логотерапијата на Виктор Франкл е нешто ново во современите психолошки струи. Логотерапијата како техника на лечење и барање на смислата има многу корисна општествена задача. Таа им ја враќа на луѓето верата во животот и ја разбудува во нив смислата за одговорност. Но таа не е само техника туку е и вештина со која успешно им се помага на луѓето да ја пронајдат смислата. Задачата на логотерапијата всушност е да : овозможи на личноста повторно препознавање на сопствената одговорност кон животните задачи и новонастанатите прилики.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Frankl, Viktor. Nečujan vapaj za smislom - Psihoterapija i humanizam. Beograd: IP „Žarko Albulj", 2007
2. Frankl, Viktor.Bog podsvesti - Psihoterapija i religija. Beograd: IP „Žarko Albulj", 2001
3. Frankl, Viktor.Psihoterapija i egzistencijalizam – Smisao i duševno zdravlje. Beograd: IP „Žarko Albulj", 2007
4. Франкл, Виктор. Зашто се нисте убили – тражење смисла живљења. Београд: ИП „Жарко Албуљ", 2009
5. Betelhajm, Bruno; Frankl, Viktor. Ubijanje duše. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, 2003
6. Šešić, Bogdan. Čovek, smisao i besmisao. Beograd: Rad, 1977
7. Šešić, Bogdan. Marksistička filozofija smisla. Beograd : Naučna knjiga, 1979
8. Франк, Семјон. Смисао живота. Београд: Логос; Ортодос, 1995
9. Трубецкој, Јевгениј. Смисао живота. Београд: Логос, 1997
10. De Unamuno, Migel. O tragičnom osećanju života. Beograd: Dereta, 1991

159.922.76-056.49

Д-р Ванѓа Радевска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, Р. Македонија

# МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП ВО РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Природното единство на човекот – личност од мултифакторни причини може да се наруши правилниот развој и работење. Потребно е мултидисциплинарен пристап во работење со тие личности.Од три дециниско работење со деца-личности со пречки во природниот психички развој и од лично преживеано може да кажам дека во мултидисциплинарноста треба да се вклучи и самата личност. Во тој случај,може да согледа новитети и да помогне на други личности.Како господар на своето најскапо богаство – човечки организам: согледај, помогни си, кажи, запиши и помогни на други!

Човекот-личност како природно создание,единство од :коскен,мускулатурен и нервен систем,каде главен организатор и двигател е нервниот систем,се развива,работи и престанува со работа.Во тој природен развој и раст се појавуваат пречки.Многу фактори се појавуваат како пречка и тоа во трите природно развојни фази:

1. Пренатален
2. Натален
3. Постнатален

Пречката е различна,од различен карактер и различен интензитет кај секоја личност.Затоа бара повеќе дисциплински пристап во остранувањето (намалување или задржување на тоа ниво) вклучувајки се и самиот себе.Секоја пречка предизвикува посебна потреба.Лично,како човек-личност,дел на природата со нормален природен развој и работење доживеав пречка-надворешна повреда на централниот нервен систем.Ќе говорам за пречка настаната од надворешн фактор во постнаталниот период.Пречката предизвика застој во работењето на центаралниот нервен систем.Воедно предизвика пречка во мускулатурниот систем а имаше опасност и на коскениот систем.Покрај помошта од стручни личности од повеќе дисциплини согледувајки ја пречката на централниот нервен систем и влијанието на мускулатурниот систем одлучив да си помогнам самата на себе.Покрај медикмнтите потребно беше строго мирување кое предизвика застој на предходно активен мускулатурен систем.Првично направив сама лангета на главата прилагодена за строго мирување.Крпа(60Х40)ја ставив околу вратот да не се движат првите пршлени на рбетниот столб.Потоа користев природна овча волна како перница(60Х20),го виткав од двете страни на главата.Главата беше во лонгета(мекост и топлина).

Целото тело беше во мирување.По извесн период почувствував кочење на мускулатурниот систем на екстремитетите.Со рацете правев благи вежби кои ги презентирав на седмата истоимена конференција.Имав успех,почувствував закочување на долните екстремитети,нозете.Почнав благи вежби кои ќе ги опишам и од кои добив позитивни ефекти.Понатаму ,оформив една композиција на вежби кои ке ги опишам во страниците што следат

**ВЕЖБИ**

Вежбите се изведуваат во лежечки став,нозете испружени,стапалата составени ,исправени под прав агол,се повторуваат по пет пати со длабоко дишење .

Вежба бр.1 - Двете стапала составени под прав агол се оптегнуваат нанапред

Вежба бр.2 Со соствени стапала под прав агол со десна нога се оди нанапред и се враќа во првобитна состојаба

Вежба бр.3 - Истото движење со лево стапало

Вежба бр.4 - Стаплата составени се движат наназад

Вежба бр.5 - Ова движење е само со десно стапало

Вежба бр.6 - Истото движење смо со левото стпало

Вежба бр.7 - Двете стапала составени под прав агол се движат надесно и се враќат во првобитна состојба

Вежба бр.8 - Во иста положба на лево

Вежба бр.9 - Двете стапала составени –десната оди десно и се враќаназад а левата стои во првобитна положба

Вежба бр.10 - Истото движење со левото стапало

Вежба бр.11 - Двете стапала се движат истовремено десно –лево

Вежба бр.12 - Двете стапала се движат напред –назад

Вежба бр.13 - Само десното стапало истото движење

Вежба бр.14 - Само левото стапало истото движење

Вежба бр.15 - Стапалата составени под прав агол,се движат прстите,се шират прстите и се собираат

Вежба бр.16 - Само на десното стапало

Вежба бр.17 - Само на левото стапало

Вежба бр.18 - Двете стапала истовремено се прави кружно движење почнувајки од десна страна

Вежба бр.19 - Движењето почнува кон лева страна

Вежба бр.20 - Движење само со десното стапало

Вежба бр.21 - Движење само со лево стапало

Вежба бр.22 - Наизменично двете стапала ,едно кон лево друго кон десно

Вежба бр.23 - Двете нозе се виткаат во колено и се спуштаат стапалата под прав агол

Вежба бр.24 - Истото движење само со лева нога

Вежба бр.25 - Истото движење само со десна нога

Вежба бр.26 - Стапалата испружени

Вежба бр.27 - Само со десна нога

Вежба бр.28 - Само со лева нога

Вежба бр.29 - Двете колена под прав агол составени и се движат лево-десно

Вежба бр.30 - Истовремено десната се движи десно,левата –лево

Вежба бр.31 - Нозете се испружуваат и се тресат-ослободување на мускулите.

Како рецептори ,нервните завршетоци даваат информации на централниот нервен систем ,предизвикуваат мисловни оопераци и нивно експонирање. Триењето на стапалата првично предизвикуваат смеење(од самата положба и голицкањето предизвикано од додирот)Со смеењето се ослободуваат стегите во мускулатурниор систем .Воедно и централниот нервен систем создава мисловни операции и продолжува да работи по природен пат.Прима-обработува и

експонира информации.Иако во блага форма сепак работи.Дококу се почувствува замор се прекинува вежбањето.

Со вежбите првично се предизвикува работа на рецепторите кои ги примат информациите,ги пренесуваат преку нервниот систем каде се обработуваат-се прават мисловни операции кои се експонираат преку однесувањето на личноста.

Покрј работа на нервниот систем се ослободуваат стегите на мусскулатурниот систем и нема застој на коскениот систем.Личноста наместо негативни мисловни операции предизвикани од повредата ги заменува со позитиви.Смеењето е најпозитивно,ослободување на стегите, се губи стравот од немоќ и несакани последици.

Ја губи омразата која може даа се појави кон други личности со пречки,недозволува да се појави агресија.

Добро е да се слуша музика и да се пее.На музика може да се смее и да се плаче .Плачот е ослободување на внатрешни стеги.Сам ќе престане да плаче ,ке се насмее и во депреивно,меланхолично,негативно размислување ќе премине во позитивно оптимистичко.Може да се бави и со креции-ракотворби.Личноста заборава на пречката и побргу заздравува.Воедно ја намалува емотивната болка кај себе и кај другите.

Вежбите на долните екстремитети постепено се поврзуваат со вежби на раце презентирани на предходната кконференција. Помошта од медицината треба да се почитува како и храната што се внесува овошје,зеленчук,чаеви.Ефектите се повеќе од очекувани прими ја помошта,помогни си сам и помагај на другите.

## ЗАКЛУЧОК

Природата создава нормален раст и развој на личноста,но се појавуваат и пречки кои создаваат посебни потреби.Кај овие личности првично е нанесена пречка во нервниот систем а потоа во мускулатурниот и коскениот систем.Во тие случаи им треба помош која треба да се прифати а треба и сам да си помогне на себе.Треба да се примаат совети од стручни лица од повеќе дисциплини а од согледаното да се пренесе на другите.Во мултидисциплинарното работење со личности со посебни потреби спага и работење сам со себе.

,,Прими создади си сам и пружи на друг помош,,

,,Смени ги негативните мисловни операции со позитивни,,

,,Си помагаш сам а и на други околу себе,тоа е убавината,,

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Д-р Ванѓа Радевска, Докторска теза -,,Особености на мисловни операции кај мали школски деца со ментален дебил“ 19.12.2005 Букурешки универзиитет-Букурешт Р.Романија

37.016:81-028.31

Лилјана Јовановска
Магистрант на Филолошки факултет – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, отсек – Методика на наставата по македонски јазик и книжевност

# СО РАЗБИРЛИВИОТ И ЗНАЧЕНСКИОТ ИНПУТ ДО ПОЛЕСНО УСВОЈУВАЊЕ НА НЕМАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

**Апстракт:** Живееме во „глобалното село“, во кое за комуникациите не постојат граници. Познавањето и усвојувањето на јазиците станува клучен фактор за меѓусебната комуникација. Меѓу практичарите постојат повеќе хипотези и теории за начините на кои учениците полесно ќе го усвојат јазикот и ќе го изградат новиот јазичен систем.

Многу е важно при усвојувањето на немајчиниот јазик какво внимание ќе се обрне на инпутот бидејќи „во самиот процес на совладување на немајчиниот јазик учениците се изложуваат на инпут од кој што обично обработуваат само мал дел и треба да му се обрне посебно внимание. На часот по немајчин јазик учениците треба да се подготват да го користат јазикот во реални животни ситуации, а не за потребите во училницата. Поради тоа сметаме дека е потребно да се промени пристапот во поучувањето немајчин јазик, односно ние во улога на наставници да понудиме активности преку кои ќе се модифицира начинот на кој учениците го перципираат и го обработуваат инпутот на кој се изложени со цел да се зголеми интејкот кој го извлекуваат од инпутот“. [1]

**Клучни зборови**: инпут, интејк, немајчин јазик, настава.

# WITH COMPREHENSIBLE AND MEANINGFUL INPUT TO EASIER ACQUISITION OF A FOREIGN LANGUAGE

**Abstract:** We live in the “global village” where there are no borders for communication. Knowing and acquiring languages becomes a key factor for intercommunication. There are more hypotheses and theories among practitioners about the ways of easier acquiring a language and building a new language system.

It is very important how much attention we pay to input while acquiring a foreign language because ‘’ in the process of learning students are exposed to an input where only a small part is covered and we should pay special attention to that. During the foreign language lesson students should be prepared to use the language in real life situations and not for classroom needs. This is the reason why we think that the approach in learning a foreign language should be changed and in the role of teachers we should offer activities that will modify the way that students percept and process the input they are exposed to in order to increase the intake that they draw from the input”.

**Key words** : input, intake, foreign language, tuition.

## ВОВЕД

Во изучувањето на еден јазик кој не е мајчин, многу е важно да се успее да се изнајдат одговори на прашањето како и на кој начин да им се приближи и пренесе

1 Коцева Весна, Уланска Татјана, Потреба од воведување на активности за обработка на инпут на часот по немајчин јазик, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

тој јазик на учениците.

„За да може најсоодветно и ефективно да се пристапи кон поучувањето, треба да се земат предвид сознанијата за начинот на учење јазик. Истражувањата укажуваат на индивидуалниот стил на учење на секој ученик, како и на сложеноста на процесот на учење. Наставниците, врз основа на сознанијата, треба да одберат соодветен приод во поучувањето".[2] „Во улога на наставници по немајчин јазик имаме задача да утврдиме и последователно да го одбереме и да го примениме најсоодветниот приод кој ќе им помогне на учениците успешно да ги усвојат граматичките особености на јазикот што го учат, односно да утврдиме кои наставни техники и методи се најефикасни во поучувањето и напредувањето во учењето". [3]

Многу е важно при при определувањето на чекорите со кои ќе се пристапи во процесот на поучување, наставникот да обрне внимание на повеќе фактори кои ќе влијаат врз неговата успешност. Како важни фактори можеме да ги издвоиме: начинот на кој учениците ќе бидат изложени на инпутот; како тоа да прејде во интејк за да се дојде до целта – аутпутот, потоа степенот на познавање на дадениот јазик, возрасната структура на учениците, условите за работа, па и карактерот и особините кои ги поседува ученикот итн.

Постојат многу теории, хипотези и генерализации за начините на кои учениците полесно ќе го усвојат јазикот и ќе го изградат новиот јазичен систем. Меѓутоа, наставникот е тој што ќе го одбере пристапот кој според него е најефективен за да се дојде до посакуваните резултати, од него зависи дали ќе обрне повеќе внимание на разбирливиот и значенскиот инпут или не или пак ќе се држи за традиционалните методи насочени кон аутпутот, поткрепени со непродуктивни граматички вежби, без претходно да се обрне внимание на обработка на инпутот.

## СО РАЗБИРЛИВИОТ И ЗНАЧЕНСКИОТ ИНПУТ ДО ПОЛЕСНО УСВОЈУВАЊЕ НА НЕМАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

***Што е инпут?***

„Инпут е јазикот што учениците го слушаат или го читаат во контекст на комуникацијата. Инпутот е основа за учењето јазик. Учениците се изложени на инпут и во природен (на пр. во општествената средина) и во институционален и формален контекст (пр. на часовите по јазик). За инпутот да се смета за корисен за ученикот, тој мора да задоволи два главни критериума: 1) ученикот мора лесно да го разбере инпутот, и 2) инпутот мора да содржи порака што ќе ја забележат учениците. [4]

Според Ван Патен, учениците го обработуваат инпутот со намера да ја сфатат пораката која се содржи во него и го користат него за да направат конекција помеѓу формата и значењето. Во овој процес учениците го филтрираат, редуцираат и модифицираат инпутот во нова единица наречена интејк. За време на фазата на обработка на инпутот само дел од инпутот ќе стане интејк. Методот на Ван Патен

2 Даниловска Марина, Сулејмани Бертон, Како учат учениците, Прирачник за наставата по немајчин јазик, Британски совет, Скопје, 2011

3 Коцева Весна, Уланска Татјана, Потреба од воведување на активности за обработка на инпут на часот по немајчин јазик, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

4 Никодиновска Радица, Трајанова Мира, Улогата на инпутот, Прирачник за наставата по немајчин јазик, Британски совет, Скопје, 2011, стр.15

(Van Patten, 1996) цели кон промена на начинот на кој се перципира и обработува инпутот од страна на учениците.[5] Многу е важно пред да се крене во поучување и обработка на инпутот, да се постави прашањето: Што мораат учениците да научат или усвојат? Кога има јасно поставено цели, многу е лесно да се пристапи кон обработка на инпутот и на определување на начините и постапките за негово реализирање и одбирање на пристап и вежби кои ќе придонесат тој да стане разбирлив и значенски.

Кога почнува наставата, наставникот станува одговорен за мотивацијата на учениците која ќе ги натера самите нив да го изучуваат и користат странскиот јазик преку зборување, читање и пишување. Негова задача е да пронајде и да им овозможи моќна средина за учење која ќе придонесе за развивање на нивната способност за учење на јазикот.

При поучувањето наставникот треба да употреби начин на кој ќе го постави инпутот за да се избегнат традиционалните методи на работа. Со традиционалните методи, на пример „граматиката се предава преку долги и сложени објаснувања на граматичките правила на целниот јазик. Се пренесуваат дефиниции проследени со писмени и усни вежби, фокусирани на механичка примена на граматичките правила. Не се води сметка за употребата на јазикот во реалните животни ситуации, така што вежбите се извлечени од контекст. Целта на наставата е учениците да ги запомнат граматичките форми и истите да ги применат во нефункционални вежби". [6]

„Токму поради тоа потребно е да се промени пристапот во поучувањето граматика на немајчин јазик, односно да се занимаваме со почетната фаза на совладување на немајчиниот јазик во која учениците ги поврзуваат граматичките форми со нивното значење, и да се понудат активности преку кои ќе се модифицира начинот на кој учениците го перципираат и го обработуваат инпутот, а со цел да се постигне подобар интејк. Ако не се фокусира на аутпутот и вниманието се насочи кон инпутот, со примена на активности кои нудат можност да се интерпретира точно релацијата помеѓу формата и значењето без какво било продуцирање на таргет-формата или структурата, учениците би можеле полесно да забележат определени форми и побргу да ги обработат." [7]

Според дадени модели за усвојување на јазикот, се смета дека развојот на граматичкото значење се одвива низ следниве фази: инпут – забележување – интејк – структурирање и реструктурирање – процедурализација. Со други зборови, за да дојде до усвојување, усниот и пишаниот инпут мораат да станат интејк. Во оваа трансформација посредува забележувањето, односно наставниковиот напор да го привлече вниманието на ученикот на определените елементи на инпутот. Ова можа да се постигне на таков начин што наставникот ќе ги обработува целните структури или така што ќе го нагласи нивното место во инпутот. Ваквото обрнување на вниманието го подобрува процесот на структурирање и реструктурирање на системот на учениковото имплицитно јазично знаење. Наставникот е важниот фактор кој може, посебно граматичките структури, да ги направи поинтересни и да им помогне на учениците да го разберат материјалот на кој се изложени и да го сфатат неговото значење (разбирлив и значенски инпут), затоа што тоа е услов за

5 Коцева Весна, Уланска Татјана, Потреба од воведување на активности за обработка на инпут на часот по немајчин јазик, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

6 Тоска В., Кадриу В., Ванева М., Наставата по граматика, Прирачник за наставата по немајчин јазик, Британски совет, Скопје, 2011, стр. 25

7 Коцева Весна, Уланска Татјана, Потреба од воведување на активности за обработка на инпут на часот по немајчин јазик, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

полесно усвојување на немајчиниот јазик. Затоа наставникот треба да пристапи кон поприфатливи и поинтересни начини за усвојување на предвидените содржини, ставајќи акцент на разбирање на значењето на содржината што се објаснува, односно да обрне внимание инпутот да биде разбирлив и значенски. Постојат различни начини како да се постигне тоа, сè зависи од креативноста на наставникот. Еве неколку примери:

1. Кога учениците треба да ги усвојуваат знаењата, на пример, за степенување на придавките во македонскиот јазик, наместо наставникот да го избере традиционалниот начин на објаснување дека постојат три форми при степенување на описните придавки позитив, компаратив, суперлатив и дека споредбените степени се образуваат со префиксите по- + позитив (за компататив) и нај- + позитив (за суперлатив), треба да избере полесен начин за да го прифатат и разберат тоа без да им се наметне содржината како строго граматичко правило. Можат на пример, да се донесат слики од познати светски глумци или музичари, или личности кои се општопознати и низ анализирање на нивните особини кој е висок, кој повисок – а кој највисок; или кој е убав, кој поубав, а кој најубав; или пак кој е дотеран, подотеран или најдотеран. На овој начин учениците низ разбирање на значењето сами можат да дојдат до сознание за граматичкото правило за образувањето на споредбените степени кај придавките и полесно да го усвојат.
2. Друга ситуација може да биде кога им се објаснуваат, на пример, начините на глаголите. Наставникот низ еден неврзан разговор може да почне да зборува: пр. Вчера фрижидерот ми остана празен. Јас денес отидов во продавницата за да купам продукти. Имаше многу гужва и на касата чекав половина час... Така барајќи од учениците и тие да опишат како го поминале времето, може да се дојде до сознанија за исказниот начин, што претставува тој, и што се искажува со него и кога, каде и во кои ситуации се употребува. За заповедниот начин пак, може наставникот да почне со истакнување правила за однесување, на пример, во училиштето: Почитувај го наставникот! Сакај го другарчето! Седи мирен и внимавај на часовите! Не трчај по ходниците! Кога наставникот ќе побара од учениците да креираат Правилник за однесување на учениците во училиштето, и кога тие ќе го разберат и сфатат значењето на заповедниот начин – дека со него се искажува заповед, потоа полесно ќе ги сфатат правилата за негово образување. Можниот начин пак можат да го разберат ако се поведе разговор за нашите желби и на пример, ако се побара од учениците да креираат состав „Во какво училиште би сакал да учам?" и наставникот почне прв. На пр. Јас би сакал да имаме помалку часови. Би обрнувале повеќе внимание на предметите и би учеле повеќе... На овој начин учениците ќе го сфатат значењето на можниот начин и како се образува истиот и полесно ќе можат да го употребуваат во секојдневната усна или писмена комуникација.
3. Може пак на пример, ако им се објаснува за идното време, наставникот да побара заедно да напишат рецепт за јадење специфично за нивната кујна со точен опис на состојките и постапката за правење на истото. Пр. Утре ќе правиме јадење што вие ќе го изберете и што на вас најмногу ви се допаѓа. Прво ќе купиме продукти, ќе одиме дома ... На тој начин учениците ќе го разберат значењето на идното време дека со него се

искажуваат дејства што се вршат по моментот на зборувањето и потоа лесно ќе го усвојат начинот на неговото образување и полесно ќе го употребуваат во граматички правилни реченици.

4. Компјутерската технологија која во денешно време многу е застапена, исто така може да се искористи за полесно и поинтересно пренесување на некои предвидени содржини, било преку правење презентации во Power Point, било преку правење честитки користејќи го Publisher, било со користење на интернетот (пристапувајќи на голем број едукативни веб страни), социјалните мрежи, користењето на Web Quest за дополнителна мотивација на учениците и сл. сè со цел содржините да им се доближат на учениците и полесно да ги разберат и да го сфатат нивното значење.

Ова се мал број примери што всушност, ни покажуваат како да обрнеме внимание на разбирливиот и значенскиот инпут и како правилно да се сконцентрираме на него, отколку целта директно да ни е аутпутот. Ако инпутот добро се осмисли и обработи, тој ќе се прелее во интејк, за на крај тој да стане квалитетен аутпут.

## ЗАКЛУЧОК

Важен е начинот кој ќе го избереме за поучување на јазикот на учениците, кој пред сè зависи како што порано споменавме, од креативноста и умешноста на наставникот и од самиот пристап што ќе го избере. Затоа наставникот треба повеќе внимание да обрне на иницијалната фаза во усвојувањето на немајчиниот јазик, повеќе да се посвети на значењето и на интерактивниот пристап за да се постигне разбирлив и значенски инпут, а помалку содржините да се пренесуваат со традиционален приод. На овој начин ќе се постигнат поефективни и подолготрајни резултати при усвојувањето на немајчиниот јазик.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Прирачник за наставата по немајчин јазик, Британски совет, Скопје, 2011
2. Коцева Весна, Уланска Татјана, Потреба од воведување на активности за обработка на инпут на часот по немајчин јазик, Универзитет „Гоце Делчев", Штип
3. VanPatten, B. (2003): From input to output: A teacher's guide to second language acquisition. New York: McGraw-Hill.
4. Заедничка европска референтна рамка за јазици: учење, настава и оценување, Филолошки факултет „Блаже Конески", 2012
5. Прирачник за тутори, Мировен корпус, Македонија


## ИНТЕРНЕТ АДРЕСИ:


1. Татјана С. Грујић, Место експлицитних граматичких објашњена у савременој настави страних језика, Универзитет у Крагујевцу, Филолошко-уметнички факултет, Катедра за српски језик http://www.ffuis.edu.ba/media/publikacije/radovi/2013/06/03/44_Tatjana_Grujic.pdf (пристапено на 15.02.2017 г.)
2. Марина Ђукић Мирзајанц, Неки теоријски приступи у настави страних језика подржаној рачунаром, Факултет за туристички и хотелијерски менаџмент, Универзитет Сингидунум Београд, http://doi.fil.bg.ac.rs/pdf/

journals/zivjez/2016-1/zivjez-2016-36-1-12.pdf (пристапено на 15.02.2017 г.)
3. Марина Ђ. Ђукић Mirzayantz, Модел учења на даљину у настави немачког језика као страног, Докторска дисертација, Филолошки факултет, Универзитет у Београду , 2016. http://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/7667/Disertacija.pdf?sequence=1&isAllowed=y (пристапено на 17.02.2017 г.)
4. Difference between 'Intake' and 'Input' in L2 (Second Language) learning, https://acquiringl2.wordpress.com/2012/05/19/difference-between-intake-and-input-in-second-language-learning/ (пристапено на 17.02.2017 г.)
5. EFFECT OF REDUCED FORMS ON ESL LEARNERS' INPUT-INTAKE PROCESS YASUKO ITO University of Hawai'ihttp://www.hawaii.edu/sls/wp-content/uploads/2014/09/Ito.pdf (пристапено на 17.02.2017)
6. 7.https://www.slideshare.net/ajbessette/input-noticing-intake-10490838 (пристапено на 17.02.2017 г.)
7. English Language Teaching December, 2009 91 The Role of Input, Interaction and Output in the Development of Oral Fluency Shumei Zhang Foreign languages Department, Dongguan University of Tech Song Shan Lake, Dongguan, Guangdong 523808, China E-mail: zhangsm@dgut.edu.cn http://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1083691.pdf (пристапено на 17.02.2017 г.)

37.091.313-021.462

М-р Серафимовски Борче
Международный Славянский Университет им. Г.Р. Державина, Р. Македония
e-mail: borcectr@yahoo.com

# ОСОБЕННОСТИ САМОРЕАЛИЗАЦИИ ЛИЧНОСТИ В МНОГОНАЦИОНАЛЬНОЙ СТУДЕНЧЕСКОЙ СРЕДЕ

**Аннотация:** Процесс формирования толерантного отношения к другим этносам остро встает в многонациональной студенческой среде. Межличностное взаимодействие студентов происходит под влиянием микросоциальной среды, окружающих людей, национальных ценностей, что создает социокультурную ситуацию духовно-нравственного развития личности в многонациональном мире.

**Ключевые слова**: самореализации личности, мультикультурных отношений, студенты, толерантное отношение

**Abstract:** The process of forming a tolerant attitude toward other ethnicity is one of most important issue in multinational student environment. Interpersonal interaction of students occurs under the influence of the micro social environment surrounding by people, national values, which creates a sociocultural situation of the spiritual and moral development of the individual in a multinational world.

**Key words**: personal elf-realization, multicultural relations, students, tolerant attitude

Спецификой современного этапа социализации студентов является их включенность в широкую сферу межличностного взаимодействия через посредство микросоциальной среды. К основным разновидностям первичных общностей, куда входят студенты, можно отнести как официальные или институциональные группы, так и неформальные образования.

Принадлежность к группам обеспечивает человеку возможность проявления своей индивидуальности, и, одновременно, приобщения к жизни общества, поскольку каждая группа выступает составной частью общества, проводником ее идей, установок и норм.

Процесс личностного развития студентов в значительной степени обусловливается характером их взаимодействия с личностно значимой микросредой, что находит свое проявление в реализуемых ими социальных ролях и функциях. В контексте концепции персонализации А.В. Петровского в психологической науке сложилось понимание прохождения личностью, входящей в малую социальную общность, трех основных стадий становления: адаптации, индивидуализации и интеграции.

Процесс личностного становления студента в условиях первичной группы осуществляется посредством усвоения им опыта социальной жизни группы. Движущей силой данного процесса выступают противоречия, складывающиеся между потребностью студента в персонализации и объективной заинтересованностью группы принимать, прежде всего, те проявления его индивидуальности, которые соответствуют принятым группой задачам, нормам и ценностям. При этом становление личности происходит одновременно со

становлением и развитием самой группы.

Центральным механизмом социального влияния на личность выступает складывающаяся в группе система межличностных отношений. Степень воздействия их на своих членов обусловливается спецификой совместной деятельности, ее целями и задачами, мотивами и способами достижения целей (Б.Г. Ананьев, К.Н. Волков, Л.Н. Дичковская, Я.Л. Коломинский, Е.С. Кузьмин, Г.М. Кучинский, Р.С. Немов, Н.Н. Обозов, А.В. Петровский, Л.И. Уманский, А.С. Чернышов).

Зависимость межличностных отношений в группе от индивидуально-психологических особенностей входящих в нее студентов исследовал В.И. Секун [

При социально-психологическом изучении межличностных отношений в студенческих группах, начиная с 70-х гг. XX в., исследователи, как правило, обращаются к характеристике психологической структуры группы, статусному положению каждого ее члена, оценивая эти параметры как весомые показатели степени ее сплоченности и организованности.

В процессе обучения наблюдается усложнение и корректировка отношений, обусловленных получением дополнительной информации о сокурсниках, что влечет за собой увеличение «структурированности внутри коллектива путем взаимного принятия или путем снятия выбора или отвержения» [6, с. 34].

Н.Н. Обозов отмечает, что если на первом году обучения отношения определяются в большей мере взаимностью симпатий и антипатий, то к концу обучения они становятся все более содержательными, прочными и долговечными, опосредованными «личностными особенностями взаимодействующих» [2, с. 35].

В проведенном нами исследовании динамики межличностных отношений студентов обнаружены аналогичные закономерности. По мере обучения в вузе наблюдается своеобразное выравнивание взаимоотношений и их дальнейшая дифференцировка: уменьшается численность студентов в крайних статусных группах («звезды» и «изолированные»), увеличивается число критериев социометрического статуса.

Исследование динамики развития студенческих групп показало, что по мере перехода на старшие курсы наблюдается падение ряда показателей групповой сплоченности, в том числе таких, как ответственность, коллективизм, взаимопомощь.

Ряд авторов (А.В. Гоголева, Р.С. Немов, В.А. Токарева) связывают такого рода явления с наличием тенденции перераспределения личностной значимости для студентов той микросоциальной среды, в которой осуществляется их персонификация. Одновременно ставится вопрос о необходимости переосмысления со стороны ученых и практиков функционального назначения академической группы вуза и обеспечения ее поступательного развития посредством механизмов студенческого самоуправления.

Таким образом, данные свидетельствуют о существенных изменениях, происходящих в этой сфере межличностных отношений студентов. Налицо – реальное отсутствие полноценных деловых отношений и их невостребованность со стороны членов академических групп, а также локализованность контактов на уровне отдельных группировок, характерная для личных отношений студентов.

Подчеркивая деятельностный характер становления межличностных отношений в группе, необходимо особое внимание обратить на специфику учебно-профессиональной деятельности. Многочисленные исследования влияния данного вида деятельности на процесс сплочения ее участников

в учебно-профессиональных группах ПТУ, средних специальных учебных заведениях, а также академических группах вузов свидетельствуют о том, что в указанных микросоциумах она выступает как индивидуальная по своей сути и проявляется посредством реализации субъективных усилий отдельных членов.

Каждый студент выступает единственным потребителем собственных интеллектуальных возможностей, не прибегая к помощи других и, зачастую, не стремясь сам оказать такую помощь.

Традиционно, как свидетельствует научный и практический опыт, в качестве коллективообразующей основы выступала трудовая деятельность студентов (в первую очередь, осенние сельскохозяйственные работы). Посредством этой деятельности формировалась внутренняя структура группы, выкристаллизовывалось ее лидерское звено, в значительной степени отражавшее складывающиеся здесь ценности и нормы. Именно в этот, начальный период студенческой жизни, как справедливо отмечают Н.Н. Обозов и О.И. Перкова, выявлялись такие социально-психологические характеристики студентов, как товарищество, умение «подставить плечо» и обратиться за помощью, способность к концентрации воли, коммуникабельность [2]. В результате, к концу сентября «в вуз возвращался студенческий коллектив с достаточно четко распределенными ролями» [2, с. 48].

Не менее важная роль в сплочении студенческой группы отводилась общественной активности ее членов. На это были направлены усилия руководства вуза, его общественных организаций.

В практике последних лет сложилась ситуация, когда деятельность студенческой группы реализовывается, главным образом, в рамках организационно-дисциплинарной модели обеспечения учебного процесса. Студент проводит в группе то время, которое четко ограничивается рамками учебного расписания. Реально, никаких других видов совместной деятельности у членов академической группы нет. Монополия учебной деятельности повлекла за собой существенное ограничение социальной активности личности, возможности ее персонализации посредством выхода за пределы роли обучающегося. В свою очередь, это привело к значительному снижению влияния академической группы на процесс социализации ее членов.

Полученные с использованием методов наблюдения, бесед, анкетирования, а также «Карты-схемы психолого-педагогической характеристики группы» обобщенные качественные характеристики групп выступают доказательством того, что студенты достаточно высоко оценивали подготовленность и интеллектуальную коммуникативность своей группы, одновременно давая низкую оценку ее направленности, организованности, эмоциональной и волевой коммуникативности.

При анализе оценки студентами социальной ценности своей группы обращает на себя внимание тот факт, что студенты часто не совсем понимали смысл таких терминов, как гражданственность, патриотизм, слабо представляли себе сущность коллективизма, общественной активности, товарищеской взаимопомощи. В то же время отчетливо проявляются тенденции индивидуализма и прагматизма.

Такая ситуация формализует отношения между членами академических групп, препятствуя полноценному раскрытию их личности. Попытки компенсировать дефицит межличностного взаимодействия в официальной

среде посредством вхождения в неформальную дружескую компанию не дают должного результата в силу локальных возможностей последней в вопросах разносторонней самореализации своих членов.

Итак, налицо тенденция, когда как в институциональной, так и в неформальной среде отсутствуют условия для полноценного раскрытия личности, ее персонализации. Из одной, весьма ограниченной в плане самопрезентации среды студент попадает в другую, не менее локальную в отношении реализации своих социальных ожиданий общность. В итоге, существенно затрудняются возможности социализирующего влияния внешних факторов на личностное развитие студентов.

Особую остроту эта проблема приобретает в многонациональной студенческой среде, где присутствуют несколько этнических групп.

Для этнических групп «мы-чувство» фиксирует осознание особенностей своей собственной группы, отличие ее от других групп. Образ других групп при этом часто упрощается, складывается под влиянием межэтнических отношений, формирующих особую установку на представителя другой группы. При этом играет роль прошлый опыт общения с другой этнической группой. Если эти отношения в прошлом носили враждебный характер, такая же окраска переносится и на каждого вновь встреченного представителя этой группы, чем и задается негативная установка. Образ, построенный в соответствии с этой установкой, дает этнический стереотип. Чаще всего этнический стереотип возникает из-за ограниченности межэтнического общения: черты, присущие единичным представителям другой этнической группы, распространяются на всю группу [5, с. 242]. Складывающиеся таким образом стереотипы в дальнейшем влияют на возникновение этнических симпатий или антипатий. Даже при нейтральном эффекте всякий этнический стереотип означает приписывание этнических признаков представителям иных этнических групп, т.е. способствует распространению «приблизительных», неточных характеристик, что в определенных политических условиях открывает дорогу различным проявлениям национализма и шовинизма.

Сам факт осознания особенностей своей этнической группы не содержит в себе предубеждения против других групп. Но так дело обстоит до тех пор, пока осуществляется констатация этих различий. Однако очень легко от такой констатации перейти к оценке другой группы, и тогда-то возможны искажения ее образа. Психологически при этом возникает явление этноцентризма – склонности воспринимать все жизненные явления с позиции «своей» этнической группы, рассмотренной как эталон, т.е. при известном ее предпочтении. Таким образом, этноцентризм есть сочувственная фиксация черт своей группы. Она не обязательно подразумевает формирование враждебного отношения к другим группам, хотя этот оттенок и может возникнуть при определенных обстоятельствах

Таким образом в многонациональной студенческой среде остро встает вопрос о формировании толерантного отношения с другими этносами. Данный процесс находится под влиянием окружающих личность людей, каждый из которых сам является носителем духовных, национальных ценностей, что создает социокультурную ситуацию духовно-нравственного развития личности в многонациональном мире.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Кон И.С. Социология личности. / И.С. Кон. - М., 1997.
2. Обозов Н.Н. Психология малых групп и коллективов / Н.Н. Обозов // Социальная психология. - Л., 1979.
3. Петровский А. В. Развитие личности и проблема ведущей деятельности / А.В. Петровский // Вопр. психологии. – 1987. – № 1. – С. 16–27.
4. Секун В. И. Индивидуально-психологические особенности и взаимоотношения студентов / В.И. Секун – Минск: Выш. шк., 1976. – 188 с.
5. Стефаненко Т.Г. Социальные стереотипы и межэтнические отношения / Т.Г. Стефаненко // Общение и оптимизация совместной деятельности. М., 1987.
6. Сырыщева З.С. Влияние межличностных отношений в студенческой группе на формирование специалиста высокой квалификации / З.С. Сырыщева // Студент и вузовский коллектив. – Каунас, 1973. – С. 71–75.

378.016(497.7)

Ѓорѓи Илиевски

# АКРЕДИТАЦИЈАТА И ЕВАЛУАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ЗА КВАЛИТЕТНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Апстракт:** Акредитацијата како потврдување на студиските програми и евалвацијата како проценка, вреднување и признавање а високообразовната установа и на студиските програми за вршење на високообрзовна дејност и одржување на квалитетот на високото образование е клучен сегмент на високо образовниот систем, на секоја земја.

Квалитетното високо образование на Република Македонија треба да биде компатибилно со балканските и европските земји и нивна взаемна соработка на тој план од причини што дава профил и продукт за ангажирање и вклучување во општесвените процеси на дејствување, односно во сите свери: општесвената дејност, економијата, технологијата, производството и другите сегменти на човековото дејствување.

Сообразувајќи се со општесвено - демократските, научно - технолошките, економските и иновативните процеси, промени и движења кои имаат во целокупниот општесвен развој и напредок, условуваат и наметнуваат реформирање и иновирање на современата едукација на високо стручните кадри.

Од анализата на многу студии кај нас, Европа и пошироко, високо стручните и научни кадри преставуваат развоен ресурс за постојан развој и прогрес кој неможе да се реализира без високо стручно - научни кадри. Наведеното укажува и потврдува дека предизвиците и барањето на времето, иновациите и другите нови тенденции, треба да се прифатат и одат во чекор со универзитетот - факултетот, институтите односно професорите, соработниците и студентите.

**Клучни зборови**: високо образование, акредитација, евалвација, обем и квалитет на студиски програми, рангирање

# ACCREDITATION AND EVALUATION AS A PROCESS FOR QUALITY HIGHER EDUCATION

**Abstract:** The accreditation as a confirmation of the curriculum, and the evaluating as assessment and recognition of the higher education institution and study programs for performing educational activities and maintaining quality higher education is a key segment of the higher education system of each country.

Quality higher education in the Republic of Macedonia should be compatible with the Balkan and European countries and their mutual cooperation in this area, because it results with profile and product for engagement and involvement in social processes of action, in all areas: social activities, economics, technology production and other aspects of activity.

Adequately with the social - democratic, scientific - technological, economic and innovative processes, changes and developments that have overall development and progress, impose reform and innovation of modern education of highly professional staff.

The analysis of many studies in our country, Europe and beyond, the highly pro-

fessional and scientific staff are developmental resources for continuous development and progress which can not be realized without a highly specialized professionals. Foregoing indicates and confirms that the challenges and the requirement of time, innovation and other recent developments should be accepted by the University - Faculty, institutes or professors, associates and students.

**Keywords:** higher education, accreditation, evaluation, volume and quality of study programs, ranking

## ВОВЕД

Квалитетот на високообразовните институции е приоритет на секоја европска земја, а во овие рамки и на Република Македонија.

Нашата држава има прекрасно едукативно тло, затоа што Македонија има длабоки културно-историски и педагошко-просветителски традиции уште од древното историско минато, уште од времето на словенските и македонски просветители и педагошки дејци, Кирил и Методиј и Климент и Наум Охридски. Имајќи ги во предвид овие длабоки древно-културно-историски традиции никнати на Македонската почва и на македонското едукативно тло, оттука се наметнува потребата од создавање на современа високообрзовна дејност во Република Македонија компатибилна со европскиот високообразовен систем.

Од напред наведеното се поставува прашањето. Зошто е потребно да се направат надворешни евалуации на универзитетите. Потребно е затоа што треба да се проверат, оценат, обезбедат подобар квалитет во сите домени на своето дејствување на универзитетот, да се согледаат силните страни, како и слабите страни на акредитираните студиски програми, условите за работа, наставата, наставниот кадар и слично.

Квалитетот на високообрзовните институции во секоја земја, како и во Република Македонија се врши преку рангирање на високообразовните институции. Во Република Македонија тоа рангирање се прави на секои две години, по барање на Министерството за образование и наука(МОН) така во академската 2013/14 година го изврши Шангајскиот Џио Тонг универзитетот (Shanghai Jiao Tong university) од Народна Република Кина, исто така и во 2015/16 година го направи Шнгајскиот униве́ритет а објавен во 2017 година.

Ќе се обидам да ги истакнам некои мерки за вреднување на квалитетот на високото образование во Македонија, Хрватска, Бугарија и Албанија.

## МЕРКИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за високообразование (ЗВО) оценувањето на квалитетот на високото образование во Република Македонија, го врши Одборот за акредитација и евалуација (Евалуацијата- значи проценка, вреднување односно нормативно согласно Законот оценувањето на квалитетот на високото образование) и опфаќа:

- одобрување, потврдување и признавање на високообразовната установа и на студиските програми, за вршење на високообразовната дејност што се остварува преку акредитацијата,
- Проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и другите активности и нејзините приоритети, што се остварува преку системот на еваулација и

» други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на телата што го оценуваат квалитетот на високото образование.

Евалуацијата се врши преку евалуациони методи заради обезбедување на воедначен квалитет на високото оразование на единствениот европски простор за високо образование, се применуваат постапки и стандарди и насоките кои се применуваат од Европската асоцијација за евалуација во високото образование(ЕНЉА) и од други институции, оранизации и асоцијации кои вршат обезбедување на квалитетот на високото образование.

Согласно Законот за високо образование Одборот за евалуација, (теоретски постои-практично не функционира) кога би функционирал со своите права и обврски би :

» утврдувал дали проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразона дејност;
» одлучувал за акредитациата на научната установа која сака да ја врши високообразовната дејност на студии втор и трет циклус на студии;
» уврдувал дали високообразовната установа ги исполнува условите за организирање на студии за нови студиски програми и би утврудвал капацитетот за студирање на високообразовната установа;
» најмногу на секој пет години ќе го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражуачка, уметничка и стручна работа, на академскиот кадар и на студиските програми на високооразовните установи и врз основа на оценката би ја продолжувал или одземал акредитацијата;
» Од својата работа Одборот за евалуација ќе објавува извештаји за резултатите од надворешната евалуација и би доставувал извештај до Владата на Република Македонија, и би го информирал и министерот надлежен за работите на високото оразование за одобрените акредитации и за резултатите од евалуацијата.

Организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот поблиску се уредува со Правилник, по предходна добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Согласно Правилникот, може да се констатира дека функционира постапката за акредитација. (Што е акредитација-тоа значи потврдување или докажување на некој документ во конкретниот случај акредитирање на студиски програми, кои ги поднесуваат универзитетите од нивните соодветни факултети).

Од напред наведеното од акредитираните универзитети односно единици на факултети односно нивни студиски програми, за жал, може да се констатира дека Одборот за акредитација и „евалуација“ ги акредитира сите достасани барања за акредитирани студиски програми, иако во поголем дел приватни како и некои јавни униврзитети поконкретно дисперзирани единици потфрлаат по наведените критериуми и нормативи, не ги исполнуваат добиените акредитирани решенија и добиените решенија за почеток за работа добиени од Министерството за образование и наука.

## РАНГИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Квалитетот - Рангирањето на високообразовните институции во Р.Македонија се спроведува задолжително на секои две години. Такво рангирање е направено во академската 2013-2014 година, по барање на Министерството за образование и наука, а го изврши Шангајскиот Џио Тонг универзитет (Shanghai Jiao Tong university) од Народна Република Кина, рангирањето е објавено во 2014 година. Во рангирањето се вклучени 20 високообразовни установи запишани во регистарот на високообразовни установи. При тоа, користени се индикатори за академските перформанси и конкурентноста, а кои се одесуваат на клучните аспекти од работењето на овие високообразовни институции, како што се настава и учење, истражување и социјална димензија:

| | |
|---|---|
| Total number of degree-seeking students | Вкупен број на запишани студенти |
| Number of foreign students (degree-seeking) | Број на странски студенти (запишани студенти) |
| Number of students (degree-seeking) who received academic scholarships from Ministry of Education and Science | Број на студенти (запишани студенти), кои добиле академски стипендии од Министерството за образование и наука |
| Total number of undergraduate students (degree-seeking) | Вкупен број на додипломци (запишани студенти) |
| Total Number of 1st year students (degree-seeking) | Вкупен број на студенти запишани во прва година |
| Number of 1st year students (degree-seeking) who had participated in state matura examination | Број на запишани студенти во прва година кои полагале државна матура |
| Average score of those 1st year students (degree-seeking) who had participated in state matura examination | Просечна оценка на студентите запишани во прва година кои полагале државна матура |
| Total number of academic staff | Вкупен број на наставен кадар |
| Number of academic staff with doctoral or other terminal degrees* | Број на наставен кадар кои се доктори на науки или друга повисока академска титила (звање) |
| Number of academic staff with 1 year or above foreign work experience | Број на наставен кадар кои имаат една или повеќе години работно искуство надвор од земјата |
| Total institutional income | Вкупно приходи во институцијата |
| Annual spending on library resources | Годишна потрошувачка на библиотечни ресурси |
| Annual spending on IT infrastructure and equipment | Годишна потрошувачка на ИТ инфраструктура и опрема |
| Number of undergraduate-level degree recipients | Број на студенти на додипломски студии кои се стекнале со диплома |

| | |
|---|---|
| Number of undergraduate-level degree recipients who graduated within regular time | Број на студенти на додипломски студии кои дипломирале во предвидениот рок |
| Number of undergraduate-level degree recipients who had 3 months or above foreign study/practical experience | Број на студенти на додипломски студии кои се стекнале со диплома кои имаат престој на студии во странство/ практично искуство 3 или повеќе месеци |
| Number of undergraduate-level degree recipients who are available to work but jobless 6 months after graduation | Број на студенти на додипломски студии кои се стекнале со диплома кои може да работат, но се невработени после дипломирањето |
| Number of degree recipients in the field that leads to a regulated profession | Број на студенти на додипломски студии кои се стекнале со диплома во поле кое води до регулирани професии |
| Number of degree recipients who passed professional qualification tests at the time of graduation | Број на студенти кои се стекнале со диплома и кои ги положиле тестовите за професионална квалификација во времето на дипломирање |
| Number of doctoral degrees granted | Број на докторирани |
| Total research income | Вкупно приходи за истражувања |
| Research income from government fundings and inter-governmental organizations | Приходи за истражување кои се добиени од владини фондови и меѓувладини организации |
| Research income from industrial/ commercial companies and public corporations | Приходи за истражување кои се добиени компании и јавни корпорации |
| Number of papers published in peer reviewed journals | Број на објавени трудови во рецензирани списанија |
| Number of papers indexed by Web of Science | Број на трудови индексирани во Web of Science |
| Number of books published | Број на издадени книги |
| Number of patents issued | Број на издадени патенти |

Од извршеното рангирање-рејтингот на високообразовните институции е следен:

1. Универзитет „Свети Кирил и Методиј“-Скопје
2. Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
3. Униврзитет на Југоисточна Европа-Тетово
4. Универзитет за информатички науки и технологии„Свети Апостол Павле“-Охрид
5. Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола
6. Универзитет Американ Колеџ-Скопје
7. Меѓународен Балкански универзитет-Скопје
8. Универзитет ФОН-Скопје

9. Државен универзитет во Тетово
10. Европски универзитет-Скопје
11. Приватна висока школа за новинарство и односи со јавност-Скопје
12. Приватна висока стручна школа „Еуроколеџ"Куманово
13. Приватна висока стручна школа „Бизис Економија"-Скопје
14. Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје
15. Меѓународен универзитет Струга
16. Меѓународен славјански универзитет„Г.Р.Державин"-Свети Николе-Битола
17. МИТ универзитет-Скопје
18. Приватна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски"-Скопје
19. Универзитет за аудиовизуелни уметности-Европска филмска академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк
20. Универзитет „Евробалкан"-Скопје (Според податоци на МОН на Р.Македонија2014)

Рангирањето на високообразовните институции во Р.Македонија се спроведе и во академската 2015-2016 година, по барање на Министерството за образование и наука, а го изврши Шангајскиот Џио Тонг универзитет (Shanghai Jiao Tong university) од Народна Република Кина. Во рангирањето се вклучени 19 високообразовни установи запишани во регистарот на високообразовни установи. При тоа, користени се 21 индикатор за академските перформанси и конкурентноста, а кои се одесуваат на клучните аспекти од работењето на овие високообразовни институции, како што се настава и учење, истражување и социјални услуги.

И во ова рангирање Првиот универзитет „Свети Кирил и Методиј"во Скопје, е на првото место. За другите рангирани универзитети по листата не би сакал да се изјаснувам, но моите согледувања и познавања од инспекциската практика ми даваат за право за поопсежно преиспитување односно анализа на вредноста на секој универзитет.Со право има доста реакции од страна на некои универзитети во врска за квалитетот-рангот на листата, а нивните објаснувања се дека: „треба листата да се преиспита и корегира врз основа на објективизирани критериуми во однапред позната методологија на сите учесници во рангирањето во функција на целосно транспарентен и објективен процес и обезбедена непристрасност и контрола на квалитетот".

Во Република Македонија (до сега не е направено), има неминовна потреба за рангирање на квалитетот на факултетите по студиски програми по универзитети во јавните и приватните универзитети, поконкретно, вршење рејтинг на квалитетот по студиски програми (Правни, Економски, Медицински, Природно-математички Стоматолошки, Фармацевтски, Информатички, Уметнички, Спортски и слично) од Природно-математички науки, Техничко-технолошки науки, Медицински науки и здравство, Биотехнички науки, Општесвени науки и Хуманистички науки. Зошто е потребно. Потребно е пред се, да се согледа квалитетот на јавните и приватните факултети- насоки или студиски програми, можност идните кандидати – студенти да се определат и да извршат избор за нивно натамошно образование да се запознаат со квалитетот на акредитираните студиски програми - потребни на пазарот на трудот по завршување на студиите, за додипломски, постдипломски и докторски студии, условите за работа, наставата, наставниот кадар и слично.

Моите анализи укажуваат (од практиката-за некои универзитети),

постојат универзитети што не ги исполнуваат основните критериуми, согласно нормативите, а добиле акредитација од Одборот за акредитација и „евалуација", дури и за трет циклус акредитирани студиски програми. Некои универзитети имаат само по неколку редовно вработени професори, а имаат пет или повеќе факултети и многу студиски програми за кои им се дадени акредитации, а некои добиени акредитирани студиски програми дури се во мирување. Некои државни (дисперзирани) и приватни универзитети немаат просторни услови, немаат лаборатории, немаат можност за изведување на настава и вежби по групи, немаат нагледни средства, немаат наставници имаат само запишани студенти. Ваквиот пропуст драстично го намалува квалитетот на високото образование. За ваквиот пропуст една наша пријателска земја како што е Република Турција преку нивниот Совет за високо образование YOK – највисок орган за образование, не им ги признава дипломите кои ги завршиле на некои универзитети во Р.Македонија. Република Турција го укина Договорот број 98/11600, потпишан 1998 година меѓу Р.Турција и Р.Македонија за признавање на дипломите за средно, високо образование, магистерски и докторски студии и по 11.февруари 2017година, нема да ги признава дипломите стекнати во Република Македонија.

Самиот овој факт и дадена „образовна шлаканица" од страна на Р.Турција, доволно укажува и дава до знаење за преиспитување и зголемување на квалитетот на студиските програми чии дипломи Р.Турција ги нострифицира, како и преиспитување на Одборот за издадените акредитации по универзитети, како и зошто министерството за образование и наука во понатамошната постапка издава Решение за почеток со работа, кога не ги исполнуваат условите согласно Законот за високо образование-Уредбите за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност. Ваквата состојба, слободно можам да кажам е одраз на како што истакнав нефункционирање на Одборот за евалуација кој нормативно постои но не и во практиката односно не функционира, каде го согледувам и најголемиот пропуст за обезбедување, оценување и реализцијата на квалитетот во високото образование.

Од тие причини потребно е на ниво на Државата да профункционира Агенцијата за евалуација (не функционира, а треба согласно Законот за високо образование) кој ќе има надлежност да го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовата дејност, научно-истражувачката, уметничката и стручната работа, на академскиот кадар и на студиските програми на високообразовните установи и врз таа основа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата или како што наведувам во мојата книга: „По стапките на реформските процеси на образованието во Р.Македонија" да се формираат НЕЗАВИСНИ АГЕНЦИИ од компетентни лица од теоријата и практиката, афирмирани професори од универзитетите, кои ќе ги вреднуваат и акредитираат студиските планови и програми на факултетите. За нивната работа ќе треба да дадат отчет пред Владата на Република Македонија, како и пред Собранието на Република Македонија.

Мерки и критериуми за вреднување на квалитетот на високото образование во Република Хрватска

Согласно Законот за наука, обрзование и спорт на Република Хрватска, каде што во нивниот законски акт Правилник за мерките и критериумите за вреднување на квалитетот и реализацијата на високообразовните институции и студиски

програми ги спроведува преку Националниот совет за високо образование (Национален совет). Агенцијата за наука и високото образование (Агенцијата) е специјализирана установа задолжена за административните работи и постапката за вреднување. Агенцијата за својата работа му дава отчет на Националниот совет. За законската работа на Националниот совет, отчет за својата работа му дава на Министерството за наука образование и спорт, проверката од резултатите на квалитетот и реализацијата на високообразовните установи и студиските програми од поедини посебни подрачја од науката, уметностите и високото образование извештај за работата поднесува на Хрватското собрание, Владата на Република Хрватска или на министерот за наука, образование и спорт.

При вреднувањето на квалитетот и реализацијата на високообразовите установи, која го организира Агенцијата ги утврдува исполнетоста и реализацијата на високообразовната установа условите за добивање на дозвола-акредитација пропишани согласно Законот за научна дејност и високото образование и Правилникот за мерките и критериумите за основање на високо образовни установи, а ги бараат следните податоци и индикатори:

1. Опис на високообразовната установа (име, студии и насоки, научни проекти, внатрешната организациона поставеност, органите на високообразовната установа, број на административни и број на наставни лица),
2. Организација на студиские програми ( курикулум-наставен план, предавања, семинари, вежби), предвиден број часови за поедини предмети, број на дипломски работи, последипломски програми, соработка со други високообразовни установи и научни организации, критериуми и услови на пренос на ЕКТС-бодови)
3. Мисија, цели и предмет на високообразовните установи (примарна мисија и цели, специфични цели, содржини на програмата, можност за вработување на основа на стекнатата диплома, потикнување на програмата на самостојно учење и работа, современост на програмата)
4. Истражувачки програми и меѓународна соработка ( научни домашни и меѓународни проекти, соработка со меѓународните институции, публикување на домашни и меѓународни собири, мобилност на наставникот (работејќи во странство), соработка со други физички и правни субјекти)
5. Студенти (број на студенти по пол, видови на студии (предипломска и дипломска настава и последипломска настава), статус (домашни или странски, редовни или вонредни), број на студенти по поедини години на студии, по насоки и предмети), број на студенти кои се запишуваат на студии како прв и втор избор, просечно траење на студиите, меѓународни контакти (размена на студенти), студентски програми и проекти(вклучувајќи ERASMUS, CEPUS I dr.), организација на студентите, студентски активности, контакти со поранешни студенти (ALUMNI) и слично.)
6. Наставници (наставници-вкупен број наставно оптеретени во матичата установа и вон неа, академски степени на наставниците, научни и наставни звања, работни услови за наставникот, јавни функции кои ги извршуваат на високообразовните установи и јавни должности, активности на наставникот на проекти, семинари, конференции, менторство на јавно одбранети дипломски работи, мобилност на наставникот работа на друга високообразовна установа во земјата,

странство и слично).

7. Внатрешен механизам за обезбедување на квалитет (самоеваулација, развивање на индикаторите за квалитет, анкетирање на студентите, истражување успешност на студирање и причина за неквалитетна, неефикасна и предолго студирање, усовршување на наставникот (life-long learning), факти за усовршување на наставата, вклучување во програмите на електронско учење, усвојување на ISO стандарди во административниот дел на високообразовните установи, издавача дејност.). (Правилник за мерките и критериумите за вреднување на квалитетот и реализацијата на високообразовните институции и студиски програми на Р.Хрватска)

Мерки и критериуми за вреднување на квалитетот на високото образование во Република Бугарија

Извршениот рејтинг на високото образование по факултети - студиски програми во Република Бугарија, за академската 2014 година, а со цел идните кандидати-студенти да се определат и ориентираат професионално, да го продолжат своето образование на 52 професионални насоки односно студиски програми на 51 високообразовна установа од формирани 58 критериуми. Направен е рејтингот по клучни аспекти: наставен процес, научни истражувања, наставна средина, социјално-битови (секојдневни) и административни услуги, престижност, реализација и врска со пазарот на трудот, и по индикатори и тоа:

***Група 1. "Наставен процес"***

Индикатор 1.1 "Акредитација на програмите"
Индикатор 1.2 " Акредитација на институцијата"
Индикатор 1.3 "Задоволство од наставниот процес"
Индикатор 1.4 "Учество во стажирање"
Индикатор 1.5 "Интензитет на обуката"
Индикатор 1.6 "Меѓународна мобилност"
Индикатор 1.7 "Специјалности за обука на бакалаври"
Индикатор 1.8 "Специјалности за обука на магистри"
Индикатор 1.9 "Регулативни специјалности"
Индикатор 1.10 "Ексклузивност на наставниот кадар"
Индикатор 1.11 "Значајност на наставниот процес за наставниот кадар"
Индикатор 1.12 "Интензитет на наставата"

***Група 2. "Научни истражувања"***

Индикатор 2.1 "Индекс на цитираност на високообразовната институција - факултетот (Scopus)"

Индикатор 2.2 "Индекс на цитираност на високообразовната институција - факултетот (Web of Knowledge)"

Индикатор 2.3 "Индекс на цитираност според научната област (Scopus)"

Индикатор 2.4 "Индекс на цитираност според научната област (Web of Knowledge)"

Индикатор 2.5 "Индекс на цитираност без автоцитираност според научната област (Scopus)"

Индикатор 2.6 "Среден број (просечна) цитираност на документот (Scopus)"

Индикатор 2.7 "Среден број (просечна) цитираност на документот (Web of Knowledge)"

Индикатор 2.8 "Документи кои се цитирани барем еднаш (Scopus)"

Индикатор 2.9 "Документи кои се цитирани барем еднаш (Web of Knowledge)"

Индикатор 2.10 "Статии (трудови) во научни списанија (Scopus)"

Индикатор 2.11 "Статии (трудови) во научни списанија (Web of Knowledge)"

Индикатор 2.12 "Учество на студентите во НИД (научно-истражувачка дејност)"

Индикатор 2.13 "Докторски програми со професионална насоченост"

Индикатор 2.14 "Сооднос помеѓу докторанти / студенти"

Индикатор 2.15 "Докторски програми во високото образование – на факултетите"

Индикатор 2.16 "Вкупно средства за НИД по студент"

Индикатор 2.17 "Добиени средства преку спонзорство за НИД по студент"

Индикатор 2.18 "Значајност на научните истражувања за професорите"

Индикатор 2.19 "Интензитет на научната работа"

Индикатор 2.20 "Употребливост на научните достигнувања и услуги од работодавците"

***Група 3. "Наставна средина"***

Индикатор 3.1 "Садисфакција од наставната средина"

Индикатор 3.2 "Стопански инвентар"

Индикатор 3.3 "Опрема"

Индикатор 3.4 "Библиотечен фонд по студент"

Индикатор 3.5 "Употребливост на библиотечниот фонд"

Индикатор 3.6 "Овозможување на информативен пристап"

Индикатор 3.7 "Просторни услови"

Индикатор 3.8 "Значајност на наставната средина за наставниот кадар"

***Група 4. "Социјално-битови (секојдневни) и административни услуги"***

Индикатор 4.1 "Стипендии"

Индикатор 4.2 "Садисфакција од социјално- битовите и административни услуги"

Индикатор 4.3 "Самоевалуација на администрацијата за социјално-битовите и административните услуги"

Индикатор 4.4 "Студентски домови"

Индикатор 4.5 "Значење на социо - битовите и административните услуги за наставниот кадар"

***Група 5. "Престижност"***

Индикатор 5.1 "Среден (просечен) успех од дипломата за завршено средно образование"

Индикатор 5.2 "Странски студенти"

Индикатор 5.3 " Престижност меѓу студентите"

Индикатор 5.4 " Престижност меѓу работодавците"

Индикатор 5.5 " Престижност меѓу наставниот кадар"

Индикатор 5.6 "Значајност од престижноста за наставниот кадар"

Група 6. "Реализација и врска со пазарот на трудот"

Индикатор 6.1 "Примена на стекнатото високо образование"

Индикатор 6.2 "Невработеност меѓу дипломираните"

Индикатор 6.3 "Осигурани приходи на дипломираните"

Индикатор 6.4 "Придонес кон системот за осигурување"

Индикатор 6.5 "Сооднос на осигурителниот приход на дипломираните

спрема просечната плата за областа"

Индикатор 6.6 "Регионална значајност"

Индикатор 6.7 "Значајност во реализацијата за наставниот кадар"

## МЕРКИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Во 2010 година CHE (Центарот за развој на високото обраование) почна да го развива системот за рангирање за албанските високообразовни институции, кој бил пуштен како пилот по бројот на институции. Рангирањето било следено од страна на Албанското министерство за образование и наука со цел да се зголеми транспарентноста на албанскиот високообразовен систем и да се даде информација на напредните студенти, тие да можат да се информираат за нивниот избор, за изборот што можат да го направат во нивните студии и тоа преку показатели и испитаници за актуелниот начин на работа во Албанското високо образование.

Индикаторите се инфилтрирани со 9 димензии. Освен мултидеминзиалноста, рангирањето е базирано и се употребува ранг групи и тоа:

Топ или врвни групи: профил на студентот , резултати од студијата и интернационални ориентации,

Средни групи: Истражување, настава и учење и објекти

Долни групи: Пазар на трудот, севкупна оценка (студенти, професори), град, универзитет

Со ваквиот начин на мултидимензионални полиња се рангира Албанскиот високообразовен систем. (R.Albanija, CHE-Centre for Higher Education 2010)

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ѓ.Илиевски,Европските трендови во високото образование, Просветно дело бр2,Скопје 2009
2. Ѓ.Илиевски,По стапките на реформските процеси на образованието во Р.Македонија,Алфа Медијапринт,Скопје 2012
3. Н.Петров,Болоњските процеси и високошколските институции во Р.Македонија, Просветно дело,бр 2,Скопје2009
4. Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14).
5. Рејтинг на висшите училиша в Блгарија 2014, http:// rsvu.mon.bg
6. Правилник, за мерките и критериумите за вреднување на квалитетот и реализација на високите образовни установи и студиските програми,Министерство за наука, образование и спорт,Р.Хрватска
7. Извештај CHE-Centre for Higher Education 2010 R.Albanija)

373.3.091.212:159.923(497.7+470)

М-р Милена Спасовска, e-mail: spasovska.milena@gmail.com
МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Р. Македонија

М-р Николај Уточкин, e-mail: utochkinikolai@gmail.com
ТДУ Г.Р. Державин“ – Тамбов, Русија

Проф. д-р Диана Белевска, e-mail: diana.belevska@t-home.mk
МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Р. Македонија

Проф. д-р Нина Коваљ, e-mail: kafspsy@mail.ru
ТДУ Г.Р. Державин“ – Тамбов, Русија

# ОПТИМИЗАМ И ПЕСИМИЗАМ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА

**Апстракт:** Ова истражување беше спроведено со цел да се испита нивото на оптимизам и песимизам кај учениците во средните училишта во Македонија и Русија, и разликите во присуството на оптимизам и песимизам во однос на националност и пол. Истражувањето е спроведено на примерок од 101 ученик во средни училишта во Македонија и Русија, од кои 50 се од руска националност, а 51 од македонска националност, на средна возраст од 16,82 години. Резултатите од истражувањето покажуваат дека учениците во средните училишта во Македонија и Русија во поголема мера се оптимистични, и дека постојат разлики во нивото на оптимизам и песимизам во однос на националност и пол.

**Клучни зборови**: оптимизам, песимизам, ученици, Македонија, Русија

# OPTIMISM AND PESSIMISM AMONG HIGH SCHOOL STUDENTS IN MACEDONIA AND RUSSIA

**Abstract:** This research was conducted in order to examine the level of optimism and pessimism among high school students in Macedonia and Russia, and the differences in the level of optimism and pessimism in relation to nationality and gender. The research was conducted on a sample of 101 student in high schools in Macedonia and Russia, of which 50 are of Russian nationality and 51 are of Macedonian nationality, on the average age of 16,82. The results of the research show that the students in high schools in Macedonia and Russia are generally optimistic, and that there are differences in the level of optimism and pessimism by nationality and gender.

**Key words**: optimism, pessimism, students, Macedonia, Russia

## ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ

Важна компонента на индивидуалната добросостојба која современата психологија се повеќе ја истражува е присуството на оптимизам и песимизам како индивидуални особини, и истите се поврзуваат со задоволството и квалитетот на живот на личноста. Оптимизмот според Шеер и Карвер се дефинира како стабилна тенденција „да се верува дека ќе се случат повеќе добри отколку лоши

работи", односно е поврзана со позитивни очекувања на индивидуата за идните настани. (Scheier&Carver, 1985) Според ова определување, оптимистите се луѓе кои очекуваат работите да се одвиваат позитивно, и овие очекувања се стабилни низ контекст и време. Спротивно на ова, песимизмот е генерална тенденција да се очекуваат негативни исходи, односно гледање на најлошиот аспект на нештата.

Изучувањето на природата на оптимизмот и песимизмот во однос на индивидуалните разлики е предмет на интерес на се повеќе истражувачи на полето на психологијата. Тајгер (1979) го определува оптимизмот како расположение или став поврзан со очекувања за социјалната или материјална иднина – оние која личноста ги оценува како социјално посакувани, и од кои има корист или задоволство. Оптимизмот е една од најадаптивните и најодредувачки карактеристики на индивидуата, и според овој автор е присутен кај секоја личност во помала или поголема мера. Сајкс (1984) го дефинира оптимизмот како„склоност да се има поволни погледи", или „надежна диспозиција".[1] Со други зборови, оптимизмот е генерално очекување на позитивни исходи. Според Карвер, Шреер и Сегерсторм (2010), оптимизмот е индивидуална диференцијална променлива која е одраз на степенот на поволни очекувања од иднината (го користат изразот диспозиционен оптимизам). Повисоко ниво на оптимизам се поврзува со подобра субјективна добросостојба во неповолни или тешки периоди. Во контекст на ова, оптимизмот се поврзува со повисоко ниво на способности за справување со проблемите, со подобро физичко здравје, социо-економски придобивки, повисоки достигнувања во образованието, повисок приход итн.[2]

Во денешните услови на живеење, според Питерсон, оптимизмот е пожелна карактеристика и важна компонента на човековото функционирање. Современите теории го третираат оптимизмот како когнитивна карактеристика – како цел, очекување, или како каузална карактеристика – која има смисла додека верувањето се однесува на прашања поврзани со иднината за кои личноста има силни чувства, и може да биде мотивиран, но и мотивирачки. (Peterson, 2000) Според овој автор, оптимизмот води до постигнување на целите, додека песимизмот доведува до откажување. Оптимизмот се поврзува со позитивно расположение, добар морал, упорност и ефикасност во решавање на проблемите, со академски, професионален, спортски, политички успех, популарност, добра здравствена состојба и долг живот, додека пак песимизмот наговестува депресија, пасивност, слабост, социјална изолација, влошено физичко здравје. Оптимистите имаат самодоверба и истрајни се во различни животни предизвици, додека песимистите се сомневаат и колебливи се во исти ситуации.

Оптимизмот и песимизмот се генерализирани верзии на доверба и сомнеж кои се однесуваат на животот, наместо на еден специфичен контекст. (Scheier & Carver, 1992) Песимистичните луѓе се оптоваруваат со вина, и во оваа интерпретативна шема, негативните интерпретации на поединецот во врска со настаните влијаат врз нивните очекувања да имаат контрола над идните настани, и последователно на ова, тие влијаат на чувствата и однесувањето. (Maruta, 2000) Според Селигман (2001), начинот на кој луѓето ги интерпретираат нивните неуспеси и порази ја прави разликата меѓу оптимизам и песимизам. Исто така, според некои автори, тие се под влијание на опкружувањето и искуствата во животот на индивидуата. (Robinson-Whelan, et al., 1997) Во Русија, повеќе истражувачи ги одредуваат

1 Skyes, J. B. (1984). The concise Oxford dictionary of current English (7 Ed.). Oxford: Oxford University
2 Carver, C. S., Scheier, M. F., & Segerstrom, S. C. (2010). Optimism. Clinical Psychology Review, 30, 879-889

оптимизмот и песимизмот како „структурни когнитивни персонални диспозиции, кои вклучуваат позитивен/негативен експланаторен стил (како оцена и начин за објаснување на причините кои доведуваат до позитивни или негативни исходи), надеж-безнадежност (како позитивни/негативни очекувања во специфични ситуации во иднината, подготвеност за дејствување за постигнување на саканите цели), и самоефективност (како верување во ефективноста на сопственото дејствување). (Коваль и Уточкин, 2016)

Дел од истражувачите кои работат во оваа област не се согласуваат дека секогаш оптимизмот е добра карактеристика, а песимизмот лоша, и ги истакнуваат позитивните и негативните страни на тоа да се биде оптимист/песимист. Според Хилман (2014) песимизмот од една страна може да изгледа како деструктивна карактеристика, но всушност може да биде корисна и да спречи невнимателни дејствија или преземање на непотребни ризици, да поттикне преземање мерки на претпазливост и да влијае на креирање план за непредвидливи ситуации.[3] Оптимистичните луѓе кои имаат превисоки очекувања за исходите во различни ситуации, може да бидат помалку мотивирани да се обидат да ги подобрат нивните околности. Овој автор истакнува дека најздрава позиција е да се држи баланс меѓу двете крајности, но да се фаворизира оптимизмот. Оптимизмот и песимизмот можат да бидат добри мотиватори, емоционалната компонента која ја содржат ги прави влијателни во животот на индивидуата. (Armor, 2011)

Истражувањата кои се правени на популација ученици во средно училиште и млади возрасни покажуваат дека оптимистичните ученици веруваат во позитивни можности во иднина, и тоа е поврзано со активност, упорност, здрави механизми за справување со стресот, додека песимизмот е поврзан со емоционална болка, здравствена проблеми и негативно справување. Исто така, кај песимистичните ученици се забележува повеќе стрес, депресивност, анксиозност, осаменост и влошено здравје. (Sitimela Joseph, 2004) Оптимизмот според Маршал и соработниците (1992) е позитивно поврзан со екстровертноста и позитивни емоции, додека пак песимизмот се поврзува со невротичност и негативни емоции. [4] Истражување за оптимизмот и песимизмот кај млади возрасни покажува поврзаност на оптимизмот со поголемо задоволство од животот, додека песимизмот е поврзан со присуство на депресивни симптоми. (Chang et al, 2009)

Генерално, оптимизмот е карактеристика на личноста која се поврзува со позитивни очекувања во однос на иднината, додека пак песимизмот е поврзан со очекување на негативни исходи. Истражувањето кое беше спроведено во периодот од декември 2016 до март 2017 година на ученици во средни училишта во Македонија и Русија, има за цел да го истражи присуството на оптимизам и песимизам кај оваа популација.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување е нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија, и разликите во присуството на оптимизам и песимизам во однос на националност и пол. Основна

3 Hillman, K. (2014). The psychology of pessimism and optimism. Преземено на 15 март 2017. http://www.psychology24.org/the-psychology-of-pessimism-and-optimism/

4 Marshall, Grant N.; Wortman, Camille B.; Kusulas, Jeffrey W.; Hervig, Linda K.; Vickers Jr., Ross R. (1992). Distinguishing optimism from pessimism: Relations to fundamental dimensions of mood and personality. Journal of Personality and Social Psychology, Vol 62(6), 1067-1074

цел на истражувањето е преку дескрипција да се добијат сознанија за нивото на оптимизам и песимизам кај оваа популација, и истото има квалитативен и квантитативен карактер.

Во истражувањето се определени следните хипотези:

1. Постојат разлики во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија;
2. Постојат полови разлики во нивото на оптимизам и песимизам кај кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија.

Како зависни варијабли во истражувањето се определуваат пол и националност, а како независни варијабли се определуваат оптимизам и песимизам.

Во истражувањето се примени дескриптивен научен метод, со основните истражувачки методи на индукција и дедукција, анализа и синтеза. За потребите на истражувањето е користена техниката тестирање и применет е инструментот LOT-R тест (Life Orientation Test-Revised) кој е наменет за мерење на нивото на оптимизам/песимизам кај личноста. Тестот е составен од 10 тврдења, а испитаникот го изразува согласувањето или несогласувањето со дадените тврдења на скала од пет точки (1-воопшто не се согласувам, 5-потполно се согласувам).

Истражувањето е спроведено на пригоден примерок, на вкупно 101 ученик во средно училиште. Од нив N=51 се ученици од СОУ „Кочо Рацин" – Свети Николе, Р. Македонија, на возраст од 15 до 18 години (просечна возраст M=16,68), од женски (N=25) и машки пол (N=26). Останатите N=50 испитаници се ученици во специјализирани паралелки на Одделот за предуниверзитетска обука при ТДУ „Г. Р. Державин" – Тамбов, Русија. Испитаниците се на возраст од 15 до 18 години (просечна возраст M=16,82), од женски (N=25) и машки пол (N=25).

| Националност | Пол | Пол | N | % |
|---|---|---|---|---|
| | Машки (N) | Женски (N) | | |
| Македонци | 26 | 25 | 51 | 50,5% |
| Руси | 25 | 25 | 50 | 49,5% |
| Вкупно | 51 | 50 | 101 | 100% |

***Табела 1. Приказ на структурата на примерокот по пол и националност***

Добиените резултати се обработени во програмата Excel на ниво на дескриптивна статистика, со пресметување на аритметички средини, проценти и графички прикази. Податоците соодветно се анализирани и интерпретирани.

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

По направената дескриптивна анализа на сите податоци, добиени се скорови за нивото на оптимизам и песимизам кај испитаниците. Со LOT-R тестот се добива еден скор на целиот тест кој го изразува нивото на оптимизам/песимизам кај личноста, односно е општ показател на оптимизам/песимизам. Минимален скор на тестот е 0 (екстремен песимизам), максимален е 24 (екстремен оптимизам), со просечна вредност M=12. Сите вредности под средната вредност покажуваат песимистичност во поголема мера, додека сите вредности над средната вредност покажуваат оптимистичност во поголема мера. Резултатите се прикажани табеларно и графички.

| Националност | Пол | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | | | Женски | | | | | |
| | Min | Max | Среден скор | Min | Max | Среден скор | Min | Max | Среден скор |
| Македонци | 2 | 24 | 13,9231 | 5 | 22 | 15,08 | 2 | 24 | 14,4902 |
| Руси | 8 | 24 | 17,48 | 5 | 24 | 16,28 | 5 | 24 | 16,88 |
| Просечни - ПОЛ | 5 | 24 | 15,7 | 5 | 23 | 15,68 | | | |

***Табела 2. Приказ на добиени резултати од тестирање со LOT-R тестот***




***Графикон 1. Приказ на добиени резултати од тестирање со LOT-R тестот***

Според резултатите кои се прикажани табеларно и графички, може да се забележи дека испитуваните групи во поголема мера се оптимистични - постигнатите скорови ја надминуваат средната вредност M=12. Добиените резултати покажуваат дека постои разлика во скоровите според националност, односно руските ученици се пооптимистични (M=16,88) од македонските ученици (M=14,5). Кај руските ученици минимален добиен скор е Min=5, а максимален скор е Max=24, додека кај македонските ученици минимален добиен скор е Min=2, а максимален скор е Max=24.

Според полот, добиена е приближно иста средна вредност во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од машки (M=15,7) и женски пол (M=15,68). Минимален среден скор кај учениците од машки пол е Min=5, а максимален среден скор е Max=24. Кај учениците од женски пол минималниот среден скор е Min=5, а максималниот среден скор е Max=24.

Иако глобалниот среден скор не покажува разлика во нивото на оптимизам и песимизам во однос на полот, се забележува разлика во однос на полот според националност. Испитаниците од женски пол од македонска националност се пооптимистични (M=15,08) од испитаниците од машки пол (M=13,92). Кај учениците од руска националност пооптимистични се испитаниците од машки

пол (M=17,48) за разлика од испитаниците од женски пол (M=16,28).

Истражувањето за нивото на оптимизам и песимизам во однос на полот покажува дека руските ученици од машки пол се пооптимистични (M=17,48) од македонските ученици од машки пол (M=13,92). Исто така, руските ученици од женски пол се пооптимистични (M=16,28) од македонските ученици од женски пол (M=15,08).

*Резултатите од истражувањето покажуваат дека учениците во средните училишта во Македонија и Русија во поголема мера се оптимистични. Интерпретираните резултати ги потврдуваат истражувачките хипотези, односно постојат разлики во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија, и постојат полови разлики во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија.*

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Спроведеното истражување за нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија покажува дека учениците во поголема мера се оптимистични, односно имаат позитивни очекувања за иднината. Истражувањето покажува дека постојат разлики во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците во однос на националност и пол. Според добиените скорови од спроведеното тестирање со LOT-R тест, руските ученици се пооптимистични од учениците во средните училишта во Македонија. Во однос на полот, учениците од женски пол од Македонија се пооптимистични од нивните машки соученици. Во Русија пооптимистични се испитаниците од машки пол за разлика од испитаниците од женски пол. Руските ученици од машки пол се пооптимистични од македонските ученици од машки пол, исто како руските ученици од женски пол кои се пооптимистични од македонските ученици од женски пол.

Иако разликите во нивото на оптимизам и песимизам кај учениците од средните училишта во Македонија и Русија се мали, сметаме дека се должат на различните социо-економски услови на живеење, и на културните и индивидуалните разлики во разбирањето на оптимизмот и песимизмот. Резултатите од истражувањето можат да придонесат за проширување на теоретските концепти за оптимизам и песимизам и да бидат основа за понатамошни истражувања во областа. Исто така, добиените резултати можат да се искористат во работа со учениците за балансирање на нивото на оптимизам и песимизам преку психолошко советување, како и за развивање на програми за подобрување на квалитетот на живот и личен развој на учениците во средните училишта.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Aspinwall, A.G., Sechrist, G.B., Jones, P.R. (2005). Expect the Best and Prepare for the Worst: Anticipatory Coping and Preparations for Y2K. Motivation and Emotion, Vol. 29, No. 4, 357 – 388
2. Chang, E. C., Chang, R., & Sanna, L. J. (2009). Optimism, pessimism, and motivation: Relations to adjustment. Social and Personality Compass, 3(4), 494–506
3. Коваль, Н., Уточкин, Н. (2016). Оптимизм как психологический феномен

в представлениях студентов. Меѓународен дијалог: ИСТОК-ЗАПАД (Психологија и образование),3, 95-98
4. Massey, Cade, Joseph P. Simmons, and David A. Armor (2011), "Hope Over Experience: Desirability and the Persistence of Optimism," Psychological Science, 22, 274-281
5. Maruta, T., Colligan, R. C., Malinchoc, M., & Offord, K. P. (2000). Optimists vs. pessimists: Survival rate among medical patients over a 30-year period. Clinic Proceedings, 75, 140-143
6. Peterson, C. (2000). The future of optimism. American Psychologist, 55(1), 44-55
7. Peterson, C., Seligman, M. E. P. (1984). Causal explanations as a risk factor for depression: Theory and evidence. Psychological Review, 91, 347-374
8. Robinson-Whelan, S., Kim, C., MacCullam, R. C., & Kiecolt-Glaser, J. K. (1997). Distinguishing optimism from pessimism in older adults: is it more important to be optimistic or not to be pessimistic? Journal of Personalityand Social Psychology, 73, 1345±1353
9. Scheier, M. F., & Carver, C. S. (1993). On the power of positive thinking: The benefits of being optimistic. Current Directions in Psychological Science, 2, 26-30
10. Seligman, M. E. P. (1991). Learned optimism. Knopf: New York
11. Sitimela Joseph, R. (2004). The influence of optimism and pessimism on the psycho-physical wellness of learners in grades 8-12. Преземено на 05.03.2017.
12. https://dspace.nwu.ac.za/bitstream/handle/10394/2412/radebe_sj.pdf?sequence=1
13. Tiger, Lionel (1979). Optimism: The Biology of Hope. Simon and Schuster
14. Уточкин Н., Спасовска, М. (2017). Психологическая характеристика оптимизма в структуре принятия решения о выборе профессии. Психолог и вызовы современного мира, 65-70

15.922.63.018

Билјана Илиев, e-mail: biliev@live.com
Универзитет „Св. Кирил и Методиј " – Скопје

# ПСИХОЛОШКИ ПРОМЕНИ И ПСИХИЧКИ ПОРЕМЕТУВАЊА ВО ТЕК НА СТАРЕЕЊЕТО И СТАРОСТА

**Апстракт**: Промената на структурата на населението со порастот на бројот на стари лица а со тоа и психичките пореметувања, а и новите сознанија за процесите на стареење и староста, причина се да се заштити менталното здравје на старите лица во развиените земји, денес се дава поголемо значење. Психијатрите и психолозите го разгледуваат проблемот на психичките пореметувања во старечка возраст. Ги прикажуваат современите теории за етиопатогенезата на овие пореметувања, психодинамските аспекти на процесот на стареење и староста. Денес се преземаат психофармаколошки, психотераписки и социотераписки мерки за овој животен циклус, а посебно значење се придава на превенција на пореметувањата за да се живее квалитетна старост.

**Клучни зборови**: страри лица, психички пореметувања, стареење,старост, психофармаколошки, психотераписки и социотераписки мерки

# PSYCHOLOGICAL DISORDERS AND PSYCHOLOGICAL CHANGES DURING AGING AND AGE

**Abstract**: The change of population structure with the growing number of older people and thus mental disorders, and new knowledge about the processes of aging and age, the reason is to protect the mental health of the elderly in developed countries, it gives greater meaning. Psychiatrists and psychologists have discussed the problem of mental disorders in nursing age. Showing contemporary theories of the pathogenesis of these disorders, psychodynamic aspects of the aging process and age. Today undertaken psihofarmakological, psychotherapeutic and socioterapeutic measures for the lifecircle of particular importance attaches to the prevention of disorders to live a quality age.

**Key words**: older persons, psychiatric disorders, aging, age, psihofarmakological, psychotherapeutic and socioterapeutic measures

Последниве години во многу земји во светот на заштитата на менталното здравје на сталите лица се придава поголема грижа од порано. Една причина за тоа е промена на структурата на населението со порастот на бројот на старите лица, а со тоа и на психичките пореметувања, а другата причина се новите сознанија за процесите на стареењето и староста. Една од основните сознанија на науката е дека стареењето на единката и на населението две различни појави. Првата е во функција на траењето на животот, а другата е поврзана со демографските промени. Со птоблемот на стареење денес се занимаваат различни науки, а во поново време се развиле и посебни дисциплини – геронтологија и геријатрија со специфични подрачја како што се социјална геријатрија, експериментална геријатрија, психогеријатрија. Геријатријата претставува медицинско подрачје на геронтологијата, таа проучува што медицината може да направи за да се одржи

добро здравје на старите особи, да спречи и да одложи појавување на разни болести кои кај старите особи често се јавуваат. Геријатријата во истражувањето применува најприкладни начини на лечење и рехабилитација на старите лица. Кај старите лица покрај медицинските, во голема мера се применуваат и многубројни социјални, економски и други фактори кои со медицинските се тесно поврзани па не може одвоено да се разгледуваат и решаваат. Научна област во која тие проблеми посебно се истражуваат се нарекува социјална геријатрија. Научна област во која тие проблеми посебно се истражуваат се нарекува социјална геријатрија, додека истржувањата на регресивните ( инволутивните, старечките) појави кои претставуваат суштна на процесот на стареење спагаат во доменот на експерименталната геријатрија. Психогеријатријата е подрачје на геријатријата која го истражува настанувањето и развојот на психичките алтерации на старите лица, се бави со нивна превенција, лечење и рехабилитација на старите лица со психолошки промени и психички пореметувања. Последните стотина години просечното трање на должината на животот се зголемило повеќе од два пати, но се зголемил и бројот на на психички пореметувања кај старите лица што има значење за социјалниот образец на поединецот, семејството и заедницата. Општествените промени се причина за многубројни психолошки и социјални трауми кои интензивно влијаат на психичкото здравје на поединецот, заедницата, а посебно на старата популација.

Најчести психички пореметувања во пресениумот се неурозите, а по нив доаѓаат:

1. Психозите во инволуција во потесен смисол,
» инволутивна депресија
» параноидни психози и парафренија
2. Пресенилни психози
» Пикова болест,
» Алцхајмерова болест
3. Психолошки промени во склоп на физиолошкиот сениум
4. Социопсихолошките влијанија
5. Органски етиолошки фактори како причина за психички промени кај стари лица
» цереброваскуларен синдром,
» сенилен инфективен психосиндром,
» постенцефалитичен психосиндром,
» сенилен посттрауматски психосиндром
6. Психопатолошки пореметувања во сениумот предизвикани со психоафективни и социоекономски фактори
7. Подрачјето на емоционалниот живот
8. Карактерни промени во сениумот
» сенилни депресивни психози
» сенилни параноидни состојби
» конфузно – делириантни состојби
» сенилни деменции

Границите меѓу тие две големи морбидни групи не се многу големи.

Овде ќе ги објасниме неурозите, а ќе ги наброиме останатите психички пореметувања кои настануваат покрај овие две големи групи.

**НЕУРОЗИ**

Неурозите треба да се одвојат од оние неурози кои кај тие особи постоеле и порано и претставуваат само продолжување на поранешната патологија. Најчесто кај неурозите во старечка возраст е хипохондричниот синдтом со тегоби на дигестивниот и кардиоваскуларниот систем. Во некои случаи со телесните тегоби постои и неизвесност, неспокојство и страв. Неретко во основата на неуротичните жалби се наоѓат емотивни промени, субдепресивни и депресивни расположенија кои долго време можат да останат неприметени. Може да се случи депресијата да се појави како реакција на веќе споменатите хипохондрични жалења и како патолошко реагирање на некоја непријатна ситуација. Друг чест облик на неуроза во инволуцијата е депресивната симптоматологија со соматски еквиваленти со чувство на постојан умор и внатрешна напнатост.

Нарушувањата на сонот произлегуваат од долготрајна внатрешна напнатост, а чувството на умор е дел поради несоницата, а дел е на неуротичките реакции на слабеење на половата моќ. Со тоа се во врска и неретките агресивни пулзии насочени кон себе и кон другите. Во склоп на неуротичките промени опишана е и друга симптоматологија: преосетливост, раздразливост, апатија, желба за самоистакнување, вербална агресивност и противење, чувство на неадекватност и отфрленост како преодно потенцирање на на сексуалните нагони кои може да доведат до девиации. Често постои и зголемување на сексуалните желби кои претставуваат еден вид компензација за намалување на сексуалната моќ. Неуротските симптоми често се манифестираат на претеран начин и театрално и со драматизација, кое е важно да се има на ум во психотераписките постапки. Појавата на се поголем број неурози и сознанијата за нивната генеза се повеќе ги ангажираат лекарите да се баваат со нивно лекување и да се менува ставот на лекарите кон превенцијата и лекувањето на неурозите. Познатое дека порано се заземал негативен став кон овие пореметувања. Основно лекување е индивидуална психотерапија и тоа површинска или длабинска, групна психотерапија и социотерапија. Примена на психофармакологија сама или во комбинација со психотерапијата и социотерапијата може во некои случаи да биде од големо значење.

На неуротските сенилни пореметувања во староста имсе придава поголемо значење отколку порано. Причината поради која овие пореметувања порано биле занемарувана се објаснува со тоа што невротските пореметувања во таа возраст имаат посебни одбележија кои произлегуваат од промената на структурата и активноста на нервниот систем која влијае на патопластиката на неурозите. Денес неурози во сениумот се откриваат се почесто од порано, а подобро се разбира и нивната психодинамика за настанување. Честа е појавата на сенилен хипохондриски синдром кој етиолошки се поврзува со социјалната изолација кој еден од основните феномени на староста. Тој синдром е многу близок на депресивните содржини кај старите лица. Синдромот во прв ред претставува неуротично пореметување иако никако не треба да се занемари присуството на придружни телесни симптоми, како што се засилен замор и исцрпеност и многу други промени кои претставуваат директна последица на органскиот сенилен процес односно промените на мозокот и другите органи. Најчести невротични симптоми во старечка возраст се: анксиозност, фобични и опсесивни симптоми, состојби на напнатост и неспокојство. Неуротичната симптоматологија влијае на социјалното однесување на ова население. Нивното прифаќање на околината

поради изнесената симптоматологија е отежнато. Околината ги дразни и иритира и не им го прави животот пријатен и среќен. Тие се чувствуваат беспомошни, некорисни, осамени, стравуваат од зголемената зависност од другите, од болести и смрт. Иако во настанувањето на неурозите кај оваа популација се работи за механизмот на потиснување, ова на старите лица не води до решавање на нивните егзистенцијални, психолошки и други проблеми. Невротичните тегоби во сениумот често се поврзани со бројни телесни симптоми како и симптоми од централниот нервен систем што ја отежнува нивната дијагностика. На социјален план неуротичните состојби обично не се манифестираат во поголема мера, но со други манифестации во сениумот кои се однесуваат на соматски диференцирана состојба може давлијае на продлабочување на психопатолошките појави кои се карактеристични за старечка возраст.

Во денешно време се смета да невротичните пореметувања во сениумот не претставуваат дефинитивна и иреверзибилна состојба па со поголемо разбирање за старите особи и нивните проблеми можат повеќе од порано да се спроведе лекување со психотерапија, социо – тераписки постапки и психофармацевтски.

**ПРЕВЕНЦИЈА**

» Да се запознаат многубројните фактори кои влијаат на процесот на стареење на поединецот и популацијата
» Да се намалуваат влијанијата на неповолните фактори, а да се потикнуваат оние поволните со кои се намалуваат проблемите во староста
» Да се чуваат телесното и психичкото здравје, да се збогатат психолошките и социјалните компоненти на животот и староста
» Да се откријат и спречат првите настапи на психосоцијална дезадаптација во стаечка возраст, па така да се овозможи реализација на другите задачи
» Да се спроведат социотераписки и рехабилитациски постапки со кои се воспоставуваат складнипсихолошки и социјални односи на старите лица во заедницата
» Рано откривање на првите знаци на декомпензација и запознавање на факторите кои се важни за нивно настанување
» Користење на индивидуални или групни психолошки постапки за спречување на настанувањето или терапијата на психичка декомпензација
» Подржување на различни облици на друштвени активности за стари лица
» Ангажирање на општеството да се однесува со поголемо внимание кон старите лица

**КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА**

1. Белевска, Д.; Филиповска, А.; Чадловски, Ѓ. (2010), Медицинска психологија, Скопје: Просветно дело
2. Георги Чадловски – ( 2004 ) Психијатрија том 2 , Скопје: Просветно дело
3. Проф. Д-р Меглена Ачкова – ( 1999 )Психијатрија, Бугарска Национална Академија по Медицина, Издавач „ Знание" ЕООД
4. Каплан и Садок ( 2012 ) Сеопфатен учебник по психијатрија, издавач Табернакул

616.895.4

Билјана Илиев, e-mail: biliev@live.com
Универзитет „Св. Кирил и Методиј " – Скопје

# ПРИЧИНИ И ТРЕТМАН НА ДЕПРЕСИЈА

**Апстракт:** Иако во терминологијата на двете најчесто користени нозологични класификации МКБ-10 и DSM-IV постојат разлики, главните црти на депресивниот синдром се: депресивно расположение, губење на искуство за задоволство, недостаток на енергија, песимистички размислување, значително нарушување на општото, семејното, општественото и работно функционирање.

Депресивните епизоди се карактеризираат со: намалено расположение, губење на интересот и задоволствата, намалување на психичката и физичката енергија и активноста, ментален и телесен замор, намалување на вниманието и концентрацијата, намалување на себедоверието и себеценењето, чувство на вина и безвредност, идеи на самоповредување и самоубиство, нарушено спиење и намален апетит. Намаленато расположение варира од ден на ден и постои тренд кон дневни варијации.

Причини - Денес најактуелни се: генетски условеност, биохемиски промени, невроендокрини, мембранска-електролитна хипотеза, холинергичните хипотези, хронобиолошки хипотези, невроанатомски и неврофункционални промени, невроендокрина дисрегулација, невротрансмитерска дисфункција, временски и денонoќен ритам, психолошки и социјални фактори, психолошки теории, социолошки теории.

Третман на депресијата - постојат три главни типови лекување на депресијата: медицинска, психолошка и социјална. Справување со депресија често вклучува комбинација од овие типови.

**Клучни зборови**: депресија, причини за депресија, третман на депресија.

# CAUSES AND TREATMENT OF DEPRESSION

**Abstract:** Although the terminology of the two most commonly used nosological classifications ICD-10 and DSM-IV there are differences, the main features of the depressive syndrome: depressed mood, loss of experience pleasure, lack of energy, pessimistic thinking, substantial impairment of general, family , social and work dysfunctioning.

Depressive episodes are characterized by: reduced mood, loss of interest and pleasure, reduce mental and physical energy and activity, mental and physical fatigue, reduced attention and concentration, feelings of guilt and worthlessness, ideas of suicide, sleep disturbances and decreased appetite. Decreased mood varies from day to day and there is a trend towards daily variations.

Reasons - genetics conditionality, biochemical changes, neuroendocrine, membrane electrolyte hypothesis, cholinergic hypothesis hronobiological hypotheses, neuroanatomically and neurofuntional changes, neuroendocrine dysregulation, neurotransmitter dysfunction, time and circadian rhythm, psychological and social factors, psychological theories, sociological theories.

Treatment of depression - there are three main types of depression treatment: medical, psychological and social. Dealing with depression often involves a combina-

tion of these types.

**Key words**: depression, causes of depression, treatment of depression.

Депресивните епизоди се карактеризираат со: намалено расположение, губење на интересот и задоволствата, намалување на психичката и физичката енергија и активноста, ментален и телесен замор, намалување на вниманието и концентрацијата, намалување на себедоверието и себеценењето, чувство на вина и безвредност, идеи на самоповредување и самоубиство, нарушено спиење и намален апетит. Намаленато расположение варира од ден на ден и постои тренд кон дневни варијации.

Основни симптоми:

» намалено расположение,
» губене на интересите и задоволствата,
» намалување на психичката и физичката енергија и активност и ментален и телесен замор.

Индиректни симптоми:

» намалено внимание и конценрација,
» намалени самодоверба и самопочитување,
» чувство на вина и безвредност,
» песимистички поглед на идната,
» идеи за самоповредување и самоубиство,
» нарушено спиење и
» намален апетит.

Епидемиолошките податоци се проверуваат во однос на ширењето, курсот, социо-демографски корелати, и јавни трошоци за тешка депресија во целиот свет. Тешка депресија се оценува во овие студии, за да бидат видени по честите нарушувања. Иако оценките за ширењето и разбирањето на животот варираат значително во различните земји од причини во кои би можеле да учествуваат како материјалните и методолошки процеси, крос националните податоци се јасни при документирањето на ширењето значајни за живот со големи разлики во возраста на почеток и висок ризик од доживотното chronic- повторувачки сресови. Бројот на социо-демографските корелати на тешка депресија се среќаваат постојано во различни земји, како и крос-национални податоци документирани од здруженија со бројни негативни последици, вклучувајќи тешкотии во улогата на транзиции (на пример, ниско образование, тинејџер, раѓање, брачна интерференција, нестабилна вработеност) намалена улога и функционирање (на пример: низок семеен квалитет, ниска продуктивност на работа, ниски примања), зголемен ризик од појава, упорност и сериозност на широк спектар на секундарни болести и зголемен ризик од рана смртност како резултат на физички болести и самоубиство.

Депресијата е честа состојба која го нарушува функционирањето на луѓето поради нарушувањето на расположението, недостаток на енергија и замор во поголемиот дел од времето. При најсериозните случаи депресијата може да доведе до мисли за самоповредување и самоубиство.

Етиопатогенезата на афективните растройства до денес е недоразјаснета и се уште е необјаснета. Се споменуват многу хипотези на кои механизмите причинители се посматрат секој од сопствен агол на посматрање.

Биолошки фактори: генетски условеност, биолошки промени, невроендокрини, мембранско-електролитна хипотеза, холинергичните хипотеза, хронобиолошки хипотези, невроанатомски и неврофункционални промени, невроендокрина дисрегулација, невротрансмитерска дисфункција, годишни и денонокни ритми, психолошки и социјални фактори, психолошки теории, социолошки теории.

Психолошки и социјални фактори: докажани ризик фактори вклучуваат негативни настани во детството, негативни животни настани, стрес и недостаток на социјална поддршка.

Психолошките теории ставаат акцент на емоционалните тегоби во раниот развој (фиксација на оралната фаза) поради ускратена љубов, загуба на саканиот објект и поради зависност. Психодинамски ориентираните аналититичари причините ги наоѓаат во нарушената врска меѓу трите инстанци на личноста, во престрогото супер - егото кое поставува строги и ригидни забрани пред егото.

Психолошко лекување

» Да се проучат причините кои стојат зад желбата на пациентот да умре (емоционален стрес, животни проблеми?).
» Важно е да се олесни чувството на безнадежност. Да се нагласи иреверзибилноста на смртта и дека тоа не е решение за проблемите или чувствата на тага.
» Поврзете ја суицидалната идеја со емоционалниот стрес: депресијата често е проследена со чувство на безнадежност и желба за смрт и тие ќе се намалат кога се ублажуваат депресивни симптоми.
» Објаснете како и во кој временски период лекови и други можности за третман можат да ја олеснат маката на пациентот.
» Испитувајте факторите во животот на пациентот, кои можат да дејствуваат како протективен фактор против самоубиствено однесување: вклучувајќи блиски членови на семејството и ефектот на можното самоубиство за нивните животи.

Точки за разгледување за време на третманот

» Полна тераписка корист од антипсихотици и антидепресиви не се постигнува до една недела по започнатото лекување. Бензодиазепините брзо ја олеснуваат анксиозноста.
» Ординирајте само мала количина лекови истовремено.
» Кажете му на пациентот како да влезе во контакт и да добие помош во криза 24 часа дневно.
» Обидете се да откриете дали пациентот има специфична опрема дома, потребни за извршување на самоубиство (други лекови, оружје и др.).
» Да се идентификуваат социјалната мрежа на пациентот (човек за одржување).

## КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. Белевска, Д.; Филиповска, А.; Чадловски, Ѓ. (2010), Медицинска психологија, Скопје: Просветно дело
2. Георги Чадловски – ( 2004 ) Психијатрија том 2 , Скопје: Просветно дело
3. Проф. Д-р Меглена Ачкова – ( 1999 )Психијатрија, Бугарска Национална Академија по Медицина, Издавач „ Знание" ЕООД
4. Каплан и Садок ( 2012 ) Сеопфатен учебник по психијатрија, издавач Табернакул

005.962.13:005.332.1]:005.953

Д-р Фросина Денкова Зафировска
IT Labs, HR менаџер

Доц. д-р Софија Георгиевска
УКИМ - Скопје, Филозофски Факултет

# ПЕРФОРМАНСАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ – АЛАТКА ЗА КАТЕГОРИЗИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИ

**Апстракт:** По спроведувањето на интервјуата во рамки на една Компанија (евалуација и самоевалуација на 518 вработени) беа анализирани и обработени податоците, при што на ниво на Компанија утврди листа на вработени кои се разликуваат во оцените добиени од евалуациите и самоевалуациите за оцена поголема од 0,75 (маркирани со една звездичка) и 1,00 (маркирани со две звездички).

Оцените кои беа добиени по пат на евалуација на технички и нетехнички вештини, овозможија да биде направена категоризација на вработените во рамки на 5 категории и тоа – клучни вработени, високи потенцијали, регуларни вработени, потпросечни вработени и нови потенцијали.

За секоја од идентификуваните категории на вработени, предложена е развојна програма као дел од целокупната Талент менаџмент програма, која ќе се развива во следниот период, што впрочем беше и една од главните цели на ова истражување.

**Клучни зборови**: перформанса, клучни вработени, категоризација

# PERFORMANCE OF EMPLOYEES - A TOOL FOR CATEGORIZING OF EMPLOYEES

**Abstract:** After conduction the interviews within the one company (Evaluation and self evaluation to 518 employeed) were analyzed and processed data, in which was establishes the list of employees that have differences in evaluation and self-evaluation score greater than 0.75 (marked with one asterisk) and 1.00 (marked with two asterisk).

Grades which were obtained by evaluation of the technical and non-technical skill, used as device for categorization of the employees within the 5 categories as follows - key employees, high potentials, regular employees, underachievers and new potentials.

For each of the identified categories of employees was submitted a development programs as part of overall talent management program, which will be developed in the following period, which was actually, and one of the main goals of this research.

**Key words:** performance, key employees, categorization

## ПЕРФОРМАНСАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ – АЛАТКА ЗА КАТЕГОРИЗИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИ

Во рамки на ова истражување – применто на 518 вработени во една компанија, направена е категоризација на вработените во однос на нивните вештини, постигнувања и потенцијал кој што го имаат и кој што може да се искористи во иднина преку креирање и спроведување на различни програми по мерка и според потребите на различните категории.

Сите вработени се категоризирани во 5 категории:

1. Клучни вработени се вработени кои поседуваат специфични, витални или критични вештини за бизнисот односно функционирањето на одделните единици на Компанијата. Не секогаш овие вработени имаат можност или потенцијал да работат на повисоки работни позиции и да водат тимови. Како критериум за ставање на вработените во оваа категорија е ситуацијата кога одредени вештини ги поседува само еден вработен во тимот и ги извршува на солидно ниво. Секако, за категоризација земен е и инпут/предлог од Менаџерите на Одделот.
2. Високи Перформери се вработени кои имаат вештини и потенцијал со кој се издвојуваат во рамки на постигнувањата во нивните тимови и кои во иднина можат да заземаат и повисоки работни позиции и да водат тимови. Во некои случаи тоа се вработени кои поседуваат клучни вештини.
3. Нови потенцијали се вработени кои се нови во компанијата или на работната позиција но, од досегашното следење на нивната работа се проценува дека имаат вештини и потенцијал да напредуваат и да постигнат висока перформанса.
4. Регуларни вработени се вработени кои во однос на развојот на вештините и постигнувањата се на ниво кое што е солидно за да ја извршуваат работата и да ги постигнат зададените цели.
5. Потпросечни вработени се вработени кои во однос на развојот на вештините потребно за извршување на работата како и во однос на постигнувањата се на многу ниско и незадоволително ниво.

При Категоризацијата на вработените, мора да се има предвид, дека во секое Одделение/ Оддел нивото од кое се започнува со категоризација на вработените е различно, бидејќи групата е таа од која зависи во кој ранг ќе се движат подпросечните вработени, регуларните вработени и високите перформери. Рангирањето на вработените се прави според збирот од просечните оценки за техничките и нетехничките вештини за секој вработен.

Од табелата може да се забележи дека најнизок криериум за рангирање на сите категории на вработени има во Одделот 3 во Компанијта.

Со цел да ги категоризираме вработените кои постигнале најниски и највисоки резултати на техничките и нетехничките вештини, како критериум се земени најниските и нависоките оценки кои ги постигнале вработените во одделот/ одделението во кое работат.

| Оддели/одделенија во компанијата | Подпросечни вработени | | Регуларни перформери | | Високи перформери | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Најниска оцена | Највисока оцена | Најниска оцена | Највисока оцена | Најниска оцена | Највисока оцена |
| Оддел 1 | 1,50 | 2,60 | 2,61 | 3,33 | 3,36 | 3,67 |
| Оддел 2 | 2,27 | 2,27 | 2,59 | 3,29 | 3,41 | 3,57 |
| Оддел 3 | **1,33** | 2,16 | **2,25** | 3,00 | **3,14** | 3,83 |
| Оддел 4 | 2,51 | **2,58** | 2,69 | 3,29 | 3,48 | 3,83 |
| Оддел 5 | 1,76 | 2,25 | 2,31 | 3,18 | 3,19 | 3,4 |
| Оддел 6 | 1,55 | 2,30 | 2,35 | 3,15 | 3,16 | 3,83 |
| Оддел 7 | 1,76 | 2,45 | 2,51 | 3,25 | 3,31 | 3,71 |
| Оддел 8 | 2,00 | 2,00 | 2,53 | 3,3 | 3,18 | 3,83 |
| Оддел 9 | 1,88 | 2,27 | 2,31 | 3,33 | 3,69 | **4,08** |
| Оддел 10 | 1,36 | 2,05 | 2,39 | 3,06 | 3,23 | 3,55 |
| Оддел 11 | 2,37 | 2,37 | 2,37 | **3,42** | 3,81 | 3,93 |
| Оддел 12 | / | / | 2,75 | 2,75 | / | / |
| **Ранг** | **1,33** | **2,58** | **2,25** | **3,42** | **3,14** | **4,08** |

Може да се види дека на ниво на цела компанија рангот во кој се движат вработените е следниот:

» Подпросечни вработени (1,33-2,58)
» Регуларни перформери (2,25-3,42)
» Високи перформери (3,14-4,08)

Сепак, мора да се потенцира, дека во просек, секаде се земани долните и горните 10-15% од вработените во цел Оддел / одделение со цел да се направи категоризацијата по рангови, иако некаде при донесување на одлуката предвид се земени и други фактори како Интересот кој го има вработениот, каде се гледа во иднина, дали е нов вработен на таа работна позиција и слично.

Како и да е, во секој од Одделите / одделенијата, групата (односно резултатите на сите вработени на технички и нетехнички вештини) се оние кои го диктираат рангот во кој ќе бидат сместени трите категории на вработени.

Во продолжение е дадена табела, со приказ на бројот и процентуалната застапеност на секоја од категориите на вработени по Оддели/Одделенија.

| Оддели/одделенија во компанијата | Број | Клучни вработени | Високи перформери | Регуларни вработени | Нови потенцијали | Потпросечни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел 1 | 64 | 2 | 8 | 31 | 13 | 10 |
| Оддел 2 | 10 | 2 | 1 | 4 | 2 | 1 |
| Оддел 3 | 124 | 4 | 7 | 77 | 28 | 8 |
| Оддел 4 | 25 | 2 | 2 | 15 | 2 | 4 |
| Оддел 5 | 62 | 7 | 5 | 36 | 5 | 9 |
| Оддел 6 | 87 | 9 | 7 | 55 | 5 | 11 |
| Оддел 7 | 63 | 7 | 7 | 35 | 2 | 12 |
| Оддел 8 | 7 | 2 | 0 | 4 | 0 | 1 |
| Оддел 9 | 34 | 1 | 2 | 23 | 2 | 6 |
| Оддел 10 | 25 | 3 | 1 | 14 | 3 | 4 |
| Оддел 11 | 16 | 1 | 1 | 12 | 1 | 1 |
| Оддел 12 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **518** | **40 (7,69 %)** | **41 (7,88%)** | **307 (59,03%)** | **63 (12,11%)** | **68 (13,07%)** |

Од податоците, добиени со мерење на перформасата произлегува Талент Менаџмент - Предлог програми и развојни решенија за вработените кои се катгоризирани во различна категорија, и тоа:

Клучни вработени- За оваа група на вработени, кои поседуваат специфични вештини многу важни за извршување на работата во одделите во кои работат, пред се потребно е креирање на Програма за нивно препознавање и мотивација преку која тие најпрво ќе се промовираат во рамки на компанијата, со што ќе се влијае на нивната мотивација, а потоа и ќе учествуваат и во одредени активности во кои ќе земат учество во временски период од 2 години.

Предлог програма за клучни вработени ''Loyalty Program" би се одвивала во неколку фази:

» Kick off event настан со кој би се означил почетокот на програмата и би се претставила групата на клучни вработени во целата Компанија
» Опис на програмата- Со влегувањата во оваа програма вработените би потпишале договор со кои ќе се регулираат одредени аспекти на статусот на Клучниот вработен, нивните права но и обврски. Имено, за оваа категорија на вработени потребно е да се предвиди/подготви Каталог на привилегии кои ќе имаат право да ги користат за време на траењето на програмата како на пример:

1. Бесплатно користење на паркинг услуги во рамки на наркингот на Компанијата
2. Зголемен дневен износ на храна/пијалок во мензата
3. Дополнителни 4 часа платено отсуство
4. Дополнителен ден од годишен одмор
5. Олеснителни околности за станбен друг тип на кредит кредит
6. Еднократен бонус во висина од одреден процент на нето годишна плата
7. Одреден % зголемување на плата на годишно ниво, за секоја година за

која е склучен договорот за клучни вработени
8. Обука по избор
9. Осигурување
10. Краткорочна времена посета на друга Компнија од иста дејност за стекнување дополнително искуство

Клучните вработени за времетраењето на договорот, нема да смеат да ја напуштат компанијата и имаат за обврска да го пренесат своето знаење на структуриран начин, со поддршка на Одделот за човечки ресурси.

Доколку во Одделот нема вработен на кој во моментот може да се пренесе знаењето, се препорачува да се подготви нов кадар за таа намена, како дополнителен услов за стекнување на бенефициите по договорот за Клучен Вработен.

Високи Перформери- Предлог Програмата за оваа категорија на вработени е "Success Program" која би се состоела од најпрвин промоција на вработените од оваа група пред Компанијата и Менаџментот и оддавање на лично признание од страна на Менаџментот за нивните високи резултати. (плакати, статуетки). Пожелно е целата група д-а има ручек/вечера или некаква свечена средба со Менаџментот.

Секој од Одделите да има дедицирано годишен буџет за оваа категорија на вработени, кој би се користел односно индивидуално би се дистрибуирал на вработениот- висок перформер, по претходно утврдена развојна цел и долгорочен план како знањето /вештината која ќе се развие би се искористила во рамки на Компанијата.

Пожелно е од листата на вработените од оваа категорија да се дадат номинации од секој Оддел и за време на Новогодишната забава да се одбере ''Најдобриот член на семејството". Или пак од секој оддел да има по еден претставник- најдобар вработен.

Вработените од оваа категоријатреба да имаат персонализирана развојна програма, како би го достигнале нивото согласно Succession Policy Nomination. Во тоа би можело и да се вклучи Краткорочна времена посета на друга Компанија со иста дејност за стекнување дополнително искуство

Нови потенцијали – ''Innovation Program" За оваа група на вработени се пропорачува идентификување на т.н Амбасадори (на волонтерска база) од редовите на Новите потенцијали и нивна поддршка од страна на Одделот за Човечки во креирање на крос Функционални тимови од различните оддели кои ќе имаат задача да осмислат одредено иновативно решение со кое би се подобрила функционирањето на оперативниот дел од работата, би се подобрило корисничкото искуство на патниците, би се олеснило секојдневното функционирање на вработените и слично. Најдобриот предлог ќе биде награден од страна на Менаџментот ( ваучер за патување, викенд за целиот тим и слично) а во имплеменатција на истиот ќе бидат вклучени и дел од Клучните Вработени кои би можеле да бидат Ментори и да го пренесуваат своето знаење.

Регуларни Вработени- ''Grow Program"- Идејата на оваа програма е секој од линиските Менаџери да добие таргет по минимум двајца регулар вработени (кои самиот ќе си ги одбере) да ги мотивира и зголеми нивната перформанса во текот на следиот период од 6 до 12 месеци. Ова би било континуелно секоја година со различен број на вработени. Според исходот на нивниот напредок би се мерел

и успехот на линискиот Менаџер во овој аспект. За таа цел потребно е секој од Менаџерите да креира План за равој, да одреди временски интервали во кои ќе се среќава со вработените, ќе постават цели и континуирано ќе им дава повратна информација за нивното постигнување, за што на крајот од периодот би изготвил структуриран извештај.

Исто така, потребно е креирање на Тренинг план за развој особено за оние вештини каде регуларните вработени имаат евалуација под 2,5 и да се вклучат во Тренинг програма за подобрување на истите.

Во однос пак на нетехничките вештини ќе се изработи портфолио на интерни обуки за сите нетехнички вештини вклучени во проектот и за истите ќе се направи препорака за обука кој од овие вработени која обука треба да ја посети.

Во рамки на спроведување на проектот од разговорите со линискиот менаџмент произлезе потребата за зајакнување на капацитетие на оваа линија на вработениво насока на преземање на поголема одговорност, водење на луѓе и нивно мотивирање. Линиските менаџери/раководителите за оваа група на вработени се препорачува ''Group Coaching Program" со надворешни коучеви, каде најпрвин ќе се идентификува во кој домени е потребно зајакнување и подобруавње на Менаџерските капацитети на оваа група на пример (донесување одлуки, делегирање и сл., а потоа во времетарење од 6 месеци ќе се работи на реализација на Коучинг план со дефинирани цели и реализација на истите.

Потпросечни вработени- За оваа група на вработени се препорачува ''Re-engagement Program"секој од Одделите да направи проверка и дополнителна анализа за вработените кои се категоризирани тука. Со секој од вработените потребно е да има индивидуален разговор на кој ќе му даде повратна и информација и ќе му го објасни статусот кој вработениот во моментот го има во рамки на Одделот и ќе му зададе таргет во кој аспект се очекува негово подобрување. Потоа, ќе ја следи неговата перформанса и оонесување во временски период од 6 месеци, после кој период, финалната листа во форма на извештај ќе достави во Човечки ресурси

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Achoui, Mustapha and Mansour, Mourad (2007), "Employee Turnover and Retention Strategies: Evidence from Saudi Companies", International Review of Business Research Papers Vol. 3 No. 3 Pp. 1-16
2. Ahmad, Rusli , Yei Pei Toh Eileen, Bujang Sopian (2013), "Relationship between Types of Benefit (leave, loan and retirement plan) and Employees' Retention" International Journal of Education and Research Vol. 1 No. 8
3. Ali, Ashique (2007), "Managing Employee Retention: The Role of Organizational Culture and Attitudes of Supervisor on Turnover Intensions".

005.96:159.928.23

Д-р Фросина Денкова Зафировска
IT Labs, HR менаџер

Доц. д-р Софија Георгиевска
УКИМ - Скопје, Филозофски Факултет

# МЕНАЏИРАЊЕ НА ТАЛЕНТИ

**Апстракт:** Глобалните организации се носители на процесот и ефектите од глобализацијата, имајќи предвид дека токму со своите деловни активности тие доведуваат до зголемување на размената на добра и услуги, интензивирано движење на факторот на производство, капитал и информации.

Организациите кои функционираат во глобалниот свет, знаат дека веројатноста за нивниот одржлив успех најмногу зависи од нивната способност да ги привлечат, да ги развијат и да ги задржат талентираните вработени.

**Клучни зборови:** Човечки ресурси, талент, менаџмент

# TALENT MANAGEMENT

**Abstract:** Global organizations are carriers of the process and the effects of globalization, keeping in mind that it is their business they bring to the exchange of goods and services, intensive movement of factors of production, capital and information.

Organizations that operate in a global world, know that the likelihood of their sustained success mostly depends on their ability to attract, develop and retain talented employees.

**Key words**: human resources, talent, management

## МЕНАЏИРАЊЕ НА ТАЛЕНТИ

Менаџментот на таленти е област која е сè повеќе во епицентарот на истражувањата и интересирањата, не само кај теоретичарите, туку и кај практичарите на менаџментот на човечки ресурси, а која означува правец во кој се развива, во традиционалната смисла сфатена, функција на менаџментот на човечки ресурси. Менаџментот на човечки ресурси, како функција која дава поддршка, треба да прерасне во стратегиска деловна група која ја овозможува и ја подобрува комуникацијата помеѓу вработените, посредува во размената и делењето на знаењето и напредувањето и константното усовршување на вработените. Различни теоретичари овој правец го нарекуваат со различни термини, како што се: менаџмент на таленти, менаџмент на работниот учинок на вработените, менаџмент на животниот циклус на работната сила, менаџмент на човечкиот капитал. Мислењето за името менаџмент на таленти, се смета дека е најсоодветниот назив. Кратко кажано, обидот вистински луѓе со вистински вештини да се најдат на вистинските работни места, што е и општа дефиниција за менаџментот на таленти, е основно тежнеење и предизвик на секоја современа организација. Нужноста за менаџмент на таленти, како нов концепт во менаџментот на човечки ресурси е фокусирање на стратегиски најважните вработени: иновативни и креативни работници на знаење. Одовде, менаџментот на таленти најчесто се доведува во врска со политиките на менаџментот на

човечки ресурси насочени кон максимизирање на сите вработени, односно со политиките кои се поврзани со регрутирањето, селекцијата, задржувањето и развојот на оние вработени кои се идентификувани како клучни за успех во деловното работење на организацијата. Како би изгледала организацијата која поединечни автори ја нарекуваат организација која ја придвижуваат талентите – организација која инвестира и вложува во своите единствени и специфични способности за управување со талентите, со што би произвела инзвонредни резултати за организацијата. Овие организации се вешти во дефинирањето на потребите од таленти, откриваат разновидни извори на таленти, со развој на индивидуалните и тимските таленти внатре во организацијата. Она што е важно да се нагласи е неопходноста наведените способности на организацијата да се интегрираат со организационата деловна стратегија и заедно да се вградат во деловните процеси. Единствено на таков начин е можно да се создаде еден постојан извор на конкурентска предност на организацијата.

## ИСТРАЖУВАЊЕ

Целта на ова истражување е креирање на дата база, односно систем во кој ќе бидат ставени сите вештини на вработените во компанијата во која истото беше реализирано. Оваа база на Компанијата ќе и помгне во неколку аспекти: пред се да се стекне јасна слика и увид ''кој што знае во компанијата", а со помош на тоа да се донесуваат пообјективни одлуки кои ќе се однесуваат пред се на вработените. Истовремено, со помош на ова истражување сакавме да ги одвоиме и различните категории на вработени и согласно нивните потреби, да предложиме соодветна развојна програма, како на пример кои се клучни вработени, кои се вработените со највисок потенцијал и слично. Дополнително, целта на ова истражување е и земање информации за тоа кои дополнителни вештини ги поседуваат вработените, но не ги користат на сегашната работна позиција.

Податоците за ова истражување беа собирани во две фази:

» Евалуација - интервјуа со менаџерите во рамките на кои ги евалуираа вработените (претпоставените даваа инпут за нивото на развој на вештините на вработените)
» Самоевалуација-интервјуа со вработените во рамки на кои се правеше самоевалуација на вештините (вработените даваа инпут за нивото на развој на своите вештини)

Предмет на евалуацииите и самоевалуациите се голем број технички вештини на вработените (идентификувани од страна на секој од Менаџерите на Одделите) и 7 издвоени нетехнички вештини за кои сакаме да го видиме нивото на развој кај сите вработени во компанијата, а тие се: комуникациски вештини, тимска работа, добро познавање на организацијата, професионалност и одговорност, почитување и работна етика, организациски вештини и менаџирање со време и ориентација кон корисници. Дополнително, на ниво на компанија сакаме да го видиме и нивото на познавање на компјутерски вештини како и познавањето на англиски јазик.

Во процесот на евалуација и самоевалузација на техничките и нетехничките вештини се користеа следните 5 нивоа на развој:

1. Потребен е развој на вештината
2. Основно ниво на развој на вештината
3. Средно/Солидно ниво на развој на вештината

4. Напредно ниво на развој на вештината
5. Експертско ниво на -развој на вештината

## ПРИМЕРОК

Ако ги разгледаме демографските карактеристики, ќе забележиме дека 407 вработени (78,42%) се од машки пол што е и во согласност со очекувањата, ако се земе предвид приородата на работата во најголем број од Одделите. Најголем процент – 37,59% отпаѓа на возрасната категорија – од 41 до 50 години. Во однос на работното искуство 38,46% од вработените имаат до 5 години работно искуство во Одделот во кој во моментот работат. Најголем процент или 73,44% од вработените се со средно образование.

| Карактеристика | Број на вработени | Процент % |
|---|---|---|
| **Пол** | | |
| Машки | 407 | 78,42 |
| Женски | 111 | 21,58 |
| **Возраст на вработените** | | |
| 21 – 30 години | 98 | 18,99 |
| 31 – 40 години | 82 | 15,89 |
| 41 – 50 години | 194 | 37,59 |
| 51 – 60 години | 116 | 22,48 |
| Над 61 година | 26 | 5,03 |
| **Работно искуство** | | |
| До 5 години | 200 | 38,46 |
| 6 до 10 години | 62 | 11,92 |
| 11 до 15 години | 36 | 6,92 |
| 16 до 20 години | 101 | 19,42 |
| 21 до 25 години | 83 | 15,96 |
| 26 до 30 години | 25 | 4,80 |
| Над 31 година | 13 | 2,50 |
| **Образование на вработените** | | |
| Основно | 3 | 0,58 |
| Средно | 379 | 73,44 |
| Вишо | 16 | 3,1 |
| Високо | 106 | 20,54 |
| Специјализација | 9 | 1,16 |
| Магистратура | 3 | 0,58 |

Кога станува збор за нетехничките вештини, уште на самиот почеток, беа издвоени 7 нетехнички вештини поврзани со компаниските вредности, а кои ги работат сите вработени - комуникациски вештини, тимска работа, добро познавање на организацијата, професионалност и одговорност, почитување и работна етика, организациски вештини и менаџирање со време и ориентација кон корисници.

| Нетехнички вештини | Број на вработени | Просечна оцена |
|---|---|---|
| Комуникациски вештини | 518 | 2,86 |
| Тимска работа | 518 | 2,85 |
| Добро познавање на организацијата | 518 | 2,92 |
| Професионалност и одговорност | 518 | 2,96 |
| Почитување и работна етика | 518 | **3,05** |
| Организациски вештини и менаџирање со време | 518 | **2,79** |
| Ориентираност кон корисници | 412 | 2,99 |

На ниво на цела компанија, од 7-те клучни нетехнички вештини, во просек, најразвиена е вештината Почитување и работна етика (3,05), а најмалку развена е Организациски вештини и менаџирање со време (2,79).

Препораките кои призлегуваат од испитувањето на нетехничките вештини се следниве:

» Потребна е доедукација на сите вработени во однос на компјутерските вештини
» Во однос на перцепцијата на тимска работа, без исклучок сите се перцепираат како добри тимски играчи истовремено перцепирајќи дека тимската работа во одделот е на многу ниско ниво на развој и неопходно е подобрување на оваа вештина.
» Во однос на проактивноста добиени се контрадикторни резултати. Вработените себе си се перцепираат како проактивни и дека преземаат иницијатива во текот на своето работење, додека нивните претпоставени не ги перцепираат како проактивни. Можеби тоа се должи на различното дефинирање и разбирање на проактивноста, во смисла дали иницијативата на вработените излегува од рамките на нивните секојдневни обврски и активности и е нешто што го прават дополнително и своеволно или е дел од секојдневните обврски. Се препорачува поголемо поттикнување и вреднување на проактивноста од страна на претпоставените/водичите/супервизорите и охрабрување на вработените да преземаат иницијатива.

Како дел од анализата на ова истражување направена е предлог категоризација за Менаџирање со успешни вработени. За оваа цел беше користен инпутут на секој од Менаџерите за тоа кој вработен би можел да биде содветна замена за раководните места или водичите на смена/супервизорите во нивните тимови, а во финалната категоризација имаше удел и вкупната оцена на вработениот од евалуација и самоевалуација.

Предлог категоризацијата за секоја работна позиција е направена во три дела односно за секоја од предложените позиции идентификувани се 3 различни предлози за замена од аспект на подготвеноста на предлог кандидатот за преземање на повисока позиција и тоа:

» Подготвен веднаш
» Подготвен за временскиот период од 1-3 години
» Подготвен за повеќе од 3 години

Кај одредени работни позиции има ситуации во кои или нема никаков предлог за замена кој би можел интерно да се земе предвид, или пак нема предлог за вработени кои веднаш се подготвени. Но, сепак и тоа е информација која што треба да се искористи во насока на пополнување на оваа категоризација во целост но и работа со предложените кандидати.

За оваа цел се предлага воведување на програма ''Prepare to lead" во рамки на која раководителите на струкуриран начин треба да го пренесуваат своето знаење на предложените кандидати, да им поставуваат повеќе цели кои се повразани со менаџирање на тимот, зголемување на одговорноста, да ги информираат за ''големата слика" давајки им можност да имаат искуства и да го доживеат нивното искуство, овозможувајки им можност во некои денови да работат заедно на ''нивните задачи", да присуствуваат на состаноци или да ги менуваат кога е потребно. Ова треба да е иницирано и мониторирано од страна на повисокиот менаџмент, за подобра реализација.

## ЗАКЛУЧОК

Може да се заклучи дека неопходноста за одговор на променливото окружување на економијата на знаење, глобализацијата, знаењето и работниците со знаење како основа за постигнување и одржување на конкурентската предност, ја наметнува и потребата од измена на функциите на менаџментот на човечки ресурси во насока кон формулирање на деловни стратегии кои во центарот на своето интересирање ќе ги стават талентираните, иновативните и креативните вработени. Во таа насока, за современата организација, претставува нужност, она што е всушност, суштината на менаџментот на таленти – вистински луѓе и вистинско знаење да бидат во вистинско време и на вистинско место, што е многу сериозна задача која се наоѓа пред современиот менаџмент на човечки ресурси.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Bratton, J., Gold, J., Human Resource Management: Theory and Practice (2000, Second Edition), Macmillan Press LTD, London
2. Carell M, Elbert., Hatfield R., Human Resource Management, Prentice all, N.Y., 1995
3. Harris, O.J.,Hartman, S.J. , Organizational Behavior, (2002), The Haworth Press, Inc. , New York
4. Mahapatro, B.Bhusan: Human Resource Management, New Age International (P) Ltd. Pubishers, New Delhi, 2010 McCourt Willy, Eldrige Derek:Global Human Resource Management, Elgar publishing LTD, UK – Cheltenham, 2003
5. Pynes, E. Joan: Human Resource Management for public and nonprofit organizations, 3 Edition, Strategic approach, Published by Jossey – Bass, San Francisco, 2009
6. R.A. Noe, J.R. Hollenbeck, B. Gerhart, P.M. Wright (2007) Fundamentals of Human Resource management, Mc Graw Hill, International edition
7. Torrington, Derek, Hall, Laura & Taylor, Stephen: Human Resource Management, 7 Edition, Pearson Education Limited., England, 2008
8. Werther, B. William, Davis Keith, Human Resource and personal Management, McGraw – Hill, Inc. New York, 1995

159.922.1:37.011.33]-056.26/.36

Проф. д-р Диана Белевска, e-mail: diana.belevska@t-home.mk
МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Р. Македонија

М-р Милена Спасовска, e-mail: spasovska.milena@gmail.com
МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Р. Македонија

М-р Јана Белевска, e-mail: janabelevska@hotmail.com
ПЗУ „Ре-Медика“ Скопје, Р. Македонија

# УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО СЕКСУАЛНАТА ЕДУКАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Апстракт:** Лицата со попреченост, како и сите луѓе, се сексуални суштества. Често, овој аспект на нивниот развој е занемарен поради сложени функционални и медицински проблеми со кои се соочуваат, но потребата за сексуална едукација од рана возраст во рамките на семејниот систем е од клучна важност за развојот на индивидуата во независна и одговорна личност. Семејството има најважна улога во овозможување на пристап до информации кои се од важност за сексуален развој на членовите со попреченост, за предизвиците со кои можат да се соочат, за социјалните правила поврзани со сексуалноста кои треба да ги усвојат и слични дилеми. Овој труд дава теоретски осврт на сексуалната едукација на лицата со попреченост во рамките на семејството, која е неопходна за здрав сексуален развој на личноста и остварување на интимни врски, формирање на брак и проширување на семејството.

**Клучни зборови:** сексуална едукација, семејство, лица со попреченост

# THE ROLE OF THE FAMILY IN THE SEXUAL EDUCATION FOR PEOPLE WITH DISABILITIES

**Abstract:** People with disabilities, like all people, are sexual beings. Often, this aspect of their development is neglected because of the complex functional and medical problems they face, but the need for sex education from an early age within the family system is crucial to the development of the individual in an independent and responsible person. The family has an important role in providing access to information that is significant for the sexual development of the members with disabilities, the challenges they may face, the social rules related to sexuality that should be accepted, and similar dilemmas. This paper provides a theoretical overview of the sexual education of persons with disabilities within the family circles, which is necessary for healthy sexual development of the person and establishment of intimate relationships, marriage formation and expansion of the family.

**Keywords:** sexual education, family, people with disability

Лицата со попреченост, исто како и сите луѓе, имаат потреба да ги развиваат и изразуваат своите сексуални потреби. Сексуалниот развој е процес поврзан со основните човекови потреби да се биде сакан и прифатен, со чувство

на привлекување и уважување, споделување љубов и размена на мисли и емоции. Овој процес опфаќа анатомски и физиолошки промени кај секоја индивидуа, но исто така е поврзан и со знаења, верувања и ставови, односно покрај биолошкиот вклучува и социјален контекст кој се однесува на родова улога, созревање, креирање на слика за себе и сопственото тело, социјални врски итн. Многу често на лицата со попреченост им недостасува едукација за сексуалноста, а со тоа и се ограничува нивната привилегија за пристап до информации поврзани со интимноста и сексуалните релации. Општоприфатено е мислењето дека лицата со попреченост се асексуални и немаат потреба за развивање на интимни врски, но овој мит негативно влијае врз нивниот личен развој, развојот на интерперсонални релации, самодовербата, сликата и свесноста за сопственото тело, емоционалниот развој и социјалното однесување. (DiGiulio, 2003)

Прашањата поврзани со сексуалноста, вклучително и емоционалните релации, репродукција, безбедна сексуална активност и слично, се присутни кај секоја личност во сите фази од индивидуалниот развој. Поради тоа, сексуалната едукација е неопходна за здрав развој на секоја индивидуа, без разлика дали се работи за личност со типичен развој или лице со попреченост. Медиумите, формалните образовни програми во училиштата, неформалните едукации од страна на различни организации и други облици на информирање се потребни за да им се овозможи на младите личности да се стекнат со потребните знаења поврзани со сексуалноста. Но, имајќи во предвид дека семејството е контекст во кој се одвива индивидуалниот развој и се стекнува индивидуалниот идентитет, природно е во истиот да се овозможи и сексуална едукација уште во рана возраст. Родителите имаат есенцијална улога како едукатори за сексуалноста на нивните деца, примарно преку ексклузивниот однос на доверба, заштита и лојалност кој го имаат со своите членови. Иако прашањата поврзани со оваа тема можат да бидат непријатни, важно е од улога на родител со децата да се споделуваат информации за сексуалноста, да се преиспитаат ставовите, да се расчистат дилемите и да се развијат вештини за здрав развој и исполнет живот.

Често сетот на верувања на членовите на семејството за здравјето и болеста го одредуваат начинот на интерпретација на состојбата на членот со попреченост и понатамошното однесување. (Rolland, 1987) Неретко, членовите со попреченост се третираат како деца, и врз основа на тоа сексуалноста е табу тема во семејниот систем. Но, неопходно е да се прифати фактот дека младите лица со попреченост созреваат и ги доживуваат сите, или скоро сите физички и емоционални промени како и лицата со типичен развој. Потребно е родителите на лица со посебни потреби да го прифатат овој факт, и да не им ставаат „забрана" на членовите со попреченост да се експлорираат и себе и сопствената сексуалност. Раната едукација за сексуалноста во рамките на семејството создава клима на доверба која им овозможува на членовите да бараат информации и поддршка, да прашуваат и отворено да зборуваат за сите прашања кои ги засегаат. Сексуалната едукација понекогаш погрешно е разбрана како „учење како да се има сексуални односи", но во реалноста опфаќа широк спектар на чувства, мисли, ставови, однесување поврзани со тоа каков е односот на личноста кон сопственото тело, љубовта, сексуалните односи, интимните врски, заштита од насилство и злоупотреба и многу други аспекти.

Родителите на лицата со попреченост треба да зборуваат за сексуалноста на јазик кој е безбеден, јасен и чувствителен, соодветен на возраста на нивните

деца, потребно е да располагаат со повеќе информации за тоа како попреченоста може да влијае врз развојот на личноста, и да ги прошират капацитетите за информирање и едуцирање на децата. Сексуалната едукација во рамките на семејството треба да ги опфати следните аспекти: слика за себе и сопственото тело, пубертетски промени, лична нега и хигиена, сексуално изразување, социјални вештини, контрацепција, како и правата и обврските на сексуалното однесување. Едукацијата во рамките на семејниот систем треба да биде соодветна на когнитивните и функционалните способности на членот со попреченост. Често, доколку се работи за интелектуална попреченост кај децата, потребни се модификации во пренесувањето на информации за истите да можат да бидат разбрани. Исто така, клучна е и соработката на родителите со пошироките системи, училиштето, опкружувањето, во планирање на сексуалната едукација на нивните деца.

*Слика за себе и сопственото тело* – Родителите имаат важна улога во развојот на сликата за себе и сопственото тело кај лицата со попреченост, посебно поради тоа што попреченоста влијае на создавање слика дека телото на личноста со попреченост „не е нормално". Факт е дека различностите се сосема природни, телата имаат различни форми и големини, и не постои „нормален тип на тело". Потребно е да им се помогне на лицата со попреченост да се прифатат такви какви што се (посебно кај лицата со физички хендикеп), да бидат љубопитни и да се спознаат себе си. За време на пубертетот, кога се одвиваат најзначајните физички и физиолошки промени, потребно е родителите да ги расчистат дилемите на нивните деца кои се однесуваат на тоа „дали е нормално тоа што им се случува или не".

*Пубертетски промени* – Информациите за промените кои се случуваат со телото на лицето со попреченост за време на пубертетот го олеснува овој природно стресен процес. Растењето и промените во пубертетот можат да предизвикуваат болка, непријатност, емоционална напнатост и слично. Родителите треба да ги подготват децата за промени кај девојчињата како растење на градите, зголемување на колковите, добивање на менструален циклус, растење на влакна на различни делови од телото, и кај машките како изразени физички промени, промени на гласот, растење на влакна, зголемување на половиот орган и добивање повеќе ерекции, влажни соништа и многу други промени. Раната едукација овозможува полесно прифаќање на овие очекувани промени.

*Лична нега и хигиена* – Промените во пубертетот се проследени со појава на акни, зголемено потење, зголемена влакнетост. Важно е лицата со попреченост да се грижат за личната хигиена, а во домот ги стекнуваат основните вештини во грижата за себе. За девојчињата посебно е важно да се грижат за себе за време на менструалните циклуси. Едукаторите за лица со посебни потреби даваат сугестии да се подготви лицето за добивање на менструален циклус пред да го добие, и да се води календар за циклусот.

*Сексуално изразување* – Сексуалноста често се поистоветува само со секс, но реалност е многу поширок поим кој содржи родов идентитет и улоги, сексуална ориентација, задоволство, интимност и репродукција. Сексуалноста се доживува и изразува преку мисли, фантазии, верувања, ставови, желби, однесувања, улоги и врски. Сексуалноста е здрав и природен дел од животот на лицата со попреченост, исто како и кај сите луѓе. Попреченоста, без разлика дали е физичка или ментална, не е пречка за доживување на сексуални искуства, иако

механизмите за постигнување на сексуално задоволство можат да варираат. Не постојат правила за сексуално изразување, освен тоа да вклучува согласност и сигурност.

Мастурбацијата е нормално сексуално однесување и е дел од сексуалниот развој и на момчињата и на девојчињата. Многу често оваа тема е непријатна во семејството, но отворениот пристап кон оваа сексуална активност на лицата со попреченост е од клучна важност за да се спречи несакано несоодветно однесување или непријатни ситуации, посебно кога се работи за член од семејството со интелектуална попреченост.„Забраната" за мастурбација од страна на родителите може да доведе до криење и практикување на оваа активност во небезбедна средина. Исто така, колку и да звучи непријатно, важно е да се споделат информации за безбедно мастурбирање со цел да се спречат несакани повреди. Важно е исто така да се научат членовите со попреченост дека мастурбирањето е приватна, лична работа, и дека не е во ред да се практикува на јавни места. Лицата со попреченост треба да ги разликуваат јавните од приватните места, и да знаат кое однесување е соодветно за истите.

Сексуални односи со други лица исто така се нормален дел од развојот на лицата со попреченост. Кај лицата со физичка попреченост важно е да се практикуваат безбедни сексуални односи, но важно е да се каже дека пенетрацијата не е единствен начин за сексуална активност со партнер, и дека може да се практикуваат различни активности кои доведуваат до сексуално задоволство. Семејството треба да биде поддршка на членот со попреченост за развивање на интимни врски, и да го охрабрува развивањето на партнерски релации. Лицата со интелектуална попреченост исто така имаат право на сексуални односи, доколку може да дадат согласност за тоа. Едукацијата на лицата со интелектуална попреченост во рамките на семејството примарно треба да биде насочена кон превенција од сексуална злоупотреба. Истражувањата покажуваат дека лицата со интелектуална попреченост почесто се жртви на сексуална злоупотреба. Лицето со попреченост треба да се научи да препознае несакано однесување и истото да го пријави. Сексуалните односи со други исто така треба да бидат сигурни, и поради тоа едукацијата за контрацепција за заштита од сексуално преносливи болести и несакана бременост е приоритет за секоја индивидуа. Членовите на семејството можат да му овозможат на членот со попреченост да добие информации за можностите за контрацепција, и да му помогнат во одлуката за избор за користење на соодветно контрацептивно средство.

*Развивање на социјални вештини* – Во рамките на семејството развивањето на социјални вештини и почитување на себе и другите се карактеристики кои овозможуваат подобра комуникација и остварување на релации со другите. Добрите социјални вештини како слушање, водење разговор, изразување на мисли и емоции (давање комплименти, извинување, изразување чувства на соодветен начин) се корисни за интеракција со другите и формирање на значајни врски. Во рамките на семејниот систем членовите учат како да комуницираат со другите и можат да ги препознаат соодветните начини за изразување. Исто така, споделувањето на емоции е значаен дел од комуникацијата, и разбирањето на своите и чувствата на другите придонесува до развивање на поквалитетни интерперсонални односи.

*Правата и обврските на сексуалното однесување* – Лицата со попреченост, без оглед дали се работи за интелектуална или физичка, имаат целосно право

да доживуваат и изразуваат сексуални мисли, чувства и однесувања, без да се плашат и да бидат казнувани, да добијат сексуална едукација без оглед на возраста, полот или попреченоста, да создадат свои индивидуални вредности поврзани со сексуалноста, и да бидат заштитени од сексуално вознемирување и злоупотреба. Од друга страна, лицата со попреченост имаат обврска да ги почитуваат вредностите и приватноста на другите, да информираат за евентуални сексуални преносливи инфекции, и да превенираат несакана бременост .

Сите лица со попреченост кои се на возраст за стапување во брак, имаат право да формираат брачна заедница врз основа на признавање на слободна и целосна согласност од идните брачни партнери. Лицата со попреченост можат сами да одлучуваат за проширување на семејството, но значајно е да им се овозможи пристап до информации за планирање на семејството соодветни на нивните потреби. Улогата на примарните семејства е од исклучителна важност за помош на членовите со попреченост да формираат свои семејства, преку пружање поддршка на членовите во одлуките кои ги донесува во однос на стапување во брак и проширување на семејството, и во одговорностите кои ги презема. Потребно е членовите со попреченост да постојано да се охрабруваат во процесот на осамостојување, но и да им се овозможи поддршка кога ќе им е потребна. Во однос на ова, исто така примарните семејства на лицата со попреченост треба да бидат спремни да ги прифатат нивните деца како возрасни индивидуи кои можат да бидат одговорни за себе и сопствените постапки. Во тоа може позитивно да влијае градењето мрежа на поддршка од социјалната заедница, институциите, и другите семејства кои имаат членови со попреченост.

Во продолжение се дадени насоки за поквалитетната сексуална едукација на лицата со попреченост во рамките на семејниот систем:

» Едукацијата за сексуалност во рамките на семејниот систем да започне од рана возраст и да биде соодветна за развојниот стадиум на личноста;
» Родителите да бидат отворени за прашања поврзани со сексуалноста;
» Да се овозможат едноставни, директни објаснувања за прашањата поврзани со сексуалноста;
» Да бидат подготвени за разговор за телото и искуствата со телото пред да започне пубертетот;
» Доколку е потребно, да применат различни техники на учење – информации преку книги, видео, прашања и одговори, играње на улоги во симулирани ситуации: „Што би направиле доколку..." и сл.;
» Родителите да бидат подготвени да истражуваат повеќе за сексуалноста на нивните деца;
» Да се дискутираат и семејните и индивидуалните вредности поврзани со сексуалноста;
» Да се помогне на личноста со попреченост да развие добри социјални вештини;
» Лицата со попреченост да се третираат како возрасни луѓе кои можат да бидат одговорни за своето однесување;
» Да се превенира сексуално злоставување на лицата со попреченост;
» Да се овозможи отворен пристап до информации и поддршка надвор од семејниот систем;
» Да пружат поддршка на лицата со попреченост во формирање на интимни врски, брак и проширување на семејството.

Сексуалната едукација за лицата со попреченост во рамките на семејниот систем е од исклучителна важност за развојот на личноста. Едукацијата за сексуалноста има за цел да овозможи на лицата со попреченост да изградат капацитети и да ги поттикне да се чувствуваат самоуверени и сигурни во врска со себе и сопствената сексуалност, да ги поддржи да развијат вештини, знаења и разбирање за сексуалноста, вредностите, врските и интимните релации, да се подготват за физичките, социалните и емоционални промени со кои се соочуваат со развојот, и најважно од се, да ги прифатат различностите и да се насочат кон подобрување на квалитетот на живеење и самореализација.

**КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. American Academy of Pediatrics. (1999). Sexuality education of children and adolescents with developmental disabilities. Pediatrics, 97, 275- 278
2. Аспекти на сексуалност и сексуално образование. Преземено на 01.04.2017 година. http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2014/06/Aspekti-na-seksualnost-web.pdf
3. Cheng, M. M., & Udry, J. R. (2002). Sexual behaviors of physically disabled adolescents in the United States. Journal of Adolescent Health, 31, 48-58
4. Cuskelly,, M. & Bryde, R. (2004). Attitudes towards the sexuality of adults with an intellectual disability: Parents, support staff, and a community sample. Journal of Intellectual & Developmental Disability, 29, 255-264
5. DiGiulio, G. (2003). Sexuality and people living with physical or developmental disabilities: A review of key issues. The Canadian Journal of Human Sexuality, Vol 12 (1): 53-68
6. Intellectual disability and sexuality. Преземено на 03.04.2017 година. https://www.betterhealth.vic.gov.au/health/conditionsandtreatments/intellectual-disability-and-sexuality
7. Matejevic M., Jovanovic D. (2011). The functionality of families with children with special needs from the systemic perspective. Facta Universitatis 10 (1):57-66
8. Richards et al. (2006). Sexuality and developmental disability: Obstacles to healthy sexuality throughout the lifespan. Developmental Disabilities Bulletin, No. 1 & 2, pp. 137-155
9. Rolland, J. S. (1987), Chronic Illness and the Life Cycle:A Conceptual Framework. Family Process, 26: 203–221
10. Sexuality and Disability:A Guide for Parents. Преземено на 12.04.2017 година. http://www.arc-spokane.org/PDFs/Sexuality%20and%20Developmental%20Disability%20parent%20guide.pdf

159.9:81'27

м-р Јасмина Пресилска, e-mail: jasmina.presilska@msu.edu.mk
Лектор по француски јазик – Правен факултет
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, Р. Македонија

# ПСИХОЛОНГВИСТИКАТА ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Апстракт:** Во овој научен труд ќе ја анализираме психологијата на изучување на еден или повеќе странски јазици. Психологијата има зе цел да го објасни начинот на изучување на странскиот јазик но и промените во човековиот мозок, ги објаснува процесите на учење на странскиот јазик и ги разгледува разликите помеѓу различни изучувачи на јазикот.

Правени се различни истражувања во врска со јазикот и човековиот мозокот кои се базираат на Невролингвистиката, која објаснува дека локацијата и организацијата на јазиците во мозокот може да се разликува кај оние кои зборуваат само еден јазик и кај познавачите на повеќе јазици. Таа разгледува што е научено во физичка смисла: што е додадено или променето во невролошката шема на човековиот мозок кога поединци усвојуваат уште еден странски јазик.

**Клучни зборови:** психологија, влијание, странски јазик, промени, психолингвистика

# PSYCHOLINGUISTICS IN FOREIGN LANGUAGE ACQUISITION

**Abstract:** In this scientific paper, we are analyzing the psychology of learning of one or more foreign languages. The psychology aims to explain the way of learning the foreign language, but also the changes in the human brain, explains the processes of learning foreign language and is observing the differences between the different language learners.

Different scientific researches are made in relation to the language and the human brain which are based on neurolinguistics, describing that the location and organization of languages in the brain may differ to those who speak only one language and those which are multilinguals. This science is firstly describing what is acquired in physical sense: what is added or changed in the neurological scheme of the human brain when they add another language.

**Key words:** psychology, influence, foreign language, changes, psycholinguistics

## ИЗУЧУВАЊЕТО НА СТРАНСКИ ЈАЗИК И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЧОВЕКОВИОТ МОЗОК

Може да се каже дека секоја социјализирана личност зборува, покрај мајчиниот, барем уште еден странски јазик. Глобализацијата и сите особености што таа ги носи налага познавање на еден или повеќе странски јазици кои се изучуваат на различна возраст, при различни услови но и по различни методи на учење.

Секој ден, милиони луѓе користат повеќе од еден јазик со цел комуникација на работа или дома. Докажано е дека одлуките што одредено лице ги прави

зависат од тоа дали тој зборува на сопствениот јазик или на странски јазик. Најновите истражувања направени во оваа област покажуваат дека решението на одреден проблем зависи од јазикот на кој се размислува. И тоа кога се размислува на странски јазик прифаќаме посвесен начин на одлучување. Крајниот резултат е дека решенијата за проблемите имаат тенденција да бидат помалку емоционално натоварени и помала е можноста за донесување на грешна одлука. Со цел докажување на оваа теорија, група научници поставиле проблем кој му го задале на лица кои зборуваат еден или повеќе странски јазици. Целта била да се реши проблемот и на мајчиниот јазик но и на повеќето јазици кои ги познавале. На крајот од испитувањето, подоброто решение доаѓало кога лицата размислувале за решението на проблемот на странски јазик. За тоа каков е процесот на размислување во случај кога одредена личност се изразува на својот мајчин или странски јазик објаснување дава науката која се занимава со процесите во мозокот при додавање, врз веќе потоечките знаења, на познавања од нов јазик.

Психолингвистиката е интердисциплинарен научен домен на истражување во кој соработуваат психолози и теоретичари лингвисти кои сакаат да ја разберат основата на јазикот. Таа ги третира когнитивните процеси ставени во употреба во преработката и продукцијата на јазикот. Психолингвистиката ги објаснува менталните операции кои произлегуваат од обработка на информацијата на повеќе планови како фонологијата и фонетиката, лексиката, синтаксата, морфологијата, семантиката и прагматиката.

Психолингвистиката како наука заедно со теоретската лингвистика ја сочинуваат невролингвистиката. Невролингвистиката е научна дисциплина која ги проучува физиолошките механизми поврзани со јазикот, почнувајќи од начинот на тоа како го зборуваме јазикот, како го учиме па сè до јазичните пореметувања. Оваа дисциплина ја проучува локализацијата на јазикот во мозокот, јазичната обработка, мозочната структура и учењето на јазикот.

Истражувања во врска со одредена локација во мозокот која е специјализирана за јазикот се поврзуваат уште во деветнаесеттиот век со Пол Пјер Брока[1] (1861, 1865) кој по одредени истражувања заклучил дека предниот лев дел од мозокот (Брока област) е одговорен за способноста на говорење. Тој забележал дека повреди на левиот дел од мозокот завршуваат со губење на моќта за говорење, што не е случај кога настануваат повреди на десниот дел од мозокот. Верник (Wernicke, 1874) понатаму дошол до податок дека дел од кортексот кој се наоѓа во непосредна близина е одговорен за аудитивниот влез но и за обработката на јазикот.

Комуникативните функции за кои секоја од хемисферите на мозокот е специјализирана се наведени во следнава табела, како што истакнале Obler и Gjerlow (1999). Специјализацијата на хемисферите за јазици е иста без разлика дали јазикот е зборуван или не: телесните лингвистични функции за знакови јазици употребени во јазикот на глувите е исто така сместен во левата хемисфера.

1 Откако станал професор и истражувач на Универзитетот од Париз, Пол Пјер Брока го направил најважното истражување за анатомијата на човековиот мозок: го пронашол центарот за говор кој сега уште е наречен и Брока област. Брока дошол до овие сознанија после истражувањата на мозокот на пациенти со афазија (неможност да зборуваат).

*Брока бил сметан за чудо од дете и завршил матура по литература, математика и физика. Се запишал на медицински факултет на 17 години и завршил на 20години - кога сите негови врсници тогаш почнувале да учат.




Интересот за тоа како мозокот е организиран за различните јазици исто така датира од деветнаесеттиот век (Фројд 1891). Некои истражувања наведуваат дека два и повеќе јазици може да се најдат на различни локации во мозокот и да имаат различни мрежи на активација.

На прашањето за тоа колку се независни јазиците едни од други одговорот е дека тие ниту се целосно независни ниту пак се целосно поврзани. Ervin и Osgood (1954) предложиле теорија за тоа како јазиците се поврзани во човековиот мозок и ги нарекол : координиран (се однесува на паралелни лингвистички системи, независни едни од други), дополнет (споен или унифициран систем) или подреден (подреден на еден лингвистички систем со пристап преку друг) билингвализам. Најчесто се среќаваат "дополнет билингвализам" кој најчесто се јавува во раното детство и е познат како спонтан билингвализам и "подреден билингвализам" кој се верува дека е настанат со изучување на втор странски јазик преку познавањето на првиот странски јазик.

Следна дилема е тоа како се јазичните структури организирани едни во однос на други? Дали и двата јазици се чуваат во иста област од мозокот? За одреден број мултилингвисти, се пронашло дека првиот и вториот странски јазик се сместени во различни области од мозокот но и двата главно се сместени во левата хемисфера. Сепак, десната хемисфера може да биде повеќе вклучена во зачувување на вториот странски јазик отколку на првиот. Пример: Истражувачи стимулирале одредени сегменти од мозокот за време на операција и дошле до заклучок дека доколку се вознемируваат одредени точки од мозокот доаѓа до блокирање на луѓето во можноста да именуваат предмети на двата јазици, додека пак доколку се вознемируваат други точки од мозокот – нема ваков ефект.

Уште едно прашање кое се поставува во врска со промените во човековиот мозок е дали два или повеќе јазици ја покажуваат истата загуба или прекин после повреда на мозокот. Кога постои повреда на мозокот кај мултилингвисти, тероијата кажува дека последно наученото јазик ќе се изгуби прв, па потоа тој претходно што се учел и така сите следни. Други пак истражување, од страна на Obler и Gjerlow (1999) кажуваат дека најбрзо ќе се поврати оној јазик кој бил најинтензивно употребуван непосредно пред несреќата.

## УЛОГАТА НА ВОЗРАСТА ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИК

Дали организацијата на мозокот за вториот странски јазик во поврзаност со првиот странски јазик се разликува според возраста на која се изучува, како е изучуван или пак нивото на владеење. Одговорот на овие прашање е позитивен на сите три работи, со најсилна изразеност кај возраста на која се изучува вториот странски јазик и влијанието на организацијата на мозокот. По истражувањата на Vaid (1983), се заклучило дека поединци кои се стекнуваат со втор странски јазик подоцна во животот повеќе ја инволвираат десната хемисфера. Па така, оние кои го изучуваат вториот странски јазик помеѓу 9 и 12 години повеќе ја вклучуваат десната хемисфера отколку оние кои тоа го прават до возраст од 4 години.

Многу често, лицата кои учат нов странски јазик често се среќаваат со потешкотии доколку тоа се остварува на повозрасни години. Според Vivian Cook & David Singleton, на прашањето дали има одредена возраст на која најдобро се учи втор странски јазик – тие даваат одговор кој е позитивен – факторот возраст е најважен за изучувањето на втор странски јазик. И дури се истакнува дека што порано се започнува со изучување на еден јазик – тоа е и подобро.

Доколку еден јазик се изучува на повозрасни години – тоа може да има и одреден позитивен ефект, или да дава предност пред младите изучувачи на јазик. Па така повозрасните лица секогаш се поуспешни во вештината Читање, и тие имаат помали потешкотии при учење на граматичките правила и помнење на лексички поими. Повозрасните лица имаат потешкотии при аудитивна имитација и меморирање како и со усните одговори заради тоа што целосно претходно размислуваат за одговорот што ќе го дадат. Повозрасните лица исто така имаат тенденција да преведуваат, односно се она што ќе го кажат на странскиот јазик најпрво го размислуваат на нивниот мајчин јазик а потоа истата конструкција на реченица ја преведуваат на другиот јазик. Тоа го отежнува разбирањето затоа што најдобриот начин за изразување на странски јазик е кога се размислува на самиот јазик. Со тоа се зачувуваат соодветните конструкции на странскиот јазик.

Голем број научници од областа на лингвистиката истакнуваат дека изучувањето на странски јазик кај деца има огромни придобивки и тоа социолошки, когнитивни, психолошки. Кај децата се зголемуваат вештините за критичко размислување, се зголемува воедно и нивната креативност и флексибилност. Мерени се и постигнувањата на училиште па се заклучило дека децата кои учат еден или повеќе странски јазици имаат поголеми постигнувања на училиште.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Brandon Keim, "Thinking in a foreign language makes decisions more rational", 2012
2. Keysar, Boaz – "Using a Foreign Language Helps Decision-Making", 2012, Association for psychological science
3. Nick C. Ellis, "The Psychology of Foreign Language Vocabulary Acquisition": Implications for CALL-Department of Psychology, University of Wales Bangor, Bangor, Gwynedd, Wales LL57 2DG UK
4. Muriel Saville – Troike, "Introducing second language acquisition", Cambridge University press, 2006
5. Rosamond Mitchell & Florence Myles, "Second language learning theories", ARNOLD a member of the Hodder Headline Group, London, 1998

37.014.3(470)

Князев Николай Павлович
ФГБОУ ВО «Липецкий государственный педагогический университет имени П.П. Семенова-Тян-Шанского»
E-mail: nikolya.knyazev.98@mail.ru

# ИНФОРМАТИЗАЦИЯ СОВРЕМЕННОГО ОБРАЗОВАНИЯ. ЭТАПЫ ИНФОРМАТИЗАЦИИ ОБРАЗОВАНИЯ. ПРЕИМУЩЕСТВА ИСПОЛЬЗОВАНИЯ ИНФОРМАЦИОННЫХ И КОММУНИКАЦИОННЫХ ТЕХНОЛОГИЙ В ОБРАЗОВАНИИ.

**АННОТАЦИЯ:**

В данной статье рассматриваются история информатизации образования, основные теоретические вопросы и предпосылки использования информационных и коммуникационных технологий в процессе образования, а также проблемы информатизации и способы их решения.

**Ключевые слова:** информационные технологии, информатизация, электронно-вычислительная техника

## INFORMATIZATION OF MODERN EDUCATION. THE STAGES OF INFORMATIZATION OF EDUCATION. THE BENEFITS OF USING INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES IN EDUCATION.

**ABSTRACT:**

This article discusses the history of Informatization of education, the principal theoretical issues and prerequisites for the use of information and communication technologies in education and problems of informatization and ways of solution.

**Keywords:** Information technology, Informatization, computer technology

Конец XX – начало XXI века характеризуются быстрыми темпами развития информационных технологий , которые облегчили жизнь человека и привели к положительным результатам развития общества. Действительно, современное общество является информационным: информационные технологии приобретают глобальный характер и охватывают все сферы деятельности человека. Широкое распространение информационные технологии получили и в образовании.

В истории информатизации образования можно выделить несколько этапов:

Первый этап – электронизация (конец 1950-х – начало 1970-х гг.). Данный этап характеризовался широким использованием электронно-вычислительной техники (ЭВТ) в подготовке студентов технических специальностей. ЭВТ использовалась в образовательных программах, направленных на выработку у студентов математического, логического и алгоритмического типов мышления,

а также обучение студентов базовым знаниям математической логики, основ программирования, освоение принципов работы с ЭВТ. Однако в то время ЭВТ отличались слабой мощностью, малой производительностью и большими размерами, что затрудняло их продуктивное использование в образовании.

Второй этап – компьютеризация (середина 1970-х – 1990-е гг.). К этому времени происходит усовершенствование ЭВТ: они становятся более мощными, усовершенствуется интерфейс (диалоговое взаимодействие), появляется программное обеспечение. ЭВТ стали занимать меньше места, соответственно стали гораздо проще в обслуживании, легче и дешевле в производстве. Всё это повлияло на процесс информатизации образования, появились и получили широкое распространение автоматизированные системы обучения.

Третий этап, современный, характеризуется глобальным использованием ЭВТ в образовании. Компьютеры стали гораздо мощнее и быстрее, позволяют работать в многозадачном режиме с большими объёмами информации. Также в образование вводятся новейшие мультимедиа-технологии, технологии виртуальной реальности и т.п.

Таким образом, по мере развития ЭВТ поднимается уровень образования в целом. Появляются новые способы обучения, которые отличаются более высокой продуктивностью при более малых затратах. Например, развитие ЭВТ привело к тому, что стали возможным дистанционное обучение, проведение различных онлайн конференций, поддержание коммуникации на любом расстоянии, также появилась возможность неограниченного доступа к разным источникам информации, автоматизировалась процедура поиска и обработки информации, появилась возможность работы с большим объёмом информации. Разрабатываются новые программы обучения, основанные на использовании мультимедиа-устройств и различных онлайн консультаций. Всё это положительно сказывается на уровне образования.

Процесс информатизации в учебном заведении включает в себя систему мероприятий, таких как:

- Создание и поддержание аппаратно-технической составляющей системы (установка оборудования и программного обеспечения);
- Создание локальных сетей и подключение к сети Интернет;
- Создание информационных ресурсов в сети Интернет, освещение деятельности учреждения;
- Формирование информационной культуры у всех участников образовательного процесса;
- Обучение персонала, включая переобучение, повышение квалификации и прохождение соответствующих курсов.
- Применение различных методик обучения, с целью повышения мотивации и эффективности обучения студентов…

Однако, зачастую, процесс информатизации имеет ряд препятствий и противоречий, таких как:

- Неготовность преподавателей к информатизации образования;
- Некачественная подготовка персонала;
- Отсутствие методик обучения;
- Отсутствие средств на оснащение учреждения соответствующей техникой;
- Оснащение некачественным программным обеспечением.

Рассмотрим информатизацию российского образования на современном

этапе. Для примера, можно рассмотреть комплекс мер, принятых правительством Российской Федерации, по повышению уровня качества образования в России в период с 2001 по 2005 гг. В 2001 году в силу вступает постановление Правительства РФ №630 «О Федеральной целевой программе «Развитие единой образовательной информационной среды»». Целью федеральной программы «Развитие единой образовательной информационной среды» являлось объединение образовательного пространства РФ, повышение качества образования, на основе использования информационных и коммуникационных технологий и применения новых методик обучения. Сроки реализации программы – с 2001 по 2005 год. Можно выделить несколько этапов реализации данной программы:

1. 2001 год - начинается оснащение учебных учреждений информационными и коммуникационными технологиями с необходимым программным обеспечением, а также повышение квалификации преподавателей и подготовка учителей к работе с информационными технологиями.
2. 2002 – 2003 гг. - происходит формирование единой образовательной информационной среды, завершается поставка информационных технологий в учебные учреждения, разрабатываются новые методики обучения, основывающиеся на использовании информационных технологий, проводятся курсы профессиональной переподготовки учителей, разрабатываются современные электронные методические материалы.
3. 2004 – 2005 гг. - разрабатываются и тиражируются электронные учебные материалы.

Результатом реализации программы стало повышение качества системы образования, повышение качества образования в сельских школах и т.п.

Безусловно, использование информационных технологий становится определяющим элементом развития современного образования. Использование информационных технологий в образовании даёт ряд преимуществ перед традиционным обучением:

- расширяет возможности представления и обработки информации;
- повышает интерес у студентов, а соответственно и мотивация;
- способствует большему развитию способностей и активизации умственной деятельности;
- даёт возможность отслеживать процесс выполнения заданий;
- предоставляет большие возможности в моделировании;
- упрощает управленческую деятельность учебного процесса;
- позволяет более детально освоить предметную область;
- способствует выработке умений анализа и принятия решений в нестандартных проблемных ситуациях;
- позволяет проведение учебно-исследовательских экспериментов.

Однако, если полностью отказаться от традиционной системы обучения, могут возникнуть следующие проблемы:

- Снижение роли и грамотности устной и письменной речи;
- Ослабление способностей самостоятельного творческого мышления;
- Снижение социализации;
- Отсутствие прямого исследования действительности и т.п.

Таким образом, в процессе образования имеет место использование смешанной системы обучения, которая позволяет совмещать традиционное

обучение (проведение лекций, семинаров и лабораторных работ) и практические мероприятия с использованием информационных технологий. По мнению исследователей, именно такая система образования повысит эффективность обучения.

Реализовать смешанную систему обучения можно несколькими этапами:

1. Формирование целей и методик обучения с использованием информационных технологий, направленных на определённые достижения в образовании;
2. На основе поставленных целей создаётся аппаратно-техническая составляющая системы;
3. Детализация функций ЭВТ и выбор способов их реализации.

Или же актуальным может представиться комплексный подход в образовании, т.е. использование комплекса мер в процессе обучения, таких как совмещение нескольких методик одновременно или использование нестандартных методик, которые могут повысить заинтересованность учащихся.

Примером использования комплексного подхода в образовании в России может служить реализация программы развития «Единой информационной образовательной среды» (далее - ЕИОС), которая сформирована на основании требований и положений Федерального закона № 273-ФЗ «Об образовании в Российской Федерации» от 29 декабря 2012 года и ряда других государственных программ, направленных на развитие образования в России.

Задачами программы развития ЕИОС были:

» Обеспечение доступности образования за счёт использования информационных технологий;
» Предоставление возможности выбора профиля и системы обучения;
» Развитие дистанционного обучения;
» Автоматизация управленческой деятельности учебных учреждений;
» Повышение информативной открытости образования;
» Обеспечение качества образования;
» Повышение заинтересованности и мотивации учащихся;

Для повышения качества образования и повышения заинтересованности учащихся предлагается использовать методики обучения, включающие в себя игровые образовательные ресурсы, ресурсы для развития познавательной и исследовательской деятельностей, средства интерактивного взаимодействия, сервисы дистанционного обучения, виртуальные тренажёры, сервисы поддержки международного взаимодействия, сервисы поддержки профессиональной аттестации и сертификации и т.п.

Реализация программы повышения качества образования ЕИОС рассчитана на период с 2013 по 2020 гг. На данный момент уже удалось достичь определённых результатов, однако предстоит ещё нелёгкий путь по достижению поставленных целей.

Таким образом, информатизации образования должна отводиться ключевая роль, так как именно от этого процесса зависит эффективность и качество образования.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Роберт И.В. «Теория и методика информатизации образования» [Текст]/ Роберт И.В. – Москва, 2014. – 3с – 149с.
2. Информатизация образования [Электронный ресурс] URL: http://fb.ru/article/256501/informatizatsiya-obrazovaniya---eto-tehnologii-informatizatsii-obrazovaniya
3. Григорьев С.Г, «Информатизация образования» [Текст]/Григорьев С.Г. - Москва, 2005. – 12с – 48с.
4. Постановление Правительства РФ от 28 августа 2001 г. N 630 «О Федеральной целевой программе «Развитие единой образовательной информационной среды (2001-2005 годы)» (с изменениями и дополнениями) [Электронный ресурс] URL: http://base.garant.ru/1586371/

37.091.212.5-056.45:159.923.3

А.В. Гладких

# ПРОЕКТНО-ИССЛЕДОВАТЕЛЬСКАЯ ДЕЯТЕЛЬНОСТЬ КАК СРЕДСТВО ФОРМИРОВАНИЯ СИСТЕМЫ ЦЕННОСТЕЙ У ОДАРЕННЫХ ДЕТЕЙ

**АННОТАЦИЯ:**

в статье выявлена актуальность формирования одаренности у младших школьников, проанализированы психолого-педагогические основы одаренности. Показана роль ценностей в формировании личности младших школьников. Обозначена актуальность проектно-исследовательской деятельность младших школьников и ее роль в формировании системы ценностей.

**Ключевые слова:** одаренность, ценности, проектно-исследовательская деятельность, младший школьник.

## DESIGN-RESEARCH ACTIVITY AS A MEANS OF FORMING A VALUE SYSTEM FOR GIFTED CHILDREN

**ANNOTATION:**

the article reveals the relevance of the formation of giftedness in junior schoolchildren, analyzed the psychological and pedagogical foundations of giftedness. The role of values in the formation of the personality of younger schoolchildren is shown. The relevance of the design and research activity of junior schoolchildren and its role in the formation of the value system is indicated.

**Key words:** giftedness, values, design and research activity, junior schoolchild.

Современный мир становится все более динамичным и быстро развивающимся. Постепенно в общественном сознании формируется мысль о том, что невозможно прожить без сохранения и умножения творческого, интеллектуального потенциала страны. Поэтому большое значение в обучении отводится развитию одаренных детей. В настоящее время во многих странах работа с одаренными детьми занимает одно из важных положений и признана на государственном уровне. Она проявляется в практической диагностике, выявлении уровня сформированности одаренности детей, их обучении, воспитании и развитии, а также нацелена на подготовку творческого человека. Это связано с тем, что обществу требуются неординарные личности, которые будут владеть не только знаниями, умениями и навыками, но и способные применить их творчески и нестандартно, открыть что-то новое, сделать из простой вещи нечто интересное и нужное для общества.

Проблемой развития одаренных детей занимались такие исследователи и ученые, как Дж. Галлаир, Дж. Гилфорд, Э. Де Боно, А. В. Запорожец, А. Матюшкин. В.А. Моляко, Н.Н. Поддьяков, Дж. Рензулли, С. Л. Рубинштейн, Б.М. Теплов, П. Торренс, Д.Н. Узнадзе и др. Большой вклад в изучении одаренности внесли Б.М. Теплов и С.Л. Рубинштейн, которые дали классификацию понятиям «способности»

и «одаренность» по единому основанию – успешности деятельности. Под способностями они понимали индивидуально-психологические особенности, отличающие одного человека от другого; способностями называют не всякие индивидуальные особенности, а лишь такие, которые имеют отношение к успешности выполнения какой-либо деятельности. Одаренность является качественным своеобразным сочетанием способностей, от которого зависит успешное освоение деятельности.

Исследователем Н.С. Лейтесем разработана концепция детской одаренности и развития способностей и считал, что основными факторами развития творческих способностей ребенка является умственная активность и саморегуляция. Н.С. Лейтес утверждал, что только взаимообусловленное действие между этими факторами приведет к успешному достижению цели. Н.С. Лейтес провел эксперимент, в котором участвовали мальчики 9-11 лет и выявил, что важным критерием одаренности детей является стремление к трудовой деятельности. По его мнению, успехи детей – это результат потребности в деятельности, а также успешное ее осуществление.

Современный исследователь В.А. Моляко, занимаясь проблемами психологии одаренности, выделил следующие основные составляющие:

- задатки, склонности, проявляющиеся в выборочных предпочтениях, высокой чувствительности, а также в динамичности психических процесов;
- интересы, их направленность, доминирование познавательных интересов;
- проявление общего интеллекта, который проявляется в схватывании, понимании, быстроте оценок и выборе пути решения адекватных действий;
- настойчивость, целеустремленность, при выполнении деятельности;
- творчество, проявляющееся в умении комбинировать, находить аналоги;
- интуитивизм – способность к сверхбыстрым прогнозам и решениям;
- способности к выработке личностных стратегий и тактик при решении общих и специальных новых проблем, задач, поиске выхода из сложных, нестандартных ситуаций и т.п.

В.А. Моляко подчеркивал, что одаренность проявляется в развитии индивидуальных качеств личности, в выполнении задач и целей, используя нестандартные решения и способы. Важным критерием одаренности В.А. Моляко считает высокую умственную деятельность, а также применение знаний, умений и навыков при решении проблемных задач.

Таким образом, одаренность – это системное, развивающееся качество психики, которое поможет человеку достичь более высоких результатов в различных видах деятельности по сравнению с другими людьми. Одаренность помогает выделиться яркими, незаурядными достижениями,

Исследователи считают, что младший школьный возраст является тем периодом, когда можно формировать творческие способности, развивать креативность и воображение. Именно в этом возрасте дети сохраняют свою детскую непосредственность, наивность, но уже приобретают способность к иной логике мышления, включаясь в учебную деятельность. Для педагога в этот период важно оценить уровень способностей каждого ученика, выявить одаренных детей и наметить дальнейшую деятельность. Наиболее важным,

по нашему мнению является развитие системы ценностей. В психологической литературе под ценностями понимают значимые для индивида психологические образования, отвечающие личностным и социальным запросам в условиях конкретного общества. Можно также сказать, что ценности — это духовные и материальные феномены, имеющие личностный смысл и являющиеся мотивом деятельности человека.

Исследуя ценностные ориентации школьников начальных классов, Е.Ф. Ященко определила следующую реальную субординацию ценностей, которые она делит на две большие группы: цели-смысл жизни и качества личности. К ценностям цели-смысл жизни относятся семья, любовь, профессиональное совершенствование и материальная обеспеченность, деятельность познания, творческая деятельность, духовное общение, красота, здоровье, статус личности и патриотизм. К ценностям личностного порядка (качествам личности) относятся гуманизм, требовательность и целеустремленность, честность, общительность, жизнерадостность и гражданственность.

Еще одну классификацию ценностей дает В.А. Сластенин. В данной классификации важную роль играют эмоционально-волевые компоненты, как внутренние ориентиры. В тесной взаимосвязи выступают социально-педагогические и профессионально-групповые ценности, служащие основанием индивидуально-личностной системы педагогических ценностей. Эта система включает:

- ценности, которые связаны с утверждением личности в социальной и профессиональной среде;
- ценности, которые выражают потребности человека в общении и расширении этого общения;
- ценности, дающие ориентир на саморазвитие творческой индивидуальности;
- ценности, позволяющие осуществить самореализацию;
- ценности, удовлетворяющие прагматические потребности.

Существуют разные подходы к формированию системы ценностей. Одним из них является проектно-исследовательская деятельность. В первую очередь, это связано с тем, что любой младший школьник в силу своего возраста, а особенно одаренный ребенок, проявляет любознательность ко всему окружающему. У них четко проявляется потребность в исследовательской и поисковой деятельности, что позволяет им проявлять творческий потенциал в процессе обучения, воспитывать жажду к получению новых знаний. По мнению В.И. Андреева, В.В. Давыдова, Л.В. Занкова, проектно-исследовательская деятельность интересна тем, что позволяет ученикам проявить самостоятельность в выборе решения творческих задач, наметить пути исследования, достичь какого-либо результата. Младший школьник получает удовольствие от того, что он сделал это сам, без помощи взрослого. Таким образом, развивается познавательный интерес, который так необходим для дальнейшего успешного обучения. Д.Б. Эльконин подчеркивал, что главное условие проектно-исследовательской деятельность является отсутствие принуждения и давления на ребенка. Должен присутствовать только личный интерес и увлеченность.

В процессе проектно-исследовательской деятельности у учащихся формируются такие умения и навыки как работа с проблемами, анализ ситуации и поиск решения. Важно, что младший школьник в процессе проектной

деятельности осуществляет выбор, планирует и оценивает свою работу. Ребенок приобретает такие умения как самоорганизация и саморегуляция. Проектно-исследовательская деятельность дает большую возможность ребенку пофантазировать и помечтать, воплотить свои мечты в реальность. Тем самым, мы развиваем в каждом ребенке творческие способности. Педагог следует помнить, что именно в этом возрасте закладывается интерес, потребность и привычка к активной умственной деятельности, хотя отношение детей к миру носит игровой характер. При выполнении проектно-исследовательской деятельности стоит остерегаться большого объема серьезного научного материала, малодоступного для детского восприятия. Целью исследования должно быть «открытие» новых, интересных для него самого знаний и фактов, желание поделиться этими открытиями с одноклассниками, родителями, учителями.

Согласно Федеральному государственному стандарту начального общего образования второго поколения (далее ФГОС НОО) выделяют следующие этапы проектно-исследовательской деятельности:

1. Формулирование проблемы, обоснование актуальности выбранной темы.
2. Постановка цели и конкретных задач исследования.
3. Определение объекта и предмета исследования.
4. Выбор метода (методики) проведения исследования.
5. Описание процесса исследования.
6. Обсуждение результатов исследования.
7. Формулирование выводов и оценка полученных результатов

На каждом этапе проектно-исследовательской деятельности формируются различные ценности. При рассмотрении формирования ценностей будем опираться на классификацию, созданную В. А. Сластениным. На этапе формулирования проблемы учащиеся овладевают такими ценностями, которые позволяют осуществить самореализацию. Этап постановки цели является самым важным в проектно-исследовательской деятельности, так как направляет ребенка, дает ему возможность выстроить свою деятельность по правильному пути. Так, на данном этапе у младшего школьника формируются такие ценности, как целеустремленность и стремление к познанию нечто нового. При планировании и организации работы происходит формирование требовательности к самому себе при выборе путей решения, развиваются творческие способности, так как ребенок самостоятельно выбирает эти пути, внося в деятельность некую «изюминку». Чаще всего в начальных классах проектно-исследовательская деятельность проводится в группах. Поэтому на этапе проведения эксперимента формируются ценности, удовлетворяющие потребность в общении, такие как уважение к мнению сверстников и учителя, общительность. В процессе проектно-исследовательской деятельности формируются ценности, связанные с утверждением личностью своей роли в социальной и профессиональной среде. Ребенок учится слушать и слышать окружающих, находить оптимальные пути решения. При выполнении проектно-исследовательской деятельности конкретного содержания формируются различные виды ценностей. Проект «Моя Родина» позволяет развить личностные ценности, такие как патриотизм и гражданственность. В данном проекте также предусматривалось воспитание профессиональных ориентаций, как ценностей.

Таким образом, исследовательскую работу можно вести в разных

направлениях. Важно, чтобы она была интересна детям, развивала их творческие способности и таланты. Проектная деятельность, формируя инициативность, самостоятельность и креативность, помогает раскрывать творческий потенциал личности, создает благоприятные условия для развития одаренности.

## СПИСОК ИСПОЛЬЗУЕМОЙ ЛИТЕРАТУРЫ.


1. Федеральный государственный образовательный стандарт начального общего образования. Утвержден приказом Министерства образования и науки Российской Федерации от 6 октября 2009 г. № 373.
2. Лейтес Н. Бывают выдающиеся дети... // Семья и школа, № 3, 2000.
3. Моляко В.А. Проблемы психологии творчества и разработка подхода к изучению одаренности. // Вопросы психологии. 2010. № 5.
4. Сластенин В.А. и др. Педагогика: Учеб. пособие для студ. высш. пед. учеб. заведений / В. А. Сластенин, И. Ф. Исаев, Е. Н. Шиянов; Под ред. В.А. Сластенина - М.: Издательский центр "Академия", 2014.

37.06-057.874:316.624

Ѓорѓијевска Александра
Универзитет „Климент Охридски“- Битола, Факултет „ФАМИС“

# НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТА

**Апстракт:** Постојат бројни фактори за насилството во училиштата. Овде спаѓаат различните сфаќања за насилството, општествено-економските фактори, животот на ученикот во семејниот дом и надворешната средина на училиштето. На пример, може да постојат големи разлики меѓу културите и општествата во дефинирањето на тоа што претставува насилен чин или средина. Без оглед на културниот или социо-економскиот контекст на училиштето, насилството се случува како во физичка, така и во психолошка форма.

**Клучни зборови:** училиште, насилство, форми

# VIOLENCE IN SCHOOLS

**Abstract:** There are numerous factors for violence in schools. These include various notions of violence, socio-economic factors, the life of a student in the family home and the environment of the school. For example, there may be huge differences between cultures and societies in defining what constitutes a violent act or environment. Regardless of the cultural or the socio-economic context of the school, violence occurs both in physical and in psychological form.

**Keywords:** school, violence, forms

Насилството врз децата е еден од најсериозните проблеми. Насилството ги загрозува основните права, нивниот развој, здравјето и благосостојбата која може да го доведе во прашање детскиот живот. Безбедноста и чувството на сигурност на децата во училиште се основа за нивниот развој и максимални образовни постигнувања. Постојат многу фактори за постоењето на насилство во училиштата. Некои од побитните се општествено - економските фактори, животот на ученикот во семејниот дом и надворешната средина на училиштето.

Безбедна училишната средина е индикатор за квалитетно воспитно - образовен процес и ги опфаќа безбедната физичка и социјална околина. Организациската клима е чувство за организацијата, односно индивидуалните и споделените перцепции и ставови на членовите на организацијата. За да се изгради позитивна клима потребно е директорот на училиштето одлично да владее со сите пет карактеристики на однесување на водач и тоа: стручна, кадровна, едукативна, симболичка и културна. Исто така, едно современо училиште не може да се замисли без соработка со родителите на учениците, нивното организирање и неизбежното континуирано контактирање. Во училиштата во кои има изградено здрава клима за работа се инкорпорирани поголем дел од елементите на училишната клима, а тоа се: колегијалност, толерантност, флексибилност, несебичност, заемна соработка, доверба, совесност, одговорност, самопожртвуваност, самоконтрола, отвореност, чесност и аргументираност.

Еден од поважните елементи за пријатна училишна клима е довербата. Исто така треба да постои заемна почит што зборува за изградено чувство за меѓусебно респектирање и уважување меѓу вработените во однос на нивната личност, како и

во однос на нивната работа. Други важни елементи се: соработка и тимска работа, добронамерна критика, искреност и самокритичност, колегијалност, несебичност и чесност, меѓусебно разбирање, толерантност и флексибилност, размена и примена на искуства, како и постоење пофалби и награди што ќе доведат до мотивација и охрабрување за натамошен позитивен однос кон работата.

Но, освен времето поминато со обврските на училиште, учениците често неорганизирано го поминуваат слободното време и остануваат без контрола на родителите или наставниците. Тогаш „вредностите" помеѓу младите не се доброто поведение и знаење, туку бегањето од часови, самоистакнување преку правење проблеми во одделението, покажување физичка сила и сл. При такви несредени односи и непочитување на основните морални норми, учениците се стекнуваат со создавање навики за давање на отпор најпрво кон родителите, а потоа и кон наставниците. Нарушената комуникација е, исто така, честа причина која доведува до конфликтна ситуација во училницата како на релацијата ученик – ученик, така и на релацијата ученик – наставник. Ако наставникот сака да има успех, во комуникацијата со учениците треба да се негува атмосфера на меѓусебно разбирање и почитување. Во спротивно учениците ќе покажат облик на насилно однесување кон училиштето, нивниот револт ќе биде насочен кон училиштето или наставникот. Овие „тешки" ученици ќе се „афирмираат" создавајќи една хиерархија на инверзни вредности во однос на оние во училиштето и училишните норми кои ги пропишува државата.

Насилството и стравот од насилство се реални проблеми во нашите училишта, имајќи во предвид колку ученици и наставници секој работен ден го поминуваат во училиштето во еден мошне тесен ограничен простор. Ги посочуваме следните облици на насилство во училиштето: врсничко насилство (bullying); nасилство кон учениците од страна на вработените во училиштето; насилство на учениците кон вработените во училиштето; институцијата училиште како насилник.

Превенцијата е проактивен процес со кој се охрабруваат поединците и групите како да се справуваат со животните предизвици, случувања и транзиции, создавајќи и поддржувајќи услови кои ќе промовираат здрави однесувања и животни стилови. Таа претпоставува создавање услови, прилики и искуства со кои се развиваат здрави и автономни луѓе. Под превенција подразбираме збир на мерки насочени кон популацијата деца, млади и возрасни со цел поттикнување на позитивниот развој на децата и младите, јакнење на заштитните фактори како и смалување на факторите на ризик за развој на ризични однесувања и пореметувањата во однесувањето, пред нивното појавување.

Со најстарата поделба на превенцијата на примарна, секундарна и терцијарна, постои и поделба на примарна превенција, рана интервенција и третман/рехабилитација.

Постојат училишни програми чија целна група се сите категории ученици, а по правило и возрасните – училишниот персонал и родителите. Превентивните програми ретко имаат една цел, тие почесто имаат и по повеќе цели. Задачи на превентивните програми се: развивање на социјални вештини - децата да се научат на соодветни вештини во социјалната комуникација; решавање на социјални проблеми - децата учат како социјалните проблеми да ги решаваат чекор по чекор; развивање на емпатија - моќна заштита за стопирање на започнатото малтретирање или поттик сведоците да застанат во одбрана на жртвата; контрола на бесот - децата учат како да го препознаат и контролираат

својот бес преку различни техники: релаксација, длабоко дишење, броење до десет, давање инструкции сами на себе и слично.

Многубројните мерки се преземаат против насилството во училиштето и се групираат според целните групи на кои се насочени. Во првата група спаѓаат интервенции насочени кон ученикот. Во втората група спаѓаат интервенции насочени на наставниците. Во третата група спаѓаат интервенции насочени на училишната програма. Во четвртата група спаѓаат интервенции насочени кон управата на училиштето. Во петтата група спаѓаат интервенции насочени на физичката училишна средина.

За да бидат превенциските програми на насилство меѓу учениците успешно изведени наставниците, би требало да се информираат за тоа што сè се подразбира под терминот насилство над и меѓу учениците и како да го препознаат. Содржините наменети за родителите во главно се однесуваат на едуцирање на родителите за облиците на насилство, неговите причини и последици, можностите за превенција на насилството во семејството и меѓу врсниците.

## ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражувањето се мислењата и ставовите на наставниците, родителите, стручните соработници и учениците за информираноста, појавните облици, зачестеноста на насилното однесување меѓу учениците во основните училишта во општина Кочани. Цел на истражувањето е да се добијат квалитативни сознанија за информираноста на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите; облиците на насилно однесување во училиштето; постоење и имплементација на програми за превенирање на насилно однесување во училиштето; местата на изведба на насилното однесување, како и да се идентификуваат предлози, препораки од сите засегнати страни за превенирање и надминување на оваа појава. Се реализираше разговор во просториите на основните училишта и траеше две недели. Примерокот го сочинуваат 11 стручни соработници.

| Основно училиште | Број на стручни соработници |
|---|---|
| ОУ "Крсте Петков Мисирков" | f |
| ОУ „Кирил и Методиј" | 4 |
| ОУ „Малина Попиванова" | 3 |
| ОУ „Никола Карев" | 2 |
| ОУ „Раде Кратовче" | 2 |
| вкупно | 11 |

Според нивните одговори, сите 11 стручни соработници се сретнале со појавата на насилно однесување кај учениците. Тоа е честа појава. Стручните соработници забележале повеќе знаци на насилно однесување кај ученици од машкиот пол и кај оние од повисоките одделенија. Заклучно со резултатите добиени од истражувањето може да се констатира дека постојат разлики во поглед на идентификување на изворот на информации според кои наставниците и учениците добиваат информации од одделенскиот раководител на часот на одделенската заедница, според учениците информации се добиваат најчесто од медиумите.

Двете засегнати страни сметаат дека треба поактивно учество на родителите во работата на училиштето, поголемо партиципирање на родителите во работата на училиштето низ најразлични форми. И наставниците и учениците сметаат дека

на насилниците треба да им се пружи неопходната помош во рамки на училиштето. И според наставниците и според учениците насилно се однесуваат учениците од двата пола и тоа од повисоките одделенија. Согласност и кај учениците и кај наставниците има и за лицето кај кое се упатува ученикот со пројавено насилно однесување-најчесто педагогот, психологот во училиштето.

Споредбената анализа на ставовите на наставниците и стручните соработници покажа дека постојат извесни разлики во нивните ставови во поглед на имплементацијата на содржини за превенција од насилно однесување и постоење на посебни програми за превенција на насилно однесување во основното училиште.

Појавата на насилно однесување во училиштето не е нова. Во училиштето се јавуваат сите облици на насилно однесување (физичко, емоционално, социјално, вербално, психичко), но сепак како најзастапен облик е физичкото насилство. Наставниците имаат некои минимални претходни знаења за препознавање на насилното однесување на учениците и содржини на превенција се реализираат еднаш неделно на одделенскиот час. Со вклучувањето на родителите во работата на училиштето ќе се влијае на создавањето на позитивна училишна клима. А во однос на програмите за превенција од насилно однесување, се истакнува дека се работи за програмата „Животни вештини", обука која сите ја посетувале, како и посебни програми на педагошко- психолошките служби, но има и такви наставници кои никогаш не слушнале за такви програми.

Учениците непрекинато како во семејството, преку медиумите, така и во училиштето се сведоци на однесување кое содржи елементи на насилство и дека тие обрасци ги усвојуваат како модели на однесување. Овој проблем подразбира рана идентификација и превенција на појавните облици на насилно однесување меѓу учениците, работа со родителите и наставниот персонал. Главната одговорност треба да ја имаат возрасните.

А, вработените во училиштата треба да се добро запознаени и информирани за овој проблем. Потребна е нивна доедукација која ќе се однесува на оспособеност за детекција, интервенција, превенција на различни девијантни, деструктивни појави во основното училиште. Од големо значење е и родителите навремено и редовно да се информираат за сите планирани активности во училиштето на нивните деца.

Училиштето и родителите мора децата и младите да ги подготви со соодветни мислења, вредносен систем, начин на однесување, кои ќе им овозможат конструктивно решавање на секојдневните животни ситуации.

Проблемот со насилно однесување во училиштата бара брзо дејствување и ефикасни програми за превенција на насилно однесување посебно помеѓу учениците, нешто за кое сме повикани сите ние како членови на пошироката општествена заедница.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелоска – Галевска, Н. (2005)Планирање на научноистражување. Скопје: интерен материјал;
2. Bašić,J. (2009).Teorije prevencije:prevencija poremećaja u ponašanju I rizičnih ponašanja djece I mladih.Zagreb: Skolska kniga;
3. Bakovljev,M.(2007)Statistika u pedagoškim ispitivanjima. Beograd: Naucna knjiga

4. Bašic,J.,Koller-Trbovic, N.,Uzelac ,S.(2004) Poremećaji u ponašanju I rizićna ponašanja.ERF,Sveuciliste uZagrebu;
5. Basic,J., Zizak i sar. (1992) Programski aspekti tretmana djece i omladine s poremecajima u ponašanju.Zagreb: Socijalna zaštita;
6. Bandzur,V,Potkonjak,N.(1999) Metodologija pedagogije. Beograd: Savez Pedagoških društavaJugoslavije
7. Bouillet,D.Uzelac,S. (2007) Osnove socijalne pedagogije.Zagreb: Školska kniga;
8. Bud,Dj.(1996) Efikasne škole, Centar za usavrsavanja rukovodilaca u obrazovanju,Beograd;
9. Вујаклија, М., (1974) Лексикон страних речи и израза. Београд: Просвета;
10. Glasser, W. (1994) Kvalitetna škola-škola bez prisile.Zagreb: Educa;
11. Grupa avtori (1998) Vrednovanje i rejting osnovne škole- istrazivanja, Beograd;
12. Група автори, (1996) Општа педагогија. Београд:Учителски факултет;
13. Gašić-Pavišić, S. (1998) Nasilje u školi;vo M. Milosavljević (red.): Nasilje nad decom.Beograd: Fakultet politickihnauka;
14. Gašić-Pavišić, S. (2004) Mere i programi za prevenciju nasilja u školi, Zbornik instituta za pedagoška istraživanja, Beograd: Institut za pedagoška istrazivanja
15. Emmer, E., L. Stough. Classroom Management: A Critical Part of EducationalPsychology, With Implications for Teache
16. Education.Educational Psychologist, Summer2001, Vol. 36 Issue3;
17. Жужул, М. (1986)Преглед теорија агресивности.Загреб :Пенолошке теме
18. Ilić, M., Branković, D., Milijević, S., Suzić, N., (1999) Pedagoške i psihološkeosnove vaspitno obrazovnog rada, Društvo pedagoga RS, Banja Luka;
19. Ivić, I., (1996) Položaj dece u našem društvu i šta se može učiniti za djecu sadi ovdje. Beograd;
20. Камчева-Лакинска Б.(1996) Самостојната работа на ученикот во наставата. Кавадарци: Даскал Камче;
21. Коскарова-Попова,Р.(2004) Вовед во педагогијата.Скопје: График мак принт ДООЕЛ-Експорт ИмпортСкопје.
22. Kocijan,H.D.(1996) Moje se dete menja u cemu je problem.Zagreb: Skolskaknjiga;
23. Malič, J. (1973), Razrednik u osnovnoj školi. Zagreb:Školskaknjiga;
24. Mandič, D, P. (1968) Saradnja porodice u škole.Sarajevo: Zavod za izdavanjeudžbenika
25. Milosavljevic,M.(2004) Zlostavljanje i zanemarivanje dece.Socijalno- humanitarno „Sačuvajmo decu".Beograd: IntergrafMM.
26. Мојаноски,Ц.(1998).Методологија на н а у ч н о -истражувачката работа. Штип:2-риАвгуст
27. Pejovic – Milovancevic, M.(2001)Poremecaj ponašanjadecei omladine.Beograd, ZadudzbinaAndrejević;
28. Poldrugac, Z.,Marusic, D. i Zizak, A.(2006). Poludnevni tretman djece i mladezi s poremecajima u ponasanju. Sveuciliste u Zagrebu, Edukacisko rehabilitacijskifakultet
29. Петрова - Ѓ., Е. (2007). Современото училиште и моралното воспитание. Штип: Педагошкифакултет;
30. Петрова-Јовановска, М. (1999), Креативноста на учениците низ

слободнитеактивности во основното училиште. Битола: Биангл;
31. Popadic,D. (2009), Nasilje u školama. Beograd: Radonic;
32. Попоски, К., (1997) Психолошки основи на современата настава. Скопје:Просветно дело;
33. Раткович, М. (2000). Школа у променама. Београд: Учитељски факултет;
34. Rot, N., (1994), Osnovi socijalne psihologije.Zavod za udžbenike i nastavna sredstva,Beograd;
35. Singer, M.(1984)Nasilnićko ponašanje,Zagreb: Penoloske teme,br.3-
36. Стоилковска, А. (2005) Како да се изгради здрава училишна клима. Битола,Скопје, Херакли Комерц;
37. Стојановска,В. (2004). Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците, Скопје: Форум;
38. Stavanovič, M., Ajanovič, D. (1997), Školska Pedagogija, Varaždinske toplice;
39. Suzić, N. (1994) Vaspitni rad u odjeljenjskoj zajednici, Banja Luka:Vid;
40. Stakic, Dj.(1991) Metodika rada sa maloletnim delikventima, Gornji Milanovac: Decjenovine;
41. Сулејманов,З.,Стојановски, Н. (2002). Социјална патологија.Скопје: Фило-зофски факултет;
42. Trnavac, N.(1992) Škola pod lupom-škola kao predmet kritike. Institut za pedagogiju i andragogiju,Beograd:FF;
43. Fromm,E.(1976)Anatomija ludske destruktivnosti. Zagreb:Naprijed;
44. www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_Studija_za_nasilstvo.pdf
45. www.ombudsman.mk/comp.../lizvesta-fizicko%20maltretiranje-mk.pdf
46. http://stopbullyingnow.hrsa.gov/kids/48.http://www.anti-bullyingalliance.org.uk
47. http://www.childsafetyaustralia.com.au/children/bullying/bullying.htm
48. http://www.dijete.hr/attachments
49. http://www.cdc.gov/violenceprevention/pdf/SchoolViolence_FactSheet- a.pdf
50. http://www.justice.gov/jmd/ps/schoolviolence_1006.pdf
51. www.vesta.ba/images/publikacije/nasiljemedjudjecom.pdf
52. www.beznasilstvo.mk

364-787.9-053.88/.9(497.7)

Доц. д-р Даниел Павловски, e-mail: daniel.pavlovski@msu.edu.mk
МСУ "Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

# СЕРВИСИ ЗА ПОДДРШКА НА СТАРИТЕ ЛИЦА И НЕФОРМАЛНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**Апстракт:** Сервисите за стари лица се наменети за двете страни во дијадата на згрижување, старото лице кое има потреба од грижа и членовите на семејството кои ја даваат услугата. Важноста на сервисите за социјална заштита на стари лица е поради фактот што овие сервиси им даваат можност на членовите на семејството во одреден временски период да одморат од секојдневните активности околу грижата за старото лице. Грижата кон старите лица е динамичен процес кој со текот на времето се менува во зависност од состојбата и потребите на корисниците, поради што и видот на поддршка и помош со текот на времето исто така мора да се менува.

**Клучни зборови:** стари лица, социјални услуги и социјална заштита.

# SUPPORT SERVICES FOR THE ELDERLY AND INFORMAL PROVIDERS OF SOCIAL CARE

**Abstract:** The services for the elderly are deployed on both sides of the dyad care, older person in need of care and family members who provide the service. The importance of social protection services for the elderly is due to the fact that these services provide an opportunity for family members at some time to rest from daily activities to care for an older person. Because caring for the elderly is a dynamic process that over time changes depending on the condition and needs of the users, the kind of support and assistance over time must also must be changed.

**Keywords:** elderly, social services and social protection.

Во минатото, давателите на социјални услуги примарно се фокусираа кон квалитетот на грижа за крајниот корисник, не земајки ги во предвид потребите на членовите на семејството кои се грижат за старото лице и кои најчесто се„скриени пациенти" на кои им е потребна стручна помош (Family Caregiver Alliance, 2006a). Меѓутоа, важноста од одредување на степенот на помош што им е потребна на членовите на семејството, како и на старите лица, сè повеќе се препознава како значајно.

Мерките и активностите за поддршка на старите лица сè повеќе се насочени кон зголемување на капацитетите на семејството за грижа и намалување на притисокот од средината кој се јавува како резултат на потребите на старите лица од секојдневна помош и поддршка (Feinberg, 2004; Pickard, 2004). Поддржувајќи го семејството во многу случаи се одложува сместувањето на старото лице во институција и со тоа се намалуваат трошоците на семејството, но и на општеството.

Сервисите за стари лица всушност се насочени кон двајцата клучни субјекти, старото лице и семејството кое се грижи за него. На пример, дневните центри за стари лица нудат социјализација, социјални и здравствени услуги на корисниците, но во исто време им даваат можност на членовите на семејството дел од времето

да си го посветат за себе, приватно и професионално.

Светските искуства говорат дека голем дел од семејствата кои што се грижат за некој свој постар член најчесто воопшто не користат некој сервис или услуга кои би им помогнале во секојдевната грижа, или пак истите ги користат селективно до тој степен што ги повикуваат на помош дури во моментите кога едноставно немаат друг избор. Причините за ваквата состојба се најразлични и се движат од недоволна информираност на семејствата за постоење на вакви сервиси и за спектарот на услуги што ги нудат, недоверба во сервисите, па се до немањето доволно средства за нивно ангажирање во грижата за старите членови на семејството на кои им е потребна помош. Исто така, за ваквата состојба придонесува и фактот што голем дел од семејствата кои се грижат за старите лица себе не се доживуваат како даватели на услуга и не сметаат дека им е потребен одреден вид помош или поддршка, иако реално за тоа постои потреба (Franks, Pierce and Dwyer, 2003).

Поддршката од страна на државата за старите лица и нивните семејства зависи од буџетските капацитети, бидејќи економската состојба на државата т.е. нејзините финансиски можности во голем степен влијаат врз социјалната политика и мерките и активностите во социјалната заштита на старите лица.

Меѓутоа, кога станува збор за улогата на државата во обезбедувањето поддршка за семејствата кои се грижат за своите стари членови во иднина се очекува дека таа ќе биде неизвесна. Од една страна јавните власти се повеќе ќе ја пропознаваат како неопходна, но од друга страна истата ќе зависи од буџетските можности на секоја земја одделно. Имајќи во предвид дека голем број на земји се соочуваат со буџетски дефицит, кратења и мерки на штедење, како и поради влијанијата на процесите на децентрализација на надлежностите од државата на локалните власти, извесно е дека ќе дојде до значително намалување на фондовите кои се наменети за помош и поддршка на неформалните даватели на услуги на старите лица (членовите на семејството).

Во исто време, за очекување е дека дел од приватниот сектор со цел зголемување на мотивираноста и продуктивноста ќе понуди одредена поддршка за своите вработени кои имаат стар член во семејството кој има потреба од секојдневна помош и поддршка. Исто така, се предвидува зголемување и на бројот на субјекти од приватниот сектор (т.н. приватни провајдери) кои ќе понудат социјални и здравствени услуги за старите лица, меѓутоа кои заради високата цена на чинење на услугите најверојатно ќе бидат достапни само за поимотните стари лица и за оние кои имаат деца со високи приходи и кои се во можност да ги платат услугите што им се потребни на нивните родители.

Исто така, во овој процес треба да се имаат во предвид и културните вредности кои влијаат на односот на членовите на семејството кон своите стари членови и истите да се искористат во насока на креирање морални вредности кои значат почитување и помагање на старите лица, како и изнаоѓање механизми за мотивирање на семејствата да обезбедат соодветна грижа.

Заради обезбедување помош и поддршка на старите лица, но и на семејствата кои во континуитет и во подолг временски период испорачуваат одредени услуги за своите стари членови на кои им е потребна помош и кои не се во можност самостојно да си ги задоволуваат секојдневните потреби, во Република Македонија постојат следните установи за вонинституционална социјална заштита:

» Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;

» Центар за давање помош во домашни услови.

Освен овие две вонинституционална форми за социјална заштита на стари лица, во развиените земји во европа и САД, постои широк спектар од сервиси кои обезбедуваат поддршка на старите лица и членовите на нивните семејства кои се грижат за нив.

Во продолжение следи опис на најчесто применуваните форми за помош и поддршка на старите лица и неформалните даватели на социјални услуги.

***Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица***

Дневните центри за стари лица се дизајнирани со цел да обезбедат заштита и дружење за старите лица на кои им е потребна помош и надзор во текот на денот. Програмите во дневните центри нудат помош за членовите на семејството кои на дневна основа се грижат за старото лице и им овозможуваат слобода да одат на работа, да водат сопствен бизнис, или само да се релаксираат, знаејќи дека старото лице е добро згрижено и безбедно.

Целта на програмите во дневните центри е да се одложи или спречи институционализацијата, преку обезбедување алтернатива грижа, за подобрување на самодовербата и поттикнување на социјализацијата.

Постојат два вида дневни центри за стари лица: а) социјални дневни центри, во кои доминира социјалната димензија и б) здравствени дневни центри, односно дневни центри за здравствена заштита. Во социјалните дневни центри се обезбедуваат друштвени активности, оброк, рекреација и некои основни здравствени услуги, додека во здравствените дневни центри се нудат поинтензивни здравствени, терапевтски и социјални услуги за стари лица со тешки здравствени проблеми и оние изложени на ризик од потреба за нега во домашни услови.

Дневните центри можат да бидат јавни или приватни, непрофитни или профитни, вообичаено работат во тек на работните денови (од понеделник до петок), во безбедна, поддржувачка, внимателно организирана и уредена средина. Тие можат да функционираат како независна установа или како работна единица во рамки домовите за стари лица, геријатриски центри, болници и сл. Персоналот во дневните центри е обучен да врши надзор и укажува помош при земање лекарства, служи топол оброк, организира физичка и окупациона терапија, социјални активности и сл. Исто така, тие можат да помогнат и во организирање на превоз од домот на старото лице до дневниот центар, и обратно.

Згрижувањето на стари лица во дневни центри претставува планирана програма на активности чија цел е да се промовира благосостојба преку социјални и здравствени услуги. Целта на дневните центри е двојна:

» Да им обезбеди на старите лица да излезат од своите домови и да добијат ментална и социјална стимулација;
» Да им даде на членовите на семејството кои се грижат за старото лице, пауза и оддишка од секојдневната грижа и можност дел од времето да си го посветат на себе, приватно и професионално.

Во однос на плаќање на услугите во дневните центри постојат различни комбинации, одредени дневни центри, пред се оние кои ги менаџира невладиниот сектор се бесплатни, додека приватните профитни дневни центри ги наплаќаат своите услуги од корисниците, или пак државата или општината го прави тоа, но најчесто само за старите лица лица со ниски приходи и материјално

необезбедените.

***Центар за давање помош во домашни услови***

Со цел старите лица да можат да останат да живеат што подолго во сопствениот дом и сопствената локална заедница дизајнирани се центри за давање помош во домашни услови. Овие центри се наменети за старите лица кои заради здравствени проблеми и потешкотии имаат потреба од поддршка и помош во извршување на секојдневните активности.

Центрите за давање помош во домашни услови им помагаат на старите лица да живеат независно во своите домови што е можно подолго. Замајќи ги во предвид границите на здравствената состојба на старите лица, тие нудат широк спектар услуги и често можат да ја одложат потребата од институционализација.

Овие центри најчесто нудат окупациона и физикална терапија, медицинска нега, дневно и неделно земање лекарства, помош на старите лица во извршување на секојдневните активности, како бањање, облекување, хранење, помош во готвење, чистење, одржување на домот и сл.

Треба да се направи разграничување помеѓу здравствена нега во домашни услови и центрите за давање помош во домашни услови. Иако звучат слично и во одреден степен даваат исти или слични услуги, сепак помеѓу нив постојат значителни разлики. Здравствената нега во домашни услови е ориентирана кон посложена медицинска нега на стари лица со тешки заболувања, помош за справување со одредена болест или повреда, и нејзиниот фокус се здравствените услуги, додека во позадина, односно како дополнување на својата примарна функција може да нудат и одредени немедицински услуги. Во сервисите со примарна медицинска ориентација работи лиценциран медицински пресонал, доктори, медицински сестри, терапевти и сл.

За разлика од нив, центрите за давање помош во домашни услови се фокусирани кон обезбедување помош и поддршка на старите лица во извршување на секојдневните активности и задоволување на секојдневните потреби, додека од медицински аспект испорачуваат само основни услуги во вид на помош на корисникот за редовно и соодветно земање на лекарства, мерење крвен притисок и шеќер во крвта, давање одредени медицински совети и сл.

Центрите за давање помош во домашни услови може да функционираат како профитни субјекти кои ги наплаќаат своите услуги, или како непрофитни кои услугите ги нудат бесплатно. Кај профитните субјекти цената на услугите ја покриваат крајните корисниците, или во нивно име тоа го прави државата или локалната власт, пред се за материјално загрозените стари лица, додека кај непрофитните сите трошоци се покриваат со донации од јавниот и приватниот сектор, или други субјекти и физички лица.

Центрите за давање помош во домашни услови најчесто своите услуги ги испорачуваат по неколку часа дневно, но одредени субјекти по потреба на корисникот нудат и 24 часовна помош и поддршка.

***Групи за поддршка***

Групите за поддршка кои се наменети за членовите на семејството кои се грижат за старите лица генерално даваат позитивни резултати, особено ако се организирани околу некоја конкретна потреба или проблем со кој се соочуваат неформалните даватели на социјални услуги. Преку учество во групите за

поддршка кај членовите на семејството се намалува депресијата, се зголемува моралот, се зголемуваат знаењата за болестите и за расположливите ресурси кои имаат задача да ги поддржат неформалните даватели на социјални услуги, но во исто време се намалува и стапката на институционализација кај старите лица.

Иако групите за поддршка нудат емоционална поддршка, сепак не значи дека со сигурност ќе го намалат нивото на стрес кај членовите на семејството кои се грижат за старите лица. Всушност, тие во одредени случаи за нив можат да претставуваат и дополнителен товар затоа што ќе мора да патуваат до местото каде што се одржуваат средбите на овие групи, додека се присутни на средбите треба да обезбедат друго лице кое во тоа време ќе се грижи за старото лице и сл. Исто така, како негативен момент се наведува дека дел од групите може да се фокусираат само на негативните аспекти од давањето нега кон старите, што во крајна линија има спротивен ефект, односно наместо да го намалува негователскиот стрес ќе придонесат за негово зголемување (Gartska, McCallion и Toseland, 2001).

Иако постојат и позитивни и негативни аспекти од овој вид помош наменет за членовите на семејството, сепак се смета дека придобивките од учество во групите за поддршка се поголеми и особено се важни и потребни во процесот на грижа за старите лица (Harris, 2002; Mittelman, 2002; Toseland и Smith, 2003).

***Психо-едукативни групи и обуки за стекнување вештини***

Психо-едукативните групи вообичаено ги комбинираат едукацијата и социјалната поддршка и се наменети за подобрување на психо-социјалната состојба на неформалните згрижувачи и пролонгирање на сместувањето на старото лице во институција. Преку овие групи членовите на семејството ги зголемуваат своите информации за болестите од кои боледуваат старите лица со цел да ја разберат нивната состојба, да научат како да реагираат во конкретна ситуација, но и да добијат информации кои ресурси им стојат на располагање, да научат нови вештини за решавање на проблемите и подоборување на комуникацијата со старите лица (Bourgeois et al., 2002; Burgio et al., 2003b; Kuhn and Fulton, 2004; Mittelman et al., 2004a, 2004b). Некои групи ги поддржуваат и поттикнуваат неформалните згрижувачи да превземаат и активности со цел создавање притисок врз јавните власти во насока на менување на политиките и државните програми за грижа за старите лица (Morano, 2002; Schulz et al., 2002).

***Индивидуално и семејно советување***

Индивидуалните интервенции, како што се когнитивно-бихејвиоралната терапија преку индивидуална работа со членовите на семејството се стремат да бидат поефикасни од групите за поддршка во решавање на проблемите како што се семејните конфликти и емоционалните реакции кон состојбата на старото лице (Richardson and Barusch, 2006; Sorensen et al., 2002). Нивната цел е да се искористат предностите на индивидуалната работа со клиентите во насока на постигнување подобри резултати за справување со предизвиците и потешкотиите со кои се соочуваат семејствата во грижата за своите стари и немоќни членови.

Во рамки на индивидуалното и семејно советување се настојува да се утврди и степенот на семејни интервенции, но не само преку утврдување колку сите членови на семејството придонесуваат во грижата за старото лице, туку и на начинот на кој ја обезбедуваат помошта. Во некои случаи, дел од членовите

на семејството може да го зголемат субјективниот товар врз членот или членовите на семејството кои го понесуваат најголемиот дел од грижата, преку давање премногу совети или критика. Кога ќе се појави ваква ситуација, интервенцијата треба да промовира помош која ќе биде во насока семејството да продолжи да ја испорачува помошта до старото лице, но во исто време и да го намали или елиминира семејниот конфликт (Eisdorfer et al., 2003; Mittelman et al., 2004a, 2004b).

Ефектите од индивидуалното и семејно советување се во тесна корелација и во значителен степен зависат од полот, етничката припадност, образовното ниво и социјалниот статус на членовите на семејството, кои на еден или друг начин се вклучени во процесот на грижа за своите стари членови (Gallagher-Thompson et, al., 2003).

***Сервиси за привремено згрижување на стари лица - Respite care***

Овој вид сервиси е наменет за итно и краткотрајно сместување на старото лице со цел на краток период да се ослободат членовите на семејството од грижата за старото лице. Тие нудат можност за дневно згрижување во траење од неколку часа, ноќно сместување или 24 часовно сместување во текот на неколку дена. Со ова на членовите на семејството им се дава поддршка и можност да завршат некои свои професионални или приватни обврски, или едноставно да се одморат од секојдневните активности околу грижата за старото лице (Silberg, 2001). Овој вид згрижување опфаќа широк спектар услуги кои можат да се испорачуваат во институционални услови или во домот на корисникот.

Преку воспоставување на овој вид сервиси значително се намалува потребата од институционализација на старите лица, но во исто време им се дава поддршка и помош на членовите на семејството кои се грижат за старите лица да можат непречено да ги извршуваат своите професионални и приватни обврски, да се намали стресот кај нив, како и притисокот од секојдневите обврски околу грижата (Kagan, 2006).

Овој вид услуги придонесува во насока на подигнување на квалитетот на грижа кон старите лица преку посветување внимание и на членовите на семејството кои секојдневно се грижат за старите, и развивање механизми и сервиси кои имаат за цел да им обезбедат соодветна поддршка и помош.

***Сервиси за долгорочна грижа***

Долгорочната грижа се однесува на голем број сервиси за поддршка и помош кои се наменети за старите лица кои, како резултат хронична болест или попреченост, не се во можност самостојно да функционираат на дневна основа. Потребата од долгорочна грижа не зависи само од здравствената состојба на старото лице, туку е поврзана со проблемите што ги има околу извршување на секојдневните животни активности (бањање, облекување, одење во тоалет, јадење, набавка на храна, готвење и чистење).

Сервисите за долгорочна грижа не се насочени кон излекување на болеста или подобрување на здравствената состојба, туку се фокусирани кон нудење помош и поддршка старото лице да може, и покрај нарушената здравствена состојба, да ги задоволува своите секојдневни потреби. Нивната цел е да обезбедат континуитет во давањето услуги сè додека старото лице има потреба од нив, а не да имаат епизодна улога.

Треба да се знае дека не постојат јасни граници помеѓу долгорочната грижа која се нуди во институционални услови и онаа во домот на корисникот, бидејќи во светски рамки се поголем е бројот на сервиси кои нудат институционални, но и вониституционални форми на заштита. Исто така, се поголем е бројот и на сервиси во заедницата кои нудат услуги во конкретна локална заедница, станува збор за центри за давање помош во домашни услови, дневни центри за стари лица, центри за самостојно живеење со поддршка, обезбедување превоз и сл. (Hooyman and Kiyak, 2008)

Голем проблем за старите лица претставува тоа што најчесто во исто време имаат потреба од здравствени услуги и услуги кои ги нудат социјалните сервиси или сервисите за долгорочна грижа. Ова претставува проблем бидејќи споменатите услуги се во надлежност на два различни системи односно министерства, првите под надлежност на министерството за здравство, додека вторите во надлежност на министерството за труд и социјална политка. При што, докторите се носечки профил во субјектите кои нудат здравствени услуги, додека кај оние кои нудат само долгорочна грижа без оглед дали во институционални услови или во домот на корисникот водечката улога ја имаат медицинските сестри, негователите и асистентите за нега. Имајќи во предвид дека се раководени и финансирани од два различни системи се отежнува и нивното интегрирање во единствен систем за

здравствена и долгорочна грижа за стари лица, меѓутоа и покрај овие пречки сè поголем е бројот на иницијативи и привразници кои ја поддржуваат идејата за нивно што побрзо интергирање.

Сместувањето во институција која нуди долгорочна грижа, семејствата најчесто ја користат како опција дури откако ќе бидат исцрпени сите можности со кои располага семејниот систем во грижата за своите стари членови. Одлуката за сместување во ваков вид институција многу често доаѓа во моментите кога членот на семејството кој секојдневно се грижел и му помагал на старото лице поради болест или смрт ќе биде спречен да ја извршува оваа функција (Family Caregiver Alliance, 2006a).

Иако најголем број од старите лица преферираат да живеат во својот дом, сепак во одредени случаи заради намалување на физичките и когнитивни способности се приморани да користат сервиси за долгорочна грижа во институционални услови. Вообичаено ова значи преселување на старото лице во установа, но и не мора да биде случај бидејќи во светот постојат голем број сервиси за долгорочна грижа кои нудат услуги во домот на корисникот.

Со зголемување на бројот на најстари стари лица (оние на возраст на 85 години) користењето на долгорочна грижа во институционални услови најверојатно ќе почне да се сфаќа како нормален дел од животниот круг.

***Нега во заедницата (Community care)***

Заштита во локалната заедница претставува комплексна област која означува збир од услуги кои се нудат во непосредното животно опкружување на корисникот. Овој вид услуги, можат но не морат, да бидат нарачани и/или испорачани од страна локалните власти, односно општините. Целта на услугите во локалната заедница е да обезбедат помош и поддршка на старите лица што подолго да останат да живеат во сопствените домови. Во овој контекст постојат голем број услуги кои се обезбедуваат во рамки на локалната заедница:

Услуги од домашна нега подразбира помош во извршување на личните секојдневни обврски како што се, бањање, миење, будење, помош при набавка на прехранбени и други продукти, управување со финансиите и сл. Овој вид на услуги се испорачуваат во домот на старото лице и тоа два или три пати на ден, а во одредени случаи доколку има потреба и во форма на 24-часовна нега. Во оваа форма на заштита спаѓаат и активности од типот чистење и одржување на хигиена во домот, поправки во домот, готвење и сл.

Обезбедување храна за старите лица, на дневна основа, неделно или месечно снабдување со замрзната храна. Овој вид помош може да биде организиран во вид обезбедување храна во домашни услови, во дневен центар или клуб за стари лица.

Рекреативни активности - овој вид активности вклучува предавања, игри, излети, учење нови вештини и сл.

Институционална заштита – наменета за старите лица на кои им е потребна долгорочна грижа а истата од различни причини не може да се обезбеди во домот на корисникот. Меѓутоа, не станува збор гломазни институции со голем број корисници, туку мали институционални единици во кои условите за живот се прилагодени на семејните услови, со тоа што нудат 24 часовна помош и поддршка од страна на стручни лица. Најголем број од институциите, доколку е потребно, нудат индивидуална грижа, ова вклучува помош при бањање, облекување или одење во тоалет. Овие институции, исто така, нудат и здравствени услуги за своите корисници.

Исто така, во рамки на заштитата во локалната заедница спаѓаат и: дневните центри и клубови за стари лица, организиран превоз, алармни и контакт центри, советувалишта и сл.

***Електронска (он-лине) поддршка***

Важно прашање на кое сè повеќе му се посветува поголемо внимание е искористување на информатичката технологија во обезбедување поддршка за семејствата кои се грижат за своите стари членови. Живеејќи во време на масовна примена на интернетот, со негова помош на семејствата многу побрзо и полесно може да им се обезбедат голем број од информациите кои се однесуваат на различни аспекти од грижата за старите лица. Интернетот и во моментот нуди богатство од информации за членовите на семејството, вклучувајќи веб страни со емаил адреси за бесплатни прашања и одговори, но во иднина се очекува нивниот број постојано да се зголемува. Семејствата кои се грижат за своите стари членови ќе имаат на располагање голем број сервиси кои ќе им нудат 24 часовна поддршка и помош преку интернет. Преку искористување на компјутерската технологија

и интернетот ќе се зголеми достапноста на информациите до крајните корисници, но и ќе се намалат нееднаквостите и бариерите со кои се соочуваат семејствата со пониски приходи.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Bourgeois, M. S., Schulz, R., Burgio, L., and Beach, S. (2002). Skills training for spouses of patients with Alzheimer`s disease: Outcomes of an intervention study. Journal of Clinical Geropsychology, 8, 53-73.
2. Eisdorfer, C., Cazja, S. J., Lowenstein, D., Rubert, M., Arguelles, S., et al. (2003). The effect of a family therapy and technology-based intervention on caregiver depression. The Gerontologist, 43, 521-531.
3. Family Caregiver Alliance (2006a). Caregiver assessment: Principles, guidelines and strategies for change. Report from a National Consensus Development Conference. San Francisco: Family Caregiver Alliance.
4. Feinberg, L. F., and Newman, S. (2004). A study of 10 states since passage of the National Family Caregiver Support Program: Policies, perceptions and program development, The Gerontologist, 44, 760-769.
5. Franks, M., Pierce, L., and Dweyer, J. (2003). Expected parental care involvement of adult children. Journal of Applied Gerontology, 22, 104-117.
6. Gartska, T., McCallion, P., and Toseland, R., Using support groups to improve caregiver health. In M.L. Hummert и J.F. Nussbaum (Eds.), (2001). Ageing, communication, and health. Mahwaf, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.
7. Gallagher-Thompson, D., Hargrave, R., Hinton, L., Arean, P., Iwamasa, G., and Zeiss, L. (2003). Interventions for a multicultural society. In Coon, D., Galladger-Thompson, D., and Thompson, L., (Eds), Innovative interventions to reduce dementia caregiver distress, New York.
8. Harris, P. B. (2002). The voices of husbands and sons caring for a family member with dementia. In Kramer, E., and Thompson, L., (2002). Men as caregivers, New York.
9. Hooyman, N. R., и Kiyak, H. A. (2008). Social gerontology – a multidisciplinary perspective (8th ed.). Pearson Education, Inc, 716-759.
10. Kagan, J., (2006). Lifespan Respite Act, National Respite Coalition.
11. Morano, C. (2002). A psycho-educational model for Hispanic Alzheimer's disease caregivers. The Gerontologist, 42, 122-126.
12. Richardson, V., and Barusch, A., (2006). Gerontological practice for the twenty-first century. New York: Columbia University Press.
13. Silberberg, M. (2001). Respite Care: State Policy Trends and Model Programs, Family Caregiver Alliance, San Francisc-o.

37.035:502/504

Марија Јовановска, e-mail: pedagogmarija@gmail.com
Училишен педагог, СОУ „Таки Даскало“ Битола, Р. Македоникја

# УЧИЛИШТЕТО КАКО ФАКТОР ВО ЕКО-ОБРАЗОВАНИЕТО

**Апстракт:** Терминот екологија произлегува од грчките зборови oikos што значи куќа и logos што значи наука. Таа е наука која ги проучува меѓусебните односи на живите суштества и животната средина, или поточно - тоа е наука која ги проучува односите на живите суштества кон животната средина во кои тие живеат, односот на средината кон живите суштества и меѓусебниот односот на живите суштества во одредена средина.

Основното начело на еко – образованието и воспитанието е изразено во потребата да еколошкото образование не биде само информирање за еко – факторите односно знаењата кои учениците ги усвојуваат да не бидат на ниво на информирање , туку целиот живот во образовните институции да биде адекватен со еколошките потреби и училиштето да стане фактор во еко образованието.

**Клучни зборови**: екологија, еколошка свест и култура, еколошко образование и воспитание

# THE SCHOOL AS A FACTOR IN ECO-EDUCATION

**Abstract:** The word ecology comes from the Greek words oikos which means house and logos which means science. It is a science that studies interrelationships between human beings and their living environment, or more precisely - it is a science which studies human beings' relationships towards the environment they live in, the relationships of living environment towards human beings and the mutual relationship of human beings in the given environment.

The basic function of eco-education and upbringing is not only to inform about eco factors- facts and knowledge the students gain, but its more profound function is to create a kind of a lifestyle within the educational institutions which will be adequate to the ecological needs and demands, making the school become an important factor in the eco-education.

**Key words**: ecology, ecological awareness and culture, ecological education and upbringing.

## ЕКОЛОШКА СВЕСТ И КУЛТУРА КАЈ МЛАДИОТ ЧОВЕК

**Нема работи кои се толку вредни за истражување како што е природата.**
*Никола Тесла*

Во услови на современо живеење и развиена цивилизација екологијата е нешто што секогаш завршува на второ место, поточно зад економијата и нашата потреба за пари и моќ. Со ова се потврдува дека планетата Земја не се врти околу сонцето туку таа се врти околу парите. Екологијата секогаш е некаде во позадина и може да преживее само ако ја напушти економијата, но тоа за жал се случува многу ретко. Екологијата е збор кој никогаш не бил сериозно разбран, бидејќи

многу луѓе сеуште мислат дека еколозите само ги плашат луѓето кога зборуваат за растечките проблеми на животната средина. Но, реалноста е сосема поинаква, бидејќи ние сега се соочуваме со повеќе еколошки проблеми од било кога досега во историјата на човештвото.

За надминување и решавање на ваквите проблеми од еколошка природа треба да постои еколошка свест, еколошка култура и морал кај самиот човек. Бројни современи автори ја нагласуваат потребата од формирање на еколошка култура и свест, не само како процес на формирање систем на знаења за еколошките објекти, процеси, заемното дејство на природата и општеството и рационалното користење на природните ресурси, туку и како свест која го интегрира во себе не само моралното и естетското однесување на индивидуата кон светот туку, во извесна смисла, и човековиот однос кон реалноста.

Во формирање на еколошката свест и култура на современиот човек важна улога има системот на еколошко образование и воспитание. Образовно – воспитниот процес во функција на заштита и унапредување на животната среднина претставува свесно и планско развивање на знаењата за човековата средина во текот на целиот живот, и има за цел развивање на свеста на човекот за основните карактеристики на човечката средина, односите во неа и односите спрема неа, врз основа на која човекот ќе тежнее кон зачувување и унапредување на средината. Еколошкото образование треба да даде сигурни знаења за основните еколошки прашања во современото општество, за завземе критички став спрема деградацијата на животната средина и да насочи кон рацинално искористување на природните ресурси.

Еколошката свест не е составена само од знаења туку и од емоционално – волјна компонента која е многу значајна , затоа што знаењето без уверување и практично делување не значи многу. Еколошкото образование и формирањето еколошки начин на размислување започнува уште од најраната возраст, па од тука произлегува значајната улога на воспитно – образовните институции на сите нивоа на образование ( предучилишно, основно, средно и високо) . Затоа задача на воспитанието и образованието е стекнувања на знаења, така што генерациите кои доаѓаат и се во полна активност во решавање на проблемите на човековата средина имаат систематизирани знаења за современите проблеми на човековата средина, за карактерот и опасноста на загрозената средина, за начинот на решавање на негативните последици од нарушената еколошка рамнотежа.

За да можеме од човекот да очекуваме и побараме еколошко однесување потребно е претходно да го образоваме со воведување на еколошки содржини во сите нивоа на воспитно – образовниот систем. Поради ова не смееме да препуштиме на случајност, туку во прашање е организирана настава со тематика од екологијата , мора да се пријде многу сериозно и ефикасно, се разбира преку иновирање на постоечките наставни планови и програми и со воведување на регуларни еколошки содржини како посебни предмети и во рамките на другите предмети.

## ФАКТОРИ И ИЗВОРИ НА ЕКО-ЗНАЕЊЕ

Од аспект на заштита на животната средина потребно е да се одговори на прашањата: Кои фактори, колку, и кога допринесуваат за изградување на еколошки одговорни личности. Многу е важно како единката го гледа допринесот на одделните фактори во остварувањето на целта и задачите кои се поставуваат

како барања и потреби за зачувување на здрава и квалитетна животна средина.
***Факторите можат да се поделат во две групи:***

» Фактори кои што можат да бидат под поимот мотивација ( колку ја прифаќаат еколошката ориентација како вредност и колку се задоволни со состојбата на животната средина;
» Фактори кои можат да бидат под поимот компетенција (што знаат, за што се информирани и какво е нивното искуство);

Посебно се интересни факторите кои се поврзани со постигнувањето во еко-воспитанието и образованието во формирање на еколошка свест и култура на човекот –учениците а тоа се: семејството, детските градинки, училиштата, факултетите, претпријатијата, институции и други.

Семејството е многу битен фактор во воспитанието на младите, која делува позитивно и врз развојот на еколошките вредности на членовите. Во тој период, кај децата се впива секој збор и гест, кога ги стекнуваат првите сознанија за вредностите во животот на ко треба да посветат поголемо внимание. Во него се изградуваат формалистичките односи во остварување на грижата за непосредната околина. Основните методи на дејствување во семејството се личен пример, каде децата учат спонтано. Таквите влијанија на најмладите се од траен карактер.

Исто така значаен фактор, покрај семејството, е и групата на врсници на децата. Таа во некои влијанија ги надминува и семејството и училиштето. Врсниците се потенцијално блиски еден на друг. Тие имаат исти ставови во проценка на средината и општеството. Потребно е само да се согледаат вредностите во светот на младите, нивните потреби и начинот на кои тие гледаат на проблемот на загрозување на животната средина, како тие би се ангажирале и активирале во заштитата и унапредувањето на заштитата на животната средина.

Еколошкото образование има потреба од различни извори на знаења. Кој извор на знаење ќе биде фаворизиран зависи само од наставникот кој го организира воспитно – образовниот процес. Можат да се издвојат следните извори на знаења:

» Непосредната реалност или околина- а тоа подразбира конкретната животна средина во која ученикот егзистира. Тоа е семејството, градинката, училиштето, факултетите и сл. Тие играат важна улога во формирањето на еколошката свест и култура, и знаењата усвоени со нивното посредство се сметаат за најаквалитетни.
» Текстуални материјали –учебници, списанија, енциклопедии и сл. Учебниците се основниот извор, но еколошките содржини се недоволно и нефункционално застапени во нив.
» Наставните средства и помагала – модели, макети, слики, цртежи, табели и сл., тие ја заменуваат непосредната вистина.
» Наставникот – тој се појавува како важен фактор во реализација на целите и задачите на еколошкото образование и воспитание. Прави избор на наставните содржини, ги согледува еколошките аспекти на лекциите – градивото, го организира и води процесот на усвојување на знаењата, учествува во формирање на ставовите и навиките на ученикот, ги организира и ги изведва воннаставните активности и непосредно со своите постапки и однесување делува на личноста на ученикот.
» Телевизија, интернет и други средства се ангажират на полето на информирање, активирање на граѓаните во заштита на животната

средина. На тој начин се остварува неформално еколошко образование и воспитание, односно изградууање на еколошката свест и култура посебно кај младиот човек.

Еколошките содржини треба да им обезбедат на учениците да се запознаат пред се со: основните поими (поимот за пореметување на еколошката рамнотежа, поимот на деградација на човековата средина и сл.), да стекнат знаења за негативното влијание на загадениот воздух, на земјата , водата, за начините за заштита и спасување од тие негативни влијанија и сл.

## УЧИЛИШТЕТО КАКО ФАКТОР ВО ЕКО-ОБРАЗОВАНИЕТО

Училиштето е единствениот и основниот фактор во воспитанието и еко – образованието. Со добро утврдени наставни планови и програми, наставни содржини, училиштето ја дава најголемата можност во изградувањето на свеста и културата на ученикот. Тоа дава значајна можност за стекнување одредени знаења, но и за изградување на одредени навики , за развој на еколошката свест и култура.

Во однос на тоа како да се реализира еколошкото воспитание се наведуваат три основни патишта, и тоа:

» Формирање културен однос кај детето и младиот човек во непосредниот контакт со природата, што значи спречување на секакво уништување и загадување на природата и нејзино претворање во извор на заразни и други болести.
» Систематско формирање односно систем на знаења за природата, поточно, формирање сознанија за природата, за користа која ја има човекот од здравата природа, запознавање со законите на природата, негување на научниот однос кон неа.
» Формирање естетски однос кон природата, грижа и спречување на секаква деградација. Формирање свест за убавината на природата, што го воздигнува човекот над другиот животински свет. Во оваа смисла, еколошкото воспитание има хуманистичи карактер и станува компонента на хуманистичката педагогија.

Иако воспитанието и образованието на младите за заштита на животната средина има свои почетоци во семејното воспитание, училиштето во тој поглед станува незаменливо. Колкава важност ќе им се даде на еколошките содржини и дали ќе се прави корелација помеѓу наставните предмети во самиот наставен процес и со искуствата и знаењата на учениците, во голема мера зависи од афинитетеите и обуката (искуството) на самиот наставник. Затоа треба големо внимание да му се посвети на стручно оспособување на наставниците преку обуки и семинари. Многу важно и значајно е колку училиштето како институција се вклучува во активностите кои се организираат на ниво на локалната средина и дали постои таква соработка.

Денешната современа еколошка ситуација покажува дека фондот на знаења не е на задоволителното потребно ниво. Тие знаења сами по себе не значат ништо, но затоа имаа огромен воспитен потенцијал.

## ЗАКЛУЧОК

Можеме да заклучиме и да констатираме дека и покрај тоа што екологијата не е застапена како посебен наставен предмет во системот на задолжителното образование, постои континуитет во изучување на еколошките содржини од

предучилишна возраст до крајот на образованието и воспитанието на личноста, а колку од еколошките содржини ќе бидат застапени во изборните, и слободните активности на учениците зависи од афинитетот и заинтерисираноста на самиот наставник, како и од училиштето во целина.

Стратегијата на воспитание и образование за заштита на околината треба да обезбеди: разбирање дека образованието за заштита на животната средина трае цел живот, да се направи чувство на одговорност за состојбата на оклината вклучувајќи ги сите индивидуи во општеството, да се развие партнерство на сите релевантни учесници во заштитата на животната средина, да се користат сите расположливи ресурси и да се истражуваат најоптималните методи во воспитанието и образованието за заштита на животната средина како и истите да се применуваат. Само така може да се развие човековата еколошка свест и култура.

Една од најважните и најзастапена порака на еколозите е да "мислат глобално и да дејствува локално." Ова значи дека не е доволно да се знае што на човекот му се заканува, но неопходно е да се знае како да се спаси од овие закани, и како да ги спречи тие закани и опасности да не се појавуваат.

Да не пробуваме да ја покориме природата, туку да живееме во согласност со неа и со нејзините закони заради себе си, своите деца и децата на нашите деца.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Марија Костова, Анета Бараковска, Ели Маказлиева, Педагогија, Просветно дело, Скопје, 2005
2. Јован Џорџевиќ, Никола Поткоњак,Педагогија, Научна књига, Београд, 1988
3. Педагошка стварност, Нови Сад, 1964
4. Еко весник, 2016
5. Активности на маладите во унапредување и заштита на животната средина, Мирко Зафировски, Скопје 2003
6. www.ekoloskaskolamts.weebly.com

617.753.2-057.874

Львов Владимир Андреевич
ТГУ им. Г.Р.Державина, Медицинский институт, ординатор специальности офтальмология

# ШКОЛЬНАЯ БЛИЗОРУКОСТЬ

**Аннотация:** Проблемы со зрением начинаются у детей с поступлением в школу и эта тревожная тенденция выявляется сегодня во всем мире Статистика показывает что чаще остальных близорукость наблюдается у детей в возрасте 9–12 лет, а у подростков 12-15 лет в 25-30% случаев. Сегодня нашим глазам приходится все больше «работать» на близких расстояниях – от 10 до 100 см. Продолжительные игры на мобильных телефонах, планшетах, компьютерах, неправильное положение при чтении – проблемы современных детей. Так возникает привычно-избыточное напряжение аккомодации, способное привести к развитию миопической рефракции и близорукости. Главной задачей борьбы с школьной близорукостью является соблюдение гигиенических норм, здоровый образ жизни и проведение мероприятий по своевременному выявлению и лечению миопии.

**Ключевые слова**: миопия, дети, аккомодация, лечение, профилактика

# SCHOOL MYOPIA

**Abstract:** Vision problems begin in children first entering school and this alarming trend is revealed all over the world nowadays. Statistics shows that more often myopia is observed in children aged 9-12 years old and teenagers aged 12 to 15 in 25-30% of cases. To date our eyes have to "work" more often at close distances – from 10 to 100 cm. The long mobile gaming and improper position when reading – problems of modern children. So, the habitually excessive tension of accommodation occurs that can lead to the development of myopic refraction and myopia. The main task for school myopia management is to observe hygiene, a healthy lifestyle and to perform activities for timely identification and treatment of myopia.

**Key words**: myopia, children, accommodation, treatment, prevention

Близорукость (миопия) является одним из самых распространенных нарушений зрения у детей. Она проявляется снижением остроты зрения вдаль, т.е. удаленные объекты человек видит плохо, зато хорошо видит объекты, расположенные на близком расстоянии от него. Связано это в первую очередь с развитием и ростом глазного яблока, которое начинается с момента рождения ребенка и завершается в период полного полового созревания (10-15лет).

У новорожденных детей длина оси глаза несоразмеримо мала по сравнению с преломляющей силой оптической системы глаза и составляет в среднем 16-17 мм, чем и обусловлено очень низкое зрение в течение первого года жизни, позволяющее ему видеть предметы на расстоянии 1-2 метров. И только в возрасте 1 года, когда длина оси глаза увеличивается до 19-20 мм, его острота зрения оценивается как 10-15% от нормы. Однако по мере развития ребенка, постепенного увеличения размера глаза и формирования его внутренних структур, ребенок получает возможность не только четко видеть окружающий его

мир, но и мельчайшие предметы на близком расстоянии от глаза. Обычно такое зрение формируется в возрасте 6-7 лет и именно в этом возрасте наиболее часто выявляется гиперметропия слабой и средней степени и эмметропия[аветисов, дашевский].

Однако проблемы со зрением начинаются у детей с поступлением в школу и эта тревожная тенденция выявляется сегодня во всем мире. К настоящему времени четверть населения Земли страдает миопией (1,6 миллиарда), и, по научному прогнозу, к 2020 году это число увеличится до одной трети (2,5 миллиарда). Чаще остальных близорукость наблюдается у детей в возрасте 9–12 лет, а у подростков 12-15 лет в 25-30% случаев

Нет сомнения, что как частота, так и степень миопии неизменно возрастают по мере продолжения образовательного процесса. Так, в Германии во второй половине прошлого века было проведено обследование  более десяти тысяч детей и миопия в Realschulen,  была выявлена  только у 1% обследованных, 30-35% - в гимназии и у 53-64% - в профессиональных школах. Такие же исследования были повторены во многих городах Европы и Америки и повсюду получили подтверждение, несмотря на некоторые различия в процентах.

Термины «ложная близорукость», «школьная близорукость», «компьютерная близорукость» практически являются синонимами, отражающими ту эпоху, в которой они возникли. Так, повсеместное и доступное школьное обучение, тяга подростков к чтению книг в прошлом веке сменилось в настоящее время подлинным «бумом» компьютеризации в школах, продолжительной работой школьников за монитором. Частота приобретенной миопии в развитых страна мира практически мало изменилась за прошедшие полвека, поскольку в основе лежит одна причина - расстройство аккомодации.

Аккомодация глаза — способность ясно видеть предметы, находящиеся на различных расстояниях от глаза. Физиологический механизм аккомодации глаза состоит в том, что при сокращении волокон цилиарной мышцы глаза происходит расслабление цинновой связки, при помощи которой хрусталик прикреплен к цилиарному телу, и в силу своей эластичности хрусталик изменяет  кривизну, обеспечивая четкую фокусировку  на близко расположенных предметах. Причем, это происходит независимо от нашего желания, как безусловный рефлекс.

При длительной работе цилиарной мышцы, например, работа за компьютером, может привести к нарушению аккомодационной способности глаза, и как следствие неспособность глаза поддерживать четкое видение предметов на различном расстоянии.

В настоящее время нашел широкое  применение отечественный аппарат «Форбис», с помощью которого относительная аккомодация проверяется под контролем бинокулярного зрения, что обеспечивает более достоверную информацию по сравнению с предыдущими методами. Долгое время объективная аккомодография была доступна лишь в лабораторных условиях. Но с появлением автоматических аккомодографов стало возможным массовое клиническое исследование характеристик аккомодационного ответа. Таким образом, используя современную аппаратуру, появилась возможность более глубокого и объективного анализа состояния цилиарной мышцы, которая рассматривается всеми исследователями как главная причина развития приобретенной близорукости.

Сегодня нашим глазам приходится все больше «работать» на близких

расстояниях – от 10 до 100 см. Развитие цивилизации диктует свои условия. Продолжительные игры на мобильных телефонах, планшетах, компьютерах, неправильное положение при чтении – проблемы современных детей. В результате, чтобы обеспечить бинокулярное зрение, то есть способность видеть одновременно обоими глазами, внутренние прямые мышцы глаза испытывают значительное напряжение. Оно, в свою очередь, передается цилиарной мышце, которая остается в этом «скованном» состоянии даже после завершения нагрузки, например, при переводе взгляда вдаль. Так возникает привычно-избыточное напряжение аккомодации, способное привести к развитию миопической рефракции и близорукости.

За последние годы близорукость «помолодела». Нередко она развивается у детей в более раннем возрасте – от 7 до 12 лет – и даже у дошкольников. Если в подготовительных группах детских садов процент миопии составляет 1-2, то к 11 классу ее имеют до 50-60% детей. Это объясняется увеличивающимся потоком объектов зрительного восприятия, (просмотр телепередач после напряженного учебного дня, работа на компьютере, дополнительные занятия в художественных и музыкальных школах), а так же ранним развитием детей и особенностями строения опорной ткани глаза – склеры, которая в годы роста и развития становится более податливой, легко растягивается, особенно в заднем отделе глаза. Это приводит к удлинению предне – заднего размера глаза, увеличению глазного яблока и появлению осевой близорукости, которая именуется школьной.

Был проведен анализ аккомодационной функции глаз у школьников, имеющих нормальное зрение, в условиях создания искусственного напряжения при работе глаз на близком расстоянии и последующей релаксации. Проведенные исследования показали, что школьники с нормальным зрением и рефракцией, все равно имеют предпосылки для нарушения работы аккомодационного аппарата, о чем свидетельствует улучшение его состояния после релаксации.

Для профилактики возникновения первично избыточного напряжения аккомодации нужно следовать простым правилам:

Освещенность в помещении рекомендованы лампы дневного света, имитирующие естественный свет

Периоды непрерывной зрительной работы должны ограничены. На каждые 40-50 мин зрительной нагрузки должно приходиться не менее 5 мин отдыха

Гимнастика для глаз

Здоровый образ жизни и активные виды спорта являются важным фактором в профилактике близорукости, особенно бег, плавание и велосипед.

Для коррекции близорукости на данный момент медицина может предложить очковую коррекцию, контактные линзы и хирургические методы.

В 1973 году профессор Святослав Николаевич Федоров предложил и разработал новую технологию, получившую название передней радиальной кератотомии. Следует отметить, что попытки хирургического лечения миопии, был предложен еще 1952 году японским офтальмологом Сато, однако его метод привел к значительным осложнения со стороны роговой оболочки и был забыт на 20 лет. По технологии С.Н. Федорова предусматривалось не более12 максимально глубоких радиальных надрезов передней поверхности роговицы на периферии с помощью дозированного алмазного ножа, которые приводили к ослаблению периферической части роговицы и её уплощению.

Достаточно сказать, что к 1986 году, когда еще только начиналось создание

МНТК, 10% офтальмологов в США с успехом применяли кератотомию, были выполнены сотни тысяч операций и 70 % пациентов получили независимость от очков.

В конце 90-х годов стали разрабатываться и применяться методы лазерной хирургии близорукости, которые постоянно совершенствовались и достигли уровня при котором хирургическая коррекция близорукости проводится безболезненно, с минимальный послеоперационным периодом, позволяющее получить максимальную остроту зрения сразу после операции.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Аветисов Э.С. Близорукость. М.: Медицина, 1999. 288 с.
2. Онуфрийчук О.Н., Розенблюм Ю.З. Закономерности рефрактогенеза и критерии прогнозирования школьной миопии // Вестн. офтальмол.2007. № 1. С. 22-24.
3. Ананин В.Ф. Аккомодация и близорукость. М.:Биомедфарм, 1992. 223 с.
4. Волков В.В. О вероятных механизмах миопизации глаза в школьные годы // Офтальмол.журн. 1988. № 3. С. 129-132.
5. Жаров В.В., Никишин Р.А., Егорова А.В. и др. Клиническая оценка состояния аккомодациис помощью метода компьютерной аккомодографии // Ерошевские чтения. Самара. 2007.С. 437–440.
6. Тарутта Е.П., Тарасова Н.А. Состояние привычного тонуса и тонуса покоя аккомодации удетей и подростков на фоне аппаратного лечения близорукости // Рос. мед. журн. 2012. Т. 5,№ 2.
7. Жаров В.В., Егорова А.В., Конькова Л.В. Комплексное лечение аккомодационных нарушений при приобретенной миопии. Ижевск, 2008. 104 с.
8. Филинова О.Б. Динамика рефракции и мышечного баланса у детей на фоне постоянной слабомиопической дефокусировки в бинокулярном имонокулярном альтернирующем формате // Рос.педиатрическая офтальмол. 2009. № 1. С. 31-33.
9. Шаповалов С.Л., Корнюшина Т.А. Аккомодационная способность глаза // Зрительные функции и их коррекция у детей / Под ред. Аветисова С.Э., Кащенко Т.П., Шамшиновой А.М. М.: Медицина, 2005. С. 93-119.
10. Львов В.А.Мачехин В.А. Состояние аккомодации у школьников с нормальным зрением // Вестник ТГУ т.21, выпуск 4, 2016. С. 1607-1611.